БИБЛИОТЕКА
Инв. бр. ________
СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА
СО АРХЕОЛОГИЈА

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Институт за историја на уметноста и археологија

# ВИЗАНТИЈСКИ ЦРКВИ ВО НИШ
# ОД XI ДО XVII ВЕК

Докторска дисертација

ментор:
Проф. др Елизабета Димитрова

кандидат:
мр Миша Ракоција

Февруари 2010

# С О Д Р Ж И Н А

**I – ПРЕДГОВОР** ........................................................................ 2

**II – ВОВЕД** ........................................................................................ 3

**III - ИЗУЧУВАЊЕ НА ЦРКВИТЕ ОД ГРАДОТ НИШ** ........................... 5

**IV - ИСТОРИСКИТЕ ОКОЛНОСТИ, ЦРКОВНИТЕ ПРИЛИКИ И** ...... 10
**КУЛТУРНИТЕ СТРЕМЕЖИ**

**V - ПОЛОЖБАТА И СТРУКТУРАТА НА ГРАДОТ** ............................ 55

**VI – АРХИТЕКТУРА** ........................................................................ 72

**а.** *Средновизантиски цркви*

1. Латинска црква во Горен Матејевец ............................................ 72
2. Црква Св. Јован во селото Орљане .............................................. 95
3. Црква Св. Пантелејмон во Ниш .................................................... 121
4. Манастирска црква Св. Јован кај Горен Матејевац .................... 129

**б.** *Поствизантиски цркви*

5. Манастирска црква Св. Ѓорѓи кај селото Каменица ..................... 145
6. Манастирска црква Св. Богородица во Сиќевачката клисура ........ 151

**VII - ЅИДНО СЛИКАРСТВО** ............................................................ 162

1. Црква Св. Јован во селото Орљане ............................................... 162
2. Старата црква Св. Никола во Ниш ................................................ 168
3. Манастирска црква Св. Јован кај Горен Матејевац ..................... 182
4. Манастирска црква Св. Богородица во Сиќевачката клисура ....... 184

**VIII - ЗАВРШНИ РАЗГЛЕДУВАЊА** ................................................... 231

**а** - За архитектурата ......................................................................... 231

1 – заклучок ........................................................................................ 254

**б** - За ѕидното сликарство .................................................................. 262

1 – заклучок ........................................................................................ 273

**IX – БИБЛИОГРАФИЈА** .................................................................... 280

**X – ПРИЛОЗИ** ................................................................................... 307

# I - ПРЕДГОВОР

Во ранохристијанскиот период Ниш претставува значајно црковно средиште и епископско седиште. Во периодот од IV до VII век, Ниш е под јурисдикција на римскиот папа, а имињата на познатите епископи се латински. И тогаш, во рановизантискиот период, се препознава влијанието на далматинскиот брег и на Италија врз градителството и сликарството. Како познат црковен центар, Ниш во тоа време претставува силно упориштен а христијанската уметност.

Во средновизантискиот период, кај нишките градители, кои се потпираат на богатото рановизантиско архитектонско наследство и ги прифаќаат современите достигнувања на византиската уметност, подеднакво се препознава и следењето на примерите од Запад кои што во овие области доаѓале и преку далматинскиот брег. Ниш повторно ќе заземе забележително место во византиската црковна организација по повторното воспоставување на византиската власт и реорганизирањето на црквата по 1020 година. Од тој момент Ниш е значајно упориште на византиската цивилизација, културата и уметноста, воена база, административен и политички центар на областа, а тоа не останало без влијание на монументалното градителство.

На наследството на византиската цивилизација се надоврзуваат уметничките споменици од поствизантискиот период. Градителите се потпираат на славните средновековни примери, а сликарите се вклопуваат во интернационалниот јазик на поробените балкански народи. На тој начин, Ниш ќе ја зачува уметничката традиција и културниот континуитет, за ќто сведочат црковните споменици од XI до XVII век.

Систематските истражувања и исцрпните анализи на црковните споменици на Ниш, ќе им го обезбедат местото во српската историја на уметноста, што е предуслов за нивното вбројување во општоприфатените текови на византиската и поствизантиската уметност. Тоа е причината за изборот и очекуваните резултати од работата на докторската дисертација на тема “Византиските цркви во Ниш од XI до XVII век”.

# II - ВОВЕД

Овој дел од Балканот на кој му припаѓа просторот на јужна и југоисточна Србија и градот Ниш, како средиште, крие во себе многу, условно кажано мали, но по своето значење не помалку вредни, недоволно истражени, па и непознати, културни добра. Не мал број од нив одвај да е познат како на потесниот круг на стручни лица, така и на широката јавност. Настрана од интересот на стручната и научната јавност, останал и дел од културното наследство кој не вчудовидува со својата големина, ниту пак, по своите исклучителни дострели. Евидентен е еден вид на незаинтересираност за културните добра, а понекогаш и рамнодушност кон "малите" споменици. како последица на тоа, кон спомениците на културата чии што историско - уметнички одлики заслужуваат многу поголемо внимание, не било преземано речиси ништо, за тие да бидат добро стручно и научно обработени и со што е оставена празнина во историјата на уметноста.

Областа на Ниш го подразбира денешниот просторот на градот Ниш со селското опкружување кое гравитира кон градот. Предметот на дисертацијата се византиските и поствизантиските цркви од тој простор, во временскиот период од XI до средината на XVII век, или, од повторното воспоставување на византиската власт Нисос, па се до патријархот Пајсиј, до последниот возлет на српската уметност во духот на средновековните византиски традиции.

Постојат неколку причини заради кои се одлучивме во овој труд повеќе да се посветиме на архитектурата и сликарството на византиските и поствизантиските цркви на Ниш, во периодот од XI до XVII век. На прво место тоа е значењето на Ниш како воен, државен, адмнистративен и културен центар, како за Византија и Србија, така и за Турција. Потоа, како една од последиците на тоа, разновидноста на византиското и поствизантиското споменичко наследство, што овозможува согледување на континуитетот и следење на развојот на архитектурата и сликарството во нишката област, но и следење на нивната взаемна поврзаност со уметничките дострели на балканските земји. И, на крајот, непродлабожени трудови и недоволната истраженост на спомениците, имале за последица, покрај постојните двојби, и отворање на нови прашања. Заради ова

последното, настанала сива дамка на историско - уметничката карта на Балканот на која на Ниш, во согласност со неговото значење, треба дам у припадне видно место. така културниот мозаик на Европа останал без значаен сегмент кој во голем дел е пополнет благодарение на систематските истражувања спроведени низ оваа дисертација.

Од подрачјето на градот Ниш, во период од XI до XVII век, можат да се определат седум цркви, од кои четири во средновизантискиот, а три во **Т - 1** повизантискиот период, при што двете средновизантиски се пофоцна осликани. Одделни црковни градби се со живопис, а некои се без него. кај некои било неопходно да се направи идеална, делумна или целосна реконструкција на архитектурата, или, врз основа на живописот да се согледа можниот распоред и тематиката на фресцо декорацијата. Техничката и фото документација ги потпира нашите ставови онолку колку што е неопходно за нивната научна потврда.

И покрај тоа што дел од црквите е објавен, било во форма на извештај или нешто подетална анализа, не е направена синтеза на тие истражувања. Тоа е причина поради која уметничките споменици на Ниш не се доволно познати, а со тоа се исклучени од уметничките текови на Србија, Балканот и Византија.Токму тоа е основната задача на нашите напори во рамките на дисертацијата на тема "Византиските споменици на Ниш од XI до XVII век".

За сеопфатно да се согледаат црковните споменици на Ниш, беше неопходно да се долови структурата и развојот на градот, што за прв пат е направено на ова место. Деталната анализа на историските случувања и црковните прилики, заедно со согледувањето на културните текови, покрај досега запоставуваните факти до кои дојдовме во текот на истражувањата, ни помогнаа да дадеме одговор на бројни отворени прашања.

Податоците собрани од разни страин, со исцрпна нализа, ги збогативме со нови сознаниа. Поврзувајќи ги фактите ги воспоставивме генезата, развојот, типологијата, стилската, иконографската и иконолошката анализа. тоа не донесе до осмислена целина која документирано ја прикажува архитектурата и сликарството на византиските и поствизантиските цркви на Ниш од XI до XVII век како неделив и составен дел на историско уметничките текови на Византија, Балканот и Србија.

# III -ИЗУЧУВАЊЕ НА ЦРКВИТЕ НА ГРАДОТ НИШ

Историографијата на црковните споменици од подрачјето на градот Ниш, настанати во периодот од крајот на XI до средината на XVII век во рамките на српската историја на уметноста, сеуште не е испишана. причината за тоа треба да се бара во недоволната истраженост на овој простор кој долго време останал под турска окупација, што за последица имало релативно мал број на зачаувани споменици, а со тоа и помала заинтересираност на истражувачите да ги изучуваат.

Почетокот на истражувањата на нишката област им припаѓа на љубителите на старините чии што забелешки денес се единствено сведоштво за објектите што тие ги виделе, а од кои многумина не се сочувани.

Споменичкото наследство на Ниш прв го истражувал Феликс Каниц (1824 - 1904). Добро информиран, упатен во тајните на историјата на уметноста, археологијата, етнологијата и благодарејќи на ретката моќ на забележување и исклучителниот цртачки талент, тој направил забелешки кои се почетна точка за сите понатамошни истраживања, па и за денешните. Патеписниот карактер на неговите книги пишувани со лесно разбирлив јазик кој повеќе информира за објектот, отколку што го анализира, особено може да се согледа во книгата во која го обработува просторот на градот Ниш (F. Kaniz, *Das Königreich Serbien*, Leipzig 1909). сепак, во склад со времето во кое што живеел, тој подлегнува на популарноста на римската цивилизацуија на Запад, и неретко на Римјаните им ги припишува и објектите кои се производ на Византинците.

Првиот престој на Каниц 1850 година во окупираниот Ниш доживеал неуспех поради неразбирањето на турските власти за неговите истражувања. Во 1854 година пашата имал повеќе разбирање за неговата работа. Таа годи тој ги собрал податоците за црквата Св. Никола во градската населба Палилула и црквата Св. Пантелејмон во Јагодин Мала. Во околината на Ниш ја посетил црквата Св. Јован кај селото Орљане, а во селото Горњи Матејевац Латинската црква и црквата Св. Јован. Третиот пат тој престојува во Ниш во 1887 и 1889 година и тогаш, благодарение на подршката од српските власти, истражува и собира податоци за

спомениците на Ниш. Тоа била прилика да ја посети и Сиќевачката клисура, да констатира голем број на цркви и манастири во неа, а накратко да сезадржи во манастирот Св. Богородица. Неговите согледувања и одмерени заклучоци, заедно со тожните цртежи, и денес се појдовна точка за секој сериозен истражувач на нишката област. Овие описи и цртежи денес имаат непроценлива вредност бидејќи многу манастири и цркви ги снемало или го смениле изгледот.

По ослободувањето од Турците, истражувањето и документирањето на уметничклите споменици на нишката област што настанале во периодот од крајот на XI до средината на XVII век, е исто така во скромни размери. Сега, под непосредното влијаније на Каниц, старините на нишкиот крај ги опишуваат учени хроничари: Сретен Л. Поповиќ (*Путовање по новој Србији* – 1878 и 1880, Београд 1879) и Милан Ѓ. Милиќевиќ (*Краљевина Србија*, Београд 1884). Првиот автор пишува конфузно, без сsстем и осмислено излагање. Вториот, под непосредно влијаније на Каниц, покрај описот на спомениците што ги посетил, ги додава и нему достапните податоци и така ги прави првите синтези за средновековните старини на нишката област, па и за црквите од крајот на XI до средината на XVII век.

Изучувањето на црковните, поточно кажано византиските споменици на просторот на Ниш, засновано врз научни методи, го наоѓаме кај Михаил валтровиќ во Пристапната академска беседа прочитана на собирот на Академијата во октомври 1888 година (*Поглед на стару српску црквену архитектуру,* Глас СКА XVII, Београд 1889, 34, 35). Во оваа прилика тој укажал на архитектонските облици, времето на настанувањето и можното потекло на црквите во Ќулина, Горњи Матејевац и Орљане. Обрнал внимание на неопходноста од нивно истражување и дефинирање на патеките по кои тие дошле во овој крај. За него, испитувањето на црковните старини треба да започне од „цркве орљанске и горњо-матејевачке“, како најстари, а потоа да следат подоцна изградените цркви.

Првото научно согледување и изучување на уметничките квалитети на црквите од крајот на XI до средината на XVII век на подрачјето на градот Ниш, припаѓа на трудовите на добро информираните професионалци М. Валтровиќ и Д. Милутиновиќ. Со точните цртежи и добрите описи со

паралели со сродни објекти од просторот на Византиското царство, тие укажале на значењето на новооткриените културно - историски ризници на нишката област која најдолго останала под власта на Отоманската империја. покрај заклучоците базирани врз факти, од особно значење се визионерските смерници и можните патишта на развојот во изучувањето на споменичкото наследство на Ниш како неделив сегмент на византиското и српското уметничко наследство. Нивната работа на проучувањето и документирањето на споменичкото наследство на нишката област, како и општата грижа за “древнини”, и денес се од непроценливо значење за секој сериозен истражувач (Д. Милутиновић, М. Валтровић, *Извешшај умешничком одбору срйскоī ученоī друшшва*, ГСУД XLVIII, Београд 1880, 461/462; М. Валтровић, *Белешке с йуша*, Старинар, 5, књ. 4, Београд 1888, 120).

Најзаслужен што широката наужна јавност дознала за одделни византиски споменици на просторот на градот Ниш е Габриел Мије (G. Millet, *L'ancient art serbe.Les églises*, Paris 1919, 42). Со наужна методологија ги согледал нивните архитектонски облици, укажал на значењето и го наговестил нивното место во историјата на византиската и српската архитектура. Без неговото препознавање на Ниш како упориштен а византиската уметност, особено на архитектурата, од каде што таа зрачи во внатрешноста на континентот, би било невозможно да се одреди местото на споменичкото наследство на Ниш во историјата на византиската уметност, што, без сомнеж, имало одек врз развојот на подоцна прославената српска архитектура.

Обиколката на Ниш (1936) од страна на Ѓурѓе Бошковиќ како ученик на Мије, резултирала со повторно свртување на внимание кон архитектурата на Латинската црква во Горњи Матејевац, но и кон растегливото време на нејзината изградба (*Извештај и кратке беседе са путовања*, Старинар VI, Београд 1931, 186/7).

По Втората светска војна црковните споменици на Ниш од XI до XVII век не биле предмет на продлабочени анализи. Владислав Петковиќ во својот преглед на црквите (*Преглед цркава кроз повесницу српског народа, Београд 1950.*) само не потсетува на нивното присуство.

Јован Нешковиќ, во рамките на студијата за Ѓурѓевите Столбови (*Ђурђеви Ступови у Старом Расу*, Краљево 1984, 136) само бегло ги согледува

архитектонските особености на Латинската црква во Горњи Матејевац. Обидот на Воислав Кораќ за реконструкција на црквата Св. Пантелејмон не е убедлив и нема доволно аргументи (*Свети Пантелејмон у Нишу, задужбина Стефана Немање*, *Стефан Немања – Свети Симеон Мироточиви, Историја и предање,* Научни скупови САНУ, књ. XCIV, Одељење историјских наука, књ. 26, Београд 2000, 163-169).

Дејан Медаковиќ во својот труд *Богородица "Живоносни источник" у српској уметности* (ЗРВИ 5, Београд 1958, 209), укажал на посебноста на фреско ансамблот на Сиќевачкиот манастир. Значењето на нишките цркви што ги изградиле Византинците го согледал Војислав Ѓуриќ (В. Ђурић, *Историја српског народа* I, Београд 1981, 241). И Сретен Петковиќ, во рамките на други студии, ја споменал црквата Св. Богородица во Сиќевачката клисура и ѝ оставил простор во српската историја на уметноста.

Покрај овие значајни и клучни истражувачи и други автори во своите трудови ги разјаснуваат одделните сегменти од историјата, уметничкото и културното минато на Ниш, а меѓу нив е и авторот на дисертацијава.

Јованка Калиќ студиозно се бавела со средновековната историја на Ниш (*Ниш у средњем веку*, Историјски часопис XXXI, Београд 1984). Олга Зиројевиќ, пак, благодарение на турските пописи, открива поголем број на поствизантиски цркви во нишката област (*Цркве и манастири на подручју Пећке патријаршије до 1683*, *Београд 1884*). Голем истражувачки придонес дал прота Петар Гагулиќ. Неговиот аматерски инстикт и истражувачката упорност, резултирале со значајни текстови за одделни споменици, пред се од документарен карактер, кои долги години биле единствен извор за поствизантиските цркви на Ниш. Во манирот на старите истражувачи и со напор да дојде до извори и литаратура, тој ги опишува манастирите и црквите во Сиќевачката клисура (П. Гагулић, *У Сићевачкој клисури цркве и манастири I, II, Ниш 1979*).

Тоа е основна појдовна литературе која што послужила за пишување на овој труд. Во поново време има малку заинтересирани истражувачи на црковните споменици на Ниш од XI до XVII век. Модерните изданиа чии што предмет на интересирање е византиската архитектура, не го препознаваат значењето на архитектонските облици на нишките цркви

цркава (В. Кораћ, М. Шупут, *Архитектура византијског света*, Београд 1998.). Во последните нешто повеќе разбирање има за црквата Св. Богородица во Сиќевачката клисура, на која што, во рамките нап пошироко согледување на поствизантиската уметност ѝ е оставено место во српската историја на уметноста (С. Петковић, *Српска уметност у XVI и XVII веку*, Београд 1995, 126).

На тој начин црковните споменици на Ниш останале непознати. Од таа причина, низ овој труд ќе ги објасниме досегашните знаења, ќе ја согледаме затекнатата состојба, тековите на влијанијата врз архитектурата и сликарството од поширокото опкружување и од минатите времиња. За овој труд се користени необјавени или недоволно познати податоци прибирани непосредно од терен. Историјата е согледана на начин прилагоден на барањата на темата на трудот, а голем број на нови или запоставени податоци нудат поинаква слика за минатото, за културното создавање и за структурата на градот. Архитектурата и сликарството на Ниш се согледани како целина која во континуитет може да се прати од XI до XVII век.

# IV - ИСТОРИСКИТЕ ОКОЛНОСТИ, ЦРКОВНИТЕ ПРИЛИКИ И КУЛТУРНИТЕ СТРЕМЕЖИ

Минатото на градот Ниш не може да се оддели од неговата географска положба. Значаен сообраќаен крстопат и почитувано средиште на Балканот, на Ниш му овозможиле да го зачува континуитетот на културната тарадиција и уметничката продукција од раното христијанство па се до средината на XVII век. Византискиот и поствизантискиот период се надоврзуваат на наследството на старата епископија и нејзините уметнички достигнувања кои сеуште биле видливи. И сега, балагодарение на проемтните патишта, Ниш активно учествува во историските збиднувања и најзначајните моменти кои византиското царство добро ги запаметило. По истите тие патишта, до Ниш продираат превладувачките културни промени и нови уметнижки тенденции од Константинопол и Солун, кои тука наоѓаат свое силно упориште и од каде што зрачат понатаму, кон внатрешноста на Полуостровот. Ниш во тоа време е визнатиски административен, воен и културен центар. Недолгиот период на благосостојба од времето на српската државност, ги обликувал културните стремежи на жителите од оваа област. Благодарение на тоа, со активниот ангажман на црквата и на нејзините претставници, и во поствизантискиот период, во областа на Ниш се градат и живописуваат црквите, а се пишуваат и осликуваат книгите. И низ темницата на власта на иноверната Отоманска империја, се пробивало сеќавањето на старото епископско седиште, византиското наследство и славниот период на српската државност и уметност.

До аварско - словенските освојувања, нишката епископија опстојувала заедно со градот опкружен со бедеми. Големата обнова на Јустинијан, во тоа време со веќе оштетени градски бедеми,[1] заедно со 8 обновени и 34 новосоградени утврдувања во околината на градот,[2] некое време успевале да одолеат на нападите на Аварите и Словените. Сепак, продорот и населувањето на Словените веќе не можело да се запре. Староседлците морале да го напуштат градот и де повлечат кон југ. Од **Т - 2**

[1] Ф. Баришић, *Прокопије*, во: Византијски извори за историју народа Југославије I, Београд 1955, 57/58

[2] *Исто*, 63

збирката на чудата на Димитрие Солунски дознаваме дека Ниш бил разурнат по 615, а пред 618 година. "*А пак другите, од оние од Ниш и Сердика (άπό Ναϊσσου καί Σαρδικῆς), откако веќе го беа искусиле нивното (т.е. аварско - словенското) опседнување на градот, во солзи говореа: бегајќи оттаму стигнавме тука за со вас да загинеме. Бидејќи едно нивно фрлање со камен ќе го разбие бедемот*".[3] Римскиот Naissus или палеовизантискиот ромејски Ναϊσσος, тука се спомнува за последен пат.

Во периодот на населувањето на Словените, градот Ниш е разурнат, а византиското државно уредување, заедно со старата епископија привремено ги снемало. Пишани податоци за Ниш во текот на VIII и IX век не се познати. Јованка Калиќ заклучува дека со ширењето на Самуиловото царство во втората половина од X век и Ниш потпаднал под неговата власт.[4]

Во спротивност со горекажаното е сплитскиот запис настанат на самиот крај од X век, поточно на 9 февруари 994 година. Историчарите што се занимавале со средновековниот Ниш, не го зимале предвид овој запис, а ние го сметаме за значаен во формирањето на правата слика за политичкиот и црковниот статус, како и за големината и значењето на средновековниот - византискиот Ниш - Нисос од крајот на X век. Во историографијата на Ниш тоа е запоставено, но, без сомнение, претставува најстар сигурен податок каде што се спомнува средновековниот град Ниш,[5] после податокот од VII век каде што се спомнати избеглиците од Ниш кои стравувајќи од словенско - аварскиот напад пребегале во Солун.[6] Детална анализа на содржината на текстот ќе ни послужи за поблиску да разјасниме некои од многуте непознаници за градот Ниш од времето кога настанал записот.

Записот е дело на роднините на Самуил, настанат со желба да се запомни за идните поколениа неговата суровост, дека убил, ослепел и " *не прогнал нас, својот брат и родбината, од нашата татковина, бугарската*

---

[3] Ф. Баришић, *Miracula S. Demetrii II*, во: Византијски извори за историју народа Југославије I, Београд 1955, 196

[4] Ј. Калић, *Ниш у средњем веку*, Историјски часопис XXXI, Београд 1984, 6

[5] Тврдината Телнаси што ја спомнува Лав Ѓакон во 986 година, а која што некои ја сметаат за тврдината на градот Ниш, сеуште е отворено прашање и во моментов не може да се прифати дека во прашање е градот Ниш – Ј. Ферлуга, *Лав Ђакон*, Византијски извори за историју народа Југославије III, Београд 1966, 18.

[6] Ф. Баришић, *Miracula S. Demetrii II*, 196

*земја, од градот Трново..., И ние дојдовме во Ниш и покрај тоа, сепак, се оддалечивме оттаму и преминавме во хрватската земја...".*[7]

Роднините на Самуил недвојбено кажуваат дека се прогонети од Трново, од татковината Бугарија и дека во своето прогонство, нашле заштита најпрво во Ниш. Јасно е дека тие не го сметат Ниш за дел од "бугарските земји", т.е. дека Ниш, таа 994 година, се наоѓал надвор од границите на бугарската држава, а со тоа и надвор од дофатот на царот Самуил. Тоа е непобитен факт дека во 994 година Ниш е сеуште во рацете на Византијците. Како типичен голем византиски град тој, во тоа време, е воено упориште и центар на занатските, сообраќајно - трговските и духовните дејности.[8] Оттаму се наметнува потребата од преиспитување на наведениот став на Ј. Калиќ и нашето сознание за Ниш во втората половина на X век.

Од кажаното е јасно дека кон крајот на X век Ниш е сигурен, значаен и добро утврден град во кој сигурно и заштитено се чуствувале и избеглици од така висок ранг. Ниш имал сила и смелост да ги земе во заштита роднините на силниот цар Самуил. Тоа ни дава за право да заклучиме дека Ниш бил опкружен со цврсти бедеми бранети од силна воена посада и во кој што било седиште на византискиот стратег (воен управител).[9] Да било поинаку, ваков гест не би можел ниту да се замисли во моментот на силната експанзија на Самуиловата држава. Веројатно дека во тоа време во Ниш столувал грчкиот епископ под јурисдикција на Охридската црква, продолжувајќи ја традицијата на старото епископско седиште.

Тој податок ја потврдува точноста на заклучкотот дека големите римски градови Сингидунум, Виминациум, Сердика и Наисус, постоеле и во X век, но сега со изменети имиња. Римскиот *Naissus* и палеовизантискиот *Ναϊσσος* сега е *Νίσος* во кој што живее тукуштo покрстеното словнско население, добличувајши му се и со име на словенскиот - денешниот Ниш.[10]

---

[7] Сплитскиот запис го открива Самуил како убиец на својот татко и прогонувач ана братот и родбината од Бугарија - И. Снегаров, *История на охридската архиепископия*, Том 1, София 1995(1924), 39.

[8] М. Костић, *Нишка котлина – студија друштвеногеографског развоја*, Радови Географског института „Јован Цвијић“ 21, Београд 1967, 299

[9] М. Ристић, *Историја града Ниша*, Ниш 1937, 34

[10] К. Јиречек, *Војна цеста од Београда до Цариграда и Балкански кланци*, Зборник Константина Јиречека I, Београд 1959, 126; - И. Снегаров, *История на охридската архиепископия* 1, 180

И во тоа време Нисос имал своја епископија и свои епископи, исто како и во VI век.,[11] со таа разлика што имињата на владиките од тоа време не ги знаеме. Се разбира, тоа не значи дека низата на нишките епископи во периодот од VI до X век не била прекинувана.

Треба да се заклучи дека дури после огорчениот запис на родниниte на Самуил од 994 година, царот Самуил го освоил Нисос, а нишката епископија, се чини накратко, ја припоил кон својата црква. Во 1002 година Василие II го завзел Видин и, најверојатно, Нисос, но целиот воен пат и градовите покрај него Византијците ќе ги завземат дури во 1018 година.[12] Познато е дека во моментот на паѓањето на Самуиловото царство (1018), црковниот поглавар на Самуиловата држава контролирал вкупно 15 епархии, меѓу кои била и нишката епархија.[13]

По победата на Василие II над Самуил, Византија ги повратила порано изгубените територии на Балканскиот Полуостров, со што станала неопходна реорганизацијата на политичката и црковната управа и подвргнување на населението на нејзиното влијание.[14] Извршена е темелна реорганизација, обновени се и заживеани градските центри со околните утврдувања. По 1020 година, најзначајните градови во освоените области, а меѓу нив и Ниш, се обновуваат и стануваат воени, административни, стопански, културни центри и духовно упориште на Византија.[15] Особената реорганизација на црковната управа била осмислемн така што под автокефалната Охридска архиепископија, која всушност била непосредно зависна од царот,[16] подпаднал речиси еднаков број на епархии кои припаѓале на црковниот поглавар на Самуиловата држава, а на чие чело Василие II го

---

[11] J. Zeiller, *Les origines chrétiennes dans les provinces danubiennes de l'Empire romain,* Paris 1918,=(р.п. Жак Зелер, *Почетци хришћанства на Балкану*, превод К. Никчевић, Подгорица 2005), 325-327.

[12] К. Јиречек, *Војна цеста*, 129

[13] И. Снегаров, *История на охридската архиепископия* 1, 26

[14] С. Ћирковић, *Осамостаљење и успон дукљанске државе*, Историја српског народа I, Београд 1981, 180

[15] М. Мирковић, *Централне балканске области у доба позног царства*, Историја српског народа I, Београд 1981, 182 – од поголемите градови повторно заживеале Сирмиум, Белград, Средец, Скопје, итд.

[16] Византиските цареви поставувале истакнати интелектуалци и видни личности блиски до царот, па дури и свои роднини, за аохридски архиепископи - Ј. Калић, *Српска држава и Охридска архиепископија у XII веку*, Зборник радова Византолошког института XLIV, Београд 2007, 199

оставил Јован, истиот црковен поглавар од времето на Самуил.[17] Така поразените навидум добиле самостојност, а Византија краткотраен мир.

По загинувањето на Самуил, а со цел да ја реорганизира црковната власт во Охридската архиепископија, византискиот император Василие II издал три хрисовули во кои ги посочил сите епископии и бројот на клирици и парици кои треба да служат во епископиите.[18] Охридската архиепископија била поделена на 31 епархија.[19] Според првиот хрисовул, на нишката епископија, покрај градот Ниш му припаѓаат и Мокро, Комплос, Топлица и Сврљиг:

*"Епископијата во Ниш, наредувам да ги има, градот Ниш (Νίσος) иМокро (Μόκρος), и Комплон (Κόμπλος), и Топлица, и Свелигово (Σβελίγοβος) 40 клирици и 40 парици."*[20]

Значењето на повелбата на Василие II се гледа и во тоа што во неа за прв пат се среќаваат нови, словенизирани имиња на старите места. Така римскиот Naissus или рановизантискиот *Ναΐσσος*, сеуште постоел како голем град со византиското име Νίσος (Νήσος),[21] доближувајќи му се на словенскиот Ниш. Во неговата епископија се римската Ремесијана, сега со словенско име *Мокро*, *Комплос* за кој мислиме дека е во прашање денешниот Курвинград со околината, потоа *Топлица*, најверојатно подоцнежната Бела Црква (денес Куршумлија) и *Свелигово* - градот Сврљиг, со несловенско име, на реката Тимок.[22]

Според бројот на клирици (40) и парици (40), се чини дека материјалната состојба на Нишката епархија, покрај Охридската, Скопската и Костурската, била на највисоко ниво.[23] Освен што во хрисовулот е вброена во богатите епархии, таа е и високо котирана, дури на деветото место, а ја покрива и најголемата територија од сите други во новоосвоените земји.

---

[17] Ј. Калић, *Црквене прилике у српским земљама до стварања Архиепископије 1219. године*, у: Сава Немањић – Свети Сава, историја и предање, САНУ, Београд 1979, 32.34; Ј. Калић, *Ниш у средњем веку*, Историјски часопис XXXI, 7

[18] С. Новаковић, *Охридска архиепископија у почетку XI века. Хрисовуље цара Василија II из 1019 и 1020*, Гласник Српске краљевске академије, 76, Београд 1908, 33-36

[19] И. Снегаров, *История на охридската архиепископия*, 1, 163

[20] *Исто*, 1, 56

[21] К. Јиречек, *Војна цеста*, 133

[22] К. Јиричек смета дека се работи за Прокупље - К. Јиречек, *Војна цеста*, 126; С. Новаковић, *Охридска архиепископија у почетку XI века. Хрисовуље цара Василија II из 1019 и 1020*, 33, 36; И. Снегаров, *История на охридската архиепископия*, 1, 180

[23] И. Снегаров, *нав. дело*, 62

Тоа, со сигурност, зборува за нејзиниот углед и цврстата материјална положба во која се наоѓала.[24] Оттаму, може да се разбере, но не и со сигурност да се потврди, размислувањето на Д. Цухлев за Ниш како митрополија со наведените градови како нејзини епископии.[25] Како и да е, епископското седиште било во градот, при катедралната црква Св. Прокопие. Вообичаено е епископот да има наменски изградена резиденција со пратечки објекти покрај црквата. На таков епископски комплекс со катедрална црква упатуваат и недовршените археолошки ископувања и откриениот монументален објект во портата на црквата Св. Никола.[26]

Знаеме дека, како главен град на околијата и седиште на епархијата, Нисос во XI. век имал катедрална црква со епископски трон, во која биле сместени моштите на Св. Прокопие. Почитуваниот палестински великомаченик од времето на императорот Диоклецијан, Св. Прокопие, во средниот век бил патрон на градот Ниш, византискиот Нисос. Во воениот поход од 1072 година, унгарската војска стигнала до Ниш и, како што вели Кинам: *„Кога стигнале до светиот гроб со моштите на маченикот, сметале, мислам, дека не е човечки да се однесе целото тело, па ја земале раката, и отишле. Откако стигнале во Сирмијум, ја ставиле во храмот на свети Димитрие кој во дамнешните времиња бил соѕидан од управителот на Илирик."*[27]

Угрите со почитување ја одвоиле раката на Св. Прокопие и ја однеле во Сирмијум каде што ја положиле во исто така угледна црква на познатиот маченик св. Димитрие. Кога во 1164. година царот Манојло I Комнен стигнал во Сирмијум, случајно дошол до раката на маченикот Прокопие, ја земал и ја однел во Ниш за да ја врати на телото на светителот. Црквата се спомнува како епископско седиште и во 1203 година во коресподенцијата помеѓу бугарскиот цар Калојан и папата Инокентије III - *„humilis episcopus sanctissime ecclesie beati et gloriosissimi magni martyris Procopii de Niso Kiricus."*[28]

---

[24] J. Калић Мијушковић, *Ниш у средњем веку*, Историја Ниша I, 87

[25] Д. Цухлев, *Історія на българската църква. Пъви период*, том 1, София 1910, 468

[26] М. Ракоција, *Резултати археолошких истраживаања у порти цркве Св. Николе у Нишу и покушај убикације епископске цркве Св. Прокопија*, Гласник друштва конзерватора Србије 26, Београд 2002, 127-131

[27] J. Калић, *Јован Кинам*, Византијски извори за историју народа Југославије, IV, Београд 1971, 74

[28] К. Јиречек, *Хришћански елементи у топографској номенклатури балканских земаља*, Зборник Константина Јиречека I, Београд 1959, 486; В. Марковић, *Православно монаштво и манастиру у*

Моштите на св. Прокопие биле во Ниш сè до првото доаѓање на Турците (1386), кога се пренесени во Прокупље. поради што почнува да се нарекува *„градот на свети Прокопие.”*[29] При првото доаѓање на Турците разрушена е и црквата Св. Прокопие која потоа веќе не се спомнува.

Освен што изворите кажуваат за постоењето на катедралната црква Св. Прокопие, за неа ништо повеќе не се знае. Не се знае како и кога телото на почитуваниот великомаченик доспеало во Ниш,[30] ниту пак кога е изградена и каде се наоѓала црквата. Единствено обидот за убикација на епископската црква Св Прокопие е насочен од шпекулациите кон аргументираната претпоставка базирана врз резултатите добиени од археолошките ископувања.[31]

Ниту еден познат хагиографски спис не ги спомнува имињата на нишките маченици и светители.[32] Сепак, од актите на Јован Кинам дознаваме дека во Ниш се чуваат моштите на св. Прокопие. Не се знае на кој Прокопие се мисли.[33] Нема докази дека е во прашање прочуениот палестински великомученик св. Прокопие кој настрадал во времето на Диоклецијан на 8 јули 303 година.[34] За ваквото, воглавно прифатено тврдење, неопходни се поцврсти докази. Сомневањето е поттикнато од големото интересирање за моштите на нишкиот Прокопие. Угрите со почит ја одделуваат само шаката на светителот и ја носат во црквата Св. Димитрие во Сирмијум, за после 100 години царот Манојло I Комнен, со иста почит, да ја врати во Ниш и да ја придодаде кон телото.[35] Големиот углед на нишкиот Прокопие во византинското свет, и личната заложба на царот да се вратат

---

*средњевековној Србији,* Сремски Карловци 1920, 48; Ј. Калић, *Јован Кинам*, 74; Ј. Калић, *Ниш у средњем веку*, Историјски часопис XXXI, 7; Ј. Калић, *Јован Кинам*, VIII II, Београд 1971, 74

[29] В. Марковић, *нав. дело*, 48

[30] М. Ракоција, *Нова сазнања из ранохришћанске прошлости Ниша*, Ниш и Византија VI, Ниш 2008, 47,48

[31] М. Ракоција, *Резултати археолошких истраживања у порти цркве Св. Николе у Нишу и покушај убикације епископске цркве Св. Прокопија*, 127-131

[32] М. Марковић, *О иконографији светих ратника у источнохришћанској уметности и о представама ових светитеља у Дечанима*, Зидно сликарство манастира Дечана. Грађа и студије, Београд 1995, 585, 621

[33] J. Zeiller, *op. cit.,* 122

[34] К. Јиричек смета дека во епископската црква во Ниш се чувале моштите на палестинскиот маченик – К. Јиречек, *Историја Срба* I, Београд 1981, 127.Не се знае патот на пренесувањето на неговите мошти, ниту тоа може да се насети во неговото житие -Житија светих, *Охридски пролог*, Београд 1961, 520

[35] И. Руварац, *О руци великомученика Прокопија*, Летопис Матице српске, 229, Нови Сад 1905, 5-7; В. Марковићм, *нав. дело*, 39, 48;

моштите, го остава отворено прашањето за идентификацијата и не дозволува да бидеме исклучителни во тврдењето дека не се работи за великомаченикот св. Прокопие. Во секој случај, благодарение на сопствениот углед, тој бил заштитник на Ниш во тек на целиот среден век,[36] а во градот имал катедрална црква чија што убикација се навестува со археолошките ископувања во портата на црквата Св. Никола.[37]

Силниот култ на св. Прокопие во Ниш, во средновизантискиот период, отвора можност тоа да е резултат на сочуваната ранохристијанска традиција, кога бил познат како градот на мачениците (мартириополис),[38] на што, најверојатно, се потпира и К. Јиричек, сметајќи дека тука се чувале моштите на палестинскиот великомаченик. Превземањето на ранохристијанската традиција во средновизантискиот период не е реткост.[39] Сепак, не постојат никакви индиции дека великомаченикот св. Прокопие имал било какви контакти со Ниш.[40] Како и да е, култот на св.Прокопие бил толку силен што во следните векови се ширел од Ниш кон просторите на југоисточна Србија и западна Бугарија.[41] На спомнатиот култен континуитет навестен во пишаните извори, се надоврзуваат резултатите од незавршените археолошки ископувања во портата на црквата Св.Никола.

На мислење сме дека прочуената византинска епископска црква треба да се бара на просторите на денешната црква Св. Никола.[42] **Т - 3** Незавршените археолошки ископувања, водени под таа претпоставка, констатирале постоење на архитектонски елементи кои упатуваат на византиска базилика. Монументалните размери на градабата свртена кон

[36] В. Марковић, *нав. дело*, 48

[37] М. Ракоција, *Резултати археолошких истраживаања у порти цркве Св. Николе у Нишу и покушај убикације епископске цркве Св. Прокопија*, 127-131

[38] М. Ракоција, *Нова сазнања из ранохришћанске прошлости Ниша*, 46 – 49

[39] На пример црквата Св. Иринеј во Сирмиум – В. Поповић, *Блажени Иринеј, први епископ Сирмијума*, у: Sirmium, град царева и мученика, Сремска Митровица 2003, 263

[40] Може само да се претпоставува дека во Ниш, пострадал некој Прокопие чиј што мартириум и црквата не биле заборавени во XI век, така што неговите мошти се поистоветувале со моштите на великомаченикот св. Прокопие, со што Ниш со нему посветената катедрална црква, си го зголемил угледот.

[41] С. Габелић, *О иконографији св. Прокопија*, Зборник радова Византолошког института XLIII, Београд 2006, 548/9

[42] Едните мислат дека тоа е епископската црква Св. Прокопие, другите дека се работи за византиска базилика во Ќурлина откриена во минатиот век - П. Гагулић, *Црква Св.Николе у Нишу*, Ниш 1963; М.А. Војиновић, *Две знамените старине у близини Ниша*, Преглед црквене епархије нишке, 7-8, Ниш 1929, 176-179. Постојат и мислења дека црквата на св. Прокопие била на местото на сегашниот мал Соборен храм Св. Архангели Михаил и Гаврил - Ф. Каниц, *Србија-земља и тановништво II*, Београд 1985, 164

исток, масивните ѕидови, репрезентативната колонада од столбови, подот покриен со квадратни тули, не се доволни за идентификација на епископската црква на св. Прокопие, макар што се наметнуваат одредени размислувања во таа насока. Во прашање е базилика со импозантни размери, изградена на доминантно место, на рамнината на брдото на Свети Никола, за што особено се водела грижа во првите векови на христијанството и во средновизантискиот период.[43] Со својата местоположба таа се вклопува во урбаната схема на средновизантиските градови, според која е осмислен и Нисос. Изградена е секако пред 1072 година кога за прв пат се спомнува, и нема многу да згрешиме ако заклучиме дека била раскошна и монументална. Старото култно место, жителите на Ниш не го заборавиле. На нејзините урнатини, во првата половина на XVII век, тие ќе изградат црква и ќе ја посветат на брзопомошникот св. Никола.

По смртта на Василиј II во 1025 година, Византија води репресивна политика. Покрај поцврсти мерки кај давачките, на територијата на Охридската архиепископија е зголемена романизацијата на словенското население преку грчките свештеници, што за последица имало дигање на востание. Тоа бил поводот, како што дознаваме од Јован Скилица, за Петар Дељан, роб на еден византиски богаташ, во 1040 година да дигне востание, лажно претставувајќи се како Самуилов син Роман и како таков да биде прогласен за цар на Бугарија. Како роб на византискиот богаташ успева да избега од Цариград во Ниш,[44] и да го побуни локалното население.[45]На патот кон југ, тој со неговите придружници минува низ Нисос (Ναϊσός, Νίσος) и Скопје и по патот остава крвава трага: *„И секој ромеј шшо ќе ѓо срешнеа ѓо ушейуваа немилосрдно и нечовечки."*[46] Не е тешко да се претпостави дека со убивањето идело и разурнувањето на градот и околината, што секако влијаело на животот на Нишлиите и нивната градителска активност.

[43] Л. Мирковић, *Православна Литургика* I, Београд 1982, 81
[44] И. Снегаров, *История на охридската архиепископия*, 1, 64
[45] К. Јиречек, *Војна цеста*, 143
[46] Ј. Ферлуга, *Јован Скилиц*, во: Византијски извори за историју народа Југославије, III, Београд 1966, 144

Дури по пропаѓањето на востанието и заробувањето на Петар Дељан, во Нисос повторно навлегла византиската војска.[47]

Царството навлегувало во сé поголема криза. Од исток напаѓале Турците Селџуци, а на север сé поголеми проблеми правеле Печенезите. Знаеме дека во првата половина на XI век, архонтот на Бугарија, Василие Монах, во пустата околија на Ниш, населил извесен број на поразените Печенези, но меѓусебно оддалечени едни од други за да не се организираат повторно.[48] Податокот дека околината на Ниш била слабо населена, покажува дека првата половина на XI век била бурна и нестабилна. И покасно, во 1080 година, Печенезите *"йрават йустош низ населбийе йомеѓу Ниш и Скойје"* во што ги запрел Алексије Комнен.[49]

Веќе во средината на 1072 година унгарската војска на чело со Соломон стигнала до Ниш.[50] Овој поход се спомнува и во Виенската илустрирана хроника *(Képes krónika)*. Интересно е дека тука градот Ниш се дефинира како град во Србија каде што Нишава се влева во Морава. Од хрониката дознаваме дека жителите на Ниш, а со тоа и самиот град, се многу богати штом можеле да му подарат на унгарскиот крал вредни златни и сребрени подароци и скапа облека.[51] Од истата хроника дознаваме и за одмереноста во постапките на новиот господар.

Набргу потоа, војните и народното незадоволството од византиската власт довело до ново востание. Во втората половина на 1072 година, востаниците бараат помош од Зетскиот крал Михајло, кој им ја праќа помошта под водство на неговиот син Константин Бодин, кого востаниците во Призрен го прогласиле за цар под името Петар. Војската се разделила на два дела. Едниот дел тргнал кон Костур (Касторија), а другиот, предводен од Константин Бодин, се упатил кон Ниш. Кон крајот на годината Бодин стигнал во Ниш и бил подржан од населението. Веднаш по Унгарците, кога Византија се уште не стигнала да ја консолидира власта во Нисос, во 1072/3

---

[47] Ј. Калић, *Ниш у средњем веку*, Историјски часопис XXXI, 8/9

[48] Ј. Ферлуга, *нав. дело*, 9/10

[49] Б. Радојчић, *Нићифор Вријеније*, Византијски извори за историју народа Југославије, т. III, Београд 1966, 244

[50] Ј. Калић, *Јован Кинам*, 74; Истата, *Ниш у средњем веку*, Историјски часопис, 10

[51] Post itaque misit rex ad utrumque ducem, ut ambo simul ad rege venirent et cum exercitus super Nys castrum proficescerentur, S. Imre, *Scriptores rerum Hungaricarum* I, Budapest, 1937, 377, заб. 2. – Види: Б. Стојковски, *Ниш у византијско - угарским односима у XI и XII веку*, Ниш и Византија VII, Ниш 2009, 383-384

година, Константин Бодин со своите востаници стасал во Ниш, и за разлика од Угрите, како што кажува Продолжувач на Скилица *„уништувал сѐ што ќе стигнал, пљачкосувал и ги злоставувал ситеоние што не го примале или не му се покорувале“.*[52] Дека било така потврдува и Никифор Вриение *„Скопје и Ниш беа освоени“.*[53] Еве уште сигурни податоци за судбината на богатиот град, кој бил оставен сам на себе. Одењето на Бодин во Костур за да им помогне на востаниците, е почеток на крајот на востанието, а во Нисос повторно била обновена византиската власт.[54]

Веќе во јули 1096 година претходницата на првите крстоносци е преполовена кај Ниш, но главнината поминала непречено.[55] Со нив дошол и Петар пустиникот (грчки Кукупетрос). Во тоа време Никита, намесникот - дукс на Ниш, кој дошол од Белград, пријателски го пречекал. Крстоноците подигнале логор на левиот брег на Нишава, од другата страна на камениот мост, и гарантирале дека ќе купуваат храна. Зборот не го одржале. По караницата со локален жител на градскиот пазар, запалиле седум воденици, како и куќите на жителите вон градските ѕидови. Тоа предизвикало бес и ги натерало жителите на Ниш да ги нападнат. Крстоносците тргнале преку мостот кон градската порта, но тоа скапо ги чинело. Настрадале, според некои извори, 10 000 луѓе, а уништени биле и 200 коли заедно со парите.[56] Низ Византија се проширила веста дека крстоносците се разбојници и дека пљачкосуваат, додека на Запад завладеело мислењето дека Византија е непријателски расположена кон крстоносците и дека свесно им прави проблеми на нивниот пат.[57]

Кога есента во Ниш пристигнала рицарската крстоносна војска, добро опремена и покултивирана, била следена како непријателска, а царот Алексије I Комнен испратил пратеници од Ниш за да им пренесат да не ги пустошат попатните области. Сепак, во Нисос им било овозможено добро да се снабдат за патот.[58]

---

[52] Б. Радојчић, *Скиличин Настављач*, Византијски извори за историју народа Југославије, т. III, Београд 1966, 183/4

[53] Б. Радојчић, *Нићифор Вријеније*, 238

[54] Ј. Калић, *Ниш у средњем веку*, Историјски часопис XXXI, Београд 1984, 9; К. Јиречек, *Историја Срба* I, Београд 1981 15-16

[55] К. Јиречек, *Војна цеста*, 144

[56] Истиот, *Историја Срба* I, 138

[57] Истиот, *Војна цеста*, 13; Ј. Калић, *Ниш у средњем веку*, Историјски часопис XXXI, 9

[58] Ј. Калић, *нав. дело*, 9; К. Јиречек, *Историја Срба* I, 13

Пред крајот на XI век Ниш бил добро утврден град со воена посада под водство на дуксот Никита. Населбата се простирала и под градските бедеми, а во градот се влегувало преку камениот мост на Нишава на која имало многу воденици.

Со реорганизацијата на воената управа, царот Алексеј I формирал помали воено - управни единици наречени теми. За постоењето на тема во Ниш дознаваме од неговата ќерка Ана Комнена (*Anne Comnène,* Alexiade XIV), која кажува дека царот распоредил војска во темата во Ниш (εἰς τό τέμα του Νίσου) поради заштита од Куманите.[59]

Во 1127 година кога избувнала големата угарско - византиската војна, Угрите на патот кон Сердика и Филипопол го освоиле Ниш.[60] Угрите таа година навлегле длабоко во грчката територија рушејќи сé пред себе па и градот Ниш: "*Brundisium et Scardicum nec non Nys aliasque civitatis grecorm igne et gladio vastavit) atque alias civitates Grecie igne et gladio devastavit*"[61] Но, само за кратко време. Царот Јован II Комнен, во 1129 година на патот за Белград каде што потпишал мир, извесно време престојувал во Нисос, кој останал во границите на Византија.[62] Византинската војска на својот пат кон Унгарија се собира во Нисос.[63]

Средината на XII век е времето на владеењето на Манојло I Комнен (1143 -1180) и подемот на византинската држава во епохата на Комнени, но и времето на низа војни со Унгарија и Србија, кои политичкиот договор го зацврстиле со брачната врска помеѓу Елена, ќерката на српскиот жупан Урош и унгарскиот крал Бела II. Сојузот ѝовозможил на Србија полежерно војување против Византија, и го зголемил стратешката важност на Нисос за царството на кое што Србите опасно му се доближиле.[64]

---

[59] Б. Крекић, *Ана Комнина*, Византијски извори за историју народа Југославије, т. III, Београд 1966, 392

[60] Во *Пожунскиӣе анали (Annales Posonienses),* угарскиот извор од XIII. век, се наведува дека кралот Стефан во 1127 година го завзел Ниш - *Stephanus rex accepi civitatem Nis* - *Annales Posonienses, Scriptores rerum Hungaricarum* I, Budapest, 1937, 126, у: Б. Стојковски, *нав. дело*, 388 со литература

[61] Codex 545 на Виенската национална библиотека каде во набројувањето на градовите што паднале во рацете на Унгарците – Ј. Калић, *Јован Кинам*, 9, со напомена бр. 7

[62] Ј. Калић, *Ниш у средњем веку*, 15

[63] [63] Погледнете интересен текст за влијанието на Ниш во Византиско-Угарските релации од Б. Стојковски, *нав. дело*, 383-393

[64] Ј. Калић, *Ниш у средњем веку*, 16

Покрај овие проблеми надоаѓала и Втората крстоносна војна. Византија не им веруваше на крстоносците и никогаш не го заборави нивното прво проаѓање. Од Јован Кинам дознаваме дека во 1147 година, многубројните крстоносци на Конрад III преминале преку Дунав и тргнале по Цариградскиот пат кон Ниш, со порака од царот Манојло, исто како некогаш, испратена преку пратеник, да не прават штета во византиските области низ кои поминуваат.[65]

"Толкав, имено бил нивниот број. Кога стигнале блиску до градот Нисос (πόλεως Ναΐσου), а тој е главен (μητρόπολις) помеѓу Дакиските градови, Михајло со прекар Врана, на кого од царот му било дадено да управува со оваа област, веќе им имал се обезбедено – како што пред тоа му било наредено."[66]

Оттука јасно се гледа дека Ниш бил главен град на областа, односно на некогашната провинција Dacia Mediterranae, на која покрај Ниш ѝ припаѓале и Сердика (Софија) и Ќустендил. Ниш како таков, во времето кога заповедникот на Нисос, Михајло Врана, го пречекал Конрад III и ја снабдел неговата војска, морал да има сигурни ѕидини и урбана содржина карактеристична за главните градови. Нисос често се спомнува во XI и XII век како влијателен и важен воено - административен центар, сместен на важен крстопат и со убава и плодна околина. За тоа колку Нисос бил важен за царството, најмногу говори фактот дека за воен заповедник бил поставен најдобриот византиски војсководец во тоа време, Михајло Врана.

Во времето на владеењето на Манојло I Комнен (1143-1180) и неговите војни со Србите и Угрите,[67] но и низ целиот XII век, Ниш се наоѓал на линијата на движењата на византиската војска и бил главен крстопат. Византинската војска секогаш доаѓала до Ниш, па дури од него своите сили ги усмерувала според потребите.[68] Византинците, во тек на целиот XII век, поради војувањата со Србите и Угрите, биле врзани за Ниш како една од позначајните воени бази.[69]

---

[65] Ј. Калић, *Ниш у средњем веку*, 16/17

[66] Истата, *Јован Кинам*, 19

[67] Исцрпна расправа за тоа направил Љ. Максимовић, *Србија у правцу византијских похода у XII веку*, ЗРВИ 22, (Београд 1983), 7-19

[68] Љ. Максимовић, *нав. дело*, 18

[69] Треба да се спомне дека после обновувањето на бугарското царство во 1187година и организиарањето на трновската архиепископија од 1185 - 1205, Ниш останува под

Во текот на припремите за воениот поход на Србија во 1150 година, поради опасното сојузништво со Унгарија, царот Манојло I подигнал логор кај Ниш ("ἐπί Ναϊσόν τό στράτευμα ἤγειρεν". Cinn. 104. 2),[70] блиску до селото Сечаница, и тука се подготвувал за напад на Србите што се завршил со судирот на Тара и спасувањето на војсководецот Михајло Врана.[71] Но и следната година, на патот кон Срем и Унгарија, одејќи по цариградскиот пат, тој со војската минува низ Нисос.[72]

Во тоа време Кинам пишува дека Манојло I и покрај познатата аспирација кон престолот, го поставува својот роднина Андроник, идниот цар Андроник I, да управува со оваа област како дукс со седиште во Ниш.[73] *"Тоīаш дури и īо (Андроник) унаīредил во дукс за Ниш и Браничево (Ναϊσοῦ τε καί Βρανιζόβης) а му ја даде и Касшорија."*[74] Тоа набрзо, истата (1153) година, се покажало како лошо, а намерата на Андроник да го превземе престолот правејќи договор со унгарскиот крал Геза II да му помогне во борбата против Манојло, а тој за возврат да му ги отстапи Браничево и градот Нисос, на царот му била позната:

*"А коīа му беше доверено, како шшо е кажано, уīравувањешо со Ниш и Браничево (Ναϊσοῦ δέ καί Βρανιζόβης) му вешил, īо īисмо, на кралош на Пеонија, дека ако му īомоīне во обидош да ја земе власша, ќе му īи оīсшаīиБраничево и īрадош Ниш шшом желбаша ќе му се осшвари."*[75]

На местото на дуксот на Ниш Михајло Врана го заменил Андроник кој бил сменет и уапсен штом заговорот бил откриен, но сепак царот набрзо му простил.[76] Честото доаѓање и престојот на василевсот Манојло I Комнен во Нисос е најдоброто сведоштво за воената и политичка важност на градот за византиското царство.

---

јурисдикција на Охрид – М. Јанковић, *нав. дело*, 15.; Ј. Калић, *Српска држава и охридска архиепископија у XII веку*, 201

[70] К. Јиречек, *Војна цеста*, 25, напомена бр. 45; Ј. Калић, *Јован Кинам*, 27

[71] Ј. Калић, *Јован Кинам*, *нав дело*, 27; Љ. Максмовић, *Србија и правци византијских похода у XII веку*, 10-11; Ј. Калић, *Ниш у средњем веку*, 18

[72] Ј. Калић-Мијушковић, *Београд у средњем Веку*, Београд 1967, 47/48

[73] Н. Златарски, *История на българската държава през средните векове* II, София 1940, 390-391

[74] Ј. Калић, *Јован Кинам*, 47, напомена бр. 105

[75] Истата, *Јован Кинам*, 48

[76] Ј. Калић, *Ниш у средњем веку*, 19. За заговорот пишува и Никита Хонијат - Ј. Калић, *Никита Хонијат*, Византијски извори за историју народа Југославије, т. IV, Београд 1971,129;Причината за простувањето не е само родбинската поврзаност туку најверојатно и инжинерската способност на Андроник да проектира оружје (фрлач на камења - Византијски извори за историју народа Југославије, т. IV, Београд 1971,135

Србија сега е веќе на големо стапната на историската сцена, а нејзиното ширење на сметка на Византија не можело да се запре. За да го смири српскиот жупан Деса, кој управувал со Дендра, "*богата и со многу жители земја во близина на Ниш*", царот Манојло во 1163 година повторно доаѓа во Нисос со војската и го именува Деса за архижупан.[77] Прашањето за Дендра се уште не е решено, но овој податок на Кинам ни открива дека Ниш бил опкружен со богати и добро населени предели. Истата, 1163 година, се покажа дека големиот жупан Деса не е од доверба и дека одржува врски со унгарскиот крал Стефан III, па затоа го апсат и го водат во дворскиот затвор во Константинопол.

На патот од Сердика кон Унгарија (1163) Кинам лично се уверил во стратешкиот значај на Нисос и забележал: *"Кога стигна во Ниш, дојде на мисла таму да дигне логор и попатно да се позанимава со работите во врска со Србија.... Од таа причина царот, кога стигнал блиску до Ниш, каде од двата пата едниот води кон Србија, а другиот кон Истар и Пеонија, поставил логор помеѓутие два пата."* [78] Јасно е дека Манојло го поставил логорот во близина на Ниш на крстопатот на два значајни пата.[79] При овој поход стигнал до Сирмиум кадо што ја нашол славната рака на Св. Прокопие и наредил да се врати во Нисос и придодаде на телото во епископската црква Св. Прокопие.[80] Нема сомнение дека во Нисос и понатаму владеел епископот на црквата Св. Прокопие.

Според најновите истражувања на Ј. Калиќ,[81] во 1163. година, во свитата на царот Манојло се наоѓал и охридскиот архиепископ Јован (со световното име Адриан Комнен). Тој во летото истата година бил во Ниш и присуствувал на средбата помеѓу Манојло и Стефан Немања. Архиепископот Јован, најверојатно, од порано се знаел со Немања за кого имал добро мислење и му давал комплетна поддршка.[82] Без согласноста од

---

[77] Ј. Калић, *Јован Кинам*, 58

[78] Истата, *Јован Кинам*, 61, 62, 63.

[79] Н. Радијчић, *Природа византојско-српске границе од XI до XIII века*, Зборник раова са трећег конгреса словенских географа и етнографа, Београд 1932, 362

[80] Сп. нап. 29

[81] Ј. Калић, *Српска држава и охридска архиепископија у XII веку*, 204

[82] И Б. Ферјанчић смета дека Немања бил доверлив човек на царот Маноило I Комнен– Б. Ферјанчић, *Стефан Немања у византијској политици друге половине XII века,* Стефан Немања – Свети Симеон Мироточиви, Историја и предање, Научни скупови САНУ, књ. XCIV, Одељење историјских наука, књ. 26, Беогреад 2000, 43

Јован, епископот на Охридската епископија, почитуваниот архиереј и истакнатиот претставник на династијата на Комнени, а со тоа и без одобрението од епископот надлежен за нишката епархија, не можеле да се градат цркви. Сега е појасно зошто Немања се осмелил, како што пишува неговиот биограф Стеван Првовенчани, да гради цркви без да има договор со неговите браќа.[83]

Од друга страна, престојот на архиепископот Јован во Нисос морал да влијае и врз обновувањето на старите византиски цркви и изградбата на нови во Ниш и неговата околина. Архитектурата и градежниот слог на Латинската црква во Горњи Матејевац и црквата Св. Јован во Орљане се карактеристични за градежништвото во одреден византиски временски период, додека архаичниот трикохален облик на црквата Св. Јован над Горњи Матејевац, покажува директно влијание на охридската архитектура. Сега кога знаеме дека одредено време во Нисос престојувал охридскиот архиереј Јован, почитуван интелектуалец и духовник, како и познат борец против ересот, треба да претпоставиме дека, само тој, по посетата на епископската црква Св Прокопие и оддавањето почест на светите мошти, можел да се сети дека пред речиси сто години Унгарите ја однеле раката на св.Прокопие во Сирмиум. Се наметнува заклучокот дека на инсистирањето на архиепископот Јован, царот Манојло наредил раката на светецот да се врати во Нисос и да се придодаде кон телото.

Во повеќе наврати во Ниш се среќавале византиските цареви и српските жупани кои биле вазали на Византија.[84] За време на едно од многуте престојувања на царот Михајло I Комнен во Ниш, пред 1166 година, кога ја превзема власта во Србија,[85] дошло до средба со тогаш младиот Стефан Немања: *"А кога боголубивиот цар Манојло од градот на Константин чул за врвната чистота и смерност и кроткост на овој незлобен, штом пришол блиску до Ниш, посакал да го види, и пратили по него за да дојде на видување"*

*И тој, побрза и дојде кај него.*[86]

---

[83] Стефан Првовенчани, *Сабрани списи*, Београд 1988, 66/67

[84] Н. Радијчиќ, *Природа византојско-српске границе од XI до XIII века*, 362

[85] Р. Новаковиќ, *Када се родио и када је почео да влада Стеван Немања*, Историјски гласник 3-4, Београд 1958, 182-185; Ј. Калиќ, *Историја српског народа* I, 208/209.

[86] Неговото брзање говори за почитта кон царот

*А ко̄га овој г̄о здог̄леда, г̄о п̄рими со царска љубов и г̄о бакна. Задивен од умнос̄та на овој младец, г̄о одликува со “царскио̄т сон”* (и ц(д)рьскымь саномь почьть□□□ *и различни п̄одароци. И, о̄ткажувајќи се од своја̄та земја, му ја даде земја̄та наречена Дубочица, со зборовӣте: Твое да биде и на т̄воӣте наследници во векови, со нико̄го во заедница, ни со мене, ни со мои роднини.*[88]

По зборовите на Стефан Првовенчани можеме да заклучиме дека Стефан Немања поради почитта кон царот побрзал во Ниш за да се сретнат. Царот го примил со љубов и почитување и го наградил, можеби не случајно, со високото одликување “Царскиот сон”.[89] Дознаваме и колку царот Михајло, или можеби архиепископот Јован, добро ги познавал Србите, кога само на Немања и неговите наследници им ја оставил покраината Дубочица, а не и на неговите браќа, со што, без сомнение, итриот Византинец знаел дека ќе ги раскара браќата. И точно, изградбата на манастирот во Топлица од страна на Немања била повод за расправија помеѓу браќата.[90]

По освојувањето на Земун во1165. година, царот Манојло, што и се очекуваше по војната, им наредил на своите војсководители Константин Ангел и Василиј Трипсих да ги закрепат ромејските градови Земун, Белград, Браничево и Ниш: *“И самио̄т Ниш (Νίσον) г̄о о̄пкружија со ѕидови”* [91] Ниш сега е сигурен град опашан со цврсти бедеми.

И во 1167 година, на пат кон Срем и конечното запирање на војната со Унгарите, во Ниш се собрала голема византинска војска предводена од Андроник Кондостефан.[92] Толку зачестено присуство на бројни војски можел да поднесе само исклучително богат град.

Стефан Немања не ја трпел долго вазалската положба кон Византија. Веќе во 1172 година Србите ги напаѓаат пограничните градови па и Нисос.

---

[87] Најверојатно се работи за дворска титула– *Историја српског народа* 1, 208

[88] Стефан Првовенчани, *Сабрани списи-живот светог Симеона*, Београд 1988, 65

[89] Можеби не е случајно доделувањето на дворската титула „Царскиот сон“ на Немања токму во Ниш, родниот град на св.цар Константин на кого пред битката со Максенције во сон му се јавува божјиот глас „со овој ќе победиш ж„ - што се смета за пресудно за званично прифаќање на христијанството

[90] К. Јиречек, *Историја Срба* I, 148; Ј. Нешковић, *Нека отворена питања о црквеном градитељству у доба Стефана Немање*, Стефан Немања – Свети Симеон Мироточиви, Историја и предање, Научни скупови САНУ, књ. XCIV, Одељење историјских наука, књ. 26, Беогреад 2000, 200

[91] Ј. Калић, *Никита Хонијат*, 137; Истата, *Ниш у средњем веку*, 21

[92] Ј. Калић, *Ниш у средњем веку*, нав. место.

Кога Манојло тргнал со војската, Немања веднаш покажал спремност да се покори на царот, така што борба немало. Се чини дека Немања пак се сретнал со царот во околината на Ниш. Овој пат бил заробен и однесен во Цариград каде што останал до 1180 година.[93]

Михајло I Комнен умира во 1180 година, а царството влегува во криза. Во моментот кога поранешниот наместник на Нисос, Андроник Комнен (1183-1185), седнал на престолот, дошло до несогласување помеѓу војсководачите,[94] и затоа во 1183 година Угрите и Србите кратко време го држеа Ниш кој бил бранет од Алексие Врана и Андроник Лапард: *"Кога за убиството на Алексие и прогласувањето на Андроника за цар, биле обавестени Алексие Врана и Андроник Лапард, стратезите на одредите кои кај Ниш и Браничево му се спротивставуваа на Унгарскиот крал Бела, бидејќи тој таму се разорувал и уништувал со меч...."*[95] И во овој Унгарско - Српскиот поход Нисос претрпел големи разурнувања кои ги виделе крстоносците од Третата крстоносна војна.[96]

Некаде во тоа време Унгарците, кои повеќе од стотина години биле насочени кон Византија и Цариград, ја губат силата и се свртуваат кон запад.[97] По враќањето на унгарскиот крал во својата земја, Немања наоѓа нов сојузник во Бугарија. Во 1185 година, во договор со бугарските владетели Петар и Асен,[98] Стефан Немања го превзема Ниш со пошироката околина и ги разурнува Сврљиг, Равно (Ќуприја), Козли (Конџељ кај Књажевац), кои некогаш ѝприпаѓале на нишката епархија, а биографот на Немања, како да водел сметка за тоа, ги набројува еден по друг:[99] "*А кога унгарскиот крал се врати во својата држава, Светиот кога се разделил од него, отишол со својата сила на ......славниот град Ниш, и град Сврљиг, и град Равни, и град Козли. И градовите ги разурна и до темел ги искорени, бидејќи не остана камен на камен кој не се разурна. И не се дигнаа до ден*

[93] Истата, *Ниш у средњем веку*, 22; Б. Ферјанчиќ, *Писмо цара Исака II Анђела папи Целестину III*, Византијски извори за историју народа Југославије, т. IV, Београд 1971, 218-222
[94] Г. Острогорски, *Историја Византије*, Београд 1969, 370-375; К. Јиречек, *Историја Срба* I, 152
[95] Ј. Калић, *Никита Хонијат*, 152
[96] В. Н. Златарски, *История на Българската държава презъ средните векове. Томъ II Българиа подъ византийско владичество (1018-1187)*, София, 1934, 431; Б. Стојковски, *нав. дело*, 391, 392
[97] Б. Стојковски, *нав. дело*, 392, 393
[98] И. Снегаров, *История на охридската архиепископия*, 1, 89
[99] К. Јиречек, *Историја Срба* I, 155

*денес.*"[100] Од тука се гледа дека освојувањето на Нисос од страна на Немања значело и негово потполно разурнување од што произлегува дека Грците настојчиво го бранеле градот поради неговата исклучителна стратегиска важност.

Ниш, на кого Првовенчани му дава епитет "славен" за да го нагласи неговиот углед,[101] за Немања е подеднакво од особена важност. Дека добро е потрудил за да го обнови, нарочно ѕидовите, ни говори архиепископот Виљем Тирски (Wilhelmus Tyrensis), кој околу 1188 година пишува:

*"Ниш е утврден град со јаки ѕидови и кули, и со ратоборни бугарски жители,*[102] *кој го штити приодот преку камениот мосст на Нишава. Овој град според природната положба и бедемите се смета за добро утврден, има голем број на жители за кои се смета дека по воената вештина и силата на телото и духот се пред останатите во таа покраина."*[103]

Големите разурнувања со себе носат и големи загуби, па Стефан Немања побрзал да најде нов силен сојузник во борбата против Византија. Затоа, пред крајот на припремите за започнување на третата крстоносна војна, на крајот на 1188 година Немања испратил пратеници на дворот на најмоќниот европски цар Фридрих I Барбароса и со писмо го известил дека му спрема свечен пречек во Ниш, најпознат од неговите градови, кој имал намера да го направи престолнина на својата држава. Кога идната година Фридрих бил пред Ниш, Немања со братот Страцимир и свитата излегол да го пречека. Преговорите започнале на 27 јули 1189 година во самиот град. Тој повторно не ја пропушта приликата да се пофали пред Фридрих дека со братот Мирослав го освоил Ниш и нишката област. Ниш со околијата морало да бил богат и плоден град, кога на угледниот гостин Немања му дарува морски кучиња, припитомени елени, диви вепрови, јачмен, волови, овци, а го球 чести и со вино и медовина.[104] Набргу ќе се покаже дека Немања со причина на германскиот цар му нудел вазалски однос во борбата против Византија.[105] Сакајќи да се приклучи кон антивизантинската коалиција,

---

[100] Стефан Првовенчани, *Сабрани списи*, 72

[101] С. Радојчић, *Идеја о савршеном граду у држави кнеза Лазара и деспота Стефана Лазаревића*, Зограф 32, Београд 2008, 10

[102] Тој ги вика Булгарија земјите од Јадран до Цариград и Дунав - К. Јиречек, *Војна цеста*, 132

[103] Истиот, *Војна цеста*, 88, 132-133

[104] К. Јиречек, *Историја Срба* II, 156, 251, 305

[105] Г. Острогорски, *Историја Византије*, 381

бугарскиот владар Петар испраќа во Ниш свои преговарачи.[106] Во Ниш тогаш бил склопен и еден брак, сé со цел да има квалитетни преговори. Ниш тогаш бил место на дипломатските игри кои завршиле со потпишано пријателство помеѓу двата владатела. Фридрих не го прифатил понудениот вазалски однос и отворената борба против Византија, а веста за склопеното пријателство стигнала до Цариград.[107]

Ова настојчиво истакнување на освојувањето на Ниш, како и намерата таму да ја пресели својата престолнина, јасно зборуваат колку Ниш бил стратешки значаен, додека неговото освојување ја покажува силата на српската војска која успеала да го земе од Византија. Оттаму е разбирлив и точен податокот од Стеван Првовенчани кога вели *"Ги сруши тие градови и до крајните темели ги искорени, бидејќи не остана ни камен на камен кој не се поруши. И не се дигнаа ни до ден денес."*[108]

За време на престојот на Немања во Ниш (1185-1190), следејќи ја својата политика, покрај другите цркви по целото царство кои ги градел и ги обновувал, Стефан Првовенчани пишува дека *"... и светиот и големиот маченик Пантелејмон во градот Ниш, и на кого и храм му ѕоѕида"*[109] Овој податок кај истражувачите предизвикувал дилема дали Немања ја обновил или, пак, од темели ја ѕоѕидал новата црква Св. Пантелејмон. Врз основа на резултатите од археолошките ископувања,[110] на мислење сме дека Немања ѕоѕидал нова црква врз темелите на рановизантинската базилика. Најверојатно, темелите на базиликата биле ниско зачувани и врз нив тој ѕоѕидал црква, со што се покажува точна формулацијата на Првовенчаниот: *"И на кого и храм му ѕоѕида."*

---

[106] К. Јиречек, *Историја Срба* I, 156

[107] Ј. Калић, *Ниш у средњем веку*, 23-25; Ј. Калић, *Борбе и тековине великог жупана Стефана Немање*, у: Историја српског народа I, Београд 1981, 255-259 со литература

[108] Стефан Првовенчани, *Сабрани списи*, 72

[109] "Почнувајќи од големата црква Господова во Ерусалим и на светиот Јован Претеча, и во Рим црквата на светите и сеславни врховни апостоли Петар и Павле и светиот Теодосија во Пустината, и светиот архиереј и светител Николај и чудотворец во Голем Бар и преславната и секогаш дева Богородица во Евергетида во Константиновиот град, и светиот архистратиг Михаил во градот викан Скопје, на кого и храм му дигна во тоа место, и светиот велик маченик Христов Димитар во градот Солунски, и светиот велики маченик Пантелејмон во градот Ниш, ана кого и храм ѕоѕида тука- Стефан Првовенчани, *Сабрани списи-живот светог Симеона*, Београд 1988, 74; - В. Марковић, *Православно монаштво и манастири у средњовековној Србији*, 64

[110] В. Кораћ, *Истраживање остатака храма Св. Пантелејмона*, Зборник радова Византолошког института, XXXIX, Београд 2001/2002, 112-145

На храмовите кои Првовенчани ги наведува им припаѓа важно место во историјата на христијанството. Не може а да не се примети дека во тоа одбрано друштво е сместена и досега непознатата црква на Св. Пантелејмон, а ја нема познатата катедрална црква Св. Прокопие каде сеуште почивале моштите на великомаченикот Прокопие. За ваквото однесување на побожниот Немања, кое истражувачите досега не го разгледувале, тешко е да се најде оправдување. Уште потешко е да се поверува дека тоа што го кажува Пртвовенчани *"...не осӣана камен на камен кој не се урна"*, откако Немања го освоил Ниш, се однесува и на катедралната црква Св. Прокопие. Најверојатно е дека таа останала недопрена и дека во неа, како столица на епархијата, и понатака владеел епископот. Дека тоа е така говори и нејзиното спомнување во 1203 година.[111] На таквата црква, Немања не можел да ѝдава дарови на катедралната црква на градот што го освоил, ниту значително да интервенира врз градежно недопрен објект. Тој се одлучил за големи зафати кои подразбирале изградба на нова црква на темелите на палеовизантиската базилика, на височината свероисточно од разурнатиот град, а спроти манастирот Св. Прокопие. Изградбата врз старите византиски објекти не била нова за него, па истото можело да се случи и во Ниш.[112] Треба да се потсетиме дека Немања слично направил и со исто така стариот епископски центар при манастирот Св. Петар и Павле (Петаровата црква) во Рас. Уќте во времето кога Рас бил под Охридската архиепископија, во 1171 година Немања ги изградил Ѓурѓевите Столбови на височината наспроти старата и поскромната црква на Петар која функционирала.[113]Таквата, условно кажано конкуренција, можел да ја има на ум и во Ниш, кога наспроти активниот и со сигурност раскошниот манастир Св. Прокопие, кој не го разурнал, а во него и понатаму владеел грчкиот епископ потчинет на Охридската архиепископија, ја изградил црквата Св. Пантелејмон. Сметаме дека е тоа причината, исто како и во Рас, што во опкружувањето на

---

[111] К. Јиречек, *Хришћански елементи у топографској номенклатури балканских земаља*, 486
[112] Немања го обновил манастирот на Св. Богородица на темелите на палеовизантиски от објект, а Св. Никола на темелите на некоја стара византиска црква, како и прочуената црква на манастирот Студеница – Ђ. Бошковић, Б. Вуловић, *Царичин град-Куршумлија-Студеница*, Старинар VII-VIII (1956-1957), 173, 176, 177, и др.
[113] Ђ. Бошковић, *Осврт на неке карактеристике регионалног просторног планирања споменика на територији средњовековне Рашке*, Рашка баштина 1, Краљево, 7, 8

спомнатите видни христијански градби ја нема црквата на Св. Прокопие. Немања сака да конкурира на грчките епископи и да ја тргне настрана Охридската архиепископија, можеби како прв чекор кон државната и црковната самостојност.[114]

Веќе во 1190 година, Исак Ангел, по направениот споразум со Фридрих, веднаш тргнал во напад на Србија чија што војска била тешко поразена кај реката Морава. Од тој момент Ниш е повторно византиски град,[115] и како таков се спомнува во 1198 година во една хрисовула во Венеција.[116]

И покрај превирањата, Нисос останал под јурисдикција на Охридската архиепископија и во време на владеењето на српскиот голем жупан Стефан Немања, како и во 1190 година, по поразот на Стефан од страна на Исак Ангел на реката Морава. Со зајакнувањето на обновеното бугарско царство се шири и Трновската архиепископија (1185 - 1204) на сметка на Охридската.[117] Нишката епископија во 1194/95 година потпаднала под јурисдикција на Трновската архиепископија. Во времето кога се правеле подготовките за формирање на унијата, нишкиот епископ Кирик, кој столувал кај катедралната црква Св. Прокопие, подржувајќи ја унијата,[118] со неколку епископи на Трновската архиепископија во 1204 година побарал палиум од папата Инокентие III.[119] Неговата преписката е сочувана:[120] "...; sanctissimae ecclesiae beati et glorisissimi magni martyris Procopii de Niso Kiricus ..." Во тоа време и по смртта на Иван Асен II, на челото на нишката епископија покрај *Кирик* се спомнува и *Дионисие*.[121]

---

[114] Ј. Нешковић, *Ђурђеви ступови у Старом Расу*, Краљево 1984, 15
[115] К. Јиречек, *Историја Срба* I, 157
[116] С. Ћирковић, *Унутрашња и спољна криза у време Немањиних наследника*, у: Историја српског народа I, Београд 1981, 265
[117] И. Снегаров, *История на охридската архиепископия*, 1, 90
[118] Наклонетоста на Ниш кон Рим како да е дел на ранохристијанската традиција со оглед дека сите нишки епископи биле со латинско потекло - М. Ракоција, *Нова сазнања из ранохришћанске прошлости Ниша*, 57. О граници између латинског и грчког подручја видети К. Јиречек, *Историја Срба* I, 22
[119] Т. Събев, *Самостойна народностна църква в средновековна българия*, София 1987, 328. Унијата, која ја подржувал царот Калојан, ја прифатиле епископите на градовите – Браничево, Велбужд, Преслав, Скопје, Призрен, Ниш, Видин можеби и Белград, додека останатите епископи не ја подржале политиката на Трново– Б. Николова, *Устройство и управление на българската православна църква IX-XIV век*, София 1997, 196-205
[120] И. Снегаров, *История на охридската архиепископия*, 1, 90/91; И. Дуйчев, Преписката на папа Инокентий III с българите, Годишник на Софийския университет. Историјско-филозофки факултет, 8, София 1942, 46
[121] Б. Николова, *нав. дело*, 216

Во времето на судирот помеѓу синовите на Стефан Немања, Вукан и Стефан Немањиќ, се знае дека во 1202 година Ниш бил под српска власт. Вукан, како големиот жупан, во еден современ запис посебно истакнува дека, покрај другото, е владетел *"...и нишевскиtе обласtи."*[122] Како и татко му Стефан Немања, и тој смета дека е престижно да се владее со градот Ниш и неговата околина што го нагласува и во својата титула. Колку Ниш бил значаен за Србите покажува и неговото губење, кое доведува до враќањето на Стефан Немањиќ на власта.[123] Сосема накратко, во 1203 - 1204 година Ниш ќе го освои бугарскиот цар Колојан. Тоа е времето кога се спомнува нишкиот епископ Кирик и црквата Св. Прокопие, а Нишката епархија е во составот на Трновската архиепископија. Веќе во 1204 година, здружените Унгарци и Срби го одзеле Ниш од Бугарите. Нишката епископија повторно била во составот на Охридската архиепископија.[124]

Ниш е српски град и во 1214 година кога здружената бугарска и латинска војска била поразена кај Ниш. И во 1215 година преку Ниш се прекршуваат стратегиските линии за разбивањето на Србија. Стефан Немањиќ успеал да го растури сојузништвото помеѓу унгарскиот крал Андрија II и латинскиот цар Хенрих, што било обзнането на тројниот состанок во Ниш.[125]

По таа случка Ниш сé поретко се спомнува. Самостојната српска црква (1219) ја основала Топличката епископија со седиште во манастирот Св. Никола во Топлица на која ѝ била припоена теритроријата на нишката епархија.[126] Од 1279 година е познато името на „нишевскиот" епископ Никодим, но не е познат ниту еден сакрален објект кој со сигурност би припаѓал во XIII век.

Записот на маргината на Сврљишкото евангелие, во моментот на влегувањето на нишката епархија во состав на Жичката архиепископија, покасно Пеќска патријаршија, ни открива дека на повик на попот Радослав, Константин или Војсил граматик го напишал евангелието во Сврљиг во

---

[122] Љ. Стојановић, *Стари српски записи и натписи* I, Београд 1902, 7; С. Ћирковић, *Унутрашња и спољна криза у време Немањиних наследника,* у: Историја српског народа I, Београд 1981, 268; Ј. Калић, *Ниш у средњем веку*, Историјски часопис XXXI, Београд 1984, 26

[123] С. Ћирковић, *Унутрашња и спољна криза у време Немањиних наследника*, 270

[124] И. Снегаров, *История на охридската архиепископия*, 1, 92

[125] К. Јиречек, *Историја Срба* I, 167

[126] Д. Богдановић, *Преображај српске цркве*, у: Историја српског народа I, Београд 1981, 315

времето на нишкиот епископ Никодим, а за презвиторот Георгиј, кога била опсадата на Трново од страна на Грците. Опсадата на Трново е важен податок за Воислав Граматик бидејќи Ниш до скоро бил под негова јурисдикција, па тоа го забележува на маргините на книгата:

въ име ѡца и с(ы)на с(ве)таго д(оу)ха; азь рабь б(о)жи костандинь, чьт(ь)ць, а зовемь воисиль граматикь, написахь книгы сиѥ презвитерю геѡргию, а зовомь попоу радославоу, вь градѣ сврълизѣ, вь д(ь)ни царѣ ивалла , и при ѥпископѣ нишевьсцѣмь никодимѣ, в лѣто #ѯ. ф. п. з. индикт. з., ѥги стоꙗхоу грьци под градомь трьновомь. да молю ви се, ѡ(ть)ци и братиѥ, до кога доидоуть книги сиѥ, чтѣте испраблѣюще, а мене грѣшнаго не злословите, нь паче благословите, да и вас богъ простить и прѣсвета ѥго мати, аминь, аминь, аминь.[127]

Се чини дека за цело тоа време Ниш бил седиште на епископите.[128]

Во времето кога владеел кралот Милутин, кон крајот на XIII и почетокот на XIV век, Ниш и припаѓа на Србија, а во него и понатаму столува епископ. Нишката епископија е една од 19 епархии во Српската црква од тоа време.[129] Пролетта 1330 година бугарскиот владетел Михајло Шишман и византискиот цар Андроник III се договориле заеднички да го нападнат Стефан Урош III. Очекувајќи го нападот од јужната страна, српската војска се собрала во близина на Ниш, на Добрич поле, кое архиепископот Данило II (околу 1270 - 1337) го опишува како *„йоле убаво и ѓолемо“*,[130] а се протега покрај реката Морава, пред клисурата преку која се пробива патот за Скопје и Солун. Тоа било добро одбрано и тешко за освојување место каде што *“ многумина древни цареви воделе сѿрашни борби меѓу себе”* (Данило II), во подножјето на утврдениот град, византискиот Комплос, српскиот Копријан, кој одсекогаш го обезбедувал приодот кон Ниш од југ. Ова, без сомнение, му било познато и на Бугарскиот цар. Главната битка се одиграла на другата страна, кај Велбужд (Ќустендил). Бугарската војска била поразена, а Стефан Урош III за

---

[127] Љ. Стојановић, *Стари српски записи и натписи* I, 12
[128] М. Јанковић, *Епископије и митрополије српске цркве у средњем веку*, Београд 1985, 37
[129] Повеќе автори се занимавале со бројот на епархиите на Српската црква во крајот на XIII и почетокот на XIV век. Повеќе за тоа - М. Јанковић, *нав. дело*, 37
[130] Данилови настављачи, *Краљ Стефан Урош Трећи*, Београд 1989, 40

владетел на Бугарија го назначува Иван Стефан, синот на сестра му Ана. Набргу потоа, царицата Ана се повлекува на српска територија, во градот Ниш. За тоа сведочи податокот дека во 1333 година таа во Ниш наредила да им се одземе робата на некои дубровнички трговци.[131]

За целото време од владеењето на Стефан Душан (1331-1355) Ниш бил под српската власт. Периодот на владеењето на царот Душан било време на мир и благосостојба во Ниш, бидејќи нема податоци за борби, ниту пак за судири на бугарската граница.[132] И покрај тоа нема матерјални ниту пишани документи за изградба на цркви во тој период. Останало само преданието дека цар Душан ја причестил својата војска во манастирот на Св. Богородица Габровачка во блиското село Габровец.[133]

И во предкосовската Србија, Ниш е во државата на кнезот Лазар Хребељановиќ. За тоа сведочи камена греда откриена во нишката тврдина со натпис „...АЗЬ НЄНАД СНЬ КАЗНЬЦА БОГДАНА СЬЗДАХ СИ ГРАДЬ КОПРІЯНЬ І ГОД ... ВЬ ДНІ БЛАГОВѢРНАГО ГНА МИ КНЄЗА ЛАЗАРА ВЬ ЛѢТѢ. ЅѠП ...“[134] Од натписот дознаваме дека во 1372 година градот Копријан (византиски Комплос) го изградил Ненад синот на казнацот (собирач на даноци) Богдан во времето на кнезот Лазар. Под власта на кнезот Лазар, покрај другите градови, се наоѓал и Ниш.[135] Во тој период, кон крајот на XIV и почетокот на XV век, живописана е старата византиска црква Св. Јован во селото Орљане, сместена на брдото наспроти Копријан на левиот брег на Морава.

И повторно, благодарение на својата географска положба, Ниш се нашол на патот на турските освојувања. Во привот поголем налет на Турците во 1386 година, Ниш за кратко време бил освоен.[136] Пред освојувањето на градот моштите на Св. Прокопие биле однесени во Прокупље, по Што градот и го добил името.[137] Треба да се претпостави дека

[131] К. Јиречек, *Историја Срба* I, 213; Ј. Калић, *Ниш у средњем веку*, 29
[132] Ј. Калић, *нав. дело*, 29
[133] Б. Ловрић, *Историја Ниша*, Ниш 1927, 40. Надвор од селото Габровец постои парохиска црква Св.Троица од XIX век и не се констатирани остатоци на постар објект. Дека можеби овде бил манастирот на Св. Богородица покажува помнењето на народот кој црквата се уште ја вика манастир.
[134] М. Марковић, *Натпис из града Копријана*, Старинар 12, Београд 1937, 98, 99
[135] Р. Михаљчић, *Косовска битка*, у: Историја српског народа II, Београд 1981, 41
[136] Г. Острогорски, *Историја Византије*, 505; К. Јиречек, *Историја Срба* I, 324
[137] В. Марковић, *нав дело,* 48

во таа прилика била разурната катедралната црква Св. Прокопие, која потоа не се спомнува.

Ниш повторно ќе им припадне на Србите во почетокот на XV столетие. Борбата за престолот помеѓу синовите на султанот Бајазит ќе им овозможи на балканските земји и на Византија да се престројат. Стефан Лазаревиќ, по добивањето на титулата Деспот во Цариград, и покрај сукобите во неговото семејство, успева да ја задржи нишката област. Според зборовите на Константин Филозоф, во почетокот на 1404 година султанот Сулејман бара дозвола од деспотот Стефан да помине со војската на патот од градот Тамска (кај Пирот) кон Овче Поле. Тоа секако подразбирало поминување низ Нишката област.[138]

Во расправијата помеѓу браќата, Стефан Лазаревиќ бил на страната на султанот Мехмед I (1413-1421). Во март 1413 година султанот Муса, покрај другите градови, го освоил и градот Копријан. Веќе во јули месец, здружената српско - турска војска го поразила Муса, и власта ја превземал султанот Мехмед. Тој му го дава градот Копријан на Стефан како на свој сојузник.[139] Нишката област е повторно во составот на Србија пред која што е период на мир и напредување на сите подрачја. Нишката епископија, и покрај ширењето на Охридската диецеза кон североисток, ѝ припаѓа на Српската црква се до 1428. година кога Ниш дефинитивно е освоен од Турците.[140] Во следните сто години немаме вести за нишката митрополија и нејзините епископи.

Веќе во 1425 година преку Ниш поминува турската војска, која се повлекла кога Стефан понудил преговори. Во 1427 година, по смртта на деспотот Стефан Лазаревиќ, Турците пак го заземаат Ниш. Новиот српски владател Ѓураѓ Бранковиќ, ја наследил земјата без нишката област.[141] Поминувајќи низ Ниш во 1433 година, Брокиер затекнал разурната варош која му *"йрийаѓала на десйойой на Србија. Но йред йей ѓодини Турчиной ја земал и цела ја разурнал".*[142] Сега варош, некогаш "убаво градче",

---

[138] Ј. Калић, *Ниш у средњем веку*, 32 со литература
[139] К. Јиречек, *Историја Срба* II, 326
[140] И. Снегаров, *История на охридската архиепископия*, 1, 157, 158
[141] М. Спремић, *Почетак владавине Ђурђа Бранковића,* у: Историја српског народа II, Београд 1981, 219. 222; Ј. Калић, *Ниш у средњем веку*, 36
[142] Бертрандон де ла Брокијер, *Путовање преко мора*, Београд 1950, 127

сместена е на многу убаво место каде што оризот многу расте.[143] Нешто помирни времиња почнуваат по 1435 година, откако Ѓураѓ ја омажил ќерката Мара за султанот Мурат II, што овозможило тргување,[144] но и изградба на цркви за што сведочат турските пописи и народните преданија.

Ширењето на османлиската сила морало да се запре. Здружената христијанска војска (Унгари, Пољаци, Чеси и Срби) предводена од Ѓураѓ Бранковиќ и Јанко Хуњадин (Сибињанин Јанко) незапирливо се движела по цариградскиот пат кон Ниш. Во ноември 1443 година во Ниш повторно престојува српскиот деспот, унгарскиот крал Владислав и Јанко Хуњадин. И покрај тоа што турската војска била катастрофално поразена на планината Куновица на 2 јануари 1444 година (тожде лѣто деспоть и ꙗнкоуль разби хадоумь пашоу оу коуновици - зцнв)[145], зимата ја приморала христијанската војска да се повлече, оставајќи го Ниш во рацете на Турците. Со спогодбата помеѓу деспотот Ѓураѓ Бранковиќ и Мурат II, на Србија ѝ е вратен Копријан, но не и Ниш. По неколку децени на превирања и надежи, во 1458 година Турците го освоиле поголемиот дел од Србија, а со тоа и Ниш кој од 1428 година бил прекриен од темнината на иноверната Турска власт.[146] Во месец август 1458 година кај Ниш бил логорот на беглербегот (Мехмед паша?) во кој тој ги примил дубровничките пратеници.[147]

Во 1480 година Мартин Сеган можел врз основа на урнатините да заклучи дека тоа бил *"некогаш славен град"*, кој сега има *"изглед на село"* но сепак е преполн со најдобрата роба за тргување во таа област.[148] *"Стар и угледен град"* ќе забележи со тага сто години подоцна Мелхиор Безолт (1584), *"Турците страшно го опустошиле градот; останките на старите ѕидини, опкопите и подземните подруми се уште се гледаат."*[149]

---

[143] Ј. Ристић, *О историчној важности успомена стари путника неки*, Гласник друштва србске словесности, св. VI, Београд 1854, 213; Бертрандон де ла Брокијер, *нав. дело*, 127

[144] М. Динић, *Из Дубровачког архива* I-III, Београд 1957, 43, 62, 65; М. Спремић, *Први пад Деспотовине*, у: Историја српског народа II, Београд 1981, 242

[145] Софијски летопис и Врхобрезнички летопис – Љуб. Стојановић, *Стари српски хрисовуљи, акти, биографије, летописи, типици, записи и др.*, Споменик СКА III, Београд 1890. 141, 152

[146] К. Јиречек, *Војна цеста*, 149; М. Спремић, *Први пад Деспотовине*, 256; Ј. Калић, *Ниш у средњем веку*, 37

[147] М. Спремић, *Први пад Деспотовине*, 308

[148] A. Pertusi, *A. Martino Segoni di Novo Brdo vescovo di Dulcigna. Un umanista serbo-dalmata del tardo Quattrocento. Vita e opera*, Roma 1981. у: Т. Поповић, *Ниш у делима путописаца XVI-XVII века*, Историја Ниша I, Ниш 1983,107

[149] Т. Поповић, *нав. дело*, 187

Од потпаѓањето под Турците во 1428 година, па сé до обновувањето на Пеќската патријаршија во 1557 година, Ниш бил под јурисдикција на Охридската архиепископија.[150] Првата вест за Нишката митрополија ја наоѓаме во одлуките на Охридскиот синод од 1528/9 и 1532 година со кои се осудува ангажманот на митрополитот смедеревски Павле во обновувањето на Пеќската патријаршија. Интересно е што *митрополитот Матеј* (1528 - 1532) на тие одлуки се потпишал како митрополит нишки а не, како што било вообичаено, нишевски.[151]

Во рамките на турската царевина, нишката нахија до 1516 година припаѓала на Крушевачкиот, потоа влегла во составот на Смедеревскиот Санџак до 1541 година кога била припоена на Будимскиот пашалак, каде што останала до 1686 година кога Австријците го презеле Будим од Турците.[152]

Самиот град зад разурнатите ѕидови почнал да заличува на турска касаба со ниски куќарки подигнати врз римските и византиските објекти,[153] а црквите биле претворени во џамии. За тоа колку цркви биле преправени во џамии најубаво зборува Смедеревскиот дефтер од времето на Мурат III (1574-1595) од кој дознаваме дека цел еден градски кварт се вика "*Махала мезџида црква*".[154] И во XVII век Евлија Челебија со реченицата дека џамијата е изградена *"во стар стил"*, ја задскрива вистината за црквата што е адаптирана во џамија на султанот Мурат I во Ниш.[155]

---

[150] Во 1530 година Охридската архиепископија имала 32 епархии од кои 14 припаѓале на српските земји, а меѓу нив и нишката - И. Снегаров, *История на охридската архиепископия*, 2, 161

[151] Љ. Стојановић, *Српска црква у међувремену од патријарха Арсенија II до Макарија (око 1459-63 до 1557.)*, Глас Српске краљевске академије наука 56, д.р. 61, Београд 1923. 115, 118; Р. Самарџић, *Српска православна црква у XVI и XVII*, у: Историја српског народа III-2, Београд 1993, 20; П. Костић, *Документи о буни смедеревског епископа Павла против потчињавања Пећке патријаршије архиепископији Охридској*, Споменик LXI, Београд 1922, 34; Р. Тричковић, *Српска црква средином XVII века*, Глас CCCXX, Београд 1980, 118-119; Сава епископ шумадијски, *Српски јерарси од деветог до двадесетог века*, Београд, Подгорица, Крагујевац 1996, 310

[152] Д. Бојанић, *Ниш до великог рата 1683*, у: Историја Ниша I, Ниш 1983,107

[153] Дека турската варош е градена на ѕидовите на римските и византиските објекти потврдуваат и зборовите на патеписецот Ханс Дерншвам (1553) кој ја опишува куќата во градот во кој се сместил: "Накај капијата е дрвената куќа подигната врз некои стари згради и ѕидови."- М. Влаинац, *Из путописа Ханса Ханса Дерншвама 1553-1555. године*, Братство XXI, Београд 1927, у Т. Поповић, *нав. дело*,182

[154] О. Зиројевић, *Цариградски друм од Београда до Софије 1459-1683*, Зборник Историјског музеја Србије 7, Београд 1970, 174

[155] А. Андрејевић, *Претварање цркава у џамије*, Зборника за ликовне уметност 12, Нови Сад 1976, 107/108. Се спомнува и во Нишкиот дефтер од 1498 година, што значи дека е изградена многу порано – Б. Андрејевић, *Бели-бегова или Реисова џамија у Нишкој тврђави*, Градина IX-3,

Поразените Срби, преостанатите жители на Ниш, духовната и интелектуалната елита го напуштиле градот и се повлекле во околните села. Во втората половина на XV век од војна разурнатиот Ниш тешко се опоравувал, додека селата веќе биле оправени и обновени.[156] Речиси сите патеписци ги приметувале природните убавини на нишкото опкружување и *"преубавите села, изградени на нивниот начин од дрво. Жителите се, деведесет од 100 глави, христијани српски и грчки,"* забележува Катрин Зен.[157]

Од XV до XVII век Ниш е центар на турската власт во кој превладува муслиманско население,[158] а животот на христијаните станува сé потежок. Од турските пописи на православните Нишлии од 1498, 1516, 1528, 1564 година, дознаваме за имињата на еден или двајца свештеници, а и тие често не биле во активна служба.[159]

Веќе во 1533 година член на австриското посланство, Корнелие Дуплиције Шепар, го регистрира антитурското расположение кај народот од нишкиот регион: *"збореа дека сакаат да бидат ослободени"* и дека ако дојде христијанска војска, секој од нив ќе утепа 10 Турци.[160] Самиот град кој е *"исполент со урнатини"* Антун Вранчиќ во 1533 година го *"потсетува на споменик на умрениот...... Бидејќи (градот)еститимично покажува и темели на старите ѕидови, кои излеваат од земја, а многу се ретки градските куќи кои немаат некаков камен како знак на делувањето на римјаните.*[161] Бедемите на стариот град биле разурнати но видливи, така што за целото тоа време градот бил отворен, населен со монозинство Турци и со силна посада, забележале еден аноним (1621) и Французинот Винсент де Стохов (1630), *"јаничари и спахии на Портата"* за да внимаваат и да ги

Ниш 1974, 127-128. Нишките Турци сметаа дека Мурат I (1359-1389) ја изградил таа џамија за која Евлија Челебија вели "дека не била посебно убава, но е градена во стар стил". За првото освојување на Ниш се зима 1386 година, што говори дека оваа традиција е без основа..- Д. Бојанић, *Ниш до великог рата 1683*, 114

[156] М. Костић, *Нишка котлина – студија друштвеногеографског развоја*, 301

[157] P. Matkoavić, *Putovanje po Balkanskom poluostrvu XVI vieka*, Rad JAZU, Zagreb 1882, 62; Т. Поповић, *Ниш у делима путописаца XVI-XVII века*, 178

[158] Д. Бојанић, *Ниш до великог рата 1683*, 130, 133

[159] *Исто*, 140

[160] *Исто*,177

[161] *Исто*,179

држат покорени христијаните кои живеат во околина.[162] За патеписецот Карло Рима (1570), Ниш е *"големо село"* но сеуште значајно место за тргување каде што доаѓа голем број на дубровнички трговци кои имаат и свој свештеник.[163] Не е исклучено дека католичкиот свештеник богослужбата за Дубровчаните ја обавувал во црквата Св. Троица кај Горњи Матејевац поради што, локалните жители за кои католиците се латини, црквата ќе ја наречат Латинска црква.

Патеписците од XVI век откриваат дека во Ниш постојат цркви. Ханс Дерншвам во 1553 година бележи дека во Ниш *"била една српска црква, како обично мало кукарче, но иззградено од камен".*[164] Тоа, најверојатно е црквата Св. Никола, изградена некаде во тоа време, на просторот на катедралната црква Св. Прокопие. Постоењето на скромна еднокорабна црква со припрата која е живописана на почетокот на XVII век, е потврдено и со археолошките ископувања.[165] Две децении покасно, на патот за Цариград, во 1573 година, Штефан Герлах бележи дека Ниш е без бедеми и дека *"има пет цркви"*. Пет години подоцна, при враќањето на Герлах од Цариград во 1578 година, Ниш и понатаму е отворен град со *"видливи урнатини на старите ѕидови"*, во кој Турците имаат *„шест до седум џамии"*. Понатаму наведува дека *„..... во градот има малку христијани, кои се викаат Срби. Тие имаат ново дрвено црквиче покриено со камени плочи и украсено како и другите грчки и бугарски цркви; немаат натписи со хрватско писмо. Имаат само еден свештеник, а тој спаѓа под Пеќ"*. Овој извор во кој се спомнува дека Ниш имал пет цркви, кои, како што се чини, истражувачите свесно ги избегнувале,[166] неопходно е да се согледа поцелосно.

---

[162] Р. Самарџић, *Београд и Србија у списима француских савременика XVI – XVII века*, Београд 1961, 64-67, 171-172; Т. Поповић, *нав. дело,* 190.191

[163] P. Matkoavić, *Putovanje po Balkanskom poluostrvu XVI vieka*, 112; Т. Поповић, *Ниш у делима путописаца XVI-XVII века*, 184; Z. Levental, *Britanski putopisci u nasim krajevima od XV do XIX veka*, G. Milanovac 1989, 222/3

[164] М. Влаинац, *Из путописа Ханса Ханса Дерншвама 1553-1555. године*, Братство XXI, Београд 1927, во: Т. Поповић, *Ниш у делима путописаца XVI-XVII века*, Историја Ниша I, Ниш 1983,182

[165] М. Ракоција, *Резултати археолошких истраживања у порти цркве Св. Николе у Нишу и покушај убикације епископске цркве Св. Прокопија,* 127-132

[166] Д. Бојанић не спомнува дека Ниш имал пет цркви и изричито вели дека: "Патеписците кои во втората половина на XVI век поминувале низ Ниш спомнуваат дека градот имал само една црква" - Д. Бојанић, *Ниш до великог рата 1683*, 140/1

Во таа, 1573 година, Герлах во градот можел да види пет стари византиски цркви кои сеуште не биле адаптирани во џамии. После пет години, при враќањето од Цариград видел приближно ист број на џамии (шест, седум). Веројатно црквите што ги видел во 1573 година, после пет години биле преправени во џамии. Тоа ни го открива и Смедеревскиот дефтер кој токму во времето на Мурат III (1574-1595) бележи дека црквите во цел еден градски кварт се преправени во џамии заради што квартот го добил името *"Махала мезџида црква"*.[167] Од друга страна, за потребите на малубројните православни Срби, Турците дозволиле изградба на црква брвнара препокриена со камени плочи, која за Герлах била нова, бидејќи не постоела пред пет години. Ваквата попустливост на турските власти не е невообичаена, а во Ниш временски се совпаѓа со жалбата на Хиландарскиот метох од Ниш на султанот Мурат III, врз основа на која султанот издал ферман со јасни наредби дека мора да се почитуваат христијанската вера и светостите. Во тоа време на челото на нишката епархија бил митрополитот *Макарие* (околу 1570 - 1587), кој во 1570 година, можеби прогонет, се наоѓал далеку од Ниш, во манастирот Св. Архангел кај Медвеѓа.[168] Одговорот на прашањето зошто митрополитот Макарие не се спомнува во врска со жалбата на Хиландарскиот метох во Ниш, мора да остане во рамките на претпоставки.

Во одредена спротивност со востановеното мислење за животот под турската окупација, стојат скромни податоци со кои располагаме, а кои се однесуваат на хиландарскиот метох, за кој со сигурност знаеме дека постоел во втората половина на XVI век. Во времето на Мехмед III (1574 - 1595), хиландарскиот метох во Ниш му се жали на султанот поради окрутноста на турските власти. Врз основа на жалбата султанот издава ферман во 1587 година, со кој се заштитуваат христијанските цркви и се забранува одзимање на манастирските имоти.[169] Тоа е цврста потврда на длабоките корени и

---

[167] О. Зиројевић, *Цариградски друм од Београда до Софије 1459-1683*, 174.

[168] О. Зиројевић, *Цркве и манастири на подручју Пећке патријаршије до 1682. године*, Београд 1984, 43

[169] П. Срећковић, *Ферман Мехмеда III*, Споменик СКА XVII, Београд 1892. Постојат две години во високата заповед - ферманот. Се чини дека ферманот бил упатен во 1581 година,а стапил на сила дури во 1587 година. Во ферманот, султанот ги заштитува христијанските цркви и забранува одзимање на манастирските имоти и понижување на манастирските старешини. Поради однесувањето на неговите потчинети "во голема опасност, од погоре кажаните мои иматели, западнале поповите и рајата". Ферманот се чува во Хиландар, а копијата од

силната организација на хиландарците во Ниш, околу кој, несомнено, биле собрани малубројните Срби од градот. Ниш тогаш, како што дознаваме од Герлах, бил под јурисдикција на Пеќската патријаршија.

Спротивноста ја зголемува податокот на Герлах кој кажува дека Србите имаат нова црква, како и неодамна откриените фрагменти од фреско декорацијата од старата црква Св. Никола, настаната кон крајот на XVI или почетокот на XVII век. Православното население од градот, како и она од околните села, ги обновува и ги живописува своите светости во склад со околностите условени од турската власт. Ново откриените фрагменти живопис од старата црква Св. Никола, заедно со познатиот ферман на султанот Мехмед III, се сигурно сведоштво за постојаноста, истрајноста и организираноста на православните жители на Ниш од крајот на XVI и првата половина на XVII век. Деталната анализа и целосното согледување на единствените остатоци од живописот настанат во непосредна близина на градот, ја заокружуваат и во извесна мерка ја менуваат сликата за градот Ниш и за животот на нишлиите од времето кога турската сила била најјака.

По паѓањето на Ниш под турска власт во 1428 година, христијанското население се повлекува во околните села околу кои се подигаат манастири, а тие, покрај другото, стануваат единствени културно - просветни упоришта. Уште во првиот турски попис од 1498 година, како единици со обврска за данок се наведуваат манастири, повеќемина од нив денес се изгубени без трага, кои морало да биле подигнати пред своето прво спомнување во 1498 година.[170] Тоа се следниве манастири:

- Манастирот Св. Ѓорѓи кај селото Каманица - неговото постоење е потврдено со археолошки ископувања во 1988 година.[171]
- Манстирот Св. Никола кај селото Миљаковац[172] - црквата од 19 век потсетува на црквата Св. Никола од некогашниот манастир Железник, под истоимената тврдина од времето на

---

преводот на нишкиот учител Хусеин Бакиќ од 15 мај 1892 година се наоѓа во документацијата на Заводот за заштита на спомениците на културата во Ниш.

[170] Податоците се од турските поисни дефтери од: Д. Бојанић, *Ниш до великог рата 1683*, 145-152.

[171] М. Ракоција, *Манастириште Св. Ђорђа код села Каменице поред Ниша*, Гласник друштва конзерватора Србије 16, (Београд 1992), 120-125

[172] Истиот, *Манастири и цркве града Ниша*, Ниш 1998, 77-79

кнезот Лазар. Со византиската тврдина од другата страна на реката Топоница, со векови заеднижки го контролирале преминот преку реката Морава кон Сврљиг. Во 1509 година тука бил напишан минеј.

- Манстирот Св. Спас кај Горња Малча - во него живее еден човек. Интересно е што во пописот од 1564 година пишува дека манастирот е пуст и разрушен.
- Манастирот Св. Петка кај селото Бреница - во 1498 година тука живеат двајца калуѓери (Климент и Матеа) додека во пописот од 1564 година, манастирот веќе не се споменува.
- Манастирот Св. Никола во атарот на селото Доњи Матејевац - во 1498 година пописот ги наведува имињата на тројцата калуѓери (Јосиф, Јован и Ѓура), а во 1516 година само еден калуѓер. Во пописот од 1564 година манастирот нема постојани калуѓери, но плаќа даноци. Најверојатно дека селото го преземало одржувањето на манастирскиот имот и плаќало даноци, што не било вообичаено.
- Манастирот Св. Јован над селото Горњи Матејевац - постои и денес.[173]
- Манастирот на Св. Јован кај селото Хум - во 1498 година се наведува еден калуѓер, додека во пописите од 1516 и 1564 година нема калуѓери, а имотот се обработува "однадвор" (селото).
- Манастирит Св. Никола кај Чечина - во 1498 година се споменува еден калуѓер, а во 1516 ниту еден, за во 1564 да не се спомене ниту манастирот.
- Манастирот Пречиста во селото Грнчар - се споменува само еден калуѓер во 1498 година.
- Манастирот Благовештение во Јелашница - од пописот од 1498 година го дознаваме името на калуѓерот Глигорије, по што манастирот веќе не се споменува.

[173] М. Ракоција, *Манастир Св. Јована изнад села Горњи Матејевац код Ниша*, Гласник друштва конзерватора Србије, бр. 18, Београд 1994,117-121

- Манастирот Св. Ѓорѓи во Јелашница- во 1498 година се наведуваат калуѓерите Никодим и Сава. Во другите пописи не се споменува.
- Манастирот Св. Никола во селото Малошиште - во пописите од 1498 и 1516 година се наведува како празен, а во 1564 воопшто не се споменува.
- Манастирот Св. Ѓорѓи во селото Малошиште - во 1498 година се наведува како празен.
- Манастирот Св. Никола во Кравје- во 1498 година се наведува како празен.
- Манастирот Св. Никола кај селото Просек - во 1498 година еден селанец по име Јован го обработува манастирскиот имот, за дури во 1564 година да биде забележан еден калуѓер.

На сите тие манастири, освен одделените, им се губи трага и не е познато местото на кое што се наоѓале. Нив Турците педантно ги забележувале, зато што тие давале големи давачки соодветни на имотот со кој располагале.

Во долгиот период на турското владеење, српскиот народ, на чело со црквата, се прилагодил на новонастанатите состојби. Црквата ја презема одговорноста да се зачува историското наследство, културниот и националниот идентитет на српскиот народ. Духовната и интелектуалната елита се повлекува во блиските села каде што наоѓа одредена закрила. Во скришните манастирски средини, смерните монаси ја започнуваат борбата да се зачува писменоста кај народот така што препишуваат и пишуваат религиозни дела. Нивната дејност и имињата ни ги откриваат скромните потписи, често и со тајна азбука, на маргините на книгите, а нивните кратки записи често се и единствени сведоштва за значајните случки и имињата на владиките од тоа време.

Во времето на експанзијата на Османлиите, кога српскиот народ ја започнувал борбата против туѓинот, просветната, културната и градителската дејност не замреле. Веќе во 1509 година, во храмот Св. Николаво манастирот Железник кај Миљковац, бил напишан минеј.

Од ракописниот запис на “грешниот Давид” дознаваме:[174]

СЪПИСА СЕ ВЪ ЛѢТО Ꙁ. ТИСУШНО И ꙀІ ВЪ ОБЛАСТИ `ШЕВСКОИ
У МОНАСТИРУ ЖЕЛЕꙀНИКЖУ, ХРАМЪ ИЖЕ ВЪ СВЕТЫХ ѾЦА
НАШѤГО АРХЇЕРЕЯ И ЧУДОТВОРЦА НЇКОЛАЕ.
И ВЬ ТО ЛѢТО ПОГУБИ МИХНА, ВЛАШКЫ ВОЕВОДА, БОЛЯРѢ.
СЪПИСА ДАВИДЪ ГРѢШНИ.

Континуитетот на пишувањето книги во Ниш не бил запрен ниту во ова време. Еден писател од Ниш е познат и на поширокиот балкански простор. Во првата половина на XVI век Ниш е познат и како воспитно - просветен центар во кој се описменуваат учениците од Ниш, но и од неговото пошироко опкружување. Така, од записот кој се чува во софиската Народна библиотека, дознаваме дека Петар Граматик, родум од градот Крушевац, воспитуван во Ниш, во градот Ловеч (Бугарија) препишал три евангелија, едното во 1544, а другото во 1555 година.[175]

Дека Ниш во тоа време бил силен просветителски центар потврдуваат и податоците за манастирот Св. Ѓорѓи кај Каменица. Пишаните извори го откриваат манастирот како значаен духовен и културен центар на нишкото опкружување. Податоците за манастирот ги среќаваме на маргините на книгите што тука биле пишувани. Имено, еден миниј за месец август од српска редакција, од 1515 година, стигнал до манастирот Шишатовац, најверојатно заедно со народот кој од овие краишта се повлекувал пред турскиот зулум.[176] Раката на непознатиот писар го испишала текстот кој говори за местото и времето кога минејот бил напишан:[177]

СЇꙖ КНИГА СЬПИСА СЕ ВЬ ОБЛАСТИ НИШѦ, МЕСТО НАРИЦАѤМО
КАМЕНИЦА, ХРАМЬ ИЖЕ ВЬ СВЕТЫ(Х) ВѢЛИКОМУЧЕНИКА
ХРЇСТОВА ГЕѠРГЇЯ ВЬ ЛѢ(Т). # Ꙁ.КГ. И ТО ЛѢТО ѾТИДЕ
ЦАРЬ СУЛТАНЬ СЕЛИ(М) НА СОФЇЕ, ПОЧЕСЕ МЕСЕЦА
СЕ(П)ВРЇА Ѕ.І ДНЬ И СЪВРШИ СЕ МЕСЕЦА ДЕ(К)ВРЇА Д. ДНЬ.

---

174 Љ. Стојановић, *Стари српски записи и натписи* 4, 402, 403.

175 Б. Цоневъ, *Опис на слав. Рък. Въ Соф. Нар. библ.*, II, No 488, 489, 490. И. Снегаров, *История на охридската архиепископия*, 2, 334

176 В. Чубриловић, *Српска православна црква под Турцима од XV до XIX века*, Зборник Филизофског факултета V-1 (Београд 1960), 163.

177 Љ. Стојановић, *Стари српски записи и натписи* I, 129, бр. 420; С. Петковић, *Зборник рукописа манастира Кувеждина, Дивше*, Шишатовца и Гргета, Споменик 101, (Београд 1951), 47.

Во манастирот Шишатовац, се наоѓа и минејот за месец септември, кој во 1553 година, во манастирот Каменица, во храмот на свети Ѓорѓи, го пишувал архиѓакон Арсение:[178]

СЬН МННЄН МОНАСТНРА КАМЄННЦЄ ХРАМЬ СВЄТАГО
ВЄЛНКОМХЧЄННКА ХРЇСТОВА ГЄѠ(Р)ГЇА ВЪ ЛЄТО # З҃.ЗА҃.
Н НАЧРТА СНЮ КННГХ ЄРОДНАКОНЬ АРСЄНЇЄ ПРН
ЇГХМЄНХ ГРЇГОРЇЮ Н ДХХОВННКХ ЛЄѠНХЇЮ.

Особено е значаен податокот дека архиѓаконот Арсение ја “начртал” книгата, што значи дека тој, освен што ја напишал тој и ја украсил, односно исликал. Тоа говори дека во манастирот, освен препишувачката, била развиена и илуминаторската дејност. Од записот, исто така, дознаваме дека во времето на игуменот Григорие, во областа на Ниш, постоела силна институција на духовници, како наследство од времето на српската државност, а на чело со духовникот Леонтие. Манастирот Св. Ѓорѓи е значаен духовен, книжевен и препишувачко - илуминаторски центар на Ниш и неговата блиска околина, од втората половина на XV, па сѐ до пред крајот на XVI век, кога веќе не се спомнува.

Во тешките времиња под турската власт, манастирите и манастирските братства имале значајна улога во селокупниот живот на српскиот народ. Борбата за зачувување на духовното и националното битие довела до создавање на монашки колонии (лоцирани на сигурна оддалеченост од главните патишта), кои без претерување можат да се наречат “мали Свети Гори”. Такви “Свети Гори” од времето на турската власт, составени од поголема обединета група на споменици, на овие простори е позната во Фрушка гора, околу Младо Нагоричино, Јашуњските манастири и во Мојсиње.[179] Кон оваа група на познатите монашки колонии, треба да се придодаде и Сиќевачката клисура.

Отприлика во тоа време почнува да се создава и колонијата на монаси во тешко пристапната Сиќевачка клисура. На релативно малиот простор, по углед на Света Гора, се групира поголем број манастири.

---

[178] Љ. Стојановић, *нав. дело*, 182, бр. 576; Споменик СКА XIX, где стоји погрешно „Минеј за новембар“ – В.С. Петковић, *нав. дело*, 48.
[179] М. Шупут, *Српска архитектура у доба турске власти 1459 - 1690*, Београд 1984, 35

Кон средината на XV век започнало осмислено населување на Сиќевачката клисура од страна на калуѓери кои, бегајќи пред Турците, од Исток се повлекувале кон Запад. Приливот на монаштвото во државата на кнегинката Милица и Стефан Лазаревиќ е видлив и во источното поморавје и во околината на Ниш.[180] Во Сиќевачката клисура, на името на манастирот Св. Петка му се додава и називот "Иверица", што, на посреден начин упатува на претпоставка дека неговите основувачи биле монасите од грузискиот манастир ивирон на Света Гора.

Живописните предели на Сиќевачката клисура создадени од околу XVII метри долга пробојница на реката Нишава,[181] обгрлена од Стара планина и Сврљишка гора, на тоа место толку доближени една до друга што арогантните Римјани застанале и својот воен пат (via militaris) кон Визант го усмериле преку Куновица и висорамнината Плоче,[182] нарекувајќи ја Вериги на светот (Catena mundi).

T - 4

*"Куновица, грло од свијета*
*ка веригом дугом веже,*
*и планина стара опета*
*простире му се и протеже"* [183]

Римјаните, по мутацијата на Radicibus, ја оставиле Нишава вклештена од стрмните карпи на Сиќевачката клисура на север, усмерувајќи го Цариградскиот пат по врвот на Куновичкиот кланец (747 м).[184] Во средниот век, како и во поствизантискиот период, била користена трасата на стариот римски пат.[185] По истиот тој пат, преку Куновица, на крајот на 1443 година, поминала здружената српска и угарска војска предводена од Ѓураѓ

---

[180] В. Марковић, *нав. Дело*, 125-7, 131-4, 142-3; М. Ристић, *нав. дело* 100/1; М. Ракоција, *Манастириште Св. Ђорђа изнад села Каменице*, 120/5

[181] Т. Јанковић, *Историја развитка Нишавске долине*, Београд 1909, 55.

[182] Нема доволно аргументи за тврдењето дека римскиот пат се протегал покрај реката и низ Сиќевачката клисура - П. Петровић, *Ниш у античко доба*, Ниш 1976 , 94; Во Ниш, како јазолно место на цариградскиот пат, се слевале повеќе или помалку важни патишта. Еден стар пат, чии што остатоци се видливи над локалитетот Кулина, се пробивал по стрмните падини на Сиќевачката клисура и водел во селото Сиќево. Се чини дека патот е стар колку и селото Сиќево, што било населено во почетокот на XVIII век - Ј. Ћирић, *Природа, простор становништво,* Енциклопедија Ниша, Ниш 1995, 195. Античкиот пат водел од Ниш, низ котлината до долината на Куновица, потоа преку платото Плоча преминувал преку разделот помеѓу Куновица и Црвена Река и се спуштал во белопаланечката котлина - О. Зиројевић, *Цариградски друм од Београда до Софије* (1459-1683), 35.

[183] Џиво Гундулић, *Осман*, Београд 1967, 44.

[184] К. Јиречек, *Војна цеста*, 8.

[185] О. Зиројевић, *нав. дело*, 36

Бранковиќ и Јанко Хуњади, во својот последен, неуспешен обид да ја запре османлиската сила.

Делницата преку Куновица е позната, особено во воените времиња, како несигурна, но проодна за коли низ целиот среден век.[186] Подоцна, во времето на турската доминација,[187] селото Куновица, над Сиќевачкиот манастир, ја презема обврската да ја чува оваа делница од патот.[188]

Со претпоставените привилегии што ги носела дервенџиската служба треба да се поврзе и изградбата на околните манастири, па и изградбата на манастирот Св. Богородица во Сиќевачката клисура.[189]

Во Сиќевачката клисура доаѓале они кои сакале по пат на концентрација да ги достигнат духовните височини, но и оние кои што, во страв од Турците, барале спас на недостапните карпи на Клисурата. На ова значење на Клисурата, денес подзаборавено, сеуште потсетуваат бројни манастири и манастиришта, цркви и црквишта. Поголемиот број од нив е во урнатини, одделни живеат како топоними, а сите заедно се обвиткани со таинственост и разни легенди.[190] Св. Богородица, Воведение, Св. Богородица на десниот брег на Нишава, Св. Петка Иверица во Островица, Св. Никола во Просек,[191] манастирот Св. Успение под брдото Градац,[192]

---

[186] Бертрандон де ла Брокиер одејќи од Пирот кон Ниш во 1432/33 кажува: "Потоа патував малку низ истата долина и пројдов една доста висока планина преку која, макар што не е пријатна за преминување, и коли и тарници поминуваа" - Г. Ристић, *О историчној важности успомена старих путника неки,* 213; К. Јиречек, *Војна цеста,* 134, 158; Г. Шкриванић, *Путеви у средњовековној Србоји,* Београд 1974, 82; М. Костић, *О улози и значају Сићевачке клисуре за саобраћај,* насеобине и људска кретања, ЗРПМФ II, Београд 195.И дубровничкиот поклисар, во 1635 година. Е свесен за опасностите што ги крие планината Куновица: "Бидејќи се зборува дека во Куновица има разбојници, ќе земам десетина луѓе за поголема сигурност" - О. Зиројевић, *Цариградски друм од Београда до Софије* (1459-1683), 92.

[187] Ст. Новаковић, *Белешке доктора Брауна из српских земаља од године 1669,* Споменик СКА, IX, Београд 1891, 43. К. Рим, во 1571 година, ги забележал стражарите кои со тапаните известувале за опасноста - О. Зиројевић, *Цариградски друм од Београда до Софије* (1459-1683), 92.

[188] Г. Шкриванић, *нав. дело* 9, 87; О. Зиројевић, *Цариградски друм од Београда до Софије* (1459-1683), 108; Д. Бојанић, *Ниш до великог рата 1683,* 141 - селото Куновица се споменува како дервен во турскиот попис од 1498 година. Во него е населен попот Дабижив, има 77 куќи, од кои 28 неженети вршат дервенџиска служба, поради што се "ослободени и опростени од диванскиот намет". И денес во селото постои топоним Дервентски кладенец.

[189] Пописот од 1516 година го покажува растежот на селото кое сега има 85 куќи од кои 60 куќи и 8 неженети ја вршат дервенџиската служба. Во втората половина на XVI век бројот на жителите опаѓа и воглавно се занимаваат со одгледување на жито и лозарство - О. Зиројевић, *Цариградски друм од Београда до Софије* (1459-1683), 17.

[190] Ф. Каниц, *нав. дело, II,* 555.

[191] Заборавен манастир за кој се верува дека е многу стар. Го спомнуваат турските пописи од 1498 и 1521/23 година, кога, судејќи по приходите, веќе бил напуштен - О. Зиројевић, *нав. дело,* 149.Манастирот во Просек се поистоветува со црквата Св. Никола во селото Манастир од XIX век - П. Гагулић, *У Сићевачкој клисури цркве и манастири* I, Ниш 1979, 34/7.

како и црквите: Св. Никола во селото Манастир,[193] Св. Илија во Сиќево, Св. Петар и павле во Островица, Св. Никола во Чукљеник,[194] како и црквиштата: на Кулина, св. Архангел гаврил под Островица, Св. Теодор во Ланиште, Св. Илија на Чука кај Градиште, Св. Никола во селото Црнче, Св. Петар и Павле на Вишеград,[195] урнатините на црквата Св. Апостоли Петар и Павле во Сиќево, остатоците на храмот на св. Петка во Просек. И покрај недоволната проуженост на споменичкото наследство, нашите досегашни знаења ни даваат за право да заклучиме дека Сиќевачката клисура е малку спомнувано монашко собиралиште и духовен центар кој во времето на турската доминација ги обединувала просветното - културната и богослужбената активност на жителите на оваа област.

Како и во сите српски области, и во нишката, за време на турската превласт, уметничкото создавање се обновува и развива надвор од градот. Благодарение на селското опкружување, монашките заедници собрани во манстирските целини, ја продолжуваат културната работа, а со тоа ја продолжуваат и уметничката традиција на областа на која ѝ припаѓаат. Црквите и сега се живописуваат, се градат или се обновуваат со бројни прилози во вид на "колективни ктитори".[196] Откако остана без државата, народот, предводен од свештениците ја презема улогата на кнезовите и великодостојниците.[197] Имотните поединци, меѓу кои се спахиите христијани, кнезови, занаетчии, селани, предводени од црквата, водат грижа за уметноста. Културниот живот на нишкото опкружување не замрел. Силното византиско наследство и средновековните традции на српската држава не дозволиле овој дел од покорениот Балкан да ја напушти својата

[192] На брдото Градац, западно од селото Сиќево, се наоѓа исоимениот локалитет со остатоци од неидентификувана, помала средновековна тврдина - М.Ђ. Милићевић, *Краљевина Србија*, Београд 1884, 17.
[193] М. Ракоција, *Манастири и цркве града Ниша*, 105/6.
[194] На врвот од стената во Чукљеничкото гротло се наоѓа локалитетот Кулина со остатоци од ѕидовите на неидентификувана, помала средновековна тврдина - М. Ђ. Милићевић, *нав. дело*, 17.
[195] П.В. Гагулић, *У Сићевачкој клисури цркве и манастири*,1 и 2, Ниш 1979; М.Ђ. Милићевић, *нав. дело*, 17, 23/4; М. Ристић, *нав. дело*, 102; Документацијата на Заводот за заштита на спомениците на културата Ниш - треба да се напомене дека систематски рекогносцирања на Сиќевачката клисура не се извршени. На исток од селото Сиќево, на брдото наречено Слабица, се наоѓа локалитетот Вишеград со остатоци од средновековн а тврдина непозната на историските извори - М.Ђ. Милићевић, *нав. дело*, 17; А. Дероко, *Средњовековни градови у Србији, Црној Гори и Македонији*, Београд 1950, 111.
[196] М. Шупут, *Српска архитектура у доба турске власти 1459 - 1690*, 39, 101.
[197] G. Millet, *L 'ancien art serbe,Les eglises*, Paris 1919, 39

уметничка традиција и христијанските корени. Тоа се почуствивало особено по обновата на Пеќската патријаршија и по откажувањето од ослободителните претензии во корист на воспоставувањето на црковниот живот и културното создавање. Во, сега, посмирената атмосфера, црквата се свртува кон зачувувањето на националната самосвест на српскиот народ, потсетувајќи го на неговото славно минато.[198] Неуспешните обиди на патријархот Јован, кој доаѓа на престолот во 1592 година, само ја влошиле положбата на српскиот народ. Неговиот наследник, патријархот Пајсие (1614 - 1647), благодарение на помирливата и добро пресметаната политика, својата дејност ја усмерува кон препородувањето на српската уметност и средновековните традиции. Притоа, а тоа ќе стане белег на нашата уметност од тоа време, тој не пропушта можност да го нагласи славниот период на српската државност.[199]

Виталноста на народното паметење се покажа по обновата на Пеќската патријаршија, но се покажа и движечката сила на црквата која првенствено се огледа во работата на манастирите како носители на духовноста и културно - просветните дејности. По обновата на Пеќската патријаршија во 1557 година, нишката митрополија, сега оделена од Охрид, завзема забележително место во историјата на српската црква.[200] Според дефтерот на црковната канцеларија од 1640 - 1655, Сиќево ѝ припаѓа на српската патријаршија.[201]

По обновувањето на Пеќската патријаршија, митрополитот *Макарие* (околу 1570 - 1587) е првиот нишки митрополит кој што ни е познат. Се споменува далеку од Ниш, во катастарскиот дефтер на крушевачкиот санџак од времето на Мурат III (1574 - 1595). Живеел, можеби како изгонет од својата епархија, со уште еден монах во манастирот Св. Архангели кај Медвеѓа, во нахијата Дубочица.[202] И повторно, ракописниот запис на

[198] В. Чубриловић, *нав. дело*, 163-188.
[199] С. Петковић, *Срūски ūаūријарси XVI и XVII века као кūиūори*, Зборник у част Војислава Ђурића, Београд 1992, 129-135
[200] Р. Самарџић, *Срūска ūравославна црква у XVI и XVII веку*, 20
[201] Исти, *нав. дело*, 96
[202] О. Зиројевић, *Цркве и манастири на подручју Пећке патријаршије до 1682. године*, 43

маргините на книгата ни открива дека митрополитот Макарие починал на 6. октомври 1587 година.[203]

ВЪ ЛѢТО # З̃.Ч̃.Ѕ̃. ПРѢСТАВИ СЕ БЛАЖЕНЫ И АРХІЕРИ МАКАРИЕ
МѢСЕЦА ѠК. Ѕ̃. ДЬНЬ.

Од 1592 година го знаеме името на "нишевскиот и лесковачкиот" епископ *Ефтимие*. Митрополитот Ефтимие се споменува во записот направен при определувањето на границата помеѓу Нишката и Белоцркванската митрополија.[204]

ДА СЕ ЗНА, СИА КНИГА, ГЛАГОЛѢМИ ТРИХОДЪ, КѴР ПОПА ВѴИКА, И
ПОКЪЛОНИ МѴ ВЪЛАДИКА НИШЕВЪСЪКИ И ЛЕСКОВАЧЬКИ КѴР ЕТИМІЕ,
ВЪ ЛЕТО # З . Р.

За атмосферата во која што се творело во тогашните нишки манастири – "*покрај поток, во колиба и покрај пламен*", јасно говори записот на маргините на книгата пишувана на 15 август 1597 година во манастирот Св. Јован кај Горњи Матејевац. Од натписот дознаваме и дека на чело на нишката епархија бил епископот *Георгие*.[205]

САПИСА СЕ СІ ѰАЛТИР Ѿ ЛѢТ. З̃.Р̃.Е̃. МЕСЕЦА
АВГСТА А̃І ДЬНЬ, КРѸГ САНЦѸ К̃А, ЛѸНИ Н̃І БЪ ОБЛАСТИ НИШЕВСКОІ
ВЫШЕ СЕЛАГОРНИ МАТЕВЦИ БЬ ХРАМЕ СВЕТАГО ПРЕДЕЧИ... Ѹ
ПОТОКѸ БЪ КОЛИБИЦИ, ПРОТИВѸ ВАРНИЦИ, ПРИ
БЬСЕѠСВЕЩЕНОМѸ ЕПИСКОПѸ КѴР ГІЕѠРГЇЮ.
ТОГДА ѸГРИ ѠПЛЕНИШЕ І ЗАПАЛИШЕ ГРАД СВРЬЛАГЪ И ПОРОБИШЕ МЕСЕЦА ЮЛ Л̃
СЇЕ ШАРѸКА ...

Многу години подоцна, во Четириевангелието во манастирот Хиландар, се споменува епископот нишки *Герасим* (1645 – 1649) кој таму запишал: СІА КНИГА МНОГІЕ РѴКЕ ПРОИДЕ, И ПРИДЕ НА ПАМЕТЬ ГРѢШНИМЬ, ЛѢТО #З.Р.Н.Г. ЕПИСКѴПЬ НИШЕВСКИ ГЕРАСИМЬ.[206] Тој починал пред јуни месец 1649 година, кога, како негов наследник се јавува митрополитот Гаврило I.

Нишкиот митрополит *Гаврило I* е забележан во турскиот дефтер кој се однесува на времето од 1640 до 1655 година и во кој се вели: "*дојде на месшошо на монахош йо име Герасим, кој йочинал*".[207]

---

[203] Љ. Стојановић, *Стари српски записи и натписи* 1, 795; Сава епископ шумадијски, *Српски јерарси од деветог до двадесетог века*, Београд, Подкорица, Крагујевац 1996, 297
[204] Љ. Стојановић, *Стари српски записи и натписи* 1, 824
[205] Истиот, *нав. дело*, 4, Ср. Карловци 1923, 6464
[206] Истиот, *нав. дело*, 1, 1402; Сава епископ шумадијски, *нав. дело,* 124
[207] Р. Тричковић, *Српска црква средином XVII века*, Глас CCCXX, Београд 1980, 151; Сава епископ шумадијски, *нав. дело*, 100

Сето тоа открива дека духовниот живот и културното и уметничкото творештво се одвивало во околните манастири и во непосредно селско опкружување. Селата се наоѓале во поповолна политичко – економска клима, а земјата се обработувала, што, за разлика од градот, давало пријатен впечаток.[208] Во времето на турското владеење градот Ниш бил или разрушен, или во него мнозинско население биле Турци. Доколку Турците имале одредена толеранција кон христијанските храмови во селата околу Ниш,[209] во самиот град каде што претежно живееле муслиманите, а црквите биле запустени, тоа не било случај. Сепак, откриените фрагменти живопис во старата црква Св. Никола во Ниш од првата половина на XVII век, според времето во кое биле создадени и својот квалитет, упатуваат на одредена попустливост на иноверните власти и во непосредната близина на градските бедеми.[210]

Сознанијата до кои е дојдено во последните години фрлаат поодредена светлина на поствизантискиот период на оваа област.[211]Делејќи ја судбината на севкупниот српски и сите балкански народи, областа на Ниш во првата половина на XVII век, откако останала во задницата на воените случувања, се затекнала во нешто поповолни политички, економски и црковни прилики. Со мудрата политика и исправниот однос кон нашето културно наследство, патријархот Пајсие успеал да создаде атмосфера во која црквите биле градени и осликувани. Додека бил патријарх, овој неуморен патник, него заборавил Ниш. Во книгата што ја носел со себе - Пеќскиот поменик, пред крајот на животот, во 1647 година, тој

[208] К. Јиричек, *нав. дело*, 148; И Евлија Челебија кој во 1660 година поминал низ Ниш,, говори дека селата во околината на градот биле "напредни" - Е. Челеби, *Путопис*, Сарајево 1967, 62-64
[209] Во последните децении, во науката е потврдено дека животот на покорените христијани, дури и во XVII век, не бил до толку неподнослив, како што доскора се мислело. Православното население живее и твори во согласност со новонастанатите прилики. Ваквата политика била условена од потребата да има мир во освоените предели во кои може да се работи и да се собира данок. Тоа е причината поради која манстирите во нишката област биле педантно попишувани, со јасно наведините обврски кон власта.
[210] Црквата Св. Никола е изградена на местото на византиска базилика, можеби посветена на св. Прокопие, што упатува на почитувањето на законите од страна на Турците, со кои се дозволува обновувањето на храмовите кои постоеле пред времето на Мехмед Освојувачот - М. Ракоција, *Резултати археолошких истраживања у порти цркве Св. Николе у Нишу и покушај убикације епископске цркве Св. Прокопија*, 127-132
[211] Големата обнова на манастирот Св. Јован над Г. Матејевац, како и книгите напишани во Св. Јован и Св. Ѓорѓи над Каменица.

запишал: "*Доротеј, Ниш*"[212] Останува отворено прашањето дали Пајсие бил со спомнатиот Доротеј во Ниш, или го пратил својот придворник, однисно, соработник Доротеј во Ниш. Како и да е, ова е драгоцен документарен извор и значајна потврда на присуството на патријархот Пајсие во оваа област, што, секако, се одразило на духовната клима и уметничката дејност. Дејноста на патријархот Пајсие во областа на Ниш, како и ширум Пеќската патријаршија, придонела во зачувувањето на културниот и црковниот живот.[213] Во селското опкружување на Ниш се градат храмови и се пишуваат и осликуваат книги. Тој факт досега бил запоставуван, што за последица имало недоволно разјаснување на првата половина на XVII век на овие простори.

Во склад со можностите кои произлегувале од реалната политичко - економската ситуација на целосно ропство и во атмосферата што со одмерени потези ја овозможил патријархот Пајсие, сега се нагласува важноста на зачувувањето на националното битие и православната традиција, особено преку обновувањето на храмовите како еднакво важно на изградбата од темелите.

Од таква та духовна клима во која се инсистира на обновувањето, извршена е обновата на црквата Св. Јован во Горњи Матејевац, црквата Св. Никола во Ниш, а оттаму потекнал и Сиќевачкиот манастир, што се гледа и од иконолошката анализа на живописот. Црквата Св. Богородица е единствено, во целост зачувано сведоштво, за поинакви и за православното население во нишката област подносливи културно - историски прилики, за што во голема мерка придонела дејноста на патријархот Пајсие.

Во тоа време, во првите децении на XVII век, може да се претпостави и првата обнова на црквата Св. Никола во Ниш. Во вториот период од владението на иноверците, црквата Св. Никола била единствениот православен храм во градот. Таа настрадала во 1690 година, заедно со народот кој во претходната година им се придручил на Австријанците во изгонувањето на Турците, а не се повлекол со Арсение III Чарноевиќ. Во

---

[212] Т. Јовановић, *Пећки поменик и пшријарх Пајсије*, Археографски прилози, 12, Београд 1990; Патријарх Пајсије, *Сабрани сиписи*, Београд 1993, 136.

[213] П. Сљепчевић, *Пајсије, архиейиской йећки и йашријарх срйски као јерарх и књижевни радниук,* Богословље VIII, Београд 1933, 266-283; С. Петковић, *Срйски йашријарси XVI и XVII века као кшишори,* 132/3

тие тешки времиња, на чело на нишката епархија бил нишкиот и лесковачкиот владика *Рувим* (1663 - 1707), кој во 1689 година се потпишал во манастирот на Цетиње. Како голем љубител на книги, тој со болка го прифатил изгонувањето од својата епархија чие што седиште било кај старата црква Св. Никола.[214] Неговите зборови јасно ја доловуваат духовната состојба и атмосферата во која живеел народот притиснат од турската власт.[215]

ва лѣто 7197 азъ грѣшни Роувимъ владика приидохъ ва манастир
цетиинѣ ва черней гори итъ велiе бѣде коiо презъ да кажу, свак мудри
може знати што се чини када се царство измѣнуе, тчию уви! уви! што
дочекасмо грѣхъ ради нашихъ. може богъ дати и видѣти всемъ
архiеромъ обштаго отца и патрiарха въ своiо епархiю да нѣсмо
разагнати од безбожнихъ чед. тожде врѣме држешту сему манастиру
васеосвѣщени митрополитъ кир висарионъ, емуже многаia лѣта,

зане велми милуе иноке.

Од XV до XVII век во нишката област била особено силна институцијата Духовник. За тоа колку нишлиите ја почитувале институцијата Духовник, говори записот на минејот од 1533 година, од манастирот Св. Ѓорѓи над Каменица. Во него, покрај игуменот Григорие, се спомнува и духовникот Леонтие. Во зачуваниот ктиторски натпис од Св. Богородица во Сиќево од 1644 година, се спомнува Јован духовник, но не и епископот.

Духовници се намерно определени калуѓери, примерни старци, кои имале посебно овластување дадено од епископ да можат да ја извршуваат Светата Тајна, исповедуваат и да го подучуваат народот во рамките на одредена територија.[216]На донекаде поинакви прилики во кои живееле тогашните жители на Ниш, укажува сеуште живата институција Духовник како стар црковен обичај од времето на српската државност на кој што му е посветен целиот член 11 од Душановиот закон.[217] Црквата води грижа за традицијата и за организирањето на православните жители од нишката област.

---

[214] Сава епископ шумадијски, *нав. дело*, 419

[215] Љ. Стојановић, *Стари српски записи и натписи* 4, 7165

[216] Р. М. Грујић, *Православна срйска црква*, Београд 1921, 27; *Душанов Законик*, Београд 1986, 117. Во XIX век ја снемува установата Духовник, а нивната должност се пренесува на парохискиот свештеник - М. Грујић, *Народна енциклойедија СХС*, I, Београд 1929, 681

[217] *Душанов Законик*, 58

Од друга страна, спомнувањето на духовниците кои биле задолжени за повеќе села, без дилема ја открива непосредната врска на манастирот со селото, чија што црква служела и како селски храм. Двојната улога на манастирот, како собиралиште на монасите и како селска црква, по обновата на Пеќската патријаршија не била невообичаена.[218]

Во дадените историски околности биле формирани црковни прилики кои ги обусловиле културните стремежи на жителите на Ниш и нишката област во временскиот период од XI до XVII век.

---

[218] С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557-1614*, Нови Сад 1965, 79

# V - ПОЛОЖБАТА И СТРУКТУРАТА НА ГРАДОТ

Градот Ниш е сместен во пространата котлина што се протега долж реката Нишава во правец исток - запад, во должина од околу 24км и максимална широчина од 18км. Ова плодно нишко поле е опкружено со високи планини од источната и југоисточната страна, а сосема е отворено кон широката моравска долина. Планината Селичевица ја затвора котлината од јужната страна, а Коритник (875м), Кусача (768м) и Вишеград (1030м) со огранокот од Грамада до попова Глава (1520м) над Тополница, ја опкружуваат котлината од северната, источната и југоисточната страна. На источната страна рамката е пробиена помеѓу Вишеград и Кусача, во вид на непристапната Сиќевачка клисура.[219] Градот е изграден на вешто избрано место, во средиштето на елипсовидната плодна котлина, во подножјето на Виник, на зарамнетата падина која се спушта кон левиот брег на Нишава. Т - 5

Ниш се наоѓа на крстопатот на важни комуникации кои од дамнина ги поврзувале сите делови на Балканскиот Полуостров. Кон исток се двоел патот кон Софија и понатаму кон Константинопол, кон југ за Скопје и Солун, на југозапад, преку Приштина, кон Љеш и Јадранското Море. Кај Ниш се спојувале и цариградскиот со големиот дубровнички трговски пат.[220] На север патот водел кон Белград, Дунав и натаму кон западна Европа. Ваквата географска положба на градот му донела почитувано место во военот, политичкиот, економскиот и верскиот живот на Византиското царство, Српската држава и Отоманската империја.[221]

И покрај тоа што е познат поширокиот простор на кој се простирал градот, како римскиот така и византискиот, неговата точна убикација, сепак не е разрешена. Истражувачите што се занимавале со средновековниот Ниш, не направиле ниту еден обид кој би помогнал поблиску да се дефинира обликот и распространетоста на одбрамбените ѕидови или, можната урбана структура на Нисос. Оттаму, изгледот и содржината на најголемиот град во областа, кој низ целиот среден век важел за духовен, административен и Т - 6

---

[219] П.Т. Јанковић, *нав. дело,* 7, 8

[220] Р. Косовић, М. Миладиновић, *Трговачки центри и путеви по српским земљама у средњем веку и у турско време*, 33-36, 49

[221] За патните правци кои поминувале низ Ниш во времето на владеењето на Отоманската империја во најновото издание - M. Popović, *Von Budapest nach Istanbul-Die Via Traiana im Spiegel der Reiseliteratur des 14. bis 16.* Jahrhunderts, Wien 2006

воен центар, останал непознат. Причината за тоа е недоволната истраженост, а со тоа и недостаток од сигурни материјални докази. Сепак, и она што е познато заедно со податоците што ни ги даваат историските извори, можат да ни го доловат општиот изглед на византискиот Нисос и да укажат на неговата основна урбана структура. Поради тоа сме уверени дека овој обид не е залуден, бидејќи за прв пат ги обединува материјалните траги и историските извори, кои заеднички нудат нови сознаниа за структурата на градот и се добра поткрепа за идните истражувања.

Самиот факт што во средновековниот период нема прецизни податоци за положбата на градот може да значи дека тоа се подразбирало, т. е. дека тој го заземал просторот на античкиот и рановизантискиот град. Тоа е на десниот брег на реката Нишава, зафаќајки ги благите падини на Виник и рамницата на Градско поље. Можно е бедемите на рановизантискиот Ниш да биле само обновени и зајакнати во средновизантискиот период, бидејќи воената архитектура, воглавно, останала иста.[222] Приодот кон градот го обезбедувале бројни помали и поголеми утврди или помали утврдени градови во нековото опкружување, кои некогаш му припаѓале на јустинијановиот систем на одбраната на градот.

Во средновизантискиот и доцновизантискиот период, градот Ниш го зачувал својот урбан континуитет од античкото и рановизантиското време. На просторот на стариот град, била изградена нова населба. Како што рановизантискиот Ναΐσσος ги почитувал комуникациите на античкиот Naissus, така и средновизантискиот *Νίσος* се надоврзал на затекнатите главни артерии на градот, прилагодувајќи ги на своите потреби. Како и кај други поголеми византиски градови, треба да се претпостават вообичаените урбани целини. Јадрото на градот е акрополисот, со особено почитуваниот сакрален дел околу кој се формира градот. Тука се и неизбежните јавни градби и одбрамбените бедеми.[223] Старото градско јадро што низ вековите се прилагодувало на потребите, е археолошки потврдено на највисоката точка во внатрешноста на Тврдината.

**Т - 7**

---

[222] Таков е случајот со Никеа чиишто бедеми биле обновени во XI век – R. Krauthajmer, *Early christian and byzantine architecture,* ed. Penguin Books, 1975, = (рп R. Krauthajmer, S. Ćurčić, *Ranohrišćanska i vizantijska arhitektura*, Beograd 2008.) 335,.

[223] В. Кораћ, М. Шупут, *Архитектура византијског света*, Београд 1998, 27.

Средишното издигнато плато на нишката Тврдина (Горњи - Мали Град), каде што бил форумот на римскиот Наисус, како таков се препознава и во вековите што доаѓале. Неколку десетици метри југозападно од римската улица и засводените објекти, покрај Белим беговата џамија (1521/23), во 1962/63 година откриена е **улицата на рановизантискиот Наисос**. Улицата е ориентирана точно во правец север - југ (cardo), така што може да се замисли точката во која под прав агол би се вкрстила со видливата траса на римската улица (decumanus), со што се открива нејзината урбанистичка обмисленост и непрекинатиот континуитет. Континуитетот на почитувањето на урбанистичката матрица може да се препознае дури од страна на Турците.[224] **Т - 8**

Византиската улица е обрабена со колонада од рамномерно распоредени четириаголни столбови од тула и канал од тула кој ги следи. Обликот и начинот на изработката на столбовите упатуваат на V - VI век,[225] макар што треба да се забележи дека од тула ѕидани столбови се чести и во средновизантискиот период, кога улицата можела да биде во функција. Видливата траса на улицата се пртега кон Нишава и кон влезната порта на Доњи - Велики град.

На столбовите се надоврзува уличниот трем (портик), занаетчиските работилници со станбениот простор на катот, додека импозантните подземни простории му припаѓаат на особено почитуваниот јавниот форумски објект. Тука е и движниот материјал (крстови, парапетна плоча) кој укажува на постоење на црква. Коцкички од стаклена паста пресвлечена со златни ливчиња, можеле да ѝ припаѓаат на ѕидната мозаижна декорација на некоја црква во близина.[226] Со оглед на тоа што Турците често граделе џамии на места каде што биле цркви, изградбата на џамијата од XVI век на тој простор, не уверува дека тука некаде треба да се очекува црква. Тоа се единствените докази за постоењето на градска црква како составен дел на **Т - 9**

---

[224] Во текот на археолошките ископувања извршени во 1982 година, утврдено е дека точно над римската улица се простирала турската калдрма - археолошките работи ги надгледувал авторот ба овој труд.

[225] П. Петровић, *нав. дело*, 54

[226] R. Ljubinković, *Tvrđava, Niš – srednjovekovno naselje,* Arheološki pregled 4, Beograd 1962, 255-259; R. Ljubinković, *Niš – srednjovekovno tvrđava,* Arheološki pregled 5, Beograd 1963, 140-142

форумската содржина.[227] Заради тоа сметаме дека ова античко и палеовизантиско јадро на градот, и покрај прекинот од неколку векови, го продолжило својот живот и во средновизантискиот период. Нема причина старото урбано јадро ан градот, како и градските бедеми, да не бидат почитувани откако во градот била воспоставена византиската власт.

Сега црквите и јавните градби се обновуваат и се градат нови. Повисокиот дел од градот станува главен дел од градската целина (Горњи - Мали град), на некогашниот форум, се формираат плоштади полни со народ и случувања, агора (пазар) и наменски градски квартови. Судејќи по забелешката на патеписецот, во еден кварт, по примерот на Цариград,[228] биле групирани повеќе цркви кои Турците ги адаптирале во џамии, чувајќи го сеќавањето на некогашните цркви во името на квартот (махалата) „*Махала мезџида црква*"[229] Не знаеме каде се простирале поправаните и обновените одбрамбени ѕидови, но, секако, морале да ја пратат конфигурацијата на теренот. За целото време на своето постоење, градот Ниш останал на релативно рамен и пристапен терен, заштитен единствено со сигурните бедеми и малата но непредвидлива река Нишава.

Покрај акрополисот Нисос имал и Доњи - Велики град, кој се спуштал кон Нишава, како Цариград кон Мраморното море, исто така опкружен со бедеми. Пред влезната капија на Нишава имало мост. Ниш е резултат на византискиот урбанизам и за целото време од постанокот бил град во кој се живеело, а не само тврдина со воена посада.[230]

На мислење сме дека на едно мало возвишение на југоисток од градот, бил лоциран особено почитуваниот манастир со епископска црква посветена на заштитникот на градот, великомаченикот св. Прокопие чии што мошти почивале тука сé до првото упаѓање на Турците во 1386 година, по што паднал во заборав. Така овој манастирски комплекс во кој столувал епископот, се вклопува во препознатливите средновизантиски урбани целини осмислени на две или три возвишениа како што се тоа Рас и Трново. На едното возвишение е градот, на другото манастирот, а во Трново и

**Т - 10**

[227] Од V век, цивилните базилики на форумите се заменуваат со цркви – В, Поповић, нав. Дело, 132 со литература
[228] В. Кораћ, М. Шупут, *нав. дело*, 35
[229] О. Зиројевић, *Цариградски друм од Београда до Софије 1459-1683*, 174
[230] А. Дероко, *Средњовековни градови у Србији, Црној Гори и Македонији*, 71

блискиот Комплос, на третото е црквата, секогаш во непосреден визуелен контакт.[231] Треба да се претпостави дека манастирскиот комплекс бил опкружен со ѕидови.

Постоеле најмалку три средновековни некрополи надвор од градските бедеми. Јужно, на локалитетот *Гласија*, северно околу црквата *в. Пантелејмон* и *Градско поље* во ареа лот на наелбата Јагодин мала. Врз основа на наодите кои воглавно се со византико потекло, сите три некрополи е датираат во периодот од X до XIII век.[232]

Кога Ниш претанал да биде град, окупиран од Турците, тој не само што престанал да постои како важен административен, занаетчиски и трговски центар, туку веќе не бил ниту културен и духовен центар каде што пред тоа се образувал интелектуалниот слој. Со престанокот на постоењето на градот сè застанало.

Скромните материјални траги и познатите пишани извори го поткрепуваат сето тоа.

По населувањето на Словените, веќе кон крајот на X век, се среќаваме со податокот кој говори дека Ниш бил утврден град. Роднините на Самуил кои во 994 година биле протерани од Трново, закрилата ја нашле најпрво во Ниш.[233] Од тоа произлегува дека кон крајот на X век Ниш бил сигурен, што значи и добро утврден град, кога во него безбедно се чувтсвувале бегалците од вака висок ранг. Ниш имал сила и смелост под своја закрила да ги земе роднините на царот Самуил. Тоа ни дава за право да заклучиме дека Ниш бил опкружен со цврсти бедеми. Да било поинаку, ваквиот гест не би можел ниту да се замисли во моментот на полната експанзија на државата на Самуил.

Од 1096 година имаме сигурен податок за постоењето на градските ѕидини, подградието, форумот со пазарот на кој се раскарале крстоносците

---

[231] Ђ. Бошковић, *Осврт на неке карактеристике регионалног просторног планирања споменика на територији средњовековне Рашке*, 8

[232] С.Е. Павловић, *Гроздолике византијске наушнице у Србији*, Старинар XVIII, Београд 1967, 83-89; *Исто*, 83-100; Љ. Зотовић, *Извештај са ископавања касноантичке некрополе у Нишу*, Лимес I, Београд 1961, 171-175; Г. Вујовић, Г. Томић, *Накит на тлу Србије из средњовековних некропола IX-XVвека*, Народни музеј Београд 1982, 55,56; М. Максимовић, *Крстови-реликвијари из збирке Народног музеја у Нишу*, Зборник Народног музеја 8, Ниш 1992, 247-271; В. Кораћ, *Истраживање остатака храма Св. Пантелејмона*, 103-145

[233] И. Снегаров, *История на охридската архиепископия*, 1, 39 цитира Гифердинг, Собр, Сочин I, 199-200

и граѓаните на Нисос. Крстоносците ги запалиле куќите надвор од бедемот на градот, а на камениот мост пред градот, граѓаните на Нисос крваво ги казниле.[234]

Пред крајот на XI век Ниш бил добро утврден град. Населбата се простирала и под градските бедеми, а во градот се влегувало преку камениот мост на Нишава на која бил голем број воденици. Ниш во тоа време е главен град на областа со сигурни бедеми што опкружувале урбани содржини вообичаени за главните градови.

По освојувањето на Земун во 1165 година, царот Манојло наредил да се утврди Ниш: *"и самиот Ниш (Νίσον) го опкружија со бедеми"*.[235] Дали податокот наведува на помисла дека Ниш до тогаш немал бедеми, или дека тогаш биле изградени нови? Како и да е, од тој момент Ниш со сигурност бил опкружен со цврсти бедеми.

Од Стефан Првовенчаниот дознаваме дека освојувањето на Нисос во 1185 година од страна на Немања, значело и негово целосно разурнување.[236] Епископскиот комплекс на Св. Прокопие останал недопрен, бидејќи се спомнува во 1204 година.[237] Се чини, сепак, дека Немања добро се потрудил да го обнови градот Ниш. Освен познатата изградба на црквата Св. Пантелејмон, Виљем Тирски (Wilhelmus Tyrensis) бележи дека веќе околу 1188 година *"Ниш бил утврден град со силни ѕидини и кули"*, [238] а таков можел да го направи само Немања откако го завзел. Него, можеби, покрај изградбата на манастирот Св. Пантелејмон, му приупаѓа и кулата во "малиот град" која во 1567 година ја видел патеписецот Марк Антоние: *"на повисоката страна од градот повторно останки од некои други ѕидини: се чини дека баш тука се наоѓала тврдината"*, од каде што се пружал погледот на Светиниколското брдо, каде што мислиме дека бил манастирот Св. Прокопие.[239]

---

[234] К. Јиречек, *Војна цеста*, 13; Ј. Калић, *Ниш у средњем веку*, 9
[235] Калић, *Никита Хонијат*, 137; Истата, *Ниш у средњем веку*, 21
[236] Стефан Првовенчани, *Сабрани списи*, Београд 1988, 72
[237] И. Снегаров, *История на охридската архиепископия*, 1, 90/91; И. Дуйчев, *Преписката на папа Инокентий III с българите*, Годишник на Софийския универзитет. Историјско-филозофки факултет, 8, София 1942, 46
[238] К. Јиречек, *Војна цеста*, 88, 132-133
[239] Т. Поповић, *Ниш у делима путописаца XVI-XVII века*, 184

Ниш ќе остане таков сé до првиот упад на Турците во 1386 година, кога претрпел големи разорувања. Во таа прилика манастирскиот комплекс Св. Прокопие, кој се наоѓал на Светиниколското брдо, надвор од градските бедеми, бил комплетно уништен по што веќе не се спомнува. Градот дефинитивно го освојуваат и разурнуваат Турците во 1428 година, каков што го видел Брокиер во 1433 година.[240]

Ниш, бележи Мартин Сеган во 1480 година, добива *"изглед на село".*[241] Сто години покасно Мелхиор Безолт не известува дека:*"остатоците од старите бедеми, опкопи и подземни подруми"*[242] Градот зад разурнатите бедеми бил претворен во турска касаба. Своите ниски куќарки Турците ги граделе врз урнатините на римските и византиските градби од цврст материјал. Тоа ни го открива патеписецот Ханс Деришвам (1553):*"Кон капијата беше дрвена куќа подигната врз некоја стара зграда и ѕидините."*[243] Сега црквите се претвораат во џамии.

**Т - 11**

Во времето на Мурат III (1574 - 1595) еден цел градски кварт се нарекувал „*Махала мезџида црква*".[244] Очигледно е дека поголем број цркви во еден дел од градот биле преправени во џамии, па ова маало, заради некогашните цркви, Турците го нарекле „*мезџида црква*". И во XVII век, Евлија Челеби, зад реченицата дека џамијата е изградена во "*стариот стил*", всушност задскрива црква адаптирана во џамијата на султанот Мурат I во Ниш.[245] Во тоа време, поточно во 1573 година, Штефан Герлах бележи дека Ниш е без бедеми и дека „*има пет цркви*". Пет години подоцна во Ниш сеуште се *"видливи урнатините на старите ѕидини"*, но сега тој изброил дека Турците имаат *"шест до седум џамии"*, а Србите една нова дрвена црквичка покриена со камени плочи. Во овој запоставен извор се крие дел од урбаната схема на византискиот Нисос.

Во времето на своето прво доаѓање (1573), Герлах можел да ги види само петте стари византиски цркви кои сеуштен не биле адаптирани во

---

[240] Бертрандон де ла Брокијер, *нав. дело,* 127

[241] A. Pertusi, *A. Martino Segoni di Novo Brdo vescovo di Dulcigna. Un umanista serbo-dalmata del tardo Quattrocento. Vita e opera*, Roma 1981. у: Т. Поповић, *Ниш у делима путописаца XVI-XVII века*, 107

[242] Т. Поповић, *нав. дело,*187

[243] М. Влаинац, *нав. дело,*

[244] О. Зиројевић, *Цариградски друм од Београда до Софије 1459-1683*, 174

[245] А. Андрејевић, *Претварање цркава у џамије*, 107/108

џамии. По пет години, при враќањето од Цариград тој видел приближно ист број на џамии (шест, седум) и само една и тоа новоизградена мала црквичка. По се изгледа дека црквите што ги видел во 1573 година, по пет години биле преправени во џамии. Тие биле групирани во градскиот кварт на Нисос. Токму тоа ни го открива Смедеревскиот дефтер кој токму во тоа време на Мурат III (1574 - 1595) бележи дека црквите воц еден градски кварт биле претворени во џамии поради што квартот добил име „*Махала мезџида црква*"[246] Можеме да заклучиме дека во рамките на урбаната схема на византискиот Нисос постоела, по углед на Константинопол, цел еден градски кварт во кој бил групиран поголем број цркви.

Изгледот на градот *"исполнет со урнатини"* многу сликовито го доловува Антун Враниќ (1553) кого Ниш го *"потсетува на споменик на мртвиот"*. Тој ги видел темелите од стариот ѕид и куќата изградени од римскиот и византискиот градежен материјал.[247] За патописците Ниш се почесто е *"големо село"*.

Кон крајот на XVI век, надвор од градот, на стариот манастирски комплекс Св. Прокопие, била изградена црквата Св. Никола.

Србите го напуштиле градот, а преку Нишава повторно бил изграден убав мост висок 22 стопи.[248] Сите патописци го бележат постоењето на старите бедеми на градот кој некогаш биле импозантни.

Марк Антоние Пигафета, во 1567 година, забележува дека останало малку од старите градски ѕидини на кои сеуште биле видливи трагите од Нишава која ги заплиснувала. Значајно е што вели дека *"на повисоката страна на градот повторно остатоци од некои други ѕидини:се чини дека баш тукасе наоѓала тврдината"*. Ова ни открива дека возвишениот дел во рамките на денешната Тврдина бил ограден со уштее ден ѕид и одделен како ацрополис. И ова е дел од структурата на византискиот град која тој сеуште можел да ја согледа во целина, откривајќи ја визуелната врска со *"еден мал брег во близина"*, кој, без сомнение, е денешното Светиниколско брдо на кое некогаш се наоѓал манастирот Св. Прокопие.[249] Токму тоа, град без

---

[246] О. Зиројевић, *Цариградски друм од Београда до Софије 1459-1683*, 174
[247] Т. Поповић, *нав. дело,* 179
[248] P. Matković, *op. cit.*, 62; Т. Поповић, *нав. дело,* 178
[249] Т. Поповић, *нав. дело*, 184

цврсти ѕидови во рамките на кој е тврдина со една кула, го видел млечанинот Паоло Контарини во 1580 година.[250]

До крајот на XVII век патеписците го бележат постоењето на **бедемот**. А во 1620 година, Питер Манди ни го доловува изгледот на Ниш, како и материјалот од кој бил направен бедемот: *"мостот на Нишава, доста слаба тврдина и два полуразурнати бедеми од тула".*[251] Како тој да го видел византискиот бедем на Ниш, целиот изѕидан од тули и со масивни пиластри како контрафори кои се откриени кај автобуската станица.[252]

**Т - 12**

Тоа не наведува на мисла дека овој, можеби Јустинијанов бедем, кој во 1975 година е откриен од западната страна на бедемското платно на Тврдината, на локалитетот Гласија, бил одржуван и во доцниот среден век за да можел да се зачува дури до XVII век. Тој и денес остава впечаток на масивен и *"неосвоив"* бедем. Откриен е во должина од околу 58м, широк е 1,75м, а најголемата зачувана висина му е 4,10 м. Во долната зона, до височина од 1,28 м ѕидан е од добро тесани камени блокови, а над тоа во висина од 2,72м, е ѕидан со тули со димензии 33 x 30 x 5см. Од надворешната страна, едновремено со бедемот и на растојание од 1,93м, се изѕидани и два масивни пиластри кои имале улога на контрафори.[253] Дебелината на фугите од малтер одговара на дебелината на тулите.

Импозантните темели на јужното бедемско платно, од истиот градежен материјал, за кратко биле видливи при реконструкцијата на денешниот Пазар. Тие се простирале праволиниски, јужно од бедемот на турската тврдина, покрај Нишава.

Од првиот ден на турската окупација, градот зад разрушените бедеми ги добивал контурите на ориентална касаба, со ниски куќарки изградени врз средновековните градби.[254] Во првиот турски попис од 1498 година, евидентно е дека во градот постоеле три маали. Од јавните објекти имал три џамии, мензилхана за коњи, завија за дервиши, јавна кујна, два амами и повеќе воденици на реката Нишава.

**Т - 13**

---

250 P. Matkoavić, *op. Cit.*, 62-102; Т. Поповић, *нав. дело,* 187

251 В. Костић, *Културне везе југословенских земаља и Енглеске*, Београд 1972, 320; Т. Поповић, *нав. дело,* 190

252 Lj. Zotović, *Niš – lokacija autobuske stanice*, Arheološki pregled 17, Beograd 1975, 74

253 М. Ракоција, *нав. дело*, 43

254 Д. Бојанић, *Ниш до великог рата 1683*, 115-133

Пописот од 1564 година открива дека тогаш градот бил поделен на шест маали. Веќе во пописот од времето на Мурат III (1574 - 1595) дознаваме дека градот има десет маали, а секоја маала има по една џамија. Од монументалните јавни објекти се наведуваат: два карвансараи, неколку конаци, десетина чешми и шедрвани, дваесетина млинови и табакани, мензилхани и имарети, 54 занаетчиски работилници.

Во XVII век бројот на куќите се зголемувал со поголемото присуството на војската. Во 1660 година патеписецот Евлија Челебија бележи 2060 куќи и 200 дуќани.[255] Австријците го освоиле Ниш и во него останале од септември 1689 до август 1670 година, кога повторно го преземале Турците. Ниш тогаш претрпел големи разурнувања што биле видливи и по две децении: *"поголемиот број од куќите сеуште е оштетен".* [256]

*Утврдувањата во околината на градот*

Приодот кон градот бил обезбедуван со бројни помали или поголеми тврдини или помалите градови во неговото опкружување кои денес можат да се препознаат само како топоними (Градиште, Градац, Кулина итн.). треба да се претпостави дека некои од нив, особено оние на стратешки значајните места, се обновените стари утврдувања што припаѓале на фортификационата мрежа од обновата на Јустинијан.[257] Поради тоа, обидот да се реконструира мрежата на градовите и утврдувањата што го опкружувале Ниш, мора да се потпре врз урбаната мрежа на римските и византиските утврдувања, како и на комуникациите кои низ вековите биле во употреба. Мрежата на споредните патишта што се слевале во градот била обезбедувана со многу утврди. Едните живеат како топоними, а кај другите се видливи скромни археолошки траги, најчесто, од бедеми. И на едните и на другите им е заедничко тоа што не се истражени. Сепак, препознавме дека главните комуникации кон исток, север и југ биле

---

[255] H. Šabanović, *Putopis Evlije Čelebije*, Sarajevo 1967, 63; Љ. Никић, *Белешке Пола Рикоа из 1665. године са путобања од Београда до Једрена,* Годишњак града Београда IX-X, Београд 1962, 128

[256] М. Божић, *Француски дневник о походу Мустафе II 1696. године*, Грађа Историјског института САНУ, Београд 1956, 182

[257] Во Ниш и во неговата непосредна околина никогаш не се вршени ископувања на утврден град, така што искажаната претпоставка допрва очекува потврда во идните археолошки истражувања.

обезбедувани од две утврдувања и еден утврден град. Нивното стратешко значење било забележано уште од Римјаните, преку Византијците до Србите.

Можно е **источната страна** и медијанската котлина да биле обезбедувани од утврдувањето на Јустинијан, (Μεδίανα – Mediana), на доминантното Влашко брдо,[258] од каде што се контролирало медијанското поле и влезот во Ниш од правец на Константинопол.[259]

T - 14

Во 1979 година откриен е дел од бедемското утврдување со правоаголна основа (околу 87 x 70 x 110 x 60м) и импозантни бедемски ѕидови (широки 1,7м) зајакнати со квадратни кули (3,6 x 4м) и пиластри како контрафори (1,7 x 0,6м).

Бедемските платна однадвор се обложени со убаво клепани и прецизно редени камени блокови со правоаголен и квадратен облик, на места нивелирани со хоризонтални редици од тули.[260] Сместено над најзначајната сообраќајница и со цврсти камени бедеми на рановизантиското утврдување, тоа, најверојатно, било во употреба и во средниот и доцновизантискиот период.

За да се брани правецот кон **север**, во клисурата над селото Миљковац низ која што водел патот од Морава кон Сврљиг, Византинците во тоа време можеле да го искористат рановизантиското утврдување на стената над патот (локалитет Градиште). Покасно, во времето на кнезот Лазар, од исти причини, на спротивната страна Србите изградиле град Железник од кој денес е видлива една (донжон) кула и живо е сеќавањето на истоимениот манастир во подножјето на градот. Овој теснец, со утврдувања изградени на непристапни места, со право е наречен “Железна порта”.[261]

T - 15

На **југ**, каде што се разделувал патот кон Солун и кон Јадранското крајбрежие, патот го обезбедувал утврдениот византиски град Комплос, подоцнежен Копријан.

---

[258] Вулић, *Споменик* 98, (1941-1948), 108

[259] Според Прокопе, Јустинијан изградил 34, а обновил 8 утврдувања во околината на Ниш, а меѓу нив и Медијанското кое точно е убицирано - Ф. Баришић, *Прокопије*, 63

[260] Opus micstum е карактеристичен за утврдените градови на Балканот во период од 4 до 6 век: Тесалоника, Константинопол, Дирахион, Несебр, Сердика итн. – В. Битракова-Грозданова, *Топографија на урбаниот развој на Лихнидос*, Историја, Списи на Сојуз на друштвата на историчарите на СР Македонија, бр. 2, Скопје 1986. 260

[261] Каниц, нав. дело, 134/5; М. Ракоција, *Културна ризница Ниша*, Ниш 2001, 70/71

**Т - 16**

На приближно 18 км на југозапад од Ниш се наоѓа 500 м долга клисура низ која се пробива реката Јужна Морава заедно со стариот пат кој од античките времиња Ниш го поврзувал со Солун. Трите убаво обликувани врва на планината Селичевица формираат теснец со стратешко значење воочено уште од римјаните кои тука изградиле утврдување.[262] Јасно е дека овој простор низ целиот среден век бил од значење за Византијците.

Србите ја препознале неговата стратешка улога и се надоврзале на затекнатото урбано наследство кое со својата положба ја издржало прповерката на вековите, покажувајќи се како исклучително важно. Тоа, пред сé, се гледа во неговото стратешко значење што произлегло од географската положба и конфигурацијата на теренот, но и во изобилството што го нуделе реката Морава и Добрич полето, што исто така била причина за формирање на првите урбани форми на овие простори.

Кога опасноста од Турците навестувала мрачен крај, за да ја зацврстат државата, Србите наново го изградиеле утврдениот град во 1372 година и го нарекле Копријан, како што е тоа забележано на натписот на надвратникот од бел мермер:

БЛГМОѴ Ї ПРѢБЛГМѴ ЧЛВКОЛЮБЦѴ БГОѴ РЄКІ ВСЄМѴ Ѿ НЄБНТНѦ БНТН ѮЄМ ...Ь ДРЬЖЄЩОМѴ ѠБЛѦСТНЮ Н ПО ЄГОВОѴ НЄІѮРЄЧНОМѴ БЛГОСРД ... ѦѮЬ НЄНѦД СНЬ КѦѮНЬЦѦ БОГДѦНѦ СЬѮНДѦХ СН ГРѦДЬ КОПРІѦНЬ І ГОД ... ВЬ ДНІ БЛГОВѢРНѦГО ГНѦ МН КНЄѮѦ ЛѦѮѦРѦ ВЬ ЛѢТѢ. ЅѠП ...

Градот го соѕидал Ненад, синот на казнацот Богдан, како заштита на јужните граници на државата од Турците.[263] Тој е со правоаголна основа со повеќе кули кои делумно сеуште опстојуваат.[264] Спомнувањето на казнацот (собирачот на данокот), кој имал почитувано достоинство во XIV век,[265] упатува на стабилна материјална состојба во овој дел од државата на кнезот

---

[262] Ф. Каниц, *нав. дело*, 175/6

[263] М.А. Марковић, *Натпис из града Копријана*, 98,99; Љ. Стојановић, *Где је град Копријан*, Прилози за књижевност, језик, историју и фолклор VII,1-2, (Београд 1927), 217-219. Треба да се каже дека натписот во 1933 бил најден во нишката тврдина и дека нема сигурни податоци од каде бил донесен. Пострадал заедно со зградата на нишкиот Музеј кога врз неа паднала бомба во Втората светска војна. Дека е донесен од т.н. Курвинград кој се издига над плодното Добрич поле, говори и неговото име „Κοπριαν", кое во превод значи наѓубрена (плодна) земја со каква е опкружен:
„ αποκριθεις λεγει αυτω κυριε αφες αυτην και τουτο το ετος εως οτου σκαψω περι αυτην και βα λω **κοπριαν**" - " А тој одговарајќи му рече: Господару остави ја и оваа година, додека да окопам околу неа и да турам ѓубриво…"(Лука 13,8)

[264] А. Дероко, *Средњовековни градови у Србији, Црној Гори и Македонији*, 124

[265] К. Јиречек, *Историја Срба* II, ,18

Лазар. Оттаму, освен изградбата на градот,[266] очекувани се и другите активности во ова време и на ова место. Периодот на одредена благосостојба и мир кратко траел. Градот ќе биде разурнат од султанот Муса во март 1413 година. Затоа Константин Филозоф говори:

**Объыодитъ јє и проүєнє градъ и приыодитъ на Коприıанъ, идχıє мнозχмъ кръвемъ излиıавцѣнимъ се прχıємлютѣъ и сего, и народъ въсъ изъсχкъ и расплχникъ ... и расипа Крүшевъаљъ и Пєтроусъ и Сталакъ и Копригaнъ и Скопиıє и дрүгє градовє. И беψъ цисламноъıство рода ыристжанскаго оүби саблом (изсχъе ѣ покла и изгоүби)** [267]

Набрзо во мај месец истата година, по погубувањето на отпадникот Муса, а во знак на благаодарност, султанот Мехмед II му го вратил градот на својот сојузник деспот Стефан. Периодот до 1428 година кога Турците го превземаат Ниш и Копријан, е можност за изведување на одредени градежни работи во градот, па така и на црквата Св. Јован. Потоа градот Копријан не само што не се опоравил, туку и името му било заборавено, а во народот заживеал новиот назив Курвинград.

Пред Србите, клисурата од каде што се разделувал патот кон Солун и кон Јадранското крајбрежие, а која што ја обезбедувалло рановизантиско утврдување, еднакво бил контролиран и по обновата на византиската власт. На мислење сме дека тоа е византискиот град Комплос спомнат во повелбата на Василие II, а кој што до денес не е точно убициран. Нашиот став, препознаен како двојба кај постарите истражувачи ќе го потпреме со факти што ни се на располагање.

Тука е можно да се согледа урбаната целина препознатлива за средновизантискиот период. Под градот Копријан (Курвинград), на пониското зарамнето плато кон селото Клисура, во 1933 година е ископана рановизантиска трикохална црква чија што основа има многу заедничко со триконхосите од Царичин град, но и со средновизантиската црква на Богородица кај Куршумлија.[268] Според положбата што ја има во однос на градот, се смета дека припаѓа процесиона литургија од источен тип, на што

---

[266] К. Јиречек, *Историја Срба* I, 345; А. Дероко, *нав. дело*, 214

[267] С. Новаковић, *Ново брдо и Врањско поморавље*, Годишњица Николе Чупића III, Београд 1879, 322

[268] А. Оршић-Славетић, *Белешке са путовања*, Старинар, трећа серија,10-11, (Београд 1935-1936),173.сл.5; В. Кондић-В. Поповић, *Царичин Град-утврђено насеље у византијском Илирику*, Београд 1977, 157/8; Ђ. Стричевић, *Рановизантијска црква код Куршумлије*, Зборник радова византолошког института 2, (Београд 1953),180/1; Ђ. Мано-Зиси, *Велика археолошка налазишта у Србији*, Београд 1974, 88

укажува и распоредот на црквите во Царичин град.[269] Традицијата на рановизантиската процесија можела повторно да заживее во средновизантискиот период, по обновата на византиската власт и градот Комплос, а да продолжела како литиска процесија по српската обнова на, сега, градот Копријан.

На југозапад од Копријан, во самата пресека што ги разделува двете брда, констатирани се ѕидови од тула на градба што и припаѓала на подградието. Кога кон тоа ќе се додаде и манастирот со најмалку две цркви на третото брдо Комига, се добива целосна слика за улогата и значењето на овој простор низ целиот среден век. Трите брда, обединети, создаваат урбана целина препознатлива за средновековните градови. На највисокото брдо бил утврдениот град со подградие, на брдотво во подножјето на градот била црквата до која се протегале литиите, додека наспроти нив, на брдото Комига, на левиот брег на реката Морава, постоел манастир со најмалку две цркви.

Вака осмислениот простор упатува на урбана целина со административно - црковна организација, на чие што формирање имале влијаније политичките случувања од почетокот на XI век.[270] Според повелбата на Василие II од 1019 година, на нишката епископија, покрај градот, ѝ припаѓаат и Мокро, Κομπλος, Топлица и Сврљиг.[271] Спорна е само убикацијата на Комплос за кој К. Јиричек смета дека е старото име на Прокупље.[272] Многумина од истражувачите искажале сомневање во ваквото тврдење, укажувајќи на отворена можност местото Κομπλος да се однесува на просторот на Курвинград (Копријан). Така С. Новаковиќ смета, а со него се согласува и И. Снегаров, дека Комплос треба да се бара кај Курвинград (Копријан) каде што постојат урнатини од стари цркви. За нив и името на брдото Комига на кое што е сместена црквата, но (наше мислење е) и името

[269] В. Кондић-В. Поповић, *нав. дело*, 173/4, са литературом; И. Николајевић-Стојковић, *Рановизантијска архитектонска декоративна пластика у Македонији, Србији и Црној Гори*, САН, Београд 1957, 58

[270] Сеќавањето што го забележал Милиќевиќ дека "од Мерошине до Комиге према Курвинграду, могла проћи мачка све с ћеремиде на ћеремиду. А сада је остала само ова јадна кулина," посредно укажува дека во еден момент областа имала големо значење - М.Ђ.Милићевић, *нав. дело*, 355

[271] И. Снегаров, *нав. дело*, 180; Б. Николова, *нав. дело*, 62/3

[272] К. Јиречек, *Војна цеста*, 126,133. Прокупље го добило името откако биле преместени моштите на св. Прокопие. Во 1395 година, во повелбата на кнегинката Милица, таа на манастирот Св. Пантелејмон на Света Гора му му ги подарува куќите во градот светаго прокопиа - К. Јиречек, *Хришћански елементи у топографској номенклатури балканских земаља*, 465, со литература.

на доцносредновековниот Копријан,[273] има одредени, макр и нејасни, звучни сличности.[274] Отворена можност Копријан да е некогашен Комплос, а денешен Курвинград, остава и Ј. Калиќ - Мијушковиќ, додека С. Ѓуриќ помислува дека Комплос не старото име на Прокупље, туку дека се однесува на некое друго место.[275]

Наведените двојби и изложените материјални траги на просторот околу градот Копријан повторно го отвораат прашањето на убикацијата на византискиот град Комплос. На тоа не обврзуваат и препознатливите средновизантиски форми и градителскиот склоп на црквата Св. Јован на брдото Комига. Тие заедно ја зацврстуваат претпоставката на С. Новаковиќ и И. Снегаров дека тука треба да се бара местото Комплос наведено во повелбата на царот Василие II.

Сето горе искажано ни го открива овој простор како урбана целина на, според нашето мислење, градот Комплос од повелбата на царот Василие II со администартивно - црковна организираност. Со тоа областа се вклопила во општата програма за хеленизацијата на населението што во XI век, особено преку црквата, ја спроведувала нововоспоставената византиска власт. Резултатот од програмата кој оставил познати траги во сакралното градителство на Ниш и околината, се градот Комплос и црквата на брдото Комига.

*Заклучок*

По сето што е искажано, се чини појасна структурата на градот Ниш и распоредот на околните утврдувања кои ги детерминирале главните сообраќајници.

Т - 17

[273] Од порано создадениот сомнеж дека Копријан е претходното име за на градот Прокупље како што мислеле М. Спиридоновиќ - Пелех (*Летопис цркве прокупачке и историја вароши Прокупља*, Ниш 1930, 6)и М. Марковиќ (*Топлица у прошлости*, Ниш 1933, 37-38)воопшто не постоел. Дека името Копријан се однесува на денешниот Курвинград укажува и И. Руварац (*Прилошци к објасненију извора српске историје*, ГСУД 49, (Београд 1881), 9-13, но и К. Јиричек (*Историја Срба* I, Београд 1981, 344), е на мислење дека старото име на Прокупље е Комплос, додека старото име на Курвинград е Копријан. Така одделувајќи го Комплос од Копријан,мисли дека се во прашање две различни места. Дека Копријан е денешен Курвинград се сложува и А. Дероко (*Средњовековни градови у Србији, Црној Гори и Македонији*, Београд 1950, 121-124.).

[274] С. Новаковић, *Охридска архиепископија почетком XI века*, 34/5; И. Снегаров, *нав. дело*,180

[275] Ј. Калић-Мијушковић, *нав. дело*, 87; С. Ђурић, Г. Милошевић, *Црква Св. Прокопија у Прокупљу*, Старинар, XXXVIII/1987, (Београд 1988), 83, 84

Градот Ниш е плански организирана, кохерентна урбана целина со сопствена генеза, развој, кулминација и насилен нестанок. Сето тоа во временскиот распон од антиката до доцниот среден век, на начин кој е препознатлив за бројни угледни градски целини на поширокиот простор на Балканот.

Средновизантискиот урбанистички комплекс сме го препознале при убикацијата на катедралната црква Св. Прокопие на стрмните страни на блиското возвишение наречено Светиниколско брдо. Разместувањето на црквата и градот на страните на две блиски и наспрамни возвишенија, потсетува на осмислувањето на урбаните целини во средновизантискиот период, така што, во случајот со Ниш, на две брда се распоредени утврдениот град и манастирот.[276] Градот визуелно бил поврзан со епископската црква Св. Прокопие, како и со последователниот манастир на Немања - Св. Пантелејмон.

Внатрешниот простор на градот го сочинувале две нееднакви целини: Горен - Мал град и Долен - Голем град. Долен - Голем град град бил ограден со одбрамбен бедем чиј што дел ѕидан со тула е видлив и денес. Вообичаено било во долниот град да се сместува воената посада со пратечките објекти. Тука населението од подградието се засолнувало во случај на опасност.

Горниот - Мал град го опфаќал највисокото зармането плато на денешната Тврдина, каде под прав агол се вкрстувале улиците. Тоа е акрополис, јадрото на градот со вообичениот градски плоштад, пазар, пратечки јавни градби и приватни станбени објекти на угледните граѓани, со палати и дворци. Тука биле групирани, доколку добро сме ги протолкувале записите на патеписците и скромните археолошки наоди, најмалку пет цркви кои припаѓале на, за византиските градови вообичаениот, сакрален градски кварт.[277] Платото можело да биде оградено со бедем, на што пак, не наведува патеписецот. Во внатрешноста на Малиот град, во еден момент,

---

[276] Во Рас утврдениот град е на едното, а манастирот на другото брдо. Трново е осмислено на три брда: утврдениот град, манастирот и црквата - Ђ. Бошковић, *Осврт на неке карактеристике регионалног просторног планирања споменика на територији средњовековне Рашке*, 7, 8; Ј. Нешковић, *Ђурђеви Ступови у Старом Расу*, 12-24

[277] Константинопол бил пример при осмислувањето на градскиот простор - В. Кораћ, *Од кастрона ка полису,* Трећа Југословенска конференција византолога, Београд-Крушевац 2002, 23-28

можеби во времето кога бил во рацете на Србите, била изградена кула како клучен одбрамбен објект кој бил видлив во XVI век.

Населбата се развивала и надвор од бедемите на Долниот - Голем град кое како градска целина било заштитено со бедеми. Во градот се влегувало преку камениот мост на Нишава на кој многумина патеписци му се восхитувале. На реката Нишава биле распоредени и воденици. Ниш типски им припаѓа на градовите со грчко потекло и за целото време на византиската власт во него се живеело согласно на познатите византиски граЃански закони.

Приодот кон градот го обезбедувале бројни утврдувања од кои најважни биле оние покрај главните комуникации. Тоа биле низ вековите проверени стратешки точки. Во средновизантискиот период биле поправени старите византиски утврдувања, особено тие што ги изградил Јустинијан. Едно такво Јустинијаново утврдување над Медијана, од кое се контролирал патот за Константинопол, било користено и во времето на повторното обновување на византиската власт. За да го обезбедат патот од север, Византијците го користеле старото византиско утврдување на една остра стена, а Србите во XIV век изградиле ново утврдување на друга стена, познато како град Железник. Од југ, на местото каде што се двоел патот за Солун и Приморјето, приодот кон Нисос го чувал византискиот град Комплос кој во XIV век Србите го обновиле под името Копријан.

Нисос за Византијците бил од особено значење. Бедемите на градот редовно ги обновувале, а утврдувањата што го чувале приодот кон градот ги одржувале. Србите во голема мерка се надоврзале на затекнатото урбано наследство, додека за Турците градот и околните утврдувања губат значење и полека ги снемува.

Од првиот ден на турската окупација, градот зад разурнатите бедеми ги попримил контурите на ориjентална касаба со ниски куќарки подигнати врз старите објекти. Црквите биле адаптирани во џамии, а од стариот градежен материјал се граделе објекти за потребите на окупаторот. Градот бил поделен на маала чиј што број постојано се зголемувал. По австро - турската војна во 1689/70 година, до почетокот на XVIII век ќе наликува на урнатина.

# VI – АРХИТЕКТУРА

## VIa - *СРЕДНОВИЗАНТИСКИ ЦРКВИ*

### ЛАТИНСКА ЦРКВА ВО ГОРЕН МАТЕЈЕВЕЦ

Еден од археолошки истражените, но научно недоволно обработените споменици од средновековното минато на Ниш е и Латинската црква во Горњи Матејевац. Причината за тоа треба да се бара во недостатокот од потребните податоци до кои било дојдено дури по завршувањето на археолошките и конзерваторските работи.[278] Така што сега е созреана можноста во светлината на новите наоди да се согледа овој значаен и исклучително интересен споменик.

*Местото во историјата*

Латинската црква се наоѓа западно од селото Горњи Матејевац, на живописното возвишение од кое се простира поглед врз јужниот дел од нишката котлина, а кое што локалните жители го нарекуваат Метох - брдо. Скромните податоци со кои располагаме не го намалуваат значењето што црквата го има во историјата на византиската архитектура. **Т - 18**

Селото Горњи Матејевац се наоѓа на работ на нишката котлина, на околу осум километриц на североисток од Ниш. Името на селото за прв пат го среќаваме во турските пописи од 1498 година, каде што се спомнува манастирот Св. Јован во синорот на селото Горњи Матејевац.[279] За именувањето на селото постојат две преданија. според едното, православното население од селото Матејче во околината на Куманово, повлекувајќи се пред турскиот зулум, се населило во нишкото село Матејевац кое така и го добило името.[280] Според другото преданије, на местото Забрдце се населиле двајца браќа, Каменко и Матеја, по кои селата

[278] Со археолошките ископувања вршени во две етапи (1969 и 1978) раководеше Б. Дељанин. Конзерваторските работи на архитектурата биле започнати во 1968 година и,, со прекини, завршени во 1974 година. Арх. А. Радовиќ и инж. А. Блатник ја изготвиле техничката документација и раководеле со конзерваторските работи.
[279] Д. Бојанић, *Ниш до великог рата 1683*, Историја Ниша I, 147
[280] Ј. Трифуновски, *Кумановска и Прешевска Црна Гора*, Београд 1951, 108, 129. Старите куќи со трем и со диван во Матејевац потсетуваат на куќите - чардаклии во Скопска Црна Гора– Д. Марковић, *Извештај са рекогносцирања терена СО Ниш – Г. Матејевац*, Документација на Заводот за заштита на спомениците на културата во Ниш, 23. мај 1973.

Камрница и Матејевац ги добиле имињата.[281] За староста на Латинската црква сведочи доминантната положба и средновековното име на брдото "Метох" на кое што е изградена[282] и не остава во дилема дали црквата припаѓала на манастирски комплекс или била изградена на манастирскиот имот. Старата "матевечка" црква меѓу месното население е позната како Латинска црква, а ја нарекуваат и Св. Тројца Русалиска, а постарите ја знаат и како "Голема црква".

Во Србија, називот "латински цркви" воглавно се употребувал за православните храмови кои за савоите потреби ги користеле католиците од дубровничките колонии во Србија[283] Често пати се случувало новиот назив да биде прифатен во народот, како што се случило со црквата во Горњи Матејевац, и да го потисне нејзиното првобитно име. Познато е дека својата населба во Ниш дубровчаните ја втемелиле во третата деценија од XVI век, а се претпоставува дека својот врв го достигнала во шестате и седмата деценниа од истиот век, кога, најверојатно, го добила правниот статус на колонија.[284] Сеуште присутниот назив "латинска" во нејзиното име, всушност е далечно сеќавање на дубровничките трговци кои ја користеле во XVI век.

Во врска со називот Св. Тројца Русалиска треба да се одбележи дека во 1878 година, кога Милиќевиќ се распрашувал за името на црквата, еден селанец прво му одговорил дека тоа е Св. Богородица Русалиска, а потоа се поправил и рекол дека е Св. Тројца Русалија.[285] Атрибутот "Русалија"[286] во двата називи упатува на големата старост на црквата. Чествувањето на Розалии - празникот на ружите - старите Срби го затекнале кај

---

[281] М.М. Миловановић, *Хроника Горњег Матејевца*, Ниш 1981, 10 (усмено предање)

[282] Црквата да биде изградена на издигнато место било важно и на тоа особено се внимавало во првите векови на христијанството: Л. Мирковић, *Православна литургика* I, 81

[283] На пример: црквата на Југ Богдан во Прокупље, во XVII век ја користат дубровчани, па месното население и денес ја нарекува "латинска".

[284] Т. Поповић, *Дубровачка колонија у Нишу*, Историј Ниша I, Ниш 1983, 169-174

[285] М.Ђ. Милићевић, *нав. дело*, 25

[286] Името "Русалија" е настанато од латинското rosalia, Празникот на розите кој од Рим бил пренесен кај балканските народи. Игрите Русалии, како пагански, Шестиот вселенски сабор ги забранил во 680 година, а во 1230 охридскиот архиепископ Димитрие Хоматиан повторно ги забранил во својата диецеза. Култот на Русалии бил обновен покрај изворите, кај култните дрвја,старите цркви и гробишта: К. Јиречек, *Историја Срба* I, 305; Ш. Кулишић, П.Ж. Петровић, Н. Пантелић, *Српски митолошки речник*, Београд 1970, 255, 256; *Исти*, II, 290; Л. Павловић, *Култови лица код Срба и Македонаца (историјско-етнографска расправа)*, Смедерево 1965, 316/317; упореди: С. Тановић, *Српски етнографски зборник*, СКА, (Београд-Земун 1927), 223; Љ.С. Јанковић, Д.С. Јанковић, *Народне игре* IV, Београд 1948, 187

староседелците. Оваа паганска светковина кај Словените, кои продолжиле да ја празнуваат, се поистоветува со христијанскиот празник Духови (Св. Тројца).[287] Спојувањето на двата празници е главната причина за уверувањето дека црквата била посветена на светата Тројца, па на тој ден тука се собирал народ.[288] Сепак, мислиме дека е поблизок до вистината првиот одсговор што на Милиќевиќ му го дал селанецот, т.е. дека црквата била посветена на св. Богородица (Русалија). Русалии претставуваат еден од трите познати пониски женски култови кои постоеле кај старите Срби. Може да се претпостави дека, во врска со овој култ, на првобитната посвета на црквата подоцна и бил додаден називот Русалија, што неретко се случувало.[289] Сепак, нема археолошка потврда дека црквата била соградена на постаро култно место, така што потеклото на името треба да се бара во поистоветувањето на празникот и како сеќавање на дубровчаните. Дека последново е најизвесно ни открива Вук Караџиќ кој бележи дека Духови, Тројца, во Дубровник се нарекуваат "Русаљи".[290]

Црквата во Горњи Матејевац не се спомнува во ниту еден познат извор. Не познато кој, кога и во време на кој владетел било подигнато ова складно здание, како што не позната ниту неговата подоцна историја. Во црквата не само што не е зачуван некаков натпис или запис кој можеби би понудил одговор на поставените прашања, туку црквата, најверојатно, никогаш не ни била живописана.[291] Тоа е потврдено и со археолошките ископувања со кои не биле пронајдени ниту траги од фрески, ниту од фреско-малтери.[292]

Турците го освоиле Ниш во 1386 година, но тој сепак, за време на владеењето на деспот Стефан Лазаревиќ, влехол во составот на Српската деспотовина.[293] Овој период од минатото на Ниш оставил траги и кај **T - 19**

[287] К. Јиречек, *Историја Срба* II, 290; Ш. Кулишић, П.Ж. Петровић, Н. Пантелић, *нав. дело*, 255
[288] Прв ден Духови се поклопува со празникот Симнување на св. дух врз апостолате, вториот ден со празникот Св.Тројца и од тој ден започнува т.н. "русана недела".
[289] Л. Павловић, *нав. дело*, 317. Во врска со овој култ се и називите : троичниот манастир во Мушутиште кај Призрен кој се нарекува Русиница, називот на земјиштето Русалија во Дечанската повелба (К. Јиречек, *Историја Срба* II, 291), а кај Метлика се наоѓаат три цркви со име Русалници.
[290] В.С. Караџић, *Српски рјечник*, Београд 1898, 678
[291] Д. Милутиновић, М. Валтровић, *Извештај друштвених изасланика за снимање живописа, архитектонских старина српских*, 462
[292] Б. Дељанин, *Латинска црква, Горњи Матејевац*, Археолошки преглед 20, (Београд 1979), 147
[293] Ј. Калић, *Историја Ниша* I, 98

Латинската црква. Во рамките на средновековната некропола, покрај западниот ѕид на припратата, а под черепот на скелетот кој лечи под темелите на црквата, пронајден е српски сребрен динар со натпис "Деспот Стефан".[294] Податокот упатува на заклучок дека припратата била изградена покасно - можеби за потребите на дубровчаните кои ја користеле од 16 век,[295] а согласно на учењето на својата црква не го живописале храмот во Матејевац.

*Проучување на црквата*

Благодаренијe на првите истражувачи на нашето минато, архитектурата на црквата во Матејевац сепак била позната на потесниот круг стручни лица. Во последните децении таа била предмет на зголемен интерес на наужинците, но досега не ѝ била посветена подетална студија во која би биле собрани нејзините културно - историски и архитектонско - ликовни особености.

Првите истражувачи на Латинската црква, по краткиот опис на Ф. Каниц,[296] биле Милутиновиќ и Валтровиќ кои во својот извештај велат дека "црквичето е изградено од добро печени тули" и претпоставуваат дека, најверојатно, припаѓа на XIV век.[297] Во крајот на XIV век ја смества и Г. Мије, сместувајќи ја во истата група со спомениците од моравската стилска група.[298] Нејзиното значење го навестува В. Марковиќ кога ја одбележува како еднокорабен храм со кубе настанат пред XII век.[299] Најмногу внимание ѝ посветил Ѓ. Бошковиќ во текот на четвртата деценија на XX век. Со краток опис, снимки од основата и цртежите за претпоставениот првобитен изглед, тој укажал на значењето на градбата и ја датирал во XII или XIII век, но не ја исклучил можноста да се работи и за постар објект.[300] Е. Дигве, размислувајќи за потеклото на еднокорабните куполни цркви во

---

[294] *Теренски дневник са археолошких ископавања 1969*, Документација на Заводот за заштита на спомениците на културата во Ниш.
[295] Т. Поповић, *Дубровачка колонија у Нишу*, 171
[296] Ф. Каниц, *нав. дело*, II, 180
[297] Д. Милутиновић, М. Валтровић, *Извештај друштвених изасланика за снимање живописа, архитектонских старина српских*, 462
[298] G. Millet, *op. cit.*, 36
[299] В. Марковић, *Православно монаштво и манастири у средњевековној Србији*, 49
[300] Ђ. Бошковић, *Извештај и кратке беседе са путовања*, Старинар VI, Београд 1931, 186/7, сл. 77, 78

приморјето, ја споредува со црквата Св. Лука на Ластово која ја датира во XI век.[301] И В. Петковиќ ја внесува во пописот на црквите, но податоците што тој ги дава главно се однесуваат ан манастирот Св. Јован, исто така во Горњи Матејевац.[302] А. Дероко не се впушта во опишувањето на објектот, туку кажува дека во Матејевац се наоѓаат урнатини на црква со кубе од преднемањиќиот период.[303] С. Ненадовиќ, покрај краткиот опис на објектот, нагласува дека градбата е недоволно испитана, но дека може да се датира во периодот на преднемањиќата архитектура во Србија, односно во XI - XII век.[304] со него е согласен и Ј. Нешковиќ и верува дека е од XI или XII век. Ја спомнува како градба со невообичаена конструкција на купола, изградена според типот на стеснет вписан крст со издолжена форма.[305] Значењето на овој храм за историјата на архитектурата го посочил В. Ѓуриќ сместувајќи го во група на помали еднокорабни цркви со купола што ја изградиле Византијците помеѓу IX и XI век.[306]

Поголемиот дел од истражувачите кои посредно или непосредно се бавеле со Латинската црква, е согласен дека таа припаѓа во преднемањиќата архитектура на Србија и дека е дело на византиското градителство и дека е настаната пред XII век

*Сосшојба иред конзервашорскише рабоши*

Пред конзерваторските интервенции црквата наликувала на урнатина. Недостасувале делови од кубето и сводовите од источниот и западниот травеј. како и од горната маса на ѕидните платна, додека пукнатините по вертикалите на ѕидовите ја загрозувале стабилноста на градбата. Со реставрацијата на архитектурата на црквата во Матејевац ѝ е вратен нејзиниот автентичен облик, а на полихромната декорација старата складност. Обликувајќи ги ѕидните маси во некогашни размери, реставраторите го одделиле старото од современите интервенции кои

**Т – 19,сл.2**

[301] E. Diggve, Crkva *Sv. Luke na otoku Lastovu, Vjesnik za arheologiju i historiju dalmatinsku*, svezak LII (za godine 1935-1949), Split 1950, 74

[302] В. Петковић, *Преглед црквених споменика кроз повесницу српског народа* I, 184

[303] А. Дероко, *Монументална и декоративна архитектура у средњовековној Србији*, Београд 1985, 39 (со цртежот на основата на стр. 44)

[304] С.М. Ненадовић, *Архитектура у Југославији од IX до XIII века*, Београд 1980, 119/120

[305] Ј. Нешковић, *Ђурђеви Ступови у Старом Расу*, 136/137

[306] В. Ђурић, *Почеци уметности код Срба*, во: Историја српског народа I, Београд 1981, 241

делумно биле изведени со користење на оригиналниот материал (затекнатата тула). **Т - 20**

Мал број на објекти од овој период и од овој регион е зачуван и публикуван, поради што е оневозможено одделните проблеми да се разгледуваат преку споредување со стилски сродни објекти во блиското соседство, со што датирањето на црквата во Матејевац е отежнато., Поради тоа, архитектонските облици на Латинската црква ќе ги согледаме во контекст на византиското провинциско градителство каде што ѝ припаѓа значајно место.

*Замисла на просторот и структурата*

Црквата во Матејевац е скромна еднокорабна градба во форма на стеснет издолжен впишан крст со купола. Од западната страна на неа се потпира покасно изградената припрата и завзема нешто помала површина од наосот. Од припратата се откопани и денес видливи само остатоците од темелите. На исток се наоѓа полукружна олтарна апсида засводена со полукалота. Ја зафаќа целата широчина на наосот и е пониска од источниот травеј. Внатрешноста на храмот е разделена со пиластри на три правоаголни травеи со различна големина. Пиластрите што се еден наспроти друг се поврзани со лаци на кои што над средишниот травеј лежи кубето. кубето однадвор е осумстрано и со четири прозорци. Источниот и западниот травеј на црквата се со иста височина и засводени со полуобличести сводови потпрени на страничните прислонети лаци. Обработката на фасадите на црквата се состои од примената на византиските мотиве во керамопластичната декорација. Обработката на фасадните платна, покрај занаетчиската умешност, подразбирала и уметнички вдахновен труд. **Т - 21**

*Опис, начинот на ѕидањето,*
*архитектурата на фасадните површини,*
*односот на внатрешната структура и надворешните облици*

Висината на темелите на ѕидовите изнесува околу 0,85 м. Фундирани се на дебел слој чакал, а изѕидани со нееднакво искршен камен врз кој бил

налеван крупнозрнест малтер.[307] Темелната зона, над земјата, ја надвишува еден ред фино обработени тесани блокови камен со приближно иста големина (40x30 см), со скалест испуст од рамнината на ѕидот голем 8 - 10 см. Тоа е цокле кое што се простира долж објектот и ја следи косината на теренот.

Теренот на кој објектот е изграден благо паѓа кон исток, па така било неопходно да се израмнат ѕидните платна, со што над цоклето е формирана *зона на израмнување.* Западниот ѕид немало потреба да се израмнува, јужниот и северниот биле грубо израмнети, а источниот ѕид, особено лакот на апсидата бил складно и внимателно израмнет. **Т - 22**

*Јужниот ѕид* е израмнет во источната половина и тоа со три реда тули чија што должина се зголемува со доближување до нивелетата за израмнување на ѕидното платно. На сличен начин е изведувано и израмнувањето на источната половина на *северниот ѕид*. Помеѓу неколку редови тули се јавуваат обработени тесани блокови кои, доколку се еден до друг, се одделуваат со вертикално поставени тули. Со многу повеќе внимание е израмнет *источниот ѕид*. Зоната на израмнувањето е вклопена во складниот и декоративниот изглед на целиот ѕид. Во најнискиот дел од апсидата, над цоклето, се протегаат два хоризонтални реда од правилно поврзани тули, а над нив е редица фино клепани блокови, сите со приближно исти димензии. Крајот на зоната на израмнувањето на источниот ѕид, на висина од околу 50 см, е одбележан со убаво клепани поголеми камени блокови.

Над вака израмнетите ѕидови, ѕидањето продолжило со правилни хоризонтални редици од тули кои ја формираат *зоната од тули*, каде со декоративното ѕидање се исправени неправилностите настанати во зоната на израмнувањето. На *источната страна*, во правилни редци од тули, таа се протега до хоризонталниот венец изведен оде ден ред тули наредени на "заб" кој се наоѓа на височина од 1,5 м. Над запчестиот венец следат три правилни реда од тули, а потоа следи низа направена од тули поставени вертикално со пократката страна и со меѓупростор исполнет со по две тули, во два реда, со подолгите страин. Од горната страна на декоративниот детал

[307] Б. Дељанин, *нав. дело,* 147

е изведен еден ред тули. Горниот дел од апсидата е ѕидан на клеточен начин, со добро обработени камени блокови сига, врамени со тули во два реда. Во првиот ред смислено се вклопени неколку отвори, исто така клеточно врамени со тули, кои служеле за зацврстувањето на скелетон кога црквата била градена. Ѕидот на апсидата во делот под стреата е врамен со еднореден запчест венец кој ја следи долната линија на покривот на апсидата. Источниот забат над апсидата е ѕидан со наизменични, но не и правилни редици од тула и камен (opus listatum). Врвот на забатот го прават радиајлно наредените тули на челото на лакот од полуобличестиот свод на источниот травеј, кој е нагласен со краток испуст во просторот. И него во зоната на стреата го надвишува забчест венец оде ден ред тули.

Во средишниот дел на апсидалната ѕидна маса, во висината на запчесто поставените тули чија што низа ја сече, поставен е издолжен правоаголен прозорски отвор (20х60 см) конусно оформен во ѕидната маса.

Над зоната на израмнувањето на северниот и јужниот ѕид ѕидањето, исто така, е продолжено во доволно прави редици тули и малтер кои се оживени со клеточно врамени камени блокови - cloisonné. На северната, јужната и западната страна, полето на тулата може да се оддели до под рабовите на слепите аркади. Така подготвени ѕидните маси биле во можност да ја прифатат сложената конструкција на горните зони.

Зоната на тули на *западниот ѕид* е составена од правилни редици од тули, а врамените камени блокови го одбележуваат влезниот отвор. **Т - 23**

На *северната и јужната страна*, помеѓу правилните редици од тули, се вметнати редици фино клепан камен врамен со тули. кои меѓусебно се разделени со по два реда хоризонтални тули. Макар што врамените камени блокови, така наречениот клеточен сcстем на ѕидање (cloisonné), се поставени на голема раздалеченост, сепак се распознаваат две редици. Таа дворедна декоративна низа и на јужната страна е доста пореметена, но на северната е јасно видлива. Во западниот агол на северната страна, во долната редица од камен, осмислена со занаетчиска постапка, вкомпонирана е и античка стела, свртена со лице и на ист начин врамена со тула, со што е вклопена во декоративниот сcстем на ѕидното платно.

Еден од значајните архитектонски елементи на фасадите на црквата во Матејевац се *слепите аркади*. Над зоната од тули, на северната, јужната и **Т - 24**

западната страна, се надоврзува низа од три слепи аркади со удвоени лаци. Средишната е поголема од страничните на северната и јужната, а еднаква со останатите на западната страна. Работени се со многу внимание, особено нивните удвоени лаци кои од горната страна се врамени со венец оде ден ред хоризонтално поставени тули. Средишните аркади на северната и јужната страна го нагласуваат централниот дел на храмот. Помалите аркади од страна укажуваат на источниот и западниот травеј. Карактеристичното распоредување на слепите аркади во тројни групи што ја откриваат структурата на градбата е типижно за црквите во форма на впишан крст со купола и е резултат на структуралистичкиот начин на обработката на фасадите.[308] Со својот распоред тие сеуште ја следат внатрешната структура на храмот, за разлика од доцновизантиската архитектура во која што овој детаљ станува мотив сам по себе.[309]

**Т - 25**

Навестувањето на времињата што доаѓаат, со внимателно посматрање, може да се согледа на северната фасада на Латинската црква. На северната страна плитките аркади се поместени кон исток и тоа точно за 25 см, така што проекцијата на аркадите за таа должина не се совпаѓа со внатрешната структура на храмот. Прецизноста со која е направено отстапувањето на аркадите од внатрешниот склоп на градбата би можела да наведе на заклучок дека постапката била условена со одреден конструктивен зафат. Со желба градбата да добие во височина, дошло до занемарување на вообичаената византиска конструктивна логика. Отстапувањето на обликот на фасадите од внатрешниот склоп на градбата, низ вековите ќе станува поизразен во византиската архитектура. Во подоцнежните времиња, на бројни српски цркви, неусогласеноста на односот на фасадите и внатрешниот склоп на градбата ќе биде уште понагласена.[310]

Над средишните аркади кои се најголеми, на северната и јужната страна, внатрешната структура на градбата е прикажана со тоа што во просторот е исфрлено челото на носечките лаци како далечно сеќавање на

---

[308] S. Ćurčić, *Articulation of church fasades during the first half of the fourteenth century*, Византијска уметност почетком XIV века, Научни скуп у Грачаници 1973, Београд 1978, 22/23; В. Кораћ, *Две градитељсе фазе на цркви Св. Николе у Прилепу*, Зборник посветен на Бошко Бабиќ, Прилеп 1986, 124.

[309] В. Кораћ, *нав. дело*, 124

[310] S. Ćurčić, *op. cit.*, 17-27

челото на лакот на поткуполните сводови кај црквите од типот на впишан крст со купола на слободни столпци. Цариградското решение се препознава и на источната и западната страна каде челото на лакот на полуобличестиот свод е подеднакво исфрлено во просторот. Рамињата на прислонетите лаци во врвот на забатните ѕидови се потпираат врз еднореден запчест венец по должината на делот под стреата на градбата. На тој начин челото на носечкиот лак, во препознатлив византиски манир, е рељефно прикажано на фасадите.

За разлика од лаците обликувани само со тула, внатрешноста на нишите е исполнета со препознатливата византиска техника на наизменично редење на редици од тули и клепани блокови камен (opus listatum)[311] и помеѓу нишите, сé до поткровниот запчест венец.

На *западнаша фасада*, дворедната камена низа на нишата се протега до височината на нејзините лаци. Триаголните отсечки кои се создаваат од надворешната страна на архиволтите на нишите, се декоративно исполнети со тули во форма на буквата “Т”, кои како да потпираат по еден фино обработен блок од бигор, што во низа над нишите се протегаат по должината на западната фасада, а се разделени со вертикално вѕидани тули. Со наизменичното ѕидање со камен и тула е исполнета и внатрешноста на лакот на полуобличестиот свод на западниот травеј. Од горната страна лакот е врамен со редица тули над кои се протега еднореден запчест венец кој ја следи неговата крива.

**Т – 25,сл.3**

Особено внимание на црквата во Матејевац привлекува забатот на надгробната стела кој е вѕидан во западниот агол на северната фасада. Стелата е изработена од камен пешчар и се наоѓа во секундарна употреба како *сйолија*. Долниот дел е изгубен, но, еден таков дел е затекнат во внатрешноста на храмот каде, најверојатно, служел како чесна трпеза. Со доолжна претпазливост двата фрагменти можат да се доведат во меѓусебна врска. Во лачно засведениот долен дел од полето е допојасната претстава на починатиот, прикажана од предната страна. Во триаголните полиња, лево и десно од лакот, кои од долната страна се ограничени со лоза, се претставени

**Т – 26,сл.1**

---

[311] М. Чанак Медић, *Првобитна замисао куполног дела Богородичине цркве у Студеници*, Рашка баштина 2, Краљево 1980, 32

две крилести фигури со венци во рацете, најверојатно гении. Во литературата ваквиот тип стели се датира во период од I до III век.[312]

Затекната во секундарна употреба таа тука има двојна улога. Со лице поставена кон гледачот и вклопена во дворедната низа на камените блокови таа ја открива својата декоративна намена, како и, се разбира, како обичен градежен материјал.[313] Со намера свртена кон гледачот таа тука има улога на камен рељефен украс што претставува особеност на цариградската школа, еднакво на рељефниот украс од печена земја. Како што во Грција во XI век се развивала под влијаније на престолнината,[314] така нејзиниот креативен поттик се препознава во подалечната провинција на која и припаѓа и Ниш.

Обичајот за градбите наменети за христијанскиот култ да се користат постари градежни материјали, владетелите го озакониле околу V век, така што тој со време зема сé поголем замав.[315] Во XI и XII век на подрачјето на Атина, за градбата да биде порепрезентативна, на фасадите се вградуваат античките сполии, како на пример на Малата митрополија.[316] Систематизацијата предложена од И. Николајевиќ - Стојковиќ укажува дека тежнеењето кон декорацијата и скулптуралниот украс во Србија и во Македонија, гледано во целина според бројот на споменици, е поизразен во XI отколку во XII век.[317]

Значајно место во компонирањето на внатрешниот склоп на градбата завземаат *пиластрите*. Со својот распоред тие ја делат црквата во Матејевац на три нееднакви травеи, од кои средишниот, над кој е куполата, е најголем. Источниот и западниот травеј се речиси еднакви и одговараат на просечната должина на саркофаг. Тоа е поврзано со надгробната намена на ваквиот тип градби. И општо, прислонетите лаци во византиските куполни цркви формираат ниши слични на аркосолиуми. На тој начин е нагласео

**Т – 26,сл.2**

[312] В. Даутова-Рушевљан, *Римска камена пластика у југословенском делу провинције Доње нониje*, Нови Сад 1983, 41. Бидејќи при археолошките ископувања во близината на црквата не е констатирана некропола, може да се заклучи дека фрагментот е донесен од некоја подалечна некропола.

[313] В. Кораћ, М. Шупут, *нав. дело*, 15/16; F.W. Deichmann, *Die Spolien in der spätantiken architektur*, München 1975, 131-146

[314] В. Кораћ, М. Шупут, *нав. дело,* 147

[315] И. Николајевић-Стојковић, *Прилог проучавању византијске скулптуре од X до XII века из Македоније и Србије*, ЗРВИ 4, (Београд 1956), 161

[316] В. Кораћ, М. Шупут, *нав. дело,* 184

[317] И. Николајевић-Стојковић, *нав. дело,* 184

меѓусебното влијаније на црковната и сакралната архитектура.[318] Археолошките ископувања вршени во внатрешноста на Латинската црква не констатирале гробни места. Пиластрите се со правоаголна форма (40 x 70см) работени само со тула и ѕидани едновремено со страничните ѕидови. Тоа е направено така што секоја втора редица од тулите на пиластерот навлегува во ѕидната маса, а секоја прва редица од ѕидната тула навлегува во масата на пиластерот. Меѓусбно се споени со лаци, така што формираат поткуполен простор подготвувајќи се да ја прифатат куполата. Во оваа зона тие имаат конструктивна функција и димензијата им е одредена врз основа на големината на лаковите што треба да ја прифатат куполата. **Т – 27, 28**

Носачите на куполата на внатрешната страна на ѕидовите се нагласени и одделени од надворешната страна, што е типично за византиската архитектура. Продолжувањето на сводот на источната и западната страна и на лакот на северната и јужната, во форма на прислонети лаци на забатите, исто така се карактеристични за византиската архитектура од XI и XII век, а на спомениците настанати подоцна тие се помалку изразени.[319] Начинот на градењето на куполата се вклопува во структуралната замисла на целата градба.

*Поткуполнаша конструкција* на црквата во Матејевац е изведена според законитостите условени од конструктивниот склоп во форма на стеснет впишан крст. Попречните и надолжните лаци потпрени на пиластри создаваат зона за поврзување која од правоаголна основа во подножјето, овозможува премин кон кружната купола.[320] Зоната за поврзување ја прават пандантифите заедно со шесте надѕидани редици од тули. Пандантифите се ѕидани од хоризонтални редици тули со исфрлување на секој следен ред. Над нив се надѕидани шест редици тули во форма на неправилна елипса. Ваквата деформација е постигната со невооедначено исфрлање на хоризонталните редици тули, што било условено од правоаголниот поткуполен простор пренесен од основата. Од правоаголната форма на поткуполниот простор произлегла формата на неправилната елипса во *зонаша за йоврзување*, што **Т - 28** **Т - 29**

[318] М. Чанак-Медић, *Архитектура цркве Светог Луке и њени извори*, у: Црква Светог Луке кроз вјекове, Научни скуп поводом 800-годишњице цркве Светог Луке у Котору, Зборник радова, Котор 1997, 35

[319] М. Чанак Медић, *Првобитна замисао куполног дела Богородичине цркве у Студеници*, 28, 29 (со наведената литература)

[320] М. Чанак Медић, *исто*, 28

се одразило на надворешноста на кубичниот простор. Така западната и источната страна на основата на кубето, малку прекршено во правец на надолжната оска на градбата, создавајќи шестоаголник со нееднакви страни, во целост направен од тули, за добро да го прифатат осумстраниот тамбур чии што страни се со еднаква големина. На таков начин решена основата на кубето со својата архаична шестстрана форма и мала височина го потврдува присуството на византискиот мајстор. Основата на куполата, во пнатамошниот развиток на нашето подрачје, ќе претставува значајна стилска компонента на спомениците од рашката школа.[321]

Така организиран поткуполниот простор имал и одредени предности. Правоаголникот од основата, со мали исправки, преку надолжните и попречните лаци е пренесен во поткуполниот простор. Одтука, во зоната за поврзување, со помош на пандантифите и надѕиданите шестте редици од тула, со исфрлање на тулите во просторот, се врши корекција на аглите и страните на правоаголникот создавајќи ја неправилната елипса. Елипсата со својата форма можела полесно да го прифати кружниот тамбур. Заради ваквата постапка пречникот на кружниот тамбур е многу помал од широчината на градбата, што, заедно со правоаголните основи на травеите, претставува уште една особеност на постарите градби.[322] Така концепирана зоната за поврзување[323] овозможила правоаголникот од основата да се трансформира во кружната основа на куполата. Ваквото решение открива дека градителите се угледале на солунската Св. Софија од средината на VII или VIII век.[324] На градителот на Латинската црква не му било непознато знаењето на градителот на Св. Софија. И кај Св. Софија, над правоаголната основа е изградена купола чија што супструкција, како и во Матејевац, е во форма на еднакво неправилен круг кој се доближува до елипса. Причината за тоа при обновата на црквата била правоаголната основа која ја изнудила постапката до која што дошол архитектот на Св. Софија, а вешто го

[321] А. Дероко, *Монументална и декоративна архитектура у средњовековној Србији*, 56; Ј. Нешковић, *Ђурђеви Ступови у Старом Расу*, 147

[322] Ј. Нешковић, *Исто*, 147

[323] Тоа е причината поради која Нешковиќ ја вбројува во градби со невообичаена конструкција на купола.

[324] C. Mango, *Architettura bizantina*, Venezia 1974, 161, сл. 175/6; В. Кораћ, М. Шупут, *нав. дело*, 99-101, сл. 85

забележил и мајсторски го превземал и реализирал архитектот на Латинската црква.

За жал, во текот на конзерваторските интервенции не биле воочени податоците за првобитната форма на тамбурот. На работ од сочуваната половина од прозорецот на тамбурот јасно се гледа исфрлувањето на редиците од тули кон внатрешноста, за елипсата да се скуси во круг, но при изведувањето на работите тамбурот бил преѕидан во форма која што не се поклопува со првобитната. Според првобитното решение црквата во Матејевац треба да се вброи во група објекти со елипсовидна супструкција, но со кружна основа на тамбурот и со тоа да се исклучат сите можни размислувања врз основа на сегашната елипсовидна форма на куполата на црквата.[325]

Тамбурот на куполата од внатре е кружен, а однадвор има осумаголна форма. Еднаквите страни се потпираат на шестстраното подножие на кубето произлезено од елипсовидната зона за поврзувае. Аглите на тамбурот на црквата во Матејевац се оријентирани на специфичен начин, во правец на главната надолжна оска на градбата. Преку успешното усогласување на прекршувањата на страните на тамбурот и подножјето, централниот дел од градбата бил особено нагласен. Тој детал, аглите, а не страните, да се во правец на главната оска на градбата, се смета дека потекнува од исток.[326] Тамбурот е ѕидан со вообичаената византиска постапка која се состои од наизменично сменување на каменот и тулата (opus listatum). Страните му се оживеани со слепи аркади чии што лаци се врамени со радијално поставени тули, а тие, пак, се со венец составен од хоризонтално вѕидани тули. Секоја втора аркада е пробиена со прозорски отвор (вкупно се четири). Кубето е засводено со калота со еднореден запчест поткровен венец. **Т - 31**

Внатрешниот простор на градбата најдобро го отсликуваат *кровните површини* во чиј што пресек е куполата. Тие со својота крстообразна форма и со крациите од крстот ограничени со калкани ја откриваат градбата од **Т – 32,сл.1**

[325] И ова е непосредна потврда на нашата анализа, бидејќи, најверојатно, елипсата на кубичниот постамент погрешно ги усмерила мајсторите во текот на конзерваторските работи.
[326] G. Millet, *L`ancient art Serbe*, 54; А. Дероко, А. Дероко, *Монументална и декоративна архитектура у средњовековној Србији*, 16-17

типот на стеснет впишан крст. Под покривот се протега карактеристичен венец од еден ред тули поставени на “заб”.

Во храмот се влегувало од запад. *Влезнаша враша* не е исцело зачувана. Она што е видливо, а тоа се остатоци од дрвената архитравна греда во ѕидот, упатува кон едноствно решен правоаголен влез каков што го затекнал Ф. Каниц.[327] Денес, тој е лачно обликуван.

*Прозорциѿе* се распоредени така што светлината продира во црквата низ четири куполни прозорци, еден апсидален прозорец и ист таков во внатрешноста на средишната ракада на јужниот ѕид. Прозорците се типично средновековни, тесни и издолжени, конусно оформени во масата на ѕидот. Тие на апсидата и на јужниот ѕид, однадвор се рамно завршени, а внатре се лачно оформени. Во куполата прозорците се полукружно надвисени. Треба да се забележи дека во внатрешноста на црквата, низ ваквите прозорци продирала редуцирана светлина и создавала посебна атмосфера. Слабата осветленсот и мистичната игра на светлосните снопови е идеал на монашките заедници во желба со концентрација да ги допрат божанските височини. На овој степен на истраженоста не е можен сигурен одговор на прашањето дали Латинската црква припаѓала на манасдтирски комплекс. **Т – 32,сл.2**

*Начиноѿ на ѓрадењеѿо*

Црквата е вешто градена, така како што работата најдобрите мајстори кои се ангажираат за изградба на репрезентативни градби. Во текот на конзерваторските работи, во внатрешноста на ѕидните маси се затекнати остатоци од дрвените греди и констатиран е нивниот распоред. Низ целото кубе и по средината на ѕидните платна во висина на долниот раб на слепите аркади, бил провлечен дрвен *ссрклаж*. Гредите се взаемно вкрстени под прав агол на местата каде што масата на ѕидот е поголема, формирајќи осмислена хоризонтална мрежа која во голема мерка придонесува за стабилноста на градбата и е најзаслужна што црквата е сочувана до денес.

[327] Ф. Каниц, *нав. дело,* 180

Ѕидана е на препознатлив византиски начин, со употреба на каменот и тулата, при што тулата превладува.[328] Така било дојдено до боените и светлосните ефекти заедно со керамопластичната декорација. Интересна е *техниката на градењето* која што може да се употреби за одредувањето на времето на градењето на објектот. За ѕидањето на црквата се користени црвено и жолто печени тули со приближно иста големина (30x30x5см). Врзивото е хидростатен (водонепропусен) малтер составен од вар, песок и ситно толчена тула. Поврзувањето меѓу редиците тула се изведувало со закосени спојници од малтер вовлечени околу 3 см од работ на горната тула, а доаѓаат до самиот раб на долната тула. Должината на косината варира од 1,5 до 2 см, а нивната височина е приближно еднаква на дебелината на тулата, анекаде и поголема. Судејќи според дебелината на тулите и височината на спојниците од малтер, може да се заклучи дека е во прашање објект изграден секако по IX век.[329] Ѕидање со закосени спојници од малтер се среќава во X век во портикот на Св. Софија во Солун.[330] Можеби не е случајно ѕидањето со конусно профилирани спојници од малтер да се среќава во црквите Панахрантос (Фенери Иса џамија) и во Мирелион (Бодрун џамија) од IX век - што, всушност, го одразува манирот на целата рана фаза на средновековното градителство во Цариград.[331], Според тоа, ѕидањето со закосени спојници од малтер може да му се припише на XI век.[332] Таквиот начин на ѕидање придонесува играта на сенки на фасадите да дава особен ефект.

T - 33

Рабовите на фасадите на латинската црква се зајакнати и израмнети со големи тесани блокови од сига. Блоковите се поставени на речиси еднаква оддалеченост, во размак од 90см, и тоа особено прецизно на источните агли на црквата.

---

[328] Примената на каменот и тулата е свјствена за Цариград, Италија и балканските провинции - C. Mango, *op. cit.,* 11. Во средбата на двата материјали, каменот и тулата, на цариградските и солунските мајстори со локалните градители, според проф. Кораќ, се создал специфичен начин на ѕидање, од мије наречен cloisonné - В. Кораћ, *Белешка о начину рада византијских клесара у XI веку*, у: Између Византије и Запада-одабране студије о архитектури, Београд 1987, 49

[329] R. Krautheimer, *op. cit.*, 305

[330] *Ibidem,* 289

[331] *Ibidem*, 382/3

[332] *Ibidem,* 385

Внатрешниот простор на градбата е оформен од разнородни сводни и лачни конструкции. За разлика од надворешноста, ѕидањето тука е изведено воглавно во тула. Каменот се јавува на височина од 1м од денешното ниво на подот и во отсечките на прислонетите лаци кои се исполнети со претежно правилни квадри од сига, разделени меѓусебе со хоризонтални редици тули.

*Ентериер*

Во внатрешноста на храмот, во просторот на проскомидијата, се наоѓа една мала квадратна ниша (35x45см) поврзана со испуст со една уште помала ниша (30x30см) на северниот ѕид. Положбата на нишитебила условена од одредени литургиски потреби од времето на изградбата на црквата. На северната и јужната страна, на два метри од нивото на подот, отпосле биле направени вдлабнувања кои, во еден момент, служеле за зацврстување на олтарната преграда. **Т - 34**

*Заклучок*

Спомениците од XI и XII век на нашето културно подрачје се значајни како дел од византиската провинциска архитектура од една страна, а од дрга страна тие претставуват и база врз која се развило српското средновековно градителство.[333]

Црквата во Матејевац ги поседува сите елементи карактеристични за средновизантиските цркви во форма на стеснет впишан крст. На квадратна основа со помали димензии е поставено кубе со низок тамбур,[334] и со пречник помал од широчината на наосот.[335] Полихромниот ефект постигнат со употреба на камен и тула го отсликува тогашното византиско градителство.[336] Во прилог на тоа говори и надѕидувањето во форма на неправилна елипса, чии што надворешни форми резултираат со архаични, неразвиени постаментот на кубето и кубето, што се јавува уште во

---

[333] В. Кораћ, *О природи обнове и правцима развоја архитектуре у раном средњем веку у источним и западним областима Југославије*, ЗРВИ 8/2, (Београд 1964), 211

[334] Ђ. Бошковић, *Извештај и кратке беседе са путовања*, 186

[335] J. Нешковић, *Ђурђеви Ступови у Старом Расу*, 152

[336] A. Grabar, *Vizantija*, Novi Sad 1969, 92; А. Дероко, *Монументална и декоративна архитектура у средњовековној Србији*, 13

рановизантиската уметност.[337] Барањето на примери за углед во оваа архитектура е еден од карактеристичните белези на нашето градителство од преднемањиќскиот период.[338] Забатите зајакнати со прислонети лаци на северната и јужната страна се карактеристичниза византиската архитектура од XI и XII век.[339] Рашчленетоста на страничните фасади со двостепени слепи ниши кои одговараат на распоредот на травеите, и која во подоцнежните времиња ќе ја изгуби врската со внатрешниот склоп на градбата, на посреден начин упатува на нејзината старост и на цариградската архитектура.[340] Доколку употребата на античката сполија може да се разбере како тежнеење кон скулптуралната декорација, тогаш и според тоа Латинската црква се вбројува во групата на споменици од XI век.[341] Клеточниот систем на ѕидањето[342] и запчестиот венец се сродни со грчките споменици од крајот на X и првата половина на XI век,[343] а ѕидањето со закосени спојници од малтер може најпрво да му се припише на XI век.[344]

Латинската црква во горњи Матејевац има единствена архитектонска замисла. Во техниката на градењето тоа се гледа во правилното сменување на слоеви од тула и слоеви со наизменично ѕидање со камен и тула. Целосната поврзаност на пиластрите со страничните ѕидови ја потврдува едновременоста на нивното градење. Тоа значи дека црквата во Матејевац е изградена според една замисла и во еден здив.

---

[337] Во ранохристијанската архитектуира, со засекување на страните на квадратот се доаѓало до неправилен круг што е направено и во Св. Софија во Солун: Ђ. Бошковић, *Архитектура средњег века*, Београд 1976, 79. Во Матејевац со корекција на аглите на правоаголникот се дошло до неправилна елипса.

[338] Đ. Stričević, *La renovation du type basilical dans l`architecture ecclésiastique des pays centrals des Balkans au IX^e - XI^e siecles,* Actes du XII Congres international d`etudes Byzantines I, Beograd 1963, 165-211

[339] М. Чанак Медић, *Првобитна замисао куполног дела Богородичине цркве у Студеници*, 30

[340] В. Кораћ, В. Кораћ, *Једнобродна црква са куполом у византијској архитектури XI и XII века,* Између Византије и Запада, Београд 1987, 83; A. Grabar, *op. cit.*, 90

[341] И. Николајевић-Стојковић, *Прилог проучавању византијске скулптуре од X до XII века из Македоније и Србије*, 161

[342] Г. Суботић, *Керамопластични украс*, у: Историја примењене уметности код Срба, Београд 1977, 43,44. Клеточниот систем на ѕидање е карактеристичен за средновизантиските градби во Грција, но не е познат на друго место во Цариград - R. Krautheimer, *op. cit.*, 367, 385

[343] *Ibidem* 396

[344] *Ibidem*, 385. Според најновите истражувања на Срѓан Ѓуриќ, втората градителска фаза на црквата Св. Прокопие во Прокупље ја претставува ѕидањето со правилни редици тули со закосени спојници, кое, според откриената фреска, може да се датира во првата половина на XI век: Г. Милошевић, С. Ђурић, *Црква Св. Прокопија у Прокупљу*, 89, 96, 99. Треба да се има предвид и одредената сличност во техниката на ѕидањето помеѓу црквата во Матејевац и црквата Св. Богородица кај Куршумлија: Б. Вуловић, *Црква Св. Николе код Куршумлије*, Зборник архитектонског факултета III, Београд 1957, 13, 14

Како една од првите градби што настанале по повторното воспоставување на византиската власт во XI век, таа е, најверојатно, дело на византиски мајстори кои работеле по налог на некој локален достоинственик. Врската со архитектурата во престолнината може да се претпостави заради конструктивниот склоп на градбата и структуралната обработка на фасадата. Соодветен пример во Цариград недостасува заради малиот број сочувани споменици.[345] Сепак, со малку повеќе напор, ехото на овој тип градби може да се согледа во структурата на цариградската црква Хора (Карије џамија), од почетокот на XII век, со наосот наткриен со купола.[346] Правоаголниот простор е формиран од масивни ѕидови со прислонети пиластри со лаци на кои што се потпира куполата. Единствено на тој пример можно е да се согледа споменот на црквата со стеснет впишан крст, кави што во Цариград, без сомнение, ги имало многу повеше, а чии што реплики среќаваме во провинциите.

Од друга страна, начинот на ѕидањето со наизменични редици од камен и тула,[347] како и "клеточен" систем на ѕидањето и расчленувањето на псидата со запчест венец, упатуваат на Грција. Сите градби од XI век во Атина (црквата Св. Апостоли на Агората, црквата на Спасителот Ликодиму, црквата Св. Теодора, црквата Капаникареа, освен манастирот Дафни со фасадите изведени во системот cloisonné, од XI - XII век во провинцијата Пелопонез Св. Сергеј и Вакх, Св. Архангели, Св. Созон (Гераки), во северна Грција Св. Апостоли (Каламата), црквата Св. Богородица Кубелидики во Костур),[348] се со купола во средината и без пластичен украс. Единствен украс им се запчестите редици кои на различни места ја опкружуваат градбата.[349]

Група сродни градби од XI век, со стеснета варијанта на впишан крст, (три травеи, купола во средината потпрена на страничните прислонети лаци) **Т - 35** среќаваме и на *Кипар*.[350] Св. Јован Хризостом, црквата на Христос

[345] В. Кораћ, *Једнобродна црква са куполом у византијској архитектури XI и XII века,* 83; A. Grabar, *op. Cit.*, 90; Б. Вуловић, *Црква Св. Николе код Куршумлије*, 14
[346] C. Mango, *op. Cit.*, 246, сл. 263, 264, 265
[347] В. Кораћ, *Белешке о начину рада византијских клесара у XI веку*, 49
[348] *Καστοριανα Μνημεια*, Καστορια 1995, 18
[349] A. Grabar, *Vizantija*, 95, 96
[350] В. Кораћ, *Једнобродна црква са куполом у вазинтијској архитектури XI и XII века*, 78, сл. 3,4. В. Кораћ, М. Шупут, *нав. дело*,, 201

Антифонитис, Св. Апостоли во Перахори, Св. Димитрие кај Левкозија, Св. Никола во Какопетрија, Панагија Аракус во Лагудера.[351] Со својата основа и елипсестата супструкција на куполата над правоаголникот, до Латинската црква најмногу се доближува кипарската црква Св. Ѓорѓи Афентрик кај Карпаси.[352] И повторно на остро, на *Крит.* Црквата на Богородица во Мирокефала од XI век, Хромонастири во областа Ретимнона, а особено црквата Св. Никола кај Кириаксел од XI век, чија што структура е денкавана на структурата на Латинската црква во Горњи Матејевац. Еднакво елипсеста супструкција на куполата ја има и црквата Св. Петар во Калвиа Кувари во Атика.[353]

**Т–35, сл.1,2**

**Т - 36**

Византиската архителтонска традиција се огледа и во јужна Италија како што е црквата Св. Архангел на Рипар или Св. Петар во Балсињан и Св. Маргерита во Бишле од крајот на XII век.[354] Препознатливата византиска структура се согледува во еднокорабната основа со купола на страничните прислонети лаци потпрени на пиластри.[355] Внатрешноста ја откриваат двостепените аркади на фасадите кои, заедно со запчестите венциод тули, ја красат црквата, додека на нејзиниот внатрешен склоп добро укажуваат крстообразните кровни површини,[356] токму така како што тоа го извел градителот на Латинската црква.

**Т - 37**

Речиси идентичните цркви во Ниш и на Крит го усмеруваат нашето размислување кон претпоставката дека на градителот на Латинската црква не му биле непознати црквите со стеснет впишан крст и купола од просторот на Егејот и воопшто, средновизантиското градителство на грчките острови.

Во другите области на Грција (Св. Петар во Калвина Кувари, црквата во Апидија)[357] и кај нас.[358] По својата структура и архитектонската

---

[351] A.H.S. Megaw, *Byzantine architecture and Decoration in Cyprus: Metropolitan or Provincial,* Dumbarton Oaks Papers 28 (1974), 81-85

[352] В. Кораћ, М. Шупут, *нав. дело,* 204, сл. 251

[353] В. Кораћ, *Једнобродна црква са куполом у вазинтијској архитектури XI и XII века*, 80, сл.2

[354] В. Кораћ, *Једнобродна црква са куполом у вазинтијској архитектури XI и XII века*, 77; В. Кораћ, *Црква Св. Марије на Мљету*, у: Између Византије и Запада-одабране студије о архитектури, Београд 1987, 183-185, сл.2.; А. Дероко, *Монументална и декоративна архитектура у средњевековној Србији*, 36-37

[355] В. Кораћ, М. Шупут, *нав. дело,* 204, сл. 208, сл. 255,256

[356] K. Gallas, K. Wessel, M. Bourboudakis, *Byzantinisches Kreta*, München 1983, 243-249

[357] E. Diggve, Crkva *Sv. Luke na otoku Lastovu,* 74, сл. 7

обработка и тие се врзуваат за примерите од престолнината.[359] Ова архитектонско решение се проширува и врз територијата на Грција, а оттаму и врз Балканските провинции.

Во Бугарија, црквите од типот на стеснет впишан крст можат да се групираат во една целина.[360] Во неа се вброени и еднокорабните цркви без купола, за што не наоѓаме соодветно оправдување, освен привидната сличност на основата и декоративните детали на фасадата. Едноставна еднокорабна црква претставува сосема поинаква концепција на храм и во суштина се разликува од црква во форма на стеснет впишан крст со купола. Затоа, со исклучок на бачковската костурница, треба да се спомне црквата на Богородица Петричка и Бојанската црква од XI век,[361] и двете од типот на цркви со стеснет впишан крст и купола.

На овие наши простори е многу мал број на зачувани византиски градби од преднемањиќскиот период. Одреден дел од црквите наликува на црквата во Матејевац според основата во форма на стеснет впишан крст: Стара Павлица на Ибар, датирана во IX - XI век, а за која е приметено дека во извесна мера го следи примерот на Св. Софија во Солун,[362] Св. Ѓорѓи во Звечан и Кацапун кај Врање.[363] **Т - 38**

На просторот на Македонија тоа се Св. Ѓорѓи во Горен Козјак. кој е во форма на стеснет впишан крст, од втората половина на XII век,[364] Св. Леонтие во Водоча и црквата во Дреново кај Кавадарци од XI век.[365] **Т – 39, Сл. 1**

Од друга страна, кон тие градителски текови што се простирале низ провинциите припаѓаат и црквите на источното *јадранско приморје*

---

[358] В. Кораћ, *Еднобродна црква са куполом у византијској архитектури XI и XII века,* 78, 80 са литературом

[359] В. Кораћ, М. Шупут, *нав. дело,* 153/4

[360] *Исто*, 213

[361] *Исто*, 217, сл. 269, 276; К. Миятев, *Архитектура в средновековна България*, София 1965,183, 184

[362] Bošković, *L`église de Sainte-Sophie á Salonique et son reflet dans deux monuments postérieurs en Macédoine et en Serbie*, Archaeologia Jugoslavica I, Beograd 1954, 110-115

[363] G. Millet, *L 'ancien art serbe,Les eglises*, 41-46; В.Ј. Ђурић, *Почеци уметности код Срба*, 241

[364] Д. Коцо, *Неколку нови податоци за средновековните споменици во Македонија*, Гласник музејско-конзерваторског друштва на Н. Р. Македонија, Старинар, н.с., III-IV, Скопје 1954, 9-11

[365] Ј. Нешковић, *Ђурђеви Ступови у Старом Расу*, 136/137. Во рамките на црковниот комплекс Св. Леонтие во Водоча се наоѓаат две репрезентативни цркви во форма на впишан крст со купола, од кои постарата е можеби од XI век - М. Јовановић, *О Водочи и Вељуси после конзерваторских радова*, Зборник на штипскиот наред музеј I, (Штип 1959), 125-129; В. Кораћ, *О природи обнове и правцима развитка архитектуре у раном средњем веку у источним и западним областима Југославије*, 13, 14

(далматинските цркви),[366] макар што В. Кораќ ги одделува и покрај тоа што вели дека имаат иста замисла на архитектонскиот простор.[367] Мислиме дека и тие дале свој придонес, се разбира локален, во простирањето на овој тип на градби, како и тие од грчките острови и Егејот кои по форма се блиски на оние од источниот Јадран [368] и во балканските провинции на Македонија, Бугарија или Србија. Од осмата деценија на XI век потекнува и придворната црква на кралот Миахаило, посветена на Св. Михаило.[369] Тоа е препознатливо византиска еднокорабна црква од типот на стеснет впишан крст и купола над средишниот травеј. Понатаму, црквите од XI - XII век: Црквата Ц во Ратац, Св. Лука во Котор, Св. Тома во Кути.[370]

**Т – 39, Сл.2,3,4**

Градителските влијанија на овие простори доаѓале и преку јадранското крајбрежие и непосредно од исток по копнен пат. И едните и другите, со општа типска сличност, го носеле со себе византискиот концепт и византискиот начин на градење на црква, кој некогаш бил помалку, а некогаш повеќе видлив. Тогашните локални градители во двете виделе типишни византиски градби и подеднакво земале елементи што му припаѓале на византиското градителство и нивното знаење.[371]

Макар што црквата во Матејевац е дел од византиското градителство, таа е само една од неговите провинциски варијанти.[372] Каде е местото на оваа црква во спомнатата група на стилски сродните споменици? Според основата, конструктивниот склоп, стилските детали и формите на покривите, техниката на ѕидањето, а особено според полихромната обработка на фасадите изведена со употреба на камен и туле, таа недвојбено упатува на архитектурата која посилно се развивала на подрачјето на Грција, Македонија и Бугарија. Според начинот на ѕидањето и керамоплстичната декорација на фасадите, претпоставуваме дека

---

366 G. Millet, *L 'ancien art serbe, Les eglises*, Paris 1919, 44

367 В. Кораћ, *Једнобродна црква са куполом у вазинтијској архитектури XI и XII века*, 80

368 В. Кораћ, *Архитектура раног средњег века у Дукљи и Зети. Програм простора и порекло облика*, у: Између Византије и Запада-одабране студије о архитектури, Београд 1987, 31

369 И. Стевовић, *О првобитном изгледу и времену изградње Св. Михајла у Стону*, ЗРВИ XXXV, Београд 1996, 175-195

370 В. Кораћ, *Архитектура раног средњег века у Дукљи и Зети. Програм простора и порекло облика*, у: Између Византије и Запада-одабране студије о архитектури, Београд 1987, 32, сл. 5

371 Lj. Karaman, *Pregled umjetnosti u Dalmaciji*, Zagreb 1952, 20; T. Marasović, *Regionalni južnodalmatinski kupolni tip u arhitekturi ranog srenjeg vijeka*, Beritićev zbornik, Dubrovnik 1960, 33-47; В. Кораћ, *Црква Св. Марије на Мљету*, 213-226; В. Кораћ-В.Ј. Ђурић, *нав. дело,* 591/2

372 В. Кораћ, *О природи обнове и правцима развоја архитектуре у раном средњем веку у источним и западним областима Југославије*, 211

Латинската црква настанала под византиското влијаније од Грција. Тоа е градба од централен тип чиј што пример за углед треба да се препознае во на Ниш блискиот Солун, односно црквата Св. Софија. Црквата во Матејевац припаѓа на ланецот на цркви во форма на стеснет вписан крст, по потекло од Византија,[373] распространет низ јужното (а делумно и средното) приморје,[374] чија што традиција ќе се продолжи во рашката архитектура. Дали на просторот на Ниш, во средиштето на Балканот, овој тип на градби дошол од јужна Италија и Далматинското приморје или непосредно од средиштето на византиското монументално градителство, преку Солун и околните византиски провинции? На мислење сме дека двата пата имале подеднакво важна улога во простирањето на куполните градби со стеснет вписан крст на териториjата на Ниш. Но и обратно, градителството на Ниш зрачело кон источниот Јадран и во внатрешноста на континентот. Како и да било, изворот на ова архитектонско решение е ист. Големите византиски културни центри, Цариград и Солун, и грчките острови кои го прифатиле тоа решеније и, се чини, биле најзаслужни за неговото раширување на областите на Италија и Далмација и подалеку, додека Солун зрачел во внатрешноста на Балканот формирајќи уметнички пунктови, каков што бил Ниш, и чии што достигнувања продирале во длабината на континентот.

Не може да се рече дека Латинската црква претходела или била прототип, но таа секако била во видокругот на градителите чија што дејност подоцна ќе се нарече рашка стилска група и на која што јасно можат да се согледаат влијанијата кои доаѓале по наведените патишта. Овој тип на градба морал да има свое место во развитокот на рашката школа, но тоа искача од рамките на овој труд.

Во досегашното датирање на црквата во Матејевац, неоспорна е согласноста на мнозинството околу нејзината припадност на преднемањиќскиот период. Најголемиот број автори ја сместува нејзината

---

373 В. Кораћ, *О природи обнове и правцима развоја архитектуре у раном средњем веку у источним и западним областима Југославије*, 213

374 E. Diggve, Crkva *Sv. Luke na otoku Lastovu,* 74; T. Marasović, *Regionalni južnodalmatinski kupolni tip u arhitekturi ranog srednjeg veka (tipološki osvrt),* 33-47; Г. Суботић, *Архитектура и скулптура средњег века у Приморју*, Београд 1963, 19-22; J. Нешковић, *Ђурђеви Ступови у Старом Расу*, 147-153 и даље.

изградба во периодот од IX - XI век.[375] Во досегашната аргументација ние го стеснивме времето на нејзината изградба на XI век, односно по 1020 година и по обновата на византиската власт кога нишката епископија била материјално најстабилна. Дванаесеттиот век, како век на нестабилност и војни во нишката област, ни се чини неповолен за изградба на црква оддалечена од сигурните градски бедеми.

На мислење сме дека црквата во Матејевац била подигната токму со обновата на византиската власт во нишката област со што се создала потребата и можност за изградба. Според сето тоа изградбата на Латинската црква треба да се определи во XI век, по 1020 година, можеби по востанието под Петар Дељан (1040 - 1041), кога бунтот го зафатил и Ниш. Размерите на црквата ги откриваат скромните материјални можности, но и желбата на нарачателот и архитектот - проектантот со изградбата на новата градба да се зачува континуитетот на византиското градителство и достигнувањата од уметничките центри од Цариград и Солун да се пренесат во новоосвоените краишта, во далечната провинција. Можеби причината што црквата по изградбата не била живописана треба да се бара во несигурните времиња што настапиле.

## VIa/2 - ЦРКВА СВ. ЈОВАН ВО СЕЛОТО ОРЉАНЕ

Несистематска и површна истраженост на црковните споменици, покрај веќе постојните двојби, резултирала и со отворање на нови прашања. На патот на разјаснувањето на бројните прашања, особено значајно место завзема црквата Св. Јован на брдото Комига во селото Орљане. И помалите истражувачки работи на архитектурата на црквата отворија можност за овој познат, но недоволно истражен објект да се каже нешто повеќе.[376] Црквата Св. Јован е неделлива од новосогледаната урбана целина која што ја

[375] В. Ђурић, *Историја српског народа* I, 41; В. Кораћ је ставља у преднемањићко доба, значи пре XII века – *Документација завода за заштиту споменика културе Ниш.*

[376] Истражувачките работи се извршени од Заводот за заштита на спомениците на културата - Ниш, под раководство на авторот на овој труд. Црквата Св. Јован е ставена под заштита на Законот со решението на Заводот за заштита и наужно проучување на спомениците на културата, под бр. 543/47 од 17 ноември 1947 година.

препознавме како градот Комплос од повелбатаа на царот Василие II, кој што досега не бил убициран со сигурност.[377]

*Местото и историјата*

Црквата Св. Јован припаѓа на урбаната целина на византискиот град Комплос, подоцнежниот српски Копријан, кој на осумнаесетиот километар од Ниш ја контролирал важната сообраќајница која водела од Ниш, преку Скопје кон Солун, но и крстопатот од кој се двоел патот кон Лѕеш (Lissum). Наспроти утврдениот град Копријан, на левиот брег на реката Јужна Морава, се наоѓало убаво облкувано купестото брдо Комига (270 м). На неговиот врв,[378] од кој се простира поглед на полето Добрич "прекрсано и големо" каде што "многумина од древните цареви страшни битки меѓусебе водеа",[379] се издига црквата сега посветена на св. Јован Претеча.[380]

Историските извори не откриваат постоење на црква на брдото Комига. Се знае дека многу пострадала во српско - турските војни (1876 - 1878), кога ги добила контурите на урнатина. Со големата обнова од 1892 година,[381] на црквата ѝ била вратена функцијата, но не и оригиналните архитектонски форми. Таа година ја обновил некој си Живадин од Ниш како благодарност што на таа кота преживеал бомбардирање.[382] Помали поравки биле направени во третата деценија на XX век кога бил поставен иконостасот и иконите, дело на Ѓорѓи Зографски. Обновата од шестата деценија на истиот век, благодарение на цементниот малтер со кој биле прекриени фасадните платна, во потполност ја задскрила старата градба.

**T - 40**

---

[377] Да се види поглавјето " Положбата и структурата на градот"

[378] Особено се внимавало црквата да биде изградена на издигнато место во првите векови на христијанството - Л. Мирковић, *Православна литургика* I, 81

[379] Данилови настављачи, *Краљ Стефан Урош III*, Београд 1989, 40

[380] М.Ђ. Милићевић, *нав. дело,* 16; Ф. Каниц, *нав. дело,* 175/6; Д. Милутиновић, М. Валтровић, *Извештај уметничком одбору српског ученог друштва*, 461/462; Т. Ђорђевић, *Поред Топлице*, Алексинац 1895, 40, 41; Сретен Л. Поповић, *Путовање по новој Србији*, Београд 1950, 372/3, 262/3

[381] Т. Ђорђевић, *нав. дело,* 40; Митрополит Михаило, *Православна српска црква у краљевини Србији*, Београд 1895, 125; Глас, Црквени календар са шематизмом нишке епархије, Први у православној српској цркви у Краљевини Србији, за 1900.годину, Ниш 1899, 78 Како парохиска црква служела до 1936 кога била осветена црквата Св. Параскева.

[382] Т. Ђорђевић, *нав. дело,* 40 Во таа прилика храмот бил посветен на св. Јован Крстител, бидејќи страта посвета била заборавена, а самото место во народот го нарекувал Црквиште или Градиште - С.Л. Поповић, *нав. дело,* 372

Тогаш или нешто подоцна, била малтерисана внатрешноста на храмот и прекриени скромните фрагменти од стариот живопис.[383]

На северозапад од црквата се наоѓа “лековит” камен за кој се претпоставува дека била испосница на некој монах.[384] На југоисток, во подножјето на брдото Комига постоела уште една црква на чии што темели во 1932 - 1936 година била изградена нова посветена на св. Параскева.[385] Тоа што на релативно мал простор се наоѓаат две цркви, вклужително и преданието за “лековитиот” камен како монашка испосница, отвара можност за постоење на манастирски комплекс на брдото Комига. Дека црквата служела како манастирска укажува податокот од хрисовулот на кнезот Лазар издаден на манастирот Раваница во 1381 година. Меѓу наброените цркви и селата кои се подаруваат на манастирот Раваница наведено е и селото *„Оријани с всјеми мегами села того“*, а веднаш пред записот *„црква Комајаг сти Никола“*[386] Сличноста на името на селото и на брдото кои во записот се наведени едено до друго, упатува дека се работи за денешното село Орљане и брдото Комига на кое се наоѓа нашата црква. Тоа што посветата на црквата е поинаква само ја потврдува нашата претпоставка дека старата посвета на црквата одамна била заборавена, а денешната е можеби од времето на нејзината обнова во втората половина на XIX век. Да го поткрепиме искажаното и со сеуште живото предание, од кое, како што се чини, можело да произлезе името на Курвинград. Според преданието на брдото Комига бил манастир каде што служел многу убав калуѓер со кој се состанувала царицата од Курвинград. Потпирајќи се на преданието, дел од истражувачите црквата Св. Јован ја спомнуваат како манастирска.[387]

---

[383] М. Ракоција, *Новооткривени фрагменти живописа у цркви Св. Јована у Орљану*, Гласник ДКС 23-24, (Београд 2000), 41-46

[384] Без археолошки ископувања не можат да се потврдат ниту податоците од извештајот на парохот Орљански од 10.05.1939 година, дека покрај црквата постоеле крстилница, конаци, штала, сé разурнато во Првата светска војна кога и црквата била оштетена - Т. Танасијевић, *Летопис цркве орљанске*, препис Љ. Поповић, Документација Завода за заштиту споменика Ниш; М.Ђ. Милићевић, *нав. дело,* 356."Издлабен чудотворен камен" го бележи и Ф. Каниц, *нав. дело,* 176

[385] Црквата ја спомнува, но не ја видел Т. Ђорђевић, *нав. дело,* 40/41. Во текот на изградбата на црквата Св. Параскева (1932/36), во урнатините на старата " пронајдени се стари пложи, кандила, крстови и други црковни работи кои потекнуваат од средината на XVIII век" без поблиски податоци - Т. Танасијевић, *нав. дело*, 19

[386] В. Петковић, *Манастир Раваница, Хрисовуља кнеза Лазара*, Београд 1922, 74

[387] М.Ђ. Милићевић, *нав. дело,* 16; С.Л. Поповић, *нав. дело*, 372/3,375; Ф. Каниц, *нав. дело*, 175/6; Д. Милутиновић, М. Валтровић, *Извештај уметничком одбору српског ученог друштва*, 461/462

*Проучување на црквата*

Првите истражувачи на областа на Ниш го откриваат постоењето на црквата Св. Јован на брдото Комига. Ништо повеќе не дознаваме од М.Ѓ.Милиќевиќ кој од “старата црква” видел ѕидови “до три метри високи”.[388] Сретен Л. Поповиќ открива дека “тука има и некакви урнатини за кои се мисли дека се од старински женски манастир”.[389] Остатоци од “манастирот” на брдото Комига ги затекнал и Ф. Каниц,[390] за разлика од Т. Ѓорѓевиќ кој ја видел обновената црква.[391]

Овие скромни податоци одвај да можат да го свртат вниманието кон значењето на орљанската црква. Сепак, благодарение на истражувањата и точните цртежи на двајца врвни познавачи на српската црковна архитектура, Д. Милутиновиќ и М. Валтровиќ, орљанската црква е позната на стручната и научната јавност. Храмот го затекнале пред обновата, па покрај описот направиле перспективен изглед на црквата во акварел, цртеж на основата и пресеци кои што не ја претставуваат затекната состојба него нивната проекција на можниот првобитен изглед на храмот. Од извештајот на Милутиновиќ и валтровиќ, со искрено одушевување, дознаваме дека “разурнатата” црква има “долгнавеста основа со полукружна олтарна апсида”. Ѕидана е од “добро печена тула”, со ѕидови што никаде не се покриени со “леп”, но пријатно оживеани со слепи аркади кои на градбата и даваат „жив рељеф и елегантен изглед“. Значајна е и нивната белешка дека слепите аркади “не се добро поврзани со ѕидовите на црквата”. Со одбрани зборови ги опишуваат затекнатаите остатоци од живописот. Подсетувајќи дека според преданието црквата некогаш била манастирска, претпоставуваат дека “ убавата градба настанала во XIV век”.[392] Само осум години подоцна, Валтровиќ во своето пристапно академско предавање дава поинакво мислење. Сега мисли дека црквата кај селото Орљане, покрај Латинската црква кај Горњи Матејевац, по начинот на градењето и изгледот “потсетува на византиски цркви на некои грчки острови” и веројатно е

**T - 41**

[388] М.Ђ. Милићевић, *нав, дело*, 16
[389] С.Л. Поповић, *нав. дело*, 372
[390] Ф. Каниц, *нав. дело*, 175
[391] Т. Ђорђевић, *нав. дело*, 40
[392] Д. Милутиновић, М. Валтровић, *Извештај уметничком одбору српског ученог друштва*, 461, 462

постара од XII век.[393] Тука уште еднаш го потенцира значењето на орљанската црква, одделувајши ја како посебна форма од која, покрај базиликите и црквата во Горњи Матејевац, треба да се тргне во истражувањето на црквите настанати пред XII век.[394]

Како Валтровиќ така и Г. Мије ја определува орљанската црква како еднокорабна со аркади на фасадите со што ја одредува во крајот на XI или во XII век.[395] Со тоа на орљанската црква ѝ е обезбедено месртото во историјата на византиската архитектура. И В. Марковиќ е на мислење дека е попстара од XII век и дека нема кубе.[396] Во прегледот на В. Петковиќ повторени се забелешките на М. Валтровиќ - дека е еднокорабна и без кубе, постара од XII век.[397] По последното мислење црквата паѓа во заборав. Причината за тоа е во фактот што нејзините немалтерисани фасада последни ги виделе Валтровиќ и Милутиновиќ во времето кога го снимале објектот, што се покажала како недоволно за современата наука. Дури после повеќе од еден век, конзерваторските работи на црквата овозможиле да се согледаат нејзините архитектонско - ликовни особености.

*Состојба пред обновата*

Со елиминирање на подоцнежните интервенции врз архитектурата на црквата можно е да се дојде до нејзиниот првобитен изглед. По разурнувањата во некоја од војните, особено во српско - турската од 1877 година, црквата на брдото Комига добила контури на урнатина. Со обновата од 1892 година бил изѕидан јужниот ѕид и отворена е влезната врата фланкирана со два прозорци. Над средишниот и делумно над западниот травеј бил поставен полуобличест свод. Сето тоа е изведено со тула која според бојата и форматот, а особено според начинот на ѕидањето јасно се одделува од стариот слог. Внатрешните ѕидни површини се малтерисани, со Што се покриени скромните остатоци од живописот. Цементниот малтер што е затекнат на фасадите е рузултат на обновата од шестата деценија на XX век. Неговото отстранување бараше особен напор, намален

**Т - 42**

393 М. Валтровић, *Поглед на стару српску црквену архитектуру*, 34
394 *Исто*, 35
395 G. Millet, *L'ancient art serbe. Les églises*, 45
396 В. Марковић, *Православно монаштво и манастири у средњовековној Србији*, 49
397 В. Петковић, *Преглед црквених споменика кроз повесницу српског народа*, 231, сл. 682

благодарение на веќе познатите цртежи на Валтровиќ и Милутиновиќ.[398] Неспоредливо поедноставно биле исчистени внатрешните површини на ѕидовите прекриени со варов и земјен малтер кој лесно се одделувал и од фрагментите на фреските.

Со отстранување на дивите наслојки од ѕидните површини, уште еднаш се покажала точноста и знажењето на цртежите на Валтровиќ и Милутиновиќ.[399] Благодарение на зачуваниот акварел од 1878 година, јасно може да се одели старото здание од она што припаѓа на подоцнежните поправки. На првобитната градба ѝ припаѓа источниот травеј на црквата со олтарната апсида, полуобличестиот свод и внатрешните пиластри. Северниот ѕид е зачуван до поткровната височина. Зачуван е и западниот ѕид на стариот храм, дел од полуобличестиот свод кој се потпира на него и внатрешните пиластри на западниот травеј. Недостасуваат сводните површини на средишниот травеј кои не ги затекнале ниту првите истражувачи. Јужниот ѕид е зачуван во висина од околу 25 см, со јасно видливи траги од надворешните пиластри еднакво распоредени како и тие на северниот ѕид. Наведените зачувани елементи на храмот за кои недвојбено е утврдено дека според градежниот материјал и начинот на ѕидањето се дел од првобитната градба, припаѓаат на една градителска фаза. Стариот византиски храм е изграден според единствена архитектонска замисла и во еден здив. Подоцна, во времето на изградбата на градот Копријан (1372) и во изменетата атмосфера кон Византија, во втората половина на XIV и почетокот на XV век, црквата била осликана. Тоа е време на одредена стабилност и добра можност старата црква да се поправи пред да се живописа.[400] Интервенциите од тој период можеби е можно да ги препознаеме во формата на лачно засведената ниша над западниот влезен отвор.[401]

[398] С. Богдановић, *Михаило Валтровић и Драгутин Милутиновић као истраживачи српских старина*, Излози српског ученог друштва, Београд 1978, 179,180

[399] М. Ракоција, *О значају истраживања старина Драгутина Милутиновића и Михаила Валтровића у области Ниша и Нишавља*, Нишки зборник 18, (Ниш 1994), 113-120

[400] М. Ракоција, *Новооткривени фрагмнти живописа у цркви Св. Јована у Орљану*, 45

[401] Благодарам на др Слободан Ќурчиќ кој ми укажа на ова можност.

*Замислата на просторот и структура*

Црквата на брдото комига е складна еднокорабна градба во форма на стеснет впишан крст. На источната страна е полукружна олтарна апсида зсводена со полукалота. Пространата и широка апсида, препознатлива кај византиските градби, зафаќа незнатно помала широчина на наосот од длабочината на пиластрите поставени еден наспроти друг и е пониска од источниот травеј. Внатрешноста на храмот е поделена со пиластри на три травеи со различна големина. Источниот и западниот травеј, во форма на издолжен правоаголник, се речиси еднакви. Средишниот травеј е најголем и во форма на квадрат, макар што должината на неговите страни е занемарливо различна (околу 15 см). Источниот и западниот травеј се со иста височина и засводени со полуобличест свод. Отворено е прашањето на кој начин бил надвисен средишниот травеј. Ваквиот различен ритам на травеите е препознатлив за средновизантиските цркви со стеснет впишан крст со купола и внатрешност што се одразува на фасадите.

**Т - 43**

**Т - 44**

*Опис, начинот на ѕидање, архитектурата на фасадните површини,*
*Односот на внатрешната структура и надворешните форми*

Ѕидањето со тула започнува непосредно над земјата и се надоврзува на темелната зона за која можеме да претпоставиме дека е од камен.Од северната и јужната страна тулите се исфрлени во простор за околу 5 см на височина од 40 см, формирајќи го така *цоклето*. Цоклето се простира и на рабовите на источната страна, а го нема во лакот на апсидата. На западниот ѕид цоклето е јасно изразено аголните пилстри , а одвај забележливо на ѕидното платно.

Надворешниот лак на апсидата е оживеан со *слепи аркади* кои не се добро поврзани со ѕидовите на црквата, како и пиластрите на северниот ѕид.[402] Северната фасада, во голема мерка зачувана, е рашчленета со три плитки пиластри. Во тој украс се вклопуваат и двојно пошироките аголни пиластри и заедно формираат четири еднакви полиња. И покрај тоа што горните површини на северниот ѕид се делумно урнати, можно е пиластрите

**Т - 45**

[402] Д. Милутиновић, М. Валтровић, *Извештај уметничком одбору српског ученог друштва*, 461; М. Валтровић, *Белешке с пута*, Старинар српског археолошког друштва 5, књ.4, (Београд 1888), 120 - Ова “ѕидарска грешка” тој ја забележал и на блиската рановизантиска базилика во Ќурина каде ѕидовите не се меѓусебно врзани таму каде што се вкрстуваат.

да биле поврзани со слепи лаци (плитките лезени сега се архитравно споени). Остатоците од старото ѕидање на јужниот ѕид веднаш над земјата, ни го откриваат симетричниот систем на рашчленувањето со помош на лезени, најверојатно поврзани со едноставни слепи лаци какви што постојат на апсифата. Четирите пиластри на апсидата се поврзани со радијално наредени тули, формирајќи пет воедначени полиња во облик на плитки ниши. западната фасада е врамена со плитки аголни пиластри.[403]

**Т - 46**

Пиластрите ја разбиваат монотонијата на рамните ѕидни платна. Тие се со мали димензии, а се состојат од по должина наредени тули (28x17x5см), кои, како што видовме, не се органски врзани со редиците на ѕидното платно, туку само навалени на ѕидот.[404] Ваквите пиластри имале пред сé декоративна улога. На градбата ѝ даваат височина и придонесуваат за монументалноста. Сенките што ги прават ја намалуваат монотонијата и строгиот лик на рамните фасади.

**Т - 47**

Така со лезени оживеаните фасади, само навидум ја разбиваат **внатрешната структура на градбата**. Во внатрешноста, два пара на силни пиластри го делат коработ на три нееднакви травеи, потпирајќи ги навалените лаци на кои, над источниот и западниот травеј се уште стои запазен полутопчест свод. Расчленетоста на страничните фасади со лезени кои, се чини, не ја покажуваат внатрешноста на градбата, била главна причина поради која првите истражувачи дошле до заклучок дека и средниот травеј бил цилиндрично заоблен. Фактите до кои дојде современата наука, базирани врз нееднаквиот ритам на травеите, отвораат можност над средниот травеј да се наоѓало кубе.

**Т - 48**

Во храмот се влегува од запад. Обновената **влезната врата** е во форма на лак и е засечена во ѕидот. Видливото, а тоа е симетричниот распоред на старите тули, упатува на првобитниот правоаголен влез. Над него, како единствен украс на западната фасада, се наоѓа двостепена лачно завршена

[403] Квадратните отвори на фасадата (12 x 12 x 13 см) служеле за зацврстувањето на скелето при обновата на храмот, затоа што се наоѓаат во аглите на забатот кои во таа прилика биле пополнети.
[404] Д. Милутиновиќ, М. Валтровиќ, *Извештај уметничком одбору српског ученог друштва*, 461; М. Валтровиќ, *Белешке с пута*, 120 – Оваа "ѕидарска грешка " ја забележил и на блиската рановизантиската базилика во Ќурлина, каде ѕидовите не се меѓу себе врзани на местата каде што се вкрстуваат. Горните површини на ѕидот се рушевни. Споредувањето со сличните градби во Јадранската приморска област, не наведува да сметаме дека пиластрите биле поврзани со слепи лаци – плитките лезени сега се архитравно споени.

ниша за која претпоставуваме дека припаѓа на обновувата од крајот на XIV или почетокот на XV век. Челото на лакот на полуобличестиот свод само се насетува благодарение на разликите во надѕидувањето при обновувањето на храмот.

Во средината на апсидалната ѕидна маса, точно во оската на градбата, се наоѓа конусно обликуван, лачно завршен, најверојатно, единствениот **прозорски отвор** на храмот. На северниот ѕид немало прозорци. Утврдениот еднаков распоред на пиластрите на фасадата од јужниот ѕид, оневозможува постоење на отвор за прозорец, ниту постоење на уште еден влез во храмот Ова тврдење се базира и врз односот на лезените кон внатрешните пиластри, со што би се растурила композиционата организација на ѕидните платна. **Т - 49**

Во олтарниот дел, просторот на проскомидијата и ѓакониoнот се обележани со помали **аголни ниши**. Две слични ниши со полукалотна форма, и на иста височина, што е реткост, се засечени во северниот ѕид на наосот во аголот помеѓу пиластерот и ѕидот, додека на јужниот ѕид од наосот, заради висожината на зачуваноста не се констатирани. Така на северниот ѕид во внатрешноста на црквата постојат три аголни ниши. Слични ниши во внатрешноста на наосот не се евидентирани на овие простори. Сепак, ако ги споредуваме со истовремените сродни градби на јадранската приморска област, каде што се евидентирани во поголем број, тогаш еднаков распоред на ниши треба да очекуваме и на јужниот ѕид. Улогата на аголните ниши во просторот на наосот, чии што распоред и местото не се случајни, не е доволно јасна. Нивното значење е евидентно и заслужува одделно разгледување, што би овозможило да дојдеме до одговор за нивното потекло и улогата во развитокот на архитектонските форми на црковното и сакралното градителство. За првобитната олтарна преграда не постојат никакви податоци.

***Потеклото и анализата на архитектонските елементи*** мора да се согледаат во контекстот на почитувањето на рановизантиското градителско наследство. Во периодот пред Немањиќи нашето градителство наоѓа

примери во богатото рановизантиско архитектонско наследство.[405] Основниот облик на еднокорабна црква потекнува од најраните денови на христијанството. [406] Најраспространетата форма на храмовите е присутна во сите периоди во историјата на христијанската архитектура. Елементите кои ја сочинуваат секогаш и сегде ги задоволувале основните потреби на литургијата.

Орљанската црква со основа на еднокорабна црква од типот на стеснет впишан крст, чија внатрешност со два пара пиластри е поделена на три нееднакви травеи, од кои средниот травеј по форма е блиску до квадрат, најблиску е до куполестите градби од XI и XII век со потекло од Византија, а распространети по јадранската приморска област. Постои значителна сличност во размерите и основата, како и во градителските постапки, а и според местото на кое е градена, со Латинската црква во Горњи Матејевац од XI век.

**Т – 49, сл. 1**

Еднокорабната црква како основен тип на градби со надолжна основа, наједноставна и најраспространета, предизвикала појавување на други сложени типови. Некои, како нашата, имаат во внатрешноста прислонети лаци кои се потпираат на два пара пиластри, со што коработ е поделен на три травеи, како и кај црквите со купола чие време на настанувањето е XI век. Фасадите се расчленети по вертикали со лезени поврзани со лаци, што се смета за ранороманичка карактеристика. Овој тип на црква, распространет на јужната приморска област и на островите во Далмација,[407] се наоѓа и на подрачјето на централен Балкан. Поради малиот број на зачуваните споменици не му е посветено адекватно внимание во стручната литература. Заради тоа е запоставена важноста на регионот на Ниш во развивањето и ширењето на византиската архитектура. Архитектонскиот план, просторот, структурата и формата на црквата на брдото Комига, укажуваат на заедничката уметност која во XI век била

---

[405] Dj. Stricević, *La rénovation du type basilical dans l'arhitecture ecclésiastique des pays centrales des Balkans au IX - XI siecles,* Actes du XII Congres international d'etudes byzantines I, Beograd 1963, 165-211.

[406] Л. Мирковиќ, *Православна лиӣурīика* I, 79. 80.

[407] В.Ј. Ђурић, *Почеӣци уметности код Срба*, 235/6 са непоменом.

прифатена како во внатрешноста на Балканот, така и во јадранската приморска област.[408]

Во XI век храмовите со стеснет впишан крст биле распространети во византиското царство.[409] Во внатрешноста на Балканот, па и во Нишката област, ги наоѓаме и тие со купола, и тие со полуобличест свод.[410] Во српската приморска област за храмовите со стеснет впишан крст кои се градат до крајот на XI и почетокот на XII век, е утврдено дека потекнуваат од развиените еднокорабни куполни византиски храмови.[411] Тоа најчесто се мали селски цркви со фасади понекогаш расчленети со пиластри.[412] Се наметнува сличноста на црквата во Орљане со оваа група на споменици, особено со црквата Св. Петар во Болсињане и Св Петар на Прико кај Омиш, двете со купола над средишниот травеј. Внатрешноста им е поделена, како и кај нашата црква, со големи пиластри на три травеи, од кои средишниот е со квадратна форма и е најголем. Двете цркви имаат ѕидови расчленети со пиластри и, како кај црквата во Орљане, еднакви аголни пиластри. Рамната површина на западниот ѕид на храмот во Орљане, како и кај ломбардиските градби,[413] наликува на предроманичките споменици од јужната приморска област.[414] На западната фасада челото на лакот на полуобличестиот свод, пред обновата, било препознатливо како карактеристика на византиското градителство, а сега тоа само се насетува. **Т - 50**

Кон препознатливите елемнти на византиското градителство како што се челото на лакот на полуобличестиот свод на западната фасада, куполата над средишниот травеј, апсидата во широчина на одалеченоста на внатрешните пиластри,[415] треба да ги приклучиме и *пиластрите на фасадните површини и нишите во просторот на наосот*. Некои од овие

---

408 T. Marasović, *Regionalizam u ranosrednjovjekovnoj arhitekturi Dalmacije*, Starohrvatska Prosvjeta s. III-sv. 14, Split 1984, 150; В.Ј. Ђурић, *Почетци уметности код Срба*, 230.

409 За генезата и развитокот на црквите во форма на впишан крст - R. Krautheimer, *op. Cit.*, 299-315.

410 В. Корађ, *Једнобродна црква са куполом у византијској архитектури XI и XII века*, 77-85.

411 E. Digve, *Crkva Sv. Luke na otoku Lastovu*, 72-76; V. Korać-V.Đurić, *нав. дело*, 591, са напоменом.

412 В.Ј. Ђурић, *Которске цркве око 1200. године и њихово порекло*, Зборник за ликовне уметности 25, (Нови Сад 1989), 6-19.

413 G. Millet, *L`ancient art Serbe*, 46, 47

414 B. Bezić, *Predromanička crkva Sv. Ivana Krstitelja u Podaci*, Prilozi povjesti umjetnosti u Dalmaciji 25, (Split 1985), 67.

415 Г. Суботић, *Архитектура и скулптура средњег века у приморју*, 20-22; В.Ј. Ђурић, *Которске цркве око 1200. године*, 19.

елементи може и да отсуствуваат. Суштината на византиското градителство е содржана во општата архитектонска концепција на храмовите која што е видлива во куполните цркви со стеснет впишан крст, во просек со исти мали размери. Оваа форма особено била популарна во средновизантиската епоха.[416]

Еднокорабните куполни цркви се јавуваат во XI век, со фасади како кај нашата, често рашчленети со лезени поврзани со лаци, што е прифатено како особеност на романичките градби,[417] но се шири и во внатрешноста на Балканот. Забележано е, но не и доволно прифатено, дека византиските влијанија минувале и по копнен пат преку српските простори, доаѓајќи до јужната приморска област, далматинскиот брег и понатаму на запад,[418] но повеќе се инсистира на спротивното.[419] Тоа, освен Латинската црква во Горњи Матејевац, несомнено го потврдува и архитектонската форма на црквата Св. Јован на брдото Комига до селото Орљане. Со споредување и анализа на архитектонските елементи ќе се обидема да ги откриеме тогашните уметнички движења во кои Ниш завземал важно место.

Особено е битно расчленувањето на фасадните површини со ***пиластри***, чии димензии и начинот на поврзување со ѕидните платна не се во функцијата на стабилноста на градбата. Со складни димензии и сразмерно распоредени пиластрите, покрај декоративната имаат и структурна улога доколку претпоставиме дека постои соодветна поврзаност во горните зони. Така, црквата во Орљане се вбројува во групата на средновизантиските градби на поширокиот простор на Балканот.

Своето потекло пиластрите им го должат на ранохристијанските споменици на кои е препознатливо тежнеењето да се овозможи стабилноста на градбата со изработка на конструктивен систем со силни контрафори. Ваквиот систем со контрафори е редок за ранохристијанската црковна архитектура во Бугарија.[420] Од друга страна, голем е бројот на

---

[416] R. Krautheimer, *op. cit*, 299-315,
[417] В.Ј. Ђурић, *Почетци уметности код Срба*, 236.
[418] E. Diggve, *O crkvi Sv. Petra u Priku, Vjesnik za arheologiju i historiju Dalmatinsku*, svezak LI,(za 1930-34), (Split 1940), 58, 59; В.Ј. Ђурић, *Которске цркве око 1200. године и њихово порекло*, 14, 15, 19.
[419] Г. Суботић, *Архитектура и скулптура средњег века у Приморју*, 29.
[420] Д. Овчаров- Ж. Аладжов - Н. Овчаров, *Големият царски дворец във Велики Преслав*, том I, София 1991, 15, 16.

ранохристијанските цркви во јадранската приморска област со поплитки или подлбоки пиластри, со правоаголна или полукружна форма. Последниве се појавуваат почесто и се сметаат за препознатлива карактеристика на овие простори, а нивниот придонес за појавата на предромaниката е евидентен.[421] Присуството на пиластрите се забележува и во ранохристијанската архитектура во Србија.

Надворешните пиластри со несомнена конструктивна улога во соседната *Бугарија* за прв пат ги среќаваме на трикорабната базилика во Големиот Преслав.[422] Се смета дека потеклото им е од рановизантиските црковни градби и сириско – палестинските мартирии, за кои карактеристичен претставник е мавзолејот во Марусинак.[423] Пиластрите на надолжните фасади се наоѓаат и на манастирската црква во селото Равна кај Варна од средината на XI век.[424] Кај откриените базилики во Плиска, пиластрите имаат пред се декоративна улога. Овие "псевдоконструктивни" пиластри, како и на прв поглед во црквата во Орљане, не го покажуваат внатрешниот склоп на градбата. Прифатено е дека со тоа базиликалните цркви од тоа време се одалечуваат од крстастите цариградски цркви, каде што пиластрите и лаците се јавуваат како продолжение на внатрешната конструкција на комплицираните куполни градби.[425] Во XI век, сличноста со црквата во Орљане ја наоѓаме кај еднокорабната гробна црква на Бачковскиот манастир (1083) чии што фасади се расчленети со слепи аркади од радиално наредени тули, додека во внатрешноста, долж надолжните ѕидови, се наоѓаат пиластри на кои порано се потпирал полуобличест свод.[426] Тука, слепите аркади потпрени на пиластрите немаат конструктивна

---

[421] V. Gvozdenović, *Značaj starohrvatske arhitekture za opću povjest evropske predromanike*, Prilozi istraživanja starohrvatske arhitekture, Split 1987, 139; I. Petricioli, *Prilog diskusiji o starohrvatskim crkvama sa oblim kontraforama,* Hrvatsko arheolosko drustvo, 8, (Split 1984), 225; M. Jurković, *Crkve sa westwerkom na istočnom Jadranu*, Prilozi povjesti umjetnosti u Dalmaciji 26, (Split 1986), 87, 68.

[422] Д. Овчаров- Ж. Аладжов- Н. Овчаров, *нав. дело*, 16.

[423] E. Diggve, Da*s Mausoleum von Marusinac und sein Herkunft*-Actes du IV Congr. inrern. des études byzantines, S, 1936, 221-237; Д.Овчаров - Ж. Аладжов - Н. Овчаров, *нав. дело,* 19; К. Миятов, *Архитектура в средновековна България*, 204.

[424] К. Мияятов, *нав. дело*, сл. 122.

[425] В. Мавродинова, *Култура и изкуство през време на Първата българска държава*, История на българското изобразително изкуство I, София 1976, 69, упореди план 2,4,5,7,8,9. Ова се наметнува врз база на степенот на зачуваноста на градбите кој е малку над темелната зона, оставајќи го отворено прашањето како биле решени горните површини на ѕидните платна.

[426] Е. Бакалова, *Бачковската костница*, София 1977; К. Миятев, *Архитектура в средновековна България*, 204; Н. Чанева-Дечевска, *Един паралелмежду българската и грузинската средновековна църковна архитектура,* Проблеми на искуство 12, София 1979, 36-40.

улога, ниту видлива врска со внатрешната конструкција на градбата, на што особено се внимавало во престолнината. Евидентна е сличноста на црквата во Орљане со еднокорабните храмови со право датирани од XII до XIV век, каде суштествената разлика е во побогатиот керамопластичен украс.[427]

Многу поголем број на базилики со пиластри срекаваме во *јадранскаша приморска обласш.* Така, ранохристијанската црква Св. Мартин (IV - V век) во Придрага ја опкружуваат плитки пиластри. Тие на еднокорабниот наос се простираат до покривот, а на триконхалниот презвитериум меѓусебно се поврзани со слепи лаци.[428] Подоцна, и ѕидните платна на Св. Донат (IX век) во Задар се опкружени со плитки пиластри.[429] Црквата Св. Спас на реката Цетина се сместува во крајот на IX или почетокот на X век, со основата слична на црквата Св. Мартин во Придрага (IV - V век), со наосот зајакнат со големи полукружни пиластри, кои, меѓу другото, и послужиле за ваквото датирање.[430] И на фасадните површини на северниот и јужниот ѕид на црквата во Паник се наоѓаат по пет пиластри, кои, најверојатно, во горните зони преоѓале во лаци, правејќи така низа на слепи плитки аркади. Нејзината основа е препознатлива за предроманичките градби пошироко датирани во XI - XII век.[431]

Во средновизантискиот период, во приморските области, пиластрите се прифатени како препознатлив елемент на цела група споменици, губејќи ја во голема мерка улогата на контрафори.[432] Во XI век, со своите архитектонски форми, организацијата на просторот, расчленувањето на фасадните површини како и архитектонските детали, предроманичките

---

[427] Се наметнува сличноста со црквата Св. Димитрие во Трново, потоа со две цркви на Трапезица (Трново), како и со несебриската црква Св. Параскева - К. Миятов, *нав. дело,*, 198-202, 204, цртеж: 229, 230, 231, 232, 237, 239.

[428] P. Vezić, *Starokršćanska arhitektura u Zadru i na zadarskom području*, Godišnjak zaštite spomenika kulture Hrvatske 12, (Zagreb 1986), 172-174 – кое присуство најмногу се потпира на наследената римска архитектура, а помалку на рановизантиската. На важноста на рановизантиската архитектура повторно укажува В. Кораќ, *О природи обнове и правцима развишка архишекшуре у раном средњем веку у исшочним и западним обласшима Југославије*, Између Византије и Запада, Београд 1987, 15.

[429] P. Vezić, *Crkva Sv. Trojstva (Sv.Donata) u Zadru*, Zagreb 1985,12.

[430] D. Jelovina, *Starohrvatska crkva Sv. Spasa na vrelu rijeke Cetine i groblje oko nje u svjetlu arheoloških istraživanja,* Prilozi povjesti umjetnosti u Dalmaciji, (Split 1990), 39. О датовању објеката са контрафорама на јадранском приморју: I. Petricioli, Oko datiranja umjetničkih spomenika ranog srednjeg vjeka, Gunjačin zbornik, Zagreb 1988, 115-117; I. Petricioli, *op. cit.*, 221-225.

[431] М. Поповић, *Црквина у Панику*, Гласник Земаљског музеја XXVII/XXVIII, (Сарајево 1973), 353.

[432] E. Diggve, *History of Salonitan christianity*, Oslo-London-Paris-Canbridge 1951,136, са напоменом 55.

еднокорабни цркви од таканаречениот јужнодаламтински тип, наликуваат на црквата во Орљане.[433] Од тој период се наметнува сличност со црквите Св. Иван Крстител во Подаца,[434] потоа со црквата Св. Јуре кај Стари Каштел, Св. Михаил над Дол, Св. Илија на Брач, Св. Лука на Ластово и Св. Михаил кај Стон.[435] Црквата во Орљане, без сомнение, е најблиска до црквите Св. Петар во Прико кај Омиш,[436] Св. Петар во Болсињане,[437] Св. Иван Крстител на Лопуд, Св. Димитрие во Конавле, и особено со Св. Томо во Кути.[438] Сите се со куполи и фасади со плитки пиластри распоредени во приближно ист ритам. Подоцна, црквите со сличен план како нашата, со стеснет впишан крст и купола, кои припаѓаат на Которскиот круг на споменици, се сите без пиластри на фасадите и без ниши во внатрешните подлжни зидови на наосот,[439] што може да се земе како terminus ante quem.

**Т - 51**

**Т - 52**

Следењето на рановизантиските примери на просторот на Ниш се согледува и преку пиластрите. Во градот Ниш плитките надворешни пиластри, за кои можеме да претпоставиме дека се простираат над земјата, еднакво распоредени како кај црквата во Орљане, ги има мартириумот на ранохристијанската базилика.[440] Во околината на Ниш па се́ до Царичин град, пиластри од надворешната страна на надолжните ѕидови ги има само рановизантиската еднокорабна базилика во Рујковац.[441] Трикорабната црква во селото Бела Црква, на локалитетот Киш на Косово и Метохија, датирана во 6 век, има еднакво распореден ист број на пиластри како и нашата црква.[442] Во Улпијана(Justiniana Sekunda) откриена е базилика со

**Т - 53**

---

[433] T. Marasević, *Regionalni juznodalmatinski tip u arhitekturi ranog srednjeg vjeka*, 44.

[434] B. Bezić, *op. cit.*,, 68-75. Интересно е дека предниот дел на лакот со полуобличест свод, како карактеристика на визнтинското градителство, не е нагласен тука, а ниту на црквата во Орљане.

[435] Г. Суботић, *Архитектура и скулптура средњег века у Приморју*, 20, сл.4, 5, 6; В. Кораћ, *Архитектура раног средњег века у Дукљи и Зети. Програм простора и порекло облика*, 21-32. И. Стевовић, *О првобитном изгледу и времену изградње цркве Св. Михајла у Стону*, Зборник радова Византолошког института XXXV, Београд 1996, 175-195.

[436] E.Diggve, *O crkvi Sv.Petra u Priku*, 52-66; Isti, *Crkva Sv.Luke na otoku Lastovu*, 72, 73.

[437] B.J. Ѓурић, *Которске цркве око 1200. године и њихово порекло*, сл. 10.

[438] И. Пушић, *Св. Тома у Кутима*, Зограф 17, (Београд 1986), 74, 75, сл. 3 и 5. – со фасади заживеани со лезени и лаци, и со еднакви аголни пиластри, додека во наосот на страничните ѕидови на нишата се и по еден пар пиластри.

[439] В. Ђурић, *Которске цркве око 1200.године и њихово порекло*, 1-20.

[440] Н. Спремо-Петровић, *Пропорционални односи у базиликама Илирске префектуре*, *Монографије* 7, (Београд 1971), 28, Т. IX.

[441] В. Кондић -В. Поповић, *нав. дело*, 155.

[442] *Археолошки преглед* 8, (Београд 1966), 150/1

симетрично распоредени пиластри на надворешната страна од страничните ѕидови.[443]

Марковата црква (Св. Димитрие) блиску до селото Словце кај Ваљево на која не и е прецизно одредена староста, исто така е со пиластри на фасадите поврзани со слепи лаци и со купола над средишниот травеј.[444] Понатаму, сличноста со црквата во Орљане покажува и откриената внатрешност на Кичавската црквичка во Рашка, помеѓу Бијело Поље и Пљевља. Таа е со исти мали димензии (8 x 4м.), со неоткриена надворешност, со внатрешност со два пара на пиластри кои формираат три нееднакви травеи со апсида широка колку длабината на пиластрите. И за неа е забележано дека основата и е слична на црквите од XI и XII век во јадранските приморски области.[445] Малата еднокорабна црква со внатрешни пиластри кај Бољевац блиску до Бијело Поље, по типот е блиску до црквата во Орљане, и се вбројува во стари споменици од IX до XI век. [446] Треба да се спомне и сличноста на нашата црква со храмот Св. Никола во Шуменик, чии што архитектонски форми ги збуниле истражувачите и покрај исправно забележаната сличност со еднокорабните цркви на стеснетиот вишан крст од XI и XII век во српските приморски области.[447] За тоа придонеле и слепите аркади на страничните фасади на црквата Св. Никола во Бољевац, како една препознатлива карактеристика на приморските градби.[448] И скромната еднокорабна црква Св. Богородица на Лим, со плитки фасадни пиласатри, е изградена околу средината на XII век врз традицијата на предроманичките градби.[449]Кај црквата Св. Дух кај Сталаќ, бочните фасади се оживеани со пиластри и по обновувата поврзани со лаци. Поради тоа сеуште е отворено прашањето кога настанала и покрај тоа што во текот на испитувањето на темелите на црквата бил пронајден византиски златник од

Т - 54

---

[443] Lj. Popović, E. Cerškov, *Ulpiana, Predhodni izveštaj o arheološkim istraživanjima od 1954 do 1956. godine*, Glasnik muzeja Kosova i Metohije 1, (Priština 1956), 323-325, 321; Зборник радова Народног музеја 1, (Београд 1958), 354.

[444] М. и Р. Љубинковић, *Археолошки споменици и налазишта у Србији* I, Београд 1953, 89/90.

[445] J. Илић, *Црквица Кичевска*, Зборник народног музеја VIII, (Београд MCMLXXV), 455/6.

[446] А. Дероко, *Монументална и декоративна архитектура у средњовековној Србији*, 38, сл. 29.

[447] Р. Станић, *Црква Св. Николе у Шуменику код Рашке*, Саопштења IX, Београд 1970, 105.

[448] А. Дероко, *Црква Св.Николе код Бољевца*, Старинар, III серија, 7, (Београ 1932), 37-39.

[449] J. Нешковић, *Архитектура и обнова цркве Св. Богородице у Бистрици на Лиму*, Саопштења XXIX, (Београд 1997), 19, сл. 4,5,6, 14.

X век.[450] Плитки пиластри на страничните ѕидови има и старата црква во Липљане за која се мисли дека е изградена врз темелите на некоја византиска градба.[451] И за овие цркви слични на црквата во Орљане, чија старост не е со сигурност утврдена, надвладува мислењето дека се изградени од византинците во периодот помеѓу X - XII век.

Споредбата со сличните градби кажува дека плитките пиластри, препознатливи за средновизантиски градби од балканските провинции, се настанати по пример на локалната ранохристијанска архитектура. Врз основа на тоа може да се заклучи дека кај црквата во Орљане пиластрите на бочните фасадни површини биле споени лачно во форма на четворни прислонети лаци со ист распон, така како што е обработен лакот на апсидата.

***Нишиѿе*** на надолжните ѕидови во внатрешноста на наосот се препознатлива особеност за првите векови на христијанството кај многуте храмови во овој дел на Балканот.[452] Подоцна, кај сите спомнати цркви слични на црквата во Орљане, освен кај Св. Лука на Ластово, во внатрешноста на наосот се наоѓа различен број на ниши со нееднакви димензии. Кај некои во просторот помеѓу пиластрите се наоѓаат по две ниши (Св. Иван во Подаца), кај другите по една (Св. Петар на Прико, Св. Михаило кај Стон), додека кај некои, како во Орљане, се наоѓаат две ниши на северниот ѕид (Св. Јуре кај Каштел Стари). Но, и во Бугарија во селото Виница кај Преслав.[453] Во блиската околина единствено во црквата во Рујковац, која припаѓа на рановизантискиот период, се забележува поголем број на ниши, но во ѕидовите на анексот, а не во наосот како во Орљане, што, најверојатно, било условено од современите литургиски потреби.[454] Земајќи предвид дека нишите на внатрешните ѕидови на наосот се јавуваат во приморските храмови од XI век, а ги нема кај помладите споменици од кругот на Котор, можеме да претпоставиме дека од истите причини во

T - 55

---

[450] Р. Станић, *Средњовековне цркве у Сѿалаћу и околини*, Старинар, XXX/1979, (Београд 1980), 70.

[451] И. Здравковић, *Сѿара црква у Лийљану*, Старинар III-IV, (Београд 1955), 186-189.

[452] За потеклото на нишите во рановизантискиот период – М. Ракоција, *Рановизантијска гробница на свод код села Клисура поред Ниша и кратак осврт на проблем засведених гробница*, Ниш и Византија II, Ниш 2004, 148-157.

[453] Н. Чанева-Дечевска, *Църковната архитектура на първата българска държава*, София 1984, фиг. 84.

[454] В. Кондиħ -В. Поповић, *нав. дело*, 155, сл. 118.

средновизантискиот период тие се сместуваат на внатрешните ѕидови на наосот, каде што ги среќаваме и во црквата во Орљане.

Поголемиот број на ниши во западниот дел на средновизантиските цркви можеме да го објасниме со користењето на рановизантиските примери. Според тоа потребно е да се разгледа потеклото, времето на постанокот и функцијата на нишите во ѕидовите на наосот, особено во црквите каде ги наоѓаме во поголем број. Потеклото и функцијата на нишите во олтарниот простор е позната.

За појавата на нишите во западниот дел на црквата битни се едновремените литургиски промени на Јустинијан и Јустин II од VI век ,[455] кога дошло до преместувањето на ѓакониконот и проскомидијата до олтарот, и до поинаков однос кон обичајот на оставање на храната во црквата за тие што ја немаат.[456] Уште од првите денови на христијанството верниците носеле прилози, како за осветување, така и заради сиромашните браќа (хлеб, вино), за што во црквата постоела наменска просторија кај влезот на храмот. Во VI век во Византија се развиваат особени установи за помош на сиромавите, а праксата на прилози во храна за сиромавите се одделува од богослужбените дејности. Востановена е церемонијата на Великиот вход (влез) – пренос на лебот и виното, а ѓакониот и проскомидијата се преселени јужно и северно од олтарната апсида. Тие литургиски промени, кои видно влијаеле на архитектурата на храмовите, се случиле во 6 век, во време на Јустин II ,[457] или попретпазливо и можеби поточно кажано, околу средината на VI век.[458]

Силната институција на приложување на храната за сиромашните не можела комплетно да се заборави. За да се задоволи потребата сиромашните да бидат дарувани, наместо просториите преместени до олтарната апсида, како еден вид на компромис биле оставани ниши во страничните ѕидови на наосот, ако црквата е помала, или во западните

[455] Џ. Мајендорф, *Византијско богословље*, Крагујевац 1985, 33 – 37 са литературом

[456] Ђ. Стричевић, *Ђаконикон и протезис у ранохришћанским црквама*, Старинар, нова серија IX-X/1958 – 1959, Београд 1959, 60; Th.F. Mathews, *The Early Churches of Constantinople*, University Park and London 1971, 156-162.

[457] Г. Σοτϖριου, 'Ηπρο/υεσι' και διακονικο/νε)ν τη 'αρηαια εκκλϖσια, Θεολογια, Περιδον Β', τομ. Α' (1941), 76-100.

[458] Ђ. Стричевић, *Ђаконикон и протезис у ранохришћанским црквама*, Старинар, нова серија IX-X/1958 – 1959, Београд 1959, 59 – 66 са литературом.

анекси доколку црквата ги имала. Ова, какао што може да се очекува, е препознаено кај градбите во престолнината. Бочните ниши се добро познати кај палеовизантиските цариградски цркви, и се сметаат за препознатлив детаљ во архитектурата на престолнината.[459]

Тука, во провинцијата, рановизантиската црква во блиското село Рујковац е со поголем број на ниши во западните анекси. Трикохалната црква од истото време во блиското село Клисура има ниша во западниот анекс. Во средновизантискиот период присуството на нишите во надолжните ѕидови нé упатува на цариградското градителство. Нивното повторно воспоставување во средновизантискиот период се рефлектирало во нишкиот регион преку црквата Св. Јован во Орљане. Малку подалеку, во Мојсиње, најверојатно исто толку стара црквата Св. Никола во Ѓунис, има ниши во бочните певници.[460] Тоа влијание се ширеше и од исток, преку соседната Бугарија. Убав пример е црквата во селото Виница (кај Преслав) од XI-XII век, со ниши од неконструктивен карактер во наосот и припратата, но и на фасадите.[461] Уште подалеку, кон запад, во јадранската приморска област во тоа време наоѓаме поголем број на цркви со внатрешни ниши во надолжните ѕидови на наосот (Св. Иван во Подаца, Св. Петар на Прик, Св. Михаило кај Стон, Св. Јуре кај Каштел Стари, Св. Тома во Кути). Тоа е уште една потврда за правците по кои се ширеле византиските влијанија и истрајноста на архитектонската традиција.[462]

Сеќавањето на литургиските промени во VI век, кога ѓакониконот и проскомидијата биле преместени до олтарната апсида, а за оставањето на храна биле нишите во наосот или анексите на црквата, се зачувало преку средновизантинкиот период и трае до денес.[463] Во нишите на селските

[459] В. Кораћ, М. Шупут, *нав. дело,* 108, 141,142, 150; на пример кај манастирот на Константин Липса (Фенери Иса џамија), а по Цариградски начин и во Дереази, и во средниот дел на олтарниот простор на манастирот Осиос Лука (Фокида, Грција), црквата на манастирот на Христ Пантократор (Зеире џамија), како и црквата Св. Сергеј и Бакх во Цариград - C. Mango, *op. cit.,* 101.
[460] К. Јов. Јовановић, *Старе цркве у Мосињу*, Старинар, новог реда, година II. 1907, Београд 1908, 157/8 – прв забележал дека улогата на нишите, внатре во црквите или надвор на фасадите, освен тие во олтарниот простор, не е доволно јасна.
[461] Н. Чанева-Дечевска, *Църковната архитектура на първата българска държава*, 117, 119, фиг. 84
[462] М. Ракоција, *О парапетној плочи из Ниша, пореклу и типологији палеовизантијских преграда*, Ниш и Византија, Зборник радова IV, Ниш 2006, 148-151.
[463] Видливите конхи во масата на надолжните ѕидови кај Св. Михаил во Стон, И. Стевовић ги објаснува со угледување на главната градска катедрала (обновена во XI век врз темелите

цркви, во внатрешноста и на фасадата, народот и денес остава вино, погача, масло, пити.[464]

*Техникаѿа на ḡрадење*

Техниката на градење, стилот и ѕидарските работи, припаѓаат на византиското градуителско искуство. Црквата е во целост изѕидана од црвено печени тули, занаетчиски добро наредени. Димензиите на тулите се слични (32 x 20 x 5 и 28 x 17 x 5 см), а дебелината е еднаква на висината на спојниците од малтер. Врзивниот матерјал е хидростатен (водонепропусен) малтер направен од вар, песок и ситно толчена тула, која го дава окер тонот. Редиците тули се поврзани со закосени спојници од малтер, вовлечени 2 - 3 мм во однос на горниот ред на тулите, а се поклопуваат со работ на тулите од долниот ред.

Димензиите на тулите и висината на спојници од малтер која е еднаква на нивната дебелина, се смета за византиска карактеристика[465] и укажува на објект настанал по IX век.[466] Ѕидањето со конусно профилирани спојници од малтер среќаваме во X век во портикот на Св. Софија во Солун. Во XI век ѕидањето со закосени спојници од малтер е констатирано во црквите на Панахрантос (Фенери - Иса-џамија) во Мирелион (Будрум–џамија) – што е прифатено како манир во раната фаза на средновизантиското градителство во Цариград.[467] Во истиот манир, во првата половина на XI век, блиску до црквата во Орљане, изградена е Латинската црква во Горњи Матејевац.[468] Малку подалеку, втората градежна фаза на црквата Св. Прокопие во Прокупље ја прават еднакви редици тули со коси спојници од малтер (дебелина 3-5 см), која според откриената фреска, прецизно се датира во првата половина на XI век.[469] Оттаму, ѕидањето со закосени спојници од малтер и кај нашата црква треба

на рановизантиската базилика) кои, смета, личат на нејзините странични кораби, во што не сме сосема убедени – И. Стевовић, *О првобитном изгледу и времену градње цркве Св. Михаила у Стону*, ЗРВИ XXXV, Београд 1996, 190.

[464] Ђ. Стричевић, *Ђаконикон и протезис у ранохришћанским црквама*, 60

[465] М. Чанак - Медић, *Архиѿекѿура жичке Сѿасове цркве и Радослављеве ѿриѿраѿе*, Саопштења, XXIV, (Београд 1992), 42.

[466] R. Krautheimer, *op. cit.,* 1975,309.

[467] *Ibidem*, 382, 383.

[468] М. Ракоција, *Црква у Горњем Маѿејевцу код Ниша,* 19/20.

[469] Г. Милошевић, С. Ђурић, *нав. дело,* 89, 96.

да се смести во XI век.[470] Така создадениот полихромен ефект на фасадите, карактеристичен за византиското градителство, е постигнат со сменувањето на црвено печени тули и малтер со окер боја, а косината на малтерските спојници, во зависност од аголот на осветлувањето, прави сиво нијансирани сенки. Широките закосени спојници од малтер оставаат впечаток како секоја втора редица на хоризонталните тули да е вовлечена и покриена со малтер, што е препознатлив белег на цариградските градби.[471]

Убаво наредените тули прават минуциозен архитектонски склоп на црквата во Орљане. Целата е ***изѕидана од тули*** во правилни и рамни редици, на начин препознатлив за балканските провинции, каде се простирале тековите на византиската архитектура.[472] И во овој дел од големото византиско царство наоѓаме споменици во целост изѕидани од тули. Малку погоре по водотекот на реката Топлица, византиската црква Св. Богородица обновена од Стеван Немања, исто така целата е изѕидана само од тули. И црквата Св. Никола кај Куршумлија е ѕидана од тули, во ист манир каков што е и во престолнината во средината на XI век.[473] Кај блиската Латинска црква во Горњи Матејевац (XI век) и покрај употребата на камен, сепак преовладува тула. Втората градежна фаза на Св. Прокопие во Прокупље од првата половина на XI век, речиси без исклучок е од тула.[474] Така, користејќи го тој градежен матерјал, и почитувајќи го рановизантиското наследство, овие простори се вклучуваат во тековите на средновизантиското градителство.[475]

---

[470] R. Krautheimer, *op. Cit.,* 385.

[471] На пример као код цркве Христа Пантепопте (Ески Имарет) у Цариграду, с краја XI. века - В. Кораћ, М. Шупут, *нав. дело*, 156.

[472] В. Кораћ, *Белешке о начину рада византијских клесара у XI веку*, 49. Тоа што е изѕидана само со тула покажува дека ја имало доволно благодарејќи на производството во близина. И денес постои активна тулана и коп за вадење земја во близина.

[473] Б. Вуловић, *Црква Св. Николе код Куршумлије*, 3-22; Ђ. Стричевић, *Средњевековна рестурација рановизантијске цркве код Куршумлије*, Зборник радова византолошког института 4, (Београд 1956), 199-211; Б. Вуловић, *Конзерваторски радови на споменицима културе у Топлици*, Зборник заштите споменика културе III, (Београд 1952), 57/58; А. Дероко, *Монументална и декоративна архитектура у средњовековној Србији*, 62.

[474] М. Ракоција, *Црква у Горњем Матејевцу*, 11-15; Г. Милошевић, С. Ђурић, *нав. дело,* 89.

[475] V. Korac, *L'architecture du haut moyen-âge en Dioclée et Zeta, Programme de repartition des espaces et orgine des formes*, Balcanoslavica, 5, (Prilep 1976), 169; В. Кораћ, *О архитектури катедралних цркава XI века на византијском културном подручју*, Између Византије и Запада, Београд 1987, 58. Значаен е досега занемаруваниот податок дека, во регионите каде преовладува каменот како градежен матерјал , фасадите на црквите, како што е таа во Паник - М. Поповић, *Црквина у Панику*, 353 понекогаш се прекриваат со дебел слој на малтер кој содржи толчена тула. Така се добива светло црвена боја која дава впечаток на

*Куполата и идеалната реконструкција на црквата*

Од особена важност, како за согледување на тековите на простирањето на византиската архитектура во балканските провинции, така и за можната реконструкција на црквата е одговорот на прашањето: дали црквата имала купола? Оваа несигурност настанува поради цртежите на Милутиновиќ и Валтровиќ. Нивното повнимателно разгледување не носи до заклучокот дека основата и напречниот пресек одговараат на затекнатата состојба. Надолжниот пресек кој е приложен во 1878 година, не е резултат на затекнатата состојба туку нивната визија и замислениот изглед на црквата. Дека не го нашле, тука нацртаниот, полуобличест свод, потврдува и тогаш направениот изглед на црквата во акварел. Подоцнежните истражувачи на црквата во Орљане, надолжниот пресек го прифаќаат како цртеж настанат врз база на затекнатата состојба. Тоа е причината за прифатеното мислење во стручната литературе дека била засводена со полуобличест свод. Токму така била и обновена 1892 година. По отстранувањето на дивите наслојки од малтер од ѕидовите на црквата и заклучокот дека цртежот на надолжниот пресек преставува претпоставка за изгледот на црквата, се отворило прашањето за точноста на нивната визија на можниот изглед на црквата, како еднокорабна засводена со полуобличест свод. По анализата на архитектурата на црквата, која би била покомплетна да беа извршени археолошки ископувања, а врз основа на просторната организација, структурата, архитектонските поединости, аналогиите, и потпирајќи се на сознанијата до кои дошла историјата на уметноста како наука, може со сигурност да се тврди дека над средишниот травеј била купола. Т - 56

Макар што постои изразена сличност со куполните градби, особено кај основата, првите истражувачи чие што мислење мора да се почитува, сметаат дека била засводена со полуобличест свод. Денес, потпирајќи се на достигнувањата на современата наука, ќе се обидеме да го утврдиме постоењето на куполата над средишниот травеј. Нејзиното просторно решение во целост се совпаѓа со црквите со кубе над средишниот травеј. И Т - 57

---

градби во целост изѕидани од тули, какви што Византинците граделе во престолнината и во внатрешноста на Балканот.

двете мислења се базираат на аргументи кои ако се излагаат систематски може да овозможат одговор на поставеното прашање.

Милутиновиќ и Валтровиќ не би ја превиделе сличноста со Латинската црква во Горњи Матејевац која ја посетиле истата година, кога на црквата во Орљане би имало јасно видливи елементи за куполна конструкција. Тоа што го затекнале, а го потврдува зачуваниот акварел, може да нé упати на црква засводена со полуобличест свод. Можеби ги излажала и расчленетоста на фасадите со плитки пиластри кои се распоредени така што, на прв поглед, не го одразуваат внатрешниот склоп на еднокорабната куполна градба. Со тоа, според нивното мислење, таа се одалечила од структуралистичкиот начин на обработката на фасадните платна, карактеристичен за градби настанати под непосредното влијание на цариградската архитектура.[476] За современата наука, тоа што средишниот травеј е најголем и по основата најблиску до квадрат, е добра причина да се претпостави постоењето на куполата над него.[477] До последново доаѓаме и споредувајќи ја со познатите споменици од истото време на пошироките простори во овој дел од Балканот, особено со тие од Јадранската приморска област.[478]

По својата основа, конструктивниот склоп, градежната постапка, црквата во Орљане има најмногу заедничко со блиската куполна еднокорабна градба со стеснет впишан крст, украсени фасади на кои се осликува внатрешниот склоп на градбата, односносо Латинската црква во Горњи Матејевац.[479]

Единствениот украс на црквата во Орљане се пиластрите и нишите, додека со својот распоред, таков е впечатокот, не ја отсликваат внатрешноста на градбата, оставајќи нé да се сомневаме како завршувале горните зони на средишниот травеј. Сепак, со внимателно набљудување може да се забележи дека лезените се распоредени така што точно го прекриваат просторот на средишниот травеј, на начин што го одделуваат.

---

[476] В. Кораћ, *Једнобродна црква са куполом у византијској архитектури XI и XII века*, 83. Најблискиот добар пример на структурализмот на формите е Латинската црква во Горњи Матејевац.
[477] Ђ. Бошковић, В. Кораћ, *Ратац*, Старинар, VII-VIII/1956-1957, (Београд 1958), 41.
[478] E. Digve, *Crkva Sv. Luke na otoku Lastovu*, 72-76; В. Кораћ-В. Ђурић, *нав. дело*, 591, са напоменом. 65
[479] М. Ракоција, *Црква у Горњем Матејевцу код Ниша*, 12-23.

Просторот кој припаѓа на страничните травеи однадвор е обележан со рамно ѕидно платно помеѓу фасадните и аголните пиластри. Горните површини на надолжните ѕидови се уништени, така што ни оставаат отворена можност фасадните пиластри со својата висина и типот на поврзувањето да можеле уште еднаш да го потенцираат средишниот травеј, над кого, според нашето мислење, треба да се претпостави куполата. Тоа не наведува на заклучокот дека структурата на градбата е соодветна на куполните цркви од XI век.

T - 58

И тоа што нема прозорци на страничните ѕидови, го потпира мислењето дека имало купола со прозорски отвори низ кои светлоста поминувала во наосот. Без единственото можно осветлување одозгора, преку тамбурот на кубето, внатрешноста на црквата би била многу темна. Низ тесниот апсидален прозор, поради олтарната преграда, светлината не можела да дојде до наосот.

Кажаното ни покажува дека над, приближно квадратниот среден травеј на црквата, била купола. Аритмијата на травеите е најјакиот аргумент со кој располага современата наука.[480] Тврдењето базирано врз теорија го поткрепува постоењето на внатрешниот западен пиластер на јужниот ѕид, кој со единаесет редици тули, го надминува новиот прислонет лак на средишниот травеј, со што се подготвува, некаде погоре, да ја прифати поткуполната конструкција. Од друга страна пак, изразениот вертикализам кој произлегува од расчленетоста на фасадите со тенки пиластри, ни покажува дека градителите тежнееле кон височина што се покажува и со куполата над средишниот травеј. Со складното поврзување на фасадните пиластри во горната зона можно е да се најде навестеното решеније кое би одоварало на структуралистичките тежнеења на современите градители.[481]

Анализата на постоечките архитектонски елементи и воспоставувањето на аналогии со спомениците кој превасходно припаѓаат

---

480 В. Кораћ-В. Ђурић, *нав. дело*, 592/3.

481 Забеелешката на Валтровиќ дека "одозгора се меѓу себе споени со полукружни лаци" не е доволно јасна. Според тогаш направениот акварел, не може да се види како завршуваат надворешните пиластри на северниот ѕид, особено не тие кои го покриваат просторот на средишниот травеј. Најверојатно, ако не мислел на лакот на апсидата, во прашање е превид, а според тоа е и направен цртежот на можниот првобитен изглед на храмот со претпоставениот полуобличест свод. – М. Валтровић, *Белешке с ӣуӯа*, 120.

на византиските провинции, води кон заклучокот дека над средишниот травеј се издигнувала купола. Методологијата на проектирањето и модулите на византиските градби од овој тип се добро проучени. Нема двојба во одредувањето на висината на страничните ѕидови и висинскиот однос на куполата и габаритот на градбата. Благодаренје на анализата на архитектурата можно е да се направи студиска реконструкција на храмот. За тоа треба, пред сé, да се земе во предвид блиската Латинска црква во Горњи Матејевац која е со речиси исти димензии, иста основа и тип, односно нејзината “близначка”. Сето тоа со полн респект кон местото кое на црквата Св. Јован ѝ припаѓа во историјата на византиската архитектура во балканските провинции и историјата на нишкиот регион.

T - 59

*Заклучок*

Наведеното ни покажува дека, кога нема сигурни извори, постоењето на традицијата и развивањето на архитектонските елементи можат да бидат од корист во датирањето на објектот.[482] Црквата во Орљане настанала на преминот од XI во XII век, по обновата на византиската власт на овие простори. Отприлика во истото време кога била изградена и нејзината “близначка” – Латинската црква во Горњи Матејевац.

Наведените поединечни примери на палеовизантиската архитектура на поширокото подрачје на централниот Балкан, ги откриваат старохристијанските корени на фасадниот рељеф согледан во бројот и распоредот на пиластрите. Вака изразената усогласена вертикална подела на фасадата е резулатат на почитувањето на внатрешната структура на градбата, за која се смета дека претставува уште еден вид на обновувањето на класичната традиција.[483] Само на прв поглед, поради степенот на зачуваноста, не се согледува внатрешната структура на фасадите. Тоа го потврдува и појавата на внатрешни ниши на надолжните ѕидови на наосот.

Градежна традиција и евидентното почитување на архитектонското наследство од своето опкружување, ја препознаваме и на средновизантиските споменици збогатени со современите достигнувања. И

---

[482] Тоа во најголем дел е можно благодарение на истражувањата и резултатите до кои дошле проф.В. Кораћ и В. Ђурић.
[483] В. Кораћ, М. Шупут, *нав. дело*, 144

сега, како и во ранохристсијанскиот период, тие се резултат на влијанијата кои доаЃѓаат од угледните византиски центри. Ниш бил еден од важните градови на правецот на простирањето на нивното влијание.

Наведената сличност ги намалува типолошките и конструктивните разлики помеѓу предроманичката црковна архитектура на јужниот и среден Јадран од истовремената во континенталните делови на Балканот, укажувајќи на заедничките примери во рановизантиското градителство, кое средновизантиските градители ги затекнале како во приморските области, така и во внатрешноста на Балканот. Потпирањето на постарото градителство е во духот на општата атмосфера на обновувањето, која во XI и XII век превладувала во византиското царство.[484] Големата разлика во градежниот матерјал, во приморските области камен, а во внатрешноста тула, се намалува кога ќе се земе предвид по малку запоставениот податок дека градбите од камен често се малтерисани со малтер измешан со толчена тула.[485] Вака добиениот црвеникав тон оддава доловувал впечаток како градбата да е цела изѕидана со тула, какви, во тоа време, среќаваме на нашите простори.

Црквата Св. Јован, архитектонски конципирана во форма на стеснет вписан крст со купола, ја потврдува точноста на тврдењето дека градителските влијанија се простирале двосмерно, од приморските области кон внатрешноста и обратно, во приморските области зрачат од угледните византиски уметнички центри директно и по копнен пат.[486] До Нишката регија доаѓаат од исток, и си го наоѓаат местото, различни архитектонски облици, слични на тие што ги наоѓаме во уметничките центри во поширокиот простор на Грција, па така и куполните цркви со стеснет вписан крст. Ниш е, покрај Рас, уште еден расадник на уметничките дострели на Византија, нудејќи му на локалното население различни и актуелни мотиви, и подалеку, во внатрешноста на Балкан до далматинскиот брег.[487] Со анализата на заедничките архитектонски елементи, што се

---

[484] В. Кораћ, *О природи обнове и правцима развоја архитектуре у раном средњем веку у источним и западним областима Југославије*, 18.

[485] Констатирано во Црквини во Паник (XI-XII) - М. Поповић, 353, 353. Малтерисани биле и ѕидовите на црквата Св. Лука на островот Ластово (XI-XII) - E. Dyggve, *Crva Sv. Luke na otoku Lastovu*, 65.

[486] В.Ј. Ђурић, *Которске цркве око 1200.године и њихово порекло*, 14, 15

[487] G. Millet, *L`ancient art Serbe*, Paris 1919, 44.

покажало како најисправно, се воспоставуава врската помеѓу Ниш и неговото опкружување со јужните и источните области.[488] Со тоа се потврдуваат спомнатите културни текови произлезени од сличните современи византиски влијанија кои, благодарејќи на угледните примери, го обликувале уметничкото творештво и во регионот на Ниш.

Како дел од провинциското градителство, црквата во Орљане имала важна улога во "византизирањето" на населението и ширењето на уметничките сфаќања, не само во регионот на кој му припаѓа, туку на поширокиот регион одбележен со византиското културно влијание.

## 6а/3 – ЦРКВАТА НА СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН ВО НИШ

За црквата Св. Пантелејмон знаеме благодаренија на археолошките ископувања и скудниот пишан извор. Оттаму, нашите знаења за неа ќе се потпираат на извештајот од арехеолошките ископувања и на тоа што ни го дава пишаниот извор. Врз основа на тоа, земајќи го предвид значењето на црквата, неопходно е свесно превземање на ризик при преиспитувањето на предложениот изворен изглед и повторни усилби за реконструкција на првобитната основа на средноивизантиската црква.

*Место и историја*

Малкуте градежни остатоци на старата црква се наоѓаат педесет метри североисточно од денешната црква Св. Пантелејмон,[489] во градската населба Јагодин Маала. Зарамнетата височинка е добро одбрано место од кое се гледа долината на Нишава, тогашниот и денешниот град. Нејзиното постоење во Ниш, важноста и угледот, но не и точното место каде се наоѓала, ни го открива Стефан Првовенчаниот во биографијата на неговиот татко Стефан Немања. Нагласувајќи ја побожноста и светоста на неговиот татко, Првовенчаниот наведува дека Немања непрестано молејќи се на Христос и Богородицата, праќал подароци на светителите како на

---

[488] В. Кораћ, *О природи обнове и правцима развоја архитектуре у раном средњем веку у источним и западним областима Југославије*, 10.
[489] П. В. Гагулић, *Црква Св. Пантелеја у Нишу*, Смедерево 1963, 10-24.

угодниците Божји. Треба да се забележи, можеби како извесна ограда од грчкото свештенство, дека Првовенчаниот не кажува дека ги дарува манастирите и црквите, туку светителите на кои тие им се посветени "почнувајќи од големата црква Господова во Ерусалим и Светиот Јован Претеча, и во Рим црквата на светите и сеславни апостоли Петар и Павле и Светиот Теодосија во Пустината, и светиот архиерej и светител Николај и чудотворецот во Велики Бар и преславната и секогаш дева Богородица во Евергетида во градот на Константин, и светиот архистратиг Михаил во градот наречен Скопје, на кого и храм му подигна во тоа место, и светиот великомаченик Христов Димитрие во градот Солунски, и светиот и великомаченикот Пантелејмон во градот *Ниш*, на кого и храм му соѕида тука.[490]

Вистина, наведените светители, како и храмовите посветени на нив, имаат важно место во историјата на христијанството. Во тоа угледно друштво се сместува, до тој момент непознат, манастирот Св. Пантелејмон во Ниш, но и манастирот на Св. Архангел во Скопје, за кој е прифатен ставот дека го обновил Стефан Немања.[491] За храмот Св. Архангел во Скопје кој е само обновен од Немања, Првовенчаниот кажува "на кого и храм му *соѕида* тука". Затоа ни се чини точна констатацијата на Василие Марковиќ дека Стефан Немања ја обновил црквата на манастирот Св Пантелејмон во Ниш, исто како и манастирот Св. Архангел Михаил во Скопје. Покрај важните христијански светилишта, Немања дарува два манастири обновени од него, кои се наоѓаат на, до скора, византиската територија. Архитектурата на овие цркви не ни е позната. На тој начин, и со политичка корист, Немања ја нагласува својата градителска активност и го свртува вниманието кон себе како побожен и цивилизиран владетел кој ги почитува христијанските тековини и византиската култура и уметност.

Тешко е да се каже во колкав обем била обновата. Тоа што со гордост е вброена во друштвото на другите угледни храмови, покажува дека интервенциите на црквата Св. Пантелејмон биле големи. Не треба да се исклучи можноста Немања да интервенирал на црквата која предходно византинците ја обновиле, и тоа токму онаа ранохристијанска базилика чии

---

[490] Стефан Првовенчани, *Сабрани списи-живот светог Симеона*, 74.

[491] В. Марковић, *нав. дело*, 64.

што остатоци се единствениот цврст матерјален доказ за траењето на ова култно место.[492]

Со освојувањето на Ниш од Турците во 1386 година, манастирот Св. Пантелејмнон бил разурнат, најверојатно во исто време со катедралната црква Св. Прокопие. Таква разурната но не и заборавена, ќе остане сé до 1878 година, кога, штом ќе бидат протерани Турците, ќе биде изградена нова црква посветена на истиот светител, и можеби со намера, во форма на трикорабна базилика.

*Проучување на црквата*

Археолошките ископувања од 1966, 1969 и 1970 година, констатирале темели од ранохристијанска базилика датирана во крајот на 4 век или прва половина на V век и една средновековна црква.[493] Трагите од ѕидовите заедно со распоредот на гробовите во средновековната некропола, го потврдија постоењето на црковниот објект изграден на просторот на ранохристијанската градба. Во спомнатиот извештај од археолошките ископувања Кораќ го анализира можниот изглед на црквата Св. Пантелејмон од времето на Стефан Немања,[494] не навлегувајќи во можниот изглед на ранохристијанската базилика врз која е изградена, но педантно го бележи ранохристијанскиот матерјал. Благодарејќи на извештајот каде што јасно се издвоени ѕидовите на касноантичкиот објект од тие што ѝприпаѓаат на средновизантиската црква од времето на Стефан Немања, може да се долови можниот изглед на ранохристоијанската црква. Ова го сметаме за важно, поради добро познатата наклонетост на средновизантиските градители да се угледаат и почитуваат затекнатите рановизантиски градби. Точната проценка на основата на рановизантиската базилика, може да биде од особена корист при одредувањето на архитектонските форми на подоцната средновизантиска црква изградена врз нејзините темели.

**Т - 60**

[492] Запазените градби во средновизантискиот период биле обновувани и прилагодувани на новите барања. – М. Шупут, *Континуитет култног места у архитектури у српским земљама и у византијском свету*, Зборник радова Византолошког института 36, (Београд 1997), 155-12.
[493] В. Кораћ, *Свети Пантелејмон у Нишу, задужбина Стефана Немање*, 163-169; В. Кораћ, *Истраживање остатака храма Св. Пантелејмона*, Зборник радова Византолошког института, XXXIX, Београд 2001/2002, 111.
[494] В. Кораћ, *нав. дело*, 112; М. Ракоција, *Манастири и цркве града Ниша*, 113-115.

Според заклучокот изведен врз база на археолошките ископувања, на касноантичкиот обкјект му припаѓаат остатоците од долгиот искинат ѕид во низата од квадратот “Д” следени со наоди датирани во IV или V век. Во околината на ѕидот што се простира во правецот запад - исток (ѕид З - И), особено надвор од просторот што го покрива средновековната црква, откриен е голем број на касноантички покривни тегули (tegula) и имбрекси (imbrex). На западниот крај ѕидот, покрај неговата јужна страна е констатирана неправилна површина од малтер со дебелина од околу 5 см. Се мисли дека е тоа остаток од подот на касноантичката градба.

На источниот крај на ѕидот, од негова јужна страна (Квадрат Е7) исчистен е блок на ѕид од малтер и тули кој припаѓал на касноантички објект. Се нааоѓа во правецот на низата на квадратот Е во кој е откриено неколку остатоци од ѕидот кои формираат напоредна линија на ѕид јужно од ѕидот З - И.[495]

Напоредните ѕидови во низата на квадратите Д и Е, заедно можеле да формираат јужен кораб на претпоставената трикорабна ранохристијанска базилика. Трагите од ѕидовите на нивниот западен крај кои се простираат во правецот север - југ, заедно со подната малтерна површина, како некогаш да припаѓале на тесната припрата. На источниот крај на ѕидот (ѕид З - И) во низата на квадратите Д, и неговата непотполна северна ориентираност каде што е поголема концентрацијата на малтерот, упатува на широк лак на апсидата на средишниот кораб. **Т - 61**

Така согледани, резултатите на археолошкото ископување упатуваат на постоење на ранохристијанска трикорабна базилика со апсида на исток која ја зафаќала речиси целата широчина на средниот кораб, додека на западната страна ја препознавме тесната припрата. Вака осмисленета трикорабна базилика, обележена со забележливо тесна припрата, е најблиска до базиликата со мартириум сместена во близина и за која треба да се врзе и времето на нејзината изградба, а тоа е првата половина на V век.

В. Кораќ не го коментирал можниот изглед на ранохртистијанската базилика и само го констатира нејзиното постоење. Со тоа нашето размислување кое упатува на трикорабна базилика, добива на тежина во

---

[495] В. Корађ, *Истраживање остатака храма Св. Пантелејмона*, 109-111; Документација завода за зашштиту споменика културе.

напорите да се разреши изгледот на средновизантиската црква Св. Пантелејмон. Кораќ изнесува претпоставка за архитектурата на средновековната црква Св. Пантелејмон подигната на просторот на ранохристијанската базилика. Тој мисли дека црквата Св. Пантелејмон може да се реконструира како еднокорабна градба со полукружна апсида на исток, додека на северната страна гледа темели на правоаголната ниша за која претпоставува дека припаѓаат на северниот вестибил. Така доаѓа до идеалната реконструкција на основата на црквата која се вклопува во групата на познатите најстари задужбини на Стефан Немања, Ѓурѓеви Столбови и особено се вклопува во шемата на планот на црквата на Богородица во Студеница.[496] Сé подредува на таа замисла, оставајќи ги на страна констатираните ѕидови на ранохристијанскиот објект чие што присуство, според нас, било од особена важност за изградбата на средновизантиската црква.

*Замисла на просторот и структурата*

По завземањето на Ниш, најверојатно, Стефан Немања изградил црква врз темелите на рановизантиската базилика, што често го правел.[497] Дали тоа треба да се смета за обнова или ѕидање на нова црква, како што вели Стефан Првовенчаниот, зависи од затекнатиот степен на сочуваност на старата трикорабна базилика. Во текот на ископувањата, било тешко, или неможно, да се одвои средновизантиската од ранохристијанската црква. Единствено е евидентно дека на средновизантиската градителска активност треба да ѝ се припише доградбата на ѓакониконот и проскомидијата, на источната страна. Нивното разместување лево и десно од апсидата го констатирал др. Кораќ и им обезбедил место во предложената идеална реконструкција на црквата. Од друга страна, од постоечката документација тешко е да се согледаат матерјалните траги со што би се потврдило постоењето на страничните певници кои водат потекло од малите влезни вестибили, како препознатлива особеност од времето на Немања и

[496] В. Кораћ, *Истраживање остатака храма Св. Пантелејмона*, 112.
[497] Врз темелите на палеовизантиска црква Немања го изградил манастирот Св. Богородица а можеби и манастирот Св. Никола и Студеница– Ђ. Бошковић, Б. Вуловић, *нав. дело,* 173.

стилската група на Рас, што јасно се гледа во Студеница,[498] на која, според Кораќ, ќе најблиска црквата Св. Пантелејмон.

На мислење сме дека средновизантиската црква ја задржала формата на трикорабна базилика со тесна припрата, на што најмногу упатува распоредот на гробовите. Во рамката на претпоставената трикорабна базилика погребувањето е најгусто во припратата, страничните кораби и околу лакот на апсидата, додека просторот на средниот кораб скоро да не е користен запогребување. На тој начин и распоредот на средновизантиските гробови упатува на трикорабна основа на црквата Св. Пантелејмон.

T - 62

Во времето на изградбата, или можеби обновувањето, на средновизантиската црква Св. Пантелејмон и настанувањето на некрополата, трагите од ранохристијанската базилика биле доволно видливи. Веројатно е дека средновизантиските градители ги почитувале остатоците од старите ѕидови, но степенот на зачуваноста го натерал хроничарот да забележи “и црквата Св. Пантелејмон од основа ја изгради”. Затоа е разбирливо што на овој простор е најден голем број на антички тули користени за изградбата на црквата Св. Пантелејмон како и за покривање на гробовите во рамките на средновековната некропола. Исто така, треба да се спомне големото присуство на византиските чанкасти пари и друг накит, воглавно од византиско потекло настанат во временскиот распон од X до XIII век.[499]

Др Кораќ има поинакво мислење. Тој претпоставува дека градбата е замислена во рамките на најстарите познати задужбини на Стефан Немања. Така е проектираната замисла која убаво се вклопува во добро познатиот архитектонски концепт на градителството на Стефан Немања и рашката стилската група. Вака заводливо осмислена реконструкцијата на основата на црквата Св. Пантелејмон не се базира на убедливи матерјални траги, ниту пак, на аргументираната градителска логика. Сметаме дека почитувањето на ѕидовите на ранохристијанската трикорабна базилика, можеби претходно обновена од Византинците, заедно со распоредот на средновизантиските

[498] А. Дероко, *Монументална и декоративна архитектура у средњевековној Србији*, 54.

[499] С.Е. Павловић, *Средњовековна некропола у Нишу*, 83-100; Г.М. Вујовић, Г. Томић, *Накит на тлу Србије из средњовековних некропола IX-XVвека*, Народни музеј Београд 1982, 55,56; М. Максимовић, *Крстови-реликвијари из збирке Народног музеја у Нишу*, Зборник Народног музеја 8, Ниш 1992, 247-271; В. Кораћ, *Истраживање остатака храма Св. Пантелејмона*, 112.

гробови во црквата, се поубедливи аргументи со кои пак, се претпоставува дека градителите на Немања изградиле или, можеби обновиле, трикорабна базилика. Ним треба да им се припишедоградбата на ѓакониконот и проскомидијата, евидентирана од Кораќ. Врз основа на изложеното можеме да заклучиме дека црквата Св. Пантелејмон била во форма на трикорабна базилика со широка полукружна апсида фланкирана со ѓакоником и проскомидија, и тесна припрата на западната страна. Како таква таа најмногу личела на црквата Св. Прокопие во Прокупље. Кога ја мериме работата на Немања врз црквата Св. Пантелејмон треба да го земеме предвид и неговиот краток престој во Ниш, но и објективните политички околности од кои несомнено зависело и градењето. Немања можел да интервенира на црквата Св. Пантелејмон во периодот од 1185 до 1190 година.

*Заклучок*

Да ја дополниме нашата претпоставка дека Немања ја обновил црквата Св. Пантелејмон со познатите историсски факти и неговиот препознатлив градителски принцип. Податокот од Стефан Првовенчаниот дека неговиот татко на маченикот Св. Пантелејмон му изградил храм "*во г҃радот҃ Ниш, и на ког҃о и храм му соѕида*",[500] оставал дилеми кај истражувачите. Врз база на резултатите добиени од археолошките ископувања, сметаме дека Немања во голем дел изградил нова црква, но врз темелите на рановизантиската базилика. Темелите на базиликата биле, најверојатно, ниско зачувани и тој врз нив изградил црква.

Од друга страна, на храмовите кои ги наведува Првовенчаниот им припаѓа важно место во историјата на христијанството. Не може а да не се забележи дека во тоа угледно друштво е сместена и до сега непознатата црква Св. Пантелејмон, а ја нема познатата катедрална црква Св. Прокопие, каде сеуште почивале моштите на великомаченикот Прокопие. За ваквата постапка на побожниот Немања, што истражувачите до сега не го разгледувале, тешко е да се најде оправдување, но ни се чини дека тука се

[500] Стефан Првовенчани, *нав. дело*, 74; - В. Марковић, *нав. дело*, 64.

наоѓа решението зошто Немања се одлучил за непознатата црква Св. Пантелејмон.

Тешко е да се поверува дека, како што стои кај Првовенчаниот, по освојувањето на Ниш од страна на Немања, од Ниш не останал ниту камен врз камен и дека тоа се однесува и на епископската црква Св. Прокопие. Старата седиште на епархијата останала негибнато, во неа и понатаму столувал грчкиот епископ. Дека е така сведочи нејзиното спомнување во 1203 година.[501] Уште потешко е да се замисли дека Немања ја дарувал црквата на градот кој го освоил без подршка од епископот, ниту пак можел забележително да интервенира врз градбата која не пострадала. Тој се одлучил за обемни градежни работи, што подразбирало градење на нова црква врз темелите на палеовизантиската базилика. Местото на кое што се наоѓа, на височината североисточно од разурнатиот град, а наспроти и во видокругот на Св. Прокопие, не е случајно одбрано.

Немања неретко градел врз постарите византиски објекти што можело да се случи и во Ниш.[502] Истото Немања го направил и со исто толку стариот епископски центар при манастирот Св. Петар и Павле (Петрова црква) во Рас. Уште во времето кога Рас бил потчинет на Охридската архиепископија, во 1171. година Немања ги изградил Ѓурѓевите Столбови на височинката наспроти старата и поскромна Петрова црква која и понатаму функционирала.[503] Таква, условно кажано конкуренција, можел да ја има на ум и во Ниш кога наспроти видливиот, активен и сигурно богат манастир Св. Прокопие, кого не го урнал, а каде што и понатаму столувал грчкиот епископ потчинет на Охридската архиепископија, ја изградил црквата Св. Пантелејмон. Мислиме дека тоа е причината, исто како и во Рас, што во друштвото на спомнатите угледни христијански светости ја нема познатата црква Св. Прокпие Намерата на Немања е да им конкурира на

Т - 63

[501] К. Јиречек, *Хришћански елементи у топографској номенклатури балканских земаља*, 486

[502] Немања врз темелите на палеовизантискиот објект го обновил манастирот на Св. Богородица, а Св. Никола врз темелите на некоја постара византиска црква, како и импозантаната црква на манастирот Студеница – Ђ. Бошковић, Б. Вуловић, *нав. дело,* 173, 176, 177, и др.

[503] Ђ. Бошковић, *Осврт на неке карактеристике регионалног просторног планирања споменика на територији средњовековне Рашке*, 7, 8.

грчките епископи и да ја тргне настрана Охридската архиепископија, можеби како прв чекор кон државната и црковната самостојност.[504]

Во средновизантискиот период, кога Цариград ја напушта "старата" базилика, во Ниш, врз рановизантиските темели, се гради трикорабна базилика Св. Пантелејмон. Во XII век во Ниш, попрво можела да биде обновена импозантната рановизантиска базилика, отколку од темели да се изгради нов храм, како што често се толкуваат зборовите на Стефан Првовенчаниот. Дека Немања го обновил храмот на манастирот Св. Пантелејмон во Ниш мисли и Василије Марковиќ.[505] Со цел да го истакне своето заложување за чувањето на верата тој (Немања) ги дарува и двата манастира кои се обновени по негова заслуга. Тоа можеби го прави затоа што особено ги почитува нивните патрони, или пак, за да го истакне своето ангажирање во нивната обнова, и со тоа да ги придобие симпатиите на народот, особено на византискиот цар, што ќе ја претставува "политичката филозофија" на средновековната српска држава.[506] Не треба да се исклучи можноста и Византинците откако повторно воспоставиле своја власт во Ниш, по 1020 година, ја оправале и поправале рановизантиската базилика,[507] која во времето на Стефан Немања ја доживеала големата обнова.

## VIб/4 - МАНАСТИР СВ. ЈОВАН НАД СЕЛОТО ГОРНИ МАТЕЕВАЦ

Реткиот облик на триконхална основа на црквата Св. Јован е од особена важност за согледувањето на распространетоста на овој архитектонски облик, во што, Охрид и неговото градителско наследство заземаат значајно место. Триконхалните градби не ретко се датираат и се групираат по автоматизам, што

[504] Ј. Нешковић, *Ђурђеви ступови у Старом Расу*, 15
[505] В. Марковић, *нав. дело,* 64.
[506] О томе: З. Гавриловић, *Премудрост и човекољубље владара у личности Стефана Немање. Примери у српској уметности средњег века*, Стефан Немања – Свети Симеон Мироточиви, Историја и предање, Научни скупови САНУ, књ. XCIV, Одељење историјских наука, књ. 26, Београд 2000, 282 са литературом.
[507] На нејзиното постоење во тоа време упатуваат ситните наоди од гробовите: крстови, менѓуши, прстени, нараквици, византиски пари, од прва половина на XI до XII век – повеќе за тоа: Б. Радујковић, *Накит код Срба*, Београд 1969, 16, 27 сл. 15, 21, 27; В. Бикић, *Антички узори у средњовековном накиту XI/XII на тлу Србије*, Трећа југословенска конференција византолога, Крушевац 10-13. мај 2000, Београд-Крушевац 2002, 240, сл.29.

бара исцрпна анализа и типолошка класификација на овој редок триконхален облик, којшто ќе придонесе добро воочената недоумица да се намали во науката.

*Место и историја*

Манастирот Св. Јован се наоѓа северно од селото Горни Матеевац, на истакната зарамнина под планината Бел Брв (Бели Врх) од едната и Темениот Врв (Темени Врх) од друга страна. До манастирот се стигнува по тесна, околу 1,5 км долга пробојница создадена од рекичката наречена Калуѓере. Манастирскиот комплекс го чинат црквата посветена на св. Јован и конакот од поголеми димензии од понов датум.

Првите податоци за манастирот ги сретнуваме во османлиските извори. Пописот од 1498 година ни го открива неговото постоење, иако манастирот веќе запустел. Запустен е и во 1516 година. Во пописот од 1564 година е наведен манастирот Св. Јован, кој и понатаму е без калуѓери, а неговиот имот го обработуваат селани давајќи натурален данок на османлиската власт.[508] Сепак, само три децении подоцна, во 1597 година, благодарение на записот на маргините од книгата што доспеала во црквата на селото Свиница (кај Костајница-Банија во Хрватска), дознаваме дека во време на епископот на нишката област Георгиј,[509] во овој манастир е напишан псалтир:[510]

САПИСА СЕ СЇ ѰАЛТИР Ѿ ЛѢТ. З̃.Р̃.Е̃. МЕСЕЦА
АВГСТА БЪ ОБЛАСТИ НИШЕВСКОI БЫШЕ СЕЛА
ГОРНИ МАТЕВЦИ БЬ ХРАМЕ СВЕТАГО ПРЕДЕЧИ... Ꙋ
ПОТОКꙊ БЪ КОЛИБНЦИ, ПРОТИВꙊ БАРНИЦИ, ПРИ
БЬСЕѠСВЕЩЕНОМꙊ ЕПИСКОПꙊ КѴР ГЕѠРГЇЮ.

Овој податок посредно сведочи за тоа дека нишкиот владика се засолнил тука, на сигурно место, кога во Ниш, се мисли, дека преовладувало муслиманско население.[511] Присуството на епископ била добра прилика црквата да се обнови и живописа, некако при крајот на XVI и во првата половина на XVII век, за што сведочи откриената претстава Imago pietatis во нишата на проскомидија. Обновата била голема, кога е доградена и припрата.

[508] Д. Бојанић, *Ниш до великог рата 1683*, 147; О. Зиројевић, *Цркве и манастири на подручју Пећке Патријаршије до 1683. године*, 112
[509] Д. Бојанић, *нав. дело*, 142.
[510] Љ. Стојановић, *Стари српски записи и натписи* 4, 6464, 90
[511] Д. Бојанић, *нав. дело*, 130, 133.

И подоцна, кога српската црква била во криза, а на овие простори беснеела војна, нишкиот митрополит во Матеевац ќе најде сигурност и извесна заштита. По предавањето на Ниш на Османлиите и повлекувањето на Австријанците 1737 година, црквата Св. Никола во тогашното нишко предградие во кое столувал митрополит, веќе следната година е претворена во џамија.[512] Нишкиот митрополит во овие, по зло запаметени времиња, службата Божја ја врши во селото Матеевац.[513] Не се знае во кој матеевачки храм отседнувал нишкиот митрополит. Манастирот Св. Јован, скриен од погледи и со јака традиција, можел уште еднаш, како во крајот на XVI век, да стане собиралиште на духовната елита којашто тука се засолнила од одмаздата и зулумите на иноверната власт.

T - 64

Во еден момент претворена во урнатини, манастирската црква Св. Јован којашто била изградена „од тврд материјал и во византиски стил",[514] во почетокот на XVII век доживеала голема обнова, а повторно е обновена и поправана во 1835 година, за време на епископот на нишката епархија, митрополит Калиник. Тоа е време кога, по тогашниот обичај, е обликувана западната фасада на припратата, по углед на онаа од недалечната средновизантиска Латинска црква. Исликана е во 1869 година, врз постарата фреско декорација од првата половина на XVII век. Веќе при крајот на XIX век манастирот е без братство а грижа за него, сè до неодамна, воделе селските свештеници.

*Проучување на црквата*

Истражувачите на нашите старини М. Ѓ. Милиќевиќ и Ф. Каниц повторно свртуваат внимание на манастирот, без поблиски податоци, но настојчиво нагласувајќи ја неговата старост и углед, кој не заостанува зад недалечната Латинска црква, додека со бирани зборови ја опишуваат убавината на природното опкружување.[515] И тие го затекнуваат манастирот без братство. Нешто повеќе дознаваме од Душан Ј. Ристиќ, кој бележи дека црквата стара од време на Немањиќи била соѕидана од тврд материјал во византиски стил.[516]

---

[512] Р. Тричковић, *Ниш у XVIII веку*, 213-223, 239-242.
[513] D. Farlati, *Iliricum sacrum*, sv. VIII, Venetis MDCCCXIX, 52.
[514] Д.Ј. Ристић, *Православни манастири епархије нишке*, 52.
[515] М.Ђ. Милићевић, *нав. дело*, 24; Ф. Каниц, *нав. дело*, II, 180. Го споменува и М.С. Анђелковић, *Глас - црквени календар са шематизмом нишке епархије-Први у православној српској цркви и краљевини Србији за 1900. годину*, Ниш 1899, 128, и напоменува "не се знае кога е изѕидана".
[516] Д.Ј. Ристић, *нав. дело*, 52/3. Староста на манастирот ја потенцира и М. Ристић, *Историја града Ниша*, 102.

На малку познатата црква Св. Јован на стручната јавност прв укажал Г. Мије, вклучувајќи ја во истата група со споменици од моравската стилска група.[517] Мије изнесува податоци кои истовремено се однесуваат на две цркви - Латинската црква што се наѓа на височинка и недалечниот манастир Св. Јован, кој е со триконхална основа. Сепак, со групирањето на помали триконхални споменици од XIV и XV век, "без историја" но, како кажува, со стилски особености на моравската школа, кои се распространети во старите византиски епископии од Ниш до бугарските територии, тој мислел на Св. Јован. Единствената триконхална црква во околината на Матеевац ја лоцира јасно на приложената мапа.[518] Владимир Петковиќ, како пред него Мије, но со повеќе подробности, ги обединува податоците за овие две цркви, поистоветувајќи ги со еден објект.[519] Оваа мала забуна која, ако изложените податоци точно се одделат, не е неточна, и можеби посредно повлијаела манастирот Св. Јован да остане настрана од интересот на стручната и научната јавност.

*Затечена состојба*

Црквата е еднокорабна триконхална градба со помала припрата на западната страна. Засведена е со полуобличест свод и препокриена со кров на две води. Однадвор е малтерисана и варосана така што не можат јасно да се согледаат фазите на градењето, можните доградби и начинот на ѕидањето. Постои оправдана причина за тврдење дека е подигната на темели на постар објект. Денашниот изглед на црквата е резултат на обновата од 1835 година.

*Опис, начин на ѕидање, архитектура на фасадните површини, днос на внатрешните структури и надворешните облици*

Околу централниот простор на наосот кој е близок на квадрат, обединети се три полукалотно засведени конхи, кои меѓусебно се споени без вообичаен „рамен“ премин. Певничките конхи се помали и видно сразмерни, додека апсидалната ниша е со потковичест облик и со ширина на наосот. Вака стеснет,

---

517 G. Millet, *L'ancien art serbe,* 36.
518 *Идем*, сл. 20. Треба да се нагласи, бидејќи е можно дека не е случајност, на оваа мапа да се внесени само објекти за кои со голема сигурност тврди дека припаѓаат на византиското градителство. Во друштвото на сакрални објекти постари од XII век се нашол и манастирот Св. Јован (Св. Пантелејмон, Св. Прокопиј во Ниш, црквите во селата Ќурлино и Орљане), в: М. Ракоција, *Црква у Горњем Матејевцу код Ниша*, 11 со литература.
519 В. Петковић, *Преглед цркава кроз повесницу српског народа*, 184.

едноставно обликуван тролист е редок во нашите краеви. Во пространата олтарна апсида се наоѓаат две полукружно засведени ниши кои го одбележуваат просторот на ѓакониконот и проскомидијата. Во северната е една полукружно обликувана и две нешто помали, четвртести ниши. Прозорските отвори на сите три конхи симетрично се распоредени на местата каде треба и да се очекуваат. Конусно обликувани, одвнатре се четвртесто а однадвор лачно завршени, освен оној што е дополнително пробиен од просторот на ѓакониконот. Одозгора, во прочелниот забат, се наоѓа помал четвртест отвор.

Просторот на наосот е поделен на два травеи - западниот потесен и источниот, којшто ги вклучува сите три полукалотно пресведените конхи. Црквата е засведена со подолжен полуобличест свод што се потпира на бочните прислонети лаци потпрени и зајакнати со масивни пиластри. Тие на запад се јасно обликувани, додека источните ги формираат нишите на ѓакониконот и проскомидијата, а всушност се дел од ѕидната маса на лакот од апсидата и само помал засек помеѓу конхите на певниците го образуваат нивниот облик.[520] Западните пиластри, со својата близина на ѕидот и со масивноста, делуваат моќно и стабилно, додека оние на исток се плитки, и нудат впечаток како да се дополнително обработени. Сѐ ова упатува на претпоставка дека и ваквите пилистри, покрај масивните ѕидови, можеле во еден момент да ја држат куполата или слепата калота. Тесен и стабилен полуобличест свод на западниот травеј и полукалотата на певничките конхи, се осмислени така да можат да го преземат притисокот на куполната конструкција што се издигала над централниот квадратен простор. Лакот на сводот денес делува како да е насаден на пиластрите коишто се конструирани за куполата. **Т - 65**

Ако куполата порано и постоела, обновувачите од крајот на XVI или почетокот на XVII век не ја затекнале. Под градежните работи се подразбирало, покрај останатото, обработка на пиластри, по што, црквата е засведена со полуобличест свод. Дека за време на османлиското ропство се изведувани поголеми интервенции на објектот, потврдува необичниот и во овој крај непознат облик на подолжен свод, кој ги носи карактеристиките на исламската архитектура. Лакот на сводот не се затвора на очекуван начин, туку од неговото теме се извлекува сегмент од лак на помал свод што го надвишува образувајќи **Т - 66**

[520] Оваа карактеристика се припишува на подоцнежните споменици - *Археолошки сӣоменици и налазишӣа у Србији II,* Централна Србија, Београд 1956, 143, 144.

така свод од три дела, вообичаен за орјентална архитектура.[521] Со ист облик и распон е сводот над припратата, којашто исто така била опфатена со големата обнова.

Во ѕидот помеѓу наосот и припратата се наоѓа голем, лачно обликуван отвор замислен како репрезентативен портал, над кој е двопојасна лунета. Архиволтата ја сочинуваат убаво обработени/клесани ,сводари' што се потпираат на бочните конусни страни. На северниот ѕид од припратата се три ниши, додека јужниот ѕид е оживеан со еден прозорски отвор. Тоа што јужниот ѕид е косо поставен остава отворена можност за претпоставка дека покрај јужниот ѕид во еден момент постоел параклис, како во црквите: Св. Роман во Ѓунис кај Ражањ, каде е сместена гробницата на св. Роман, потоа во Успението на Богородица во Мртвица, и оној на Старчева Горица.[522] Кај истовремените мали цркви, кои сега се јавуваат во поголем број, збележан е развој на бочни параклиси покрај припратата, некогаш толку мали да можат да го примат само свештеникот.[523] Ова вешто забележување наоѓа своја потвда на овие простори во Св. Роман во Ѓунис,[524] во Св. Богородица во Мртвица[525] и, како што се чини, во Св. Јован во Горни Матеевац.

Во црквата, чијашто надворешност се искажува во елегантен премин од лаковите на певниците во лакот на апсидата нагласена со потковичест облик, се влегува од западната страна. Особено е занимлива обрботката на западната фасада којашто го открива настојувањето на градителите за посилно потенцирање на пластиката и угледување на поблиската постара византиска Латинска црква од XI век. Ваквото имитирање на византиските модели е карактеристика на многу цркви подигнати во XIX век на просторите на југоисточна Србија и западна Бугарија.[526] Овој манир е прифатен за време на обновата на црквата од 1835 година. Архиволтата на западниот портал е изработена во вид на тростепени засеци во масата на камените сводари, додека во масата на ѕидот е плитко вовлечена. Лево и десно од влезната врата се наоѓа по една ниша со гипсен нагоре

[521] Во христијанската архитектура ваквиот облик на подолжен свод сретнуваме во црквата на пророк Илија во Долгаец од средината на XV век, в: Г. Суботић, *Охридска сликарска школа XV века*, 53 сл. 31.
[522] М. Васић, *Географска распрострањеност Лазаричине основе, Жича и Лазарица,* Београд 1928, 150-151.
[523] R. Krautheimer, *op. cit.*, 1975, 343
[524] И. Стевовић, *Црква Св. Романа код Ђуниса*, Лесковачки зборник XXXIII, Лесковац 1993, 167-173.
[525] Б. Пешић, *Црква Богородичиног Успења у Мртвици - архитектура*, 98.
[526] В. Марковић, *нав. дело*, 49.

извиен сараценски лак преземен од исламската архитектура.[527] Во левата ниша, над извиениот лак има крст, а нишата десно е во касетна рамка. Над влезот се наоѓаат три еднакви полукружни ниши, а над средната, уште една. Сите четири ниши се организирани како една целина благодарение на водорамните испусти што се надвишени лачно, а бочно, според фотографијата од 1975 година, се врамени со боја. Десно од оваа целина е помала четвртеста ниша чија улога може да се објасни само како намера на мајсторот што поверно да ја преслика западната фасада на Латинската црква. Дворедниот кровен венец е убаво и вешто профилиран така што се вклопува во хармоничната пластика на западната фасада, а се протега околу целата црква. Прозорецот на јужната страна на припратата е опколен со лак што е вдлабен во ѕидната маса, за разлика од оние на конхите кои се завршени со едноставен полукруг.

*Замисла на просторот и структурата*

Старинскиот облик на стеснет триконхос го сврте нашето внимание на црквата Св. Јован, и покрена размислувања за времето на настанокот и за изворните архитектонски облици на градбата. Непостоењето на историски извори што би можеле да го разјаснат времето на подигањето на црквата, не обврзува одговорот на ова прашање да се обидеме да го најдеме во архитектонскиот план на основата. За овој крај реткиот облик на едноставен тролист е неопходно да се посматра како издвоена варијанта, со што се изложуваме на помал ризик сродните облици да не одвлечат во погрешна насока. Архаичниот облик на триконхосот, отсуството на источниот травеј, однадвор полукружно обликувани сите три конхи, со наведените факти, ја оддалечуваат првобитната црква Св. Јован од моравските споменици и ја доближуваат на средновизантиското градителство. Доаѓајки од исток, овој тип на триконхални градби нашол свое упориште во рановизантиската архитектура. Подоцна, во IX и X век, најнапред е прифатен од словенските мисионери околу Охридското Езеро и од светогорските монаси.[528]

---

[527] Овој исламски мотив ги обележал спомениците од османлискиот период, посебно оние од XVI и XVII век, а се јавува и подоцна. Слично обликувана ниша постои на западната фасада на манастирската црква Св. Архангел во Бељина, обновена 1813-1819 в: С. Петковић, *Велика обнова*, Историја српског народа III-2, Београд 1993, 367; Истиот, *Манастир Св. Тројица код Пљевља*, Београд 1974, 37; М. Шупут, *Споменици српског црквеног градитељства XVI-XVII века*, Београд 1991, 161; Б. Вујовић, *Уметност обновљене Србије, 1791 - 1842*, Београд 1986, 66, 67, 110, сл. 61.

[528] Đ. Stričević, *I monumenti dell`arte paleobizantine in rapporto con la tradizione antica ed all`arte medioevale nelle regioni centrali dei Balcani*, Зборник радова Византолошког института $VIII_2$, Beograd 1994, 409, fig. 11; Ђ. Бошковић, *Архитектура средњег века*, 101/2; К. Миятев,

Одтука, во текот на X и XI век, се шири во соседните области, во: Бугарија,[529] Грција,[530] Македонија,[531] Приморје[532] и Србија. Појавата на овој застарен облик во провинција и неговото прифаќање од монашките кругови може да се објасни како народен конзерватизам и спротиставување на елитистичката архитектура во царството.[533]

Според организацијата на планот се наметнува сличноста на матеевачкиот триконхос со црквата во Плиска во Бугарија од X век.[534] Доста заедничко има со урнатата охридска црква на Горица, потоа со црквата во Дривост покрај Скадар и со Св. Јован во Затон,[535] како и со нешто помладата црква Св. Никола кај Нин од крајот на XI век.[536] Според типот на основата, големината, дури и според внатрешниот склоп, на Матеевачката црква е блиска црквата на Успението на Богородица во Мртвица, којашто рамковно се датира во крајот на V или почетокот на VI век.[537] Најголемата сличност на основите, што првенствено се забележува во развиената олтарна апсида, покрај Мртвичката црква, се согледуава кај црквата Св. Илија во Тетевен во Бугарија (XVII век) со нејзиниот постар триконхален дел,[538] црквата на Старчева Горица,[539] црквата на манастирот Брадача (XIV-XV век)[540] и кај Св. Роман во Ѓунис.

Наједноставно решение на основата има црквата во Плиска која се датира во X век.[541] Еднакво упростена варијанта затекнуваме кај истовремената црква во

---

*Архитектурата в средновековна България*, 192. В. Кораћ, *О природи обнове и правцима развитка архитектуре у раном средњем веку у источним и западним областима Југославије*, 13.

[529] К. Миятев, *нав. дело*, 191/2 – Трикохалните цркви коишто имаат источен травеј ги нарекува цркви од „манастирски тип"; Н. Чанева-Дечевска, *Триконхалните цъкви од IX - XIV в. по българските земи*, Археология 4. (София 1970), 10.

[530] А. `Ορλάνδες, *`Ο `Αγ. Δημήτριος της Βαοασοβας*, `Αοχετον Ι, Αθηναι 1935, 105/120.

[531] Д. Коцо, *Триконхалните цркви во Климентово време*, Словенска писменост, Скопје 1966, 91-98.

[532] В. Ђурић, *Почетци уметности код Срба*, 233/4.

[533] R. Krautheimer, *op. cit.*, 336.

[534] Н. Чанева-Дечевска, *Триконхалните цъкви од IX - XIV в. по българските земи*, 8, 9, обр. 1.

[535] V. Jovanović, *Sv. Jovan, Zaton, Bjelo Polje,* Arheološki pregled 3, (Beograd 1961), 129-132, T-XXIV/2; А. Дероко, *Монументална и декоративна архитектура у средњевековној Србији*, 38, сл. 32

[536] Г. Суботић, *Архитектура и скулптура средњег века у Приморју*, 14, 15; К. Миятев, *Архитектурата в средновековна България*, 191/2; В. Кораћ, *О природи обнове и правцима развитка архитектуре у раном средњем веку у источним и западним областима Југославије*, 12, 13, 27-28; В. Ђурић, *Почетци уметности код Срба*, 233-241.

[537] Б. Пешић, *нав. дело*, 106.

[538] Б. Игнатов, *Манастирът "Св. Илия" при гр. Тетевен* , Археология 2, (София 1965), 4-15.

[539] М. Васић, *Географска распрострањеностЛазаричине основе, Жича и Лазарица,* Београд 1928, 150-151, сл. 133, 134

[540] С. Вукашиновић, *Архитектура цркве манасутира Брадаче и предлог реконструкције*, Гласник друштва конзерватора Србије 16, (Београд 1992), 116-118.

[541] Н. Чанева-Дечевска, Ц*ърковна ахитектура на първата българска държава*, 151, сл. 100.

Горица покрај Охрид.[542] Еднакви на овие две цркви се и црквите на Приморјето: црквата под утврдениот град Дриваст покрај Скадар, потоа црквите Св. Никола покрај Нин и Св. Кршеван на Крк.[543] Овие цркви настанале при крајот на XI или почетокот на XII век.[544] Оваа низа на сродни триконхални основи продолжува со црквата Св. Јован кај Затон на Лим.[545] Надворешните контури се еднакви, но градителот вдахновено ги продолжил лаковите од конхите формирајќи пиластри, додека нивната внатрешност добила потковичест облик. Со ова е намален поткуполниот простор и со тоа овозможена изградба на помала и полесна купола. Оваа црква со „дetелинеста основа" се датира во крајот на XI или почетокот на XII век.[546] И нивната појава во Дукља, сосема оправдано, се врзува за работата и угледот на христијанските мисионери Климент и Наум и нивните ученици.[547] Идентична на нејзе е црквата во Дривост кај Скадар,[548] чија изградба би можела, исто така, да биде дел од активноста на знаментите мисионери.

T - 67

Во кругот на градби од овој тип на просторот на Балканот, немавме храброст да ја вклучиме Заљевачката црква кај Зајечар којашто со своите надворешни облици припаѓа на оваа група споменици, но четириконхалната внатрешност ја прави поинаква,[549] како ни црквата Св. Климент во Охрид, со однадвор тристрана апсида и со травеј пред светилиштето.[550] Некои истражувачи ги вклучуваат во истата група на споменици не навлегувајќи во детална систематизација врз основа на архитектонските планови, која, во согласност со расположивиот материјал, се чини како една сигурна постапка.

[542] Ђ. Бошковић, *Архитектура средњег века*, 130/1; Ђ. Бошковић, К. Томовски, *Средновековна архитектура в Охрид*, Зборник на трудови-посебно издание, Охрид 1961, 86.
[543] В. Ђурић, *Почетци уметности код Срба*, 233.
[544] T. Marasović, *Graditeljstvo na tlu Hrvatske u ranom srednjem vjeku*, у: Umetnost na tlu Jugoslavije, Rani srednji vjek, Beograd, Zagreb, Mostar 1986, 31; Г. Суботић, *Архитектура и скилптура средњег века у Приморју*, 14.
[545] V. Jovanović, *нав. дело*, 129-132
[546] А. Дероко, *Монументална и декоративна архитектура у средњевековној Србији*, 38, сл. 32
[547] В. Ђурић, *Почетци уметности код Срба*, 234;
В. Кораћ, *Архитектура раног средњег века у Дукљи и Зети. Програм простора и порекло облика*, 27, 28, сл. 3. Ова запазување на В. Кораќ го потврдува, недоволно истраженото минато на Св Роман кај Ѓунис, но не би се сложиле дека е голема сличност со црквата од Затон и со Св. Климент во Охрид. Сличност постои, но и суштинска разлика што се гледа во фактот дека Св. Климент има источен травеј а апсидата му је тристрана, па со самото тоа не припаѓа на оваа група архаични тиконхоси.
[548] А. Дероко, *У Бодиновој престоници*, Старинар 5, (Београд 1930), 138, сл. 9.
[549] Ђ. Стричевић, Г. Суботић, *Ископавање Заљевачке цркве*, Старинар н.с. IX-X за 1958-1959, (Београд 1959), 308, 314, сл. 1.
[550] Д. Коцо, *Триконхалните цркви во Климентово време*, 91-98.

Наметливата блискост на наведените цркви се согледува преку правилниот лак и истиот пречник на сите три конхи собрани околу квадратниот простор кој од западната страна е затворен со правоаголно поле. Над средишното квадратно поле е куполата потпрена на три полукалоти од конхи и еден полуобличест свод. За тие на Приморјето се смета дека водат потекло од предроманичката архитектура и постарата рановизантиска архитектура.[551] Дека ова последното е точно покажува и наведената сличност на охридските цркви со оние на Приморјето. Почитувањето на рановизантиската традиција и на континуитетот на градителството е она што ги обликувало средновизантиските градби и ги доближило само привидно оддалечените цркви, од просторот на Грција, Бугарија, Македонија, Србија и Приморје.[552] Оваа блискост на црквите со основа во облик на архаичен триконхос прв ја согледал Г. Мије констатирајќи дека овој тип на цркви е во тесна врска со оние на Приморјето.[553]

Истиот тип на основи, но друга варијанта што ја одбележува карактеристичната развиена олтарна апсида, со елипсовиден или, пак, со потковичест облик, ги среќаваме кај црквите кои и понатаму за истражувачите се со невообичаена основа и сите се датирани несигурно. На нив им е заедничко и тоа дека се обновувани во посвизантискиот период, од XV до XVII век.

Во соседната Бугарија таква е црквата Св. Илија во градот Тетевен од XVII век, додека нејзиниот постар „специфичен" триконхален дел се споредува со црквата во Плиска од X век.[554]

Црквите со основа што припаѓа на варијантата на архаичниот триконхос со нагласена апсида почесто ги среќаваме во Србија. Тие се обединети, не само со архитектонските облици, туку и со слична историја. Според типот на основата, големината, дури и според внатрешниот склоп, на Матеевачката црква е блиска црквата Успение на Богородица во Мртвица. На певничките конхи се надоврзува видно поголема апсидална конха со потковичест облик. Црквата во Мртвица рамковно е датирана, се чини, по автоматизам, во крајот на V или почетокот на VI век, а ја доживеала обновата во почеткот на XVII век.[555] Таква е и црквата на

**Т - 68**

[551] Г. Суботић, *Архитектура и скулптура средњег века у Приморју*, 15

[552] Z. Gunjača, *O pojavi elemenata kasnoantičke graditeljske tradicije na nekim ranosrednjovekovnim sakralnim objektima*, in: Cetinska krajina od prethistorije do dolaska Turaka, Sinj 1980, 253-262.

[553] Millet, G., *L'ancien art serbe,* 44, 45.

[554] Б. Игнатов, *нав. дело,* 9, сл. 4.

[555] Б. Пешић, *нав. дело,* 98,106. Приметува дека облиците на црквата се невообичаени и дека заслужуваат секакво внимание. Смета дека потковичестиот облик на апсидата е готово единствен

Старчева Горица, чиешто датирање (1373-1378) и вклучување во моравската група на споменици е убав пример за пристрасност во науката. Имено, Милоје Васиќ воображено гледа „краток" травеј помеѓу олтарната апсида и просторот под кубето, обидувајќи се да ја смести меѓу моравските цркви. Му забележува на Габријел Мије, кој на неа не наоѓа ниту еден од елементите што ги карактеризираат црквите во Морава, ниту пиластри под кубето, ниту травеј пред светилиштето.[556] Но црквата на Старчева Горица е токму таква, без травеј пред светилиштето, со правилни певнички конхи и со хармонично поголема потковичеста апсида. За црквата на манастирот Брадача, веднаш е кажамо дека е со невообичаена основа и од особен интерес за науката, (условно е датирана во XIV-XV век), има правилни полукружни певнички конхи, додека апсидалната конха е поголема и е во вид на елегантна елипса.[557] Овдека, како и во Матеевачката црква, ѕиданата клупа се простира долж западниот ѕид на наосот.[558] И двоумењето околу манастирската црква Св. Роман, како и за сите наведени цркви од овој тип, сѐ уште не е разјаснета.[559] На занимливиот, недоволно проверен историски податок укажува Милојко Веселиновиќ, а би можело да биде од корист за датирањето и потеклото на архитектурата на црквата.[560] Во првата хрисовуља на византискиот цар Василиј II на Охридската архиепископија од

T - 69

---

на нашето подрачје, и не влегувајќи подлабоко во проблемот смета дека се привидни сличностите со црквите на манастирите Св. Роман кај Ѓунис и Старчева Горица. И покрај тоа што најповеќе сличности гледа со Плиска од X век и со истовремената грчка црква, се определува и со напор доаѓа до заклучок дека е најблиска на оние од крајот на V и почетокот на VI век.

[556] М. Васић, *Географска распрострањеност Лазаричине основе, Жича и Лазарица*, 150-151, сл. 133,134 - За датирањето се свесно потпира на непотполни историски извори и на својата зададена цел за големото влијание на Лазарица на подоцнежното градителство, како и на црквата Старчева Горица, за која смета дека настанала меѓу 1375 и 1378 година.

[557] С. Вукашиновић, *нав. дело,* 116-118 - Приметува дека основата на црквата е невообичаена, но ја сместува во моравската стилска група и покрај тоа што наведува детали што ја оддалечуваат од моравските споменици, со самоуверениот заклучок дека станува збор за специфичен случај. Црквата е затечена во урнатини и не е детално истражена, така што наведеното датирање треба да се земе со резерва.

[558] Банак за седење води потекло од ранохриистијанските цркви, како во наосот така и во припратата. Овие во припратата служеле за комеморативниот оброк, обичај кој до данас се одржал. Повеќе за тоа: Ж. Зелер, *Почетци хришћанства на Балкану*, Подгорица 2005, 190; В. Битракова Грозданова, *Старохристијански споменици во охридското*, Охрид 1975, 68; P. Lemerle, *Philippes et la Macédoine Orientale*, Paris 1945, 351; Ђ. Мано-Зиси, *Нова базилика у Царичином Гаду*, Старинар н.с. IX-X/1958-1959, Београд 1959, 297/8; I. Nikolajević, *Sahranjivanje u ranohrišćanskim crkvama na području Srbije*, Arheološki vesnik 28, (Beograd 1978), 683.

[559] И. Стевовић, *Црква Св. Романа код Ђуниса*, 167-173. Од важност е напорот направен од страна на Иван Стевовиќ, но сличноста на основите на другите цркви го одвела во типолошко беспаќе како и многумина пред него, на пример, М. Васиќ, кој неможејќи да ја согледа необичната основа заклучува дека оваа црква не може со сигурност да се датира - М. М. Васић, *Жича и Лазарица-студије из српске уметности средњег века*, Београд 1928, 143, 144, сл. 122, 123, 124.

[560] М.В. Веселиновић, *Свети Роман*, Ниш 1939, 16.

1019/1020 година, веднаш под Нишката епископија е наведена Браничевската и местото Σφεντέρομος,[561] за кое Веселиновиќ смета дека станува збор за св. Роман. Роман би можел да биде ученик на Климент Охридски кој дошол во овие краишта, а сеќавањата на него ги чува црквата со гробницата на св. Роман и местото со името Сфентеромос. Ова, непроверено размислување коешто ја чека својата разврска, посредно го открива Охрид како правец одкаде можел да дојде архаичниот триконхос во средновизантискиот период. Дека охридските триконхоси влијаеле на осмислувањето на Св. Роман прв укажал Воислав Кораќ, кој појавата на триконхални цркви во Охрид ги поврзува, како и Воислав Ј. Ѓуриќ, со активноста на св. Климент и св. Наум, и нивните соработници.[562] И навистина, Св. Роман не се разликува од наведените цркви: на две сразмерни певнички конхи се надоврзува нешто поизразита апсида. Тука се и масивните пиластри предодредени да ја прифатат куполата. На оваа група на архаичен триконхос припаѓа и Св. Јован во Горни Матеевац: полукружни певнички конхи, апсидалната е поголема и со облик на елипса, на запад се масивни пиластри, ги има, можеби, и на исток зошто делуваат обработувано.

**Т - 70**

Сите овие цркви имаат или можеле да имаат купола над средишниот простор, што се однесува и на Св. Јован во Горни Матеевац.

Исклучителноста на овој триконхален облик не определи да го издвоиме типски и да предложиме ***типологија***. Типолошкиот пристап кон проучувањето на архитектурата може да има свои недостатоци ако премногу се инсистира на согледувањето на она што е заедничко, а притоа се запостави издвојувањето и изучувањето на посебните облици.

Сите истражувачи кои се занимавале со детелинестата основа на црквата се сложуваат дека е таа доста ретка и невообичаена. Овој тип на триконхална основа Ѓурѓе Бошковиќ го нарекува „детелинест",[563] додека Нели Чанева-Дечевска го гледа како „споени конхи",[564] а Воислав Ѓуриќ како „едноставен план".[565] Ова ги

[561] И. Снегаров, *История на охридската архиепископия*, 1, 56, 180/181. Место Σφεντέρομος К. Јиречек поистовећује се са Смедеревом – К. Јиречек, *Војна цеста од Београда за Цариград и Балкански кланци*, 126

[562] В. Ђурић, *Почетци уметности код Срба*, 234;
V. Korać, *Réflexions tu sujet des sources Byzantines de l'architecture serbe*, EVFROSYNON (Зборник освећен М. Хаџидакису), Атина 1991, 263; Истиот, *О природи обнове и правцима развитка архитектуре у раном средњем веку у источним и западним областима Југославије*, 12

[563] А. Дероко, *Монументална и декоративна архитектура у средњевековној Србији*, 38.

[564] Н. Чанева-Дечевска, *Триконхалните цъкви од IX - XIV в. по българските земи*, 10.

оправдува нашите напори и укажува на неопходноста, овој тип на триконхални цркви да ги издвоиме во посебна група со можни две варијанти. Неговото рано прифаќање во византиското градителство, посебно во Јустинијаново време,[566] ќе ни послужи, овој „старински“ детелинест облик на триконхос да го издвоиме и да го наречеме „архаичен тип“ наследен од старохристијанската и рановизантиската архитектура,[567] свесни за тоа дека неговата зависност е занемарлива од ретките рановизантиски триконхоси.[568] Основните карактеристики на архаичниот тип на триконхосот се:

- Наосот го чинат два травеи, односно, нема травеи меѓу олтарната апсида и певниците.

T - 71

- Конхите се прелеваат една во друга без преодни партии.

- Апсидата секогаш ја зафаќа целата широчина на наосот, често е нагласена и издолжена, било во елипсовиден или потковичест облик.

- Сите три конхи однадвор и однатре се полукружни.

Од архаичниот тип на триконхос можат да се издвојат две варијанти на кои им е заедничко горенаведеното, а се разликуваат според големината и обликот на апсидалната конха:

I Сите три конхи се правилно полукружни и се со ист пречник.

II Певничките конхи се со ист облик и пречник додека апсидалната е поголема.

Тоа е она што „детелинестиот“ триконхос го издвојува во посебна врста на стеснет триконхос од архаичен тип. Во предложената поделба, Св. Јован припаѓа на II варијанта.

*Ентеријер*

Црквата е вкопана во земја/тло за 70 см така што во припратата се влегува низ два, а во наосот низ една убаво обработена камена скала. Во висина на првата

---

565 В. Ђурић, *Почетци уметности код Срба*, 234, напомена бр.19.

566 Ђ. Janković, *Late antique triconchal church of St. apostles Peter and Paul monastery near Trebinje*, Гласник Српског археолошког друштва 18, (Београд 2002), 117-120, fig. 6. Во V-VI век се датирани цркви со архаичен триконхос од просторот на Далмација: Сутиван, Билице и Придрага, и на Босна и Херцеговина: Цим покрај Мостар и Залужје II кај Бихаќ – Ђ. Basler, *Arhitektura kasnoantičkog doba u Bosni i Hercegovini*, Sarajevo 1972, 74/5, 122, sl. 61, 131.

567 Ђ. Stričević, *Eglises triconques médiévales en Serbie et en Macédoine et la tradition de l'architecture paléobyzantine*, 224/240; В. Ђурић, *Почетци уметности код Срба*, 234;

568 В. Кораћ, *О природи обнове и правцима развитка архитектуре у раном средњем веку у источним и западним областима Југославије*, 13

скала, со цела должина на западниот ѕид, лево и десно од влезот, е направена клупа прекриена со тула (33 x 33 x 3,5см).[569] Подот на наосот е понизок од подот на припратата уште 27 см во кој се наоѓа занаетчиски добро направен подножник од епископскиот престол. Подните површини на наосот и припратата се покриени со грижливо тесани и педантно сложувани камени плочи со неправилен облик. Подот на олтарната апсида, исто така обработен во камен, е повисок од наосот за околу 10 см. Сè ова, како и вештата обработка на порталот, ни ја открива занаетчиската префинетост и доброто познавање на каменоклесарскиот занает, но и материјалната состојба на оние по чиј налог во 1835 година е обновена манастирската црква Св. Јован.

За чесната трпеза послужил дел од античкиот столб преку кој е поставена поголема камена плоча. Три знаци со курзивен облик што се врежани на него, според систематизацијата на П. Петровиќ, би можеле да одговараат на буквите „ЕРИ", од који, особено "Р" често се сретнува на христијанските споменици.[570]

*Начин на ѕидање*

Поради неодамнешното малтерисување на фасадните површин не е можно со сигурност да се утврди начинот на ѕидањето и фазите на градбата. Нестручното копање покрај северната страна на црквата за одводен канал ни дава податоци на кои, во овој степен на истраженост, можеме да се потпреме.[571] Овие копања открија снажна супструкција на темелните ѕидови на триконхосот, од крупно кршен камен залеан со крупнозрнест малтер. На вака оформената темелна зона на ѕидањето е продолжено со правилно редени делкани камења, чии редови се нивелирани со хоризонтално поставени тули од византиски формат (дуж. 32 см, деб. 4 см), чии правилни редови упатуваат на византиски слог. Изгледа дека тоа го видел Д. Ј. Ристиќ кога забележал дека е ѕидана во „византиски стил".[572] За врзивен материјал послужил крупнозрнестиот кречен малтер. Погоре, јасно се издвојува ѕидарија од крупно кршен и малку обработен камен со наместа

---

[569] Таква клупа на исто место се наоѓа и во типски истата црква на манастирот Брадаче - С. Вукашиновић, *нав. дело,* 118.
[570] Се сретнува на христијанските натписи и во различен материјал, а не се постари од IV век - П. Петровић, *Палеографија римских натписа у Горњој Мезији*, Београд 1975, 35, 36, 39, 41.
[571] М. Ракоција, *Извештај о обиласку манастира Св. Јован и локалитета Грчка црква*, Документација Завода у Нишу, бр. 309/1 од 19. 4. 1991.
[572] Д.Ј. Ристић, *Православни манастири епархије нишке*, 52

употребени фрагменти на тула. На истиот начин, кој со употреба на малтер од кал се издвојува од предходниот, е ѕидана и припратата.

Евидентираните два начини на ѕидање, со обновата од 1835 година, ни даваат за право да заклучиме дека постоеле најмалку три ***фази на градење***. Од првата фаза се темелите на триконхосот од правилни редови на камен и тула, поставени на начин својствен за византиското градителство.[573] На втората фаза припаѓа послабиот квалитет на ѕидањето кој би можел да биде од крајот на XVI или од почетокот на XVII век, можеби од времето кога тука е пишуван псалтирот. Судејќи по обликот на сводот кој е својствен за современото градителство, обновата била голема,[574] значи, старата црква е затекната во лоша состојба. На последните интервенции од 1835 година припаѓа општата консолидација на објектот која, покрај останатото, подразбира статичка стабилизација, обработка на западната фасада, изработка на прозорците од припратата, како и на порталите и подните површини на припратата и наосот. Поблиско одредување на хронолошките односи меѓу постариот триконхос и подоцнежните обновувања можат да се дефинираат со археолошки ископувања и со ослободување на фасадите од малтер. До тогаш, секој друг заклучок би морал да остане во границите на претпоставки, како и тоа, дали над наосот почивала купола.

*Заклучок*

Дека архаичниот матеевачки триконхос е изграден во средновизантискиот период откриваат и историските прилики. По повторното воспоставување на власта од страна на Византинците, нишката епархија зазела значајно место во Охридската архиепископија.[575] Таа останала тоа и во XII век. Во Ниш во 1163 година престојува охридскиот архиепископ Јован во придружба на неговиот роднина и цар Манојло. Без неговата подршка и согласност, Стеван Немања не би можел да гради цркви.[576] Заложувањето на архиепископот Јован за Ниш го препознавме во несомненото влијание што го имал врз царот Манојло да ја врати раката на св. Прокопиј. Престојот на архиепископот Јован во Нисос, кој ги подржа

---

[573] В. Кораћ, *Између Византије и Запада - одабране студије о архитектури*, 49.
[574] Треба да се претпостави, покрај општиот полет по обновата на Пеќската патријаршија, и извесна политичка попустливост на османлиските власти во Нишу, што ја условил ферманот на Мехмеда III од 1587., а се однесува на хиландарскиот метох во Ниш и на заштитата на христијанските богомоли - П. Срећковић, *нав. дело.*. Ферманот го превел на 15. маја 1892 година учител од Ниш Хусеин Бакиќ, а оригиналот се чува во Хиландар.
[575] И. Снегаров, *История на охридската архиепископия*, 1, 180
[576] Ј. Калић, *Српска држава и охридска архиепископија у XII веку*, 204.

градителските потфати на Немања, секако морало да се одрази и на обновата на старите византиски цркви и изградба на нови во градот Ниш и неговото опкружување. Архаичниот триконхален облик на црквата Св. Јован укажува на непосредното влијание на охридското архитектонско наследство. На тоа посебно придонело присуството на угледниот интелектуалец и духовник, архиепископот Јован во Нисос, кој наклонетоста кон Ниш ја покажал заложувајќи се кај царот Манојло да ја врати раката на св. Прокопиј во Нисос.

Тоа е време на силно политичко и културно влијание на Византија во нишката област,[577] кога, без сомнение, се изградиле и обновиле многу цркви, сè со цел населението да се подложи под влијание на црквата, а да се зацврсти власта во нишката област.[578] Некако во тоа време, кога во Ниш и неговата околина со причина треба да се очекува поголем број на сакрални објекти,[579] од крајот на XI или, поточно во XII век, е изградена црквата Св. Јован во Горни Матеевац. Можеби токму, како и црквата Св. Роман во Ѓунис, е под непосредно влијание на Охрид, на што упатува нејзиниот архаичен триконхален план на основата. Од таквата атмосфера поникнале и служеле, не само првобитната црква Св. Јован, туку и недалечната Латинска црква.

По големата обнова од почетокот на XVII век, на црквата е интервенирано во XIX век. Тогаш, во согласност со онавремените обичаи црквите да се градат по углед на византиските, западната фасада е осмислена така да потсетува на најблиската угледна византиска Латинска црква, зачувувајќи го сеќавањето на славните времиња на византиското градителство.

Покрај средновизантиското влијание од југо-исток, треба да се има во предвид почитувањето на рановизантиската традиција, но и можното рановизантиско потекло на темелите на црквата Св. Јован. Сепак, недостиг на примери кои би го потврдиле влијанието на локалната рановизантиска традиција остава отворена можност дека е во прашање современото влијание на средновизантиската архитектура. Поради географската оддалеченост која условува културни текови, првобитната црква Св. Јован би можела да настане

---

[577] С. Новаковић, *Српске области од X до XI века (пре владе Немањића)*, ГСУД XLVIII (Београд 1886), 116; В. Марковић, *нав. дело*, 47-48.
[578] С. Ћирковић, *Осамостаљење и успон дукљанске државе*, Историја српског народа I, Београд 1981, 180, 182; Ј. Калић-Мијушковић, *Ниш у средњем веку*, 87; М. Јанковић, *Епископије и митрополије српске цркве у средњем веку*, 16.
[579] В. Марковић, *нав. дело*, 48-49.

после охридските примери, а пред оние од југозапад. Познатите историски околности ја датираат поблиску во XII век.

На тој начин, врз основа на архитектонскиот план на основата на црквите е направен напор, овој архаичен тип на триконхална градба да се издвои и врз основа на согледаните посебности, поблиску да му се одреди местото во историјата на византиската архитектура на Балканот. Во подоцнежното црковно градителство на Србија и Балканот, никогаш повеќе нема да се јави архаичниот тип на триконхални храмови.

## VIб - *ПОСТВИЗАНТИСКИ ЦРКВИ*

## VIб/5 - МАНАСТИРСКА ЦРКВА СВ. ЃОРЃИ КАЈ СЕЛО КАМЕНИЦА

Манастирот Св. Ѓорѓи кај село Каменица, според турските пописи е од XV век, и е еден од најбогатите. Во тоа време тој презел обврска да биде препишувачко - илуминаторски, книжевен и воспитен центар, со основна цел да го зачува верскиот, културниот и националниот идентитет на народот во средина во која се наоѓа. Во тоа е несогледливото значење на овој, условно кажано, онавремениот нишки универзитет, чии скромни остатоци не ја умалуваат неговата вредност, туку го потврдуваат постоењето и историско – уметничкиот континуитет.

*Место и историја*

Манастирот Св. Ѓорѓи се наоѓа недалеку од Ниш во живописна долина над селото Каменица, на зарамнина што вештачки е засечена во падината. Изграден е непосредно под римскиот водовод, кој до манастирот е и денес проточен, кој античкиот Naissus го напојувал, а онавремените жители на манастирот ги снабдувал со вода. Ставот дека неговите материјални остатоци се неповратно исчезнати, го демантираат турските пописи и записи на маргините на книги. Некогаш најмоќен манастир на нишката област, до неодамна непознат на

широката јавност, откриен е со археолошките ископувања во 1988 година, на чии темели во 2003 годинe е изградена нова црква.[580]

Историските извори го откриваат неговото постоење вклучувајки го меѓу најголемите живи манастири во нишката област. Првите податоци ги сретнуваме во турските извори, кои педантно бележат за висината и содржината на порезот, како и за имињата на калуѓери. Пописот од 1498 година забележал во манастирот четири калуѓери кои плаќаат данок во висина од 434 аспри. Според пописо од 1515 годинe бројот на духовници се качил нагло на десет со вкупен износ на даноци од 670 аспри. Во пописот од 1564 година во манастирот се запишани/забележени двајца калуђери чиј износ на даноци е 682 аспри Во време на владеењето на Мурат III (1574-1595) тука живее само еден калуѓер, а приходот од манастирот е 1400 аспри.[581] Судејќи по содржината на пореските обврски, најголем приход манастирот остварувал од жито, лозја и мед. Во однос на останатите живи манастири во нишката област што ги сретнуваме во сите три пописи, манастирот Св. Ѓорѓи има најголем број калуѓери и плаќа најголем порез. Тоа зборува за неговата стабилна материјална состојба и го сместува во најмоќните, и изгледа, најголемите манастири во нишката области, од османлиското освојување на Ниш до втората половина на XVI век.

Другите, пак, пишани извори, го откриваат манастирот како значаен духовен и културен центар во нишкото опкружување. Податоци за манастирот Св. Ѓорѓи кај село Каменица во нишката област срекаваме и на маргините на книги, пишувани тука. Имено, до манастиро Шишатовац стигнал, изгледа, заедно со народот кој од овие краишта се повлекувал пред османлиските зулуми,[582] минеј за месец август, со српска редакција од 1515. година. Раката на непознат писар го испишала текстот кој зборува за местото и времето на пишувањето на минејот:[583]

СЇѦ КНИГА СЬПИСА СЕ ВЬ ОБЛАСТИ НИША, МЕСТО НАРИЦАЮЕМО
КАМЕНИЦА, ХРАМЬ ИЖЕ ВЬ СВЕТЫ(Х) ВѢЛИКОМѸЧЕНИКА
ХРЇСТОВА ГЕѠРГЇꙖ ВЬ ЛѢ(Т). # З҃.К҃Г҃. И ТО ЛѢТО ѠТИДЕ
ЦАРЬ СѸЛТАНЬ СЕЛИ(М) НА СОФЇЕ, ПОЧЕСЕ МЕСЕЦА
СЕ(П)ВРЇА Ѕ҃.I ДН҃Ь И СЪВРШИ СЕ МЕСЕЦА ДЕ(К)ВРЇА Д҃. ДН҃Ь.

---

580 М. Ракоција, *Манастириште Св. Ђорђа код села Каменице поред Ниша*, 120-125
581 Д. Бојанић, *Ниш до великог рата 1683*, 145; О. Зиројевић, *Цркве и манастири на подручју Пећке патријаршије*, 99.
582 В. Чубриловић, *нав. дело,* 163.
583 Љ. Стојановић, *Стари српски записи и натписи* I, 129, бр. 420; С. Петковић, *Зборник рукописа манастира Кувеждина, Дивше*, 47.

Исто така во манастирот Шишатовац се наоѓа минеј за месец септември, што го напишал во 1553 годин ериѓакон Арсениј:[584]

СЬИ МИНЕИ МОНАСТИРА КАМЕНИЦЕ ХРАМЬ СВЕТАГО
ВЕЛИКОМУЧЕНИКА ХРЇСТОВА ГЕѠ(Р)ГЇА ВЪ ЛЕТО # З҃.З҃А.
И НАЧРТА СИЮ КНИГУ ЕРОДИАКОНЬ АРСЕНЇЕ ПРИ
ЇГУМЕНУ ГРЇГОРЇЮ И ДУХОВНИКУ ЛЕѠНУЇЮ.

Исклучително е значајно што таму се кажува дека ериѓаконот Арсениј "начрта" книга, што значи и украси, наслика. Овој податок открива дека во манастирот, освен препишувачката, била развиена и илуминаторската дејност. Исто така, од записите дознаваме дека во време на игуманот Григориј, во нишката област била јака институцијата духовник, како придобивка од времето на српската државност, со духовникот Леонтие на чело. Манастирот Св. Ѓорѓи е значаен духовен, книжевен и препишувачко-илуминаторски центар на Ниш и на неговата поблиска околина, од втората половина на XV па сè до пред крајот на XVI век, кога повеќе не се спомнува.

*Проучување на црквата*

Траги од градбата прв ги забележал фотографот на крал Милан, кој во 1879 година ги фотографирал и ги подредил во репрезентативниот албум со знаменитостите на Ниш, Прокупље и Куршумлија,[585] и покрај тоа што на фотографијата одвај се приметуваат ниските ѕидови на наосот и на лакот од апсидата со римскиот жртвеник како часна трпеза. **Т - 72**

Една деценија подоцна, учител и повереник на археолошкото друштво Михаило Ст. Ризниќ, по обиколка на римскиот резервоар кај „Девојачко ждрело" и на водоводот што се протега во правецот на Ниш, а поминува непосредно над остатоците на црквата, со многу подробности ја опишува затекнатата состојба, но и внесува забуна запишувајќи дека манастирот е посветен на Св. Архангел.[586] На

[584] Љ. Стојановић, *нав. дело*, 182, бр. 576; Споменик СКА XIX, каде стои погрешно „Минеј за новембар" – В.С. Петковић, *нав. дело*, 48.

[585] *Фотографски снимци из околине Ниша, Прокупља и Куршумља*, Албум Главног Ђенералштаба из 1879. године. Единствениот оригинален примерок, подарен на кралот Милан, се чува во Народниот музеј во Ниш.

[586] М. Ризнић, *Допис из Каменице* 10. мај 1889, Старинар VI/2 (Београд 1889), 62-64. Не е точен податотокот кој Ризниќ го добил од селаните, дека манастирот е посветен на „Св. Аранѓел". Кај жителите до денес останало живо сеќавање на манастирот Св. Ѓорѓи, додека описот што го

фотографиите од 1879 година се гледа, а од описот на М. Ризниќ и дознава, дека „како и сите цркви свртени кон исток, има облик на кораб со полукружна олтарна апсида и припрата", а дека на местото на чесната трпеза стоел римски жртвеник. Спомнува и женски кип од бел мермер во природна големина со сноп во рака, на која денес ѝ се губи трагата. Мермерна плоча со ранохристијански натпис на латински јазик послужила како амвон во новата Каменичка црква.

Врз основа на спомнувањата во пишаните извори, манастирот Св. Ѓорѓи го вклучиле во пописот на црковни споменици В. Петковиќ и О. Зиројевиќ.[587] Двата истражувачи оставаат отворено прашање за убикацијата на манастирот и се задоволуваат со констатацијата дека се наоѓа „кај селото Каменица".

Благодарение на народното паметење и видливата чесна трпеза (римски жртвеник), жителите подигнале монтажен црковен објект посветен на Св. Ѓорѓи како сеќавање на некогашниот истоимен манастир.

*Состојба пред конзерваторските работи*

Археолошките ископувања вршени 1988 година имаа за цел да откријат материјални остатоци и точно да ја одредат локацијата на манастирот. Во текот на работите се наиде на малку зачувани темели на скромна еднокорабна црква со припрата и со полукружна апсида, со вкупна должина од 12 м а широчина од 7м.

Најдобро е зачуван западнииот ѕид од припратата чијашто широчина е 70 см, а најголема зачувана висина околу 35 см. Неговата должина е 7 м со пиластер на 4 подолжни метри. Малку послабо е зачуван јужниот ѕид со „рамено" прекршување во правилен лак на апсидата. Северниот ѕид е целосно растурен и може да се реконструира врз основа на градителска логика. Согледлив е западниот ѕид на наосот со влезен отвор, кој бил надвисен со камен архитрав, затекнат пред влезот. Ѕидовите се од доста правилни редови на кршен и изделкан камен во варов малтер, грубо малтерисани, на кои не се констатирани трагови од жвопис.

И подните површини го откриваат внатрешниот склоп на градбата, што ја следи косината на теренот. Припратата била поплочена со правилни редови од римска тула (43x32x4,5см) со положување непосредно во земјата. Нивото на

**Т - 73**

---

донесува Ризниќ недвосмислено упатува на оваа локација, а што потврдуваат и фотографиите од 1879 година.

587 В. Петковић, *нав. дело*, 111, 141; О. Зиројевић, *Цркве и манастири на подручју Пећке патријаршије*, 99.

подот на наосот е понизок за околу 30 см од подот на припратата. Западната половина од припратата исто така била поплочена со римски тули од хипокаустот (23x23x6,5см), со таа разлика што тие лежат на малтерна подлога. Таму каде тулите недостасуват останале во малтерот нивните јасни трагови. Заради косината на теренот, околу средината на наосот нивото на подот се спушта за уште 15 см, кој заедно со олтарскиот простор бил прекриен со неправилни камени плочи на малтерна подлога.

Од западната страна црквата ја обезбеувал масивен потпорен ѕид засечен во падината. На неговата јужна страна се надоврзува ѕид со четвртеста ниша во масата, ѕидан исто како и црквата. Припаѓал на просторијата поплочена со тули од римски формат, од кои едната имала печат на римска легија: COH·I·A·DARD. Нема сомнение дека ѕидот припаѓал на еден од објектите, какви во рамките на манастирскиот комплекс ги имало повеќе. Од друга страна, просторот покрај северниот ѕид на црквата е користен за погребување на монаси.

Од евидентираните архитектонски елементи значајни за реконструкција треба да се спомене поголем изделкан камен со скалест испуст, кој можел да припаѓа на цоклето Пред влезот од припратата во наос очистен е поголем камен блок, очигледно архитравна греда која по паѓањето ги скршила подните тули од припратата. Најден е и во вид на лента профилиран мермерен фрагмент кој можел да припаѓа на довратникот или допрозорникот. Фрагментот од мермерниот импост на капителот на чија бочна страна, во плиток релјеф е направен крст како дрво на животот, не може да се препише на оваа градба. Начинот на кој е изведен крстот-дрвото на животот, упатува на постар објект, кој по сè изгледа е рановизантиски. Обичајот на почитување на постари свети места (фрагменти од фрески, архитектонски накит, итн.), зад кој лежи верската приврзаност, како и тежнеењето кон континуитетот на постоењето, е особено изразен во периодот од XV до XVII век.[588]

*Замислата на просторот и структурата*

Врз основа на сè, можно е да се направи идеална реконструкција на првата црква изградена во нишкото опкружување по дефинитивното паѓање на Ниш под османлиската власт. Тоа била мала еднокорабна црква со тесна припрата на запад

[588] А. Јуришић, *Обичај сахрањивања фрагмената живописа и делова архитектонске пластике*, Саопштења XIII (Београд 1981), 175.

и, однадвор и однатре полукружна апсида на источната страна. Камено цокле ја опкружувало градбата, додека прозорските отвори биле врамени со мермер профилиран во вид на лента. Како доказ на континуитет и во време на османлиската окупација, од особено значење е што угледот на градбата ја зголемувале ранохристијанските архитектонски елементи, како што се надгробната плоча со Христовиот монограм и капителот со рељефен крст. Подните површини, кои скалесто ја следеле косината на теренот, биле прекриени со тула од некој близок римски објект, можеби храм, обично подигани покрај извор. Во припратата се влегувало од јужната страна, а одтука во наос низ влезен отвор надвисе со камен архитрав. Црквата била сместена под масивен потпорен ѕид и опкружена со пратечки манасатирски објекти. Ѕид од една градба е видлив и се протега вертикално врз потпорниот ѕид.

*Заклучок*

Манастирот Св. Ѓорѓи над селото Каменица е подигнат во период по дефинитивниот пад на деспотовина во 1459, и малку порано во 1444 година,[589] а пред неговиот прв помен во турските пописи, каде е наведен како веќе оформена даночна единица. Редовното плаќање на порезот им овозможувал на калуѓерите колку-толку нормален живот.[590] Користењето на сполии бил задолжителен предуслов како доказ за неговата старост, т.е. дека настанал пред Мехмед Освојувачот, какошто барале турските власти.[591] Отсуството на живопис, едноставните и скромни димензии на храмот, како и неукост на неимарите, дел се од градителската традиција на времето што се карактеризирало со несредени политичко - економски прилики, кога османлиската моќ била најсилна. Во согласност со новонастанатите околности се развивала и градежничката дејност. Тоа е време кога српскиот народ започнува борба за зачувување на својот културен и национален идентитет. Поникнат од таквата атмосфера во непосредна близина на Ниш, тој е типичен претставник на градителството на своето време, какви, од втората половина на XV века во Србија се малку зачувани. Немерлив е неговиот значај како духовно средиште, културно жариште и препишувачко-илуминаторски центар на Ниш и неговото непосредно опкружување.

---

[589] Ј. Калић-Мијушковић, *Турска освајања у XIV и XV веку*, 98-102.
[590] С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557-1614*, 15, 19
[591] М. Шупут, *Српска архитектура у време турске власти 1459-1690*, 29.

# VIб/6 - МАНАСТИР СВ. БОГОРОДИЦА ВО СИЌЕВАЧКА КЛИСУРА

Манастирската црква Св. Богородице во Сиќевачката клисура е единствено, во целост зачувано сведоштво за естетските барања и уметничките тенденции на населението од оваа област. Со своите архитектонски облици го открива континуитетот на градителството од средновизантискиот до поствизантискиот период.

*Место и историја*

Манастирот Св. Богородица се наоѓа во живописните предели на Сиќевачката клисура, од левата страна на реката Нишава на засечената косина на карпестиот рид Кусача. Заклонет со стрмнините на Сиќевачката клисур, сместен е на сигурна оддалеченост од прометниот Цариградски друм, во близина на дербенџиското село Куновица, чиишто жители ја обезбедувале оваа делница. Претпоставената надокнада и несомнени привилегии што за возврат ги добивале селаните од османлиската власт, биле пресудни за изградба и живописување на манастирската црква Св. Богородица. Т - 74

Манастирскиот комплекс го сочинуваат црквата, денес посветена на Воведение на св. Богородица, конакот изаграден пред 1880 година, а обновен 1994, чешмата од 1883, кулата камбанарија изградена 1938, како и новиот конак изграден во 1970 година.

Преданието кажува дека на брдото од десниот брег на Нишава постоел стар манастир Воведение на св. Богородица што Османлиите го урнале.[592] Од преостанатиот материјал е подигната, малку пред 1644 година кога е живописана сегашната манастирска црква Св. Богородица. Сеќавањето на првобитниот манастир го зачувала во својата посвета. Нема да помине многу време, а новосоградената црква Османлиите ќе ја опустошат. Манастирот бил пуст сѐ до 1875 година кога, благодарение на свештеникот Петар, црквата е обновена, сликарството во наосот поправено, а припратата одново насликана до крајот на 1880 година. Нешто подоцна е изграден конакот. Повеќе среќа немала ниту во Првата светска војна. Пљачкосан и оскренавен, манастирот Св. Богородица

[592] М. Ракоција, *Манастир Св. Богородице у Сићевачкој клисури- историја и архитектура*, 163-172.

повторно ќе заблиста со некогашниот сјај благодарение на игуманот Порфириј. Во текот на 1921 година црквата е обновена. Фреско-декорацијата, Василиј Рудановски, во таа 1921 годинe, ја насликал таму каде сметал дека е неопходно, а ја досликал на некои места, почитувајќи го постарото сликарство.[593] Некако во тоа време ги направил и иконите за иконостасот. По стекнувањето статус споменик на културата подложена е на конзерваторско - реставраторска постапка, што битно не ја доближи на стручната и научната јавност.[594]

За изградба на манастирот Св. Богородица народното предание ни соопштува препознатлива приказна. Преместувањето на црквата од едно место на друго, е општо место во нашата народна традиција. На примерот на сиќевачката Св. Богородица тоа може да се поткрепи со факти, кои се, се чини, доволна причина во неа да се и верува. И денес, на десниот брег на Нишава се видливи темели на црква, за која во народот живее сеќавањето скриено во називот на локалитетот Кулина.[595] Кога на тоа ќе се додадат сознанијата до кои е дојдено во текот на конзерваторско - истражувачките работи, има доволно причина народното предание да се прифати како дел од историјата на нашата црква. За време на конзерваторските работи на архитектурата е констатиран насатично поставен камен блок со фрагмент на фреска.[596] Археолошките ископувања евидентираа појака концентација на гробови, од кои, извесен број скелети навлегуваа под темелите на црквата, што упатува на заклучокот дека е изградена на место на постари гробишта.[597] Дека храмот во еден момент бил "преселен", упатува и неговата денешна посвета Воведение на св. Богородица.

Манастирската црква Св. Богородица е изградена на местото на некогашните гробишта, каде можело да има постара црква.[598] На тој начин би

[593] Д.Ј. Ристић, *нав. дело*, 47-49. Таа година, Рудановски ги насликал и иконте за иконостасот, можеби во периодот од 1929-31. - Н. Дрча, *Руски ликовни уметници-емигранти у Нишу*, Зборник Народног музеја Ниш 10, (Ниш 2001), 262.

[594] Конзерваторско-реставраторските работи се изведени од страна на Заводот за заштита на спомениците на културата - Ниш, во периодот од 1981 до 1986 год.

[595] М. Валтровић и Д. Милутиновић, *Извештај уметничком одбору српског ученог друштва*, 463 - "на карпестиот десен брег на Нишава има уште една запустена, и одвај пристапна црква од познат строј, со пирг".

[596] Конзерваторските работи на црквата се изведувани во етапи од 1981 до 1986 година, под раководство на арх. Д. Јаниќ. Во текот на подготовките на серклажи на северниот и западниотр ѕид е констатирано дека блоковите од сига од внатрешната страна имале трагови од фреско малтер - Документација на Заводот за заштита на спомениците на културата - Ниш.

[597] Археолошките ископувања се изведени во 1985/6 г. Во таа прилика се констатирани гробови (бр. 6 и 12) кои навлегуваат под темелите на црквата - Документација на Заводот за заштита на спомениците на културата- Ниш.

[598] Превентивните археолошки работи не беа доволни тоа да го потврдат. Истражена е внаттрешноста на црквата и тесниот појас околу црквата со поставување на дренажниот канал.

биле задоволени одредени услови кои османлиската власт ги поставувала. Обновата од темели, како во нашиов случај, е дозволувана ако црквата постоела порано, т.е. од времето на Мехмед Освојувач.[599] Меѓутоа, недостиг на податоци дека тука постоела постара црква, упатува на отстапки што во ваквите случаи се правеле. Црквата Св. Богородица е обновена од темели, не на местото каде што порано постоела, туку малку подалеку, и тоа од градежниот материјал од старата црква на десниот брег на Нишава. Изградбата на Сиќевачката црква не треба да се разбере како злоупотреба, зошто, секако би била урната, што се и случувало,[600] туку заслужена отстапка на христијаните и пресметана попустливост на окупаторската власт.[601]

Ова е и одговор на прашањето, дали црквата е обновена или е изградена нова. Дека е изградена "ОТ ОСНОВАНИА", дознаваме од ктиторскиот натпис, каде **Т - 75**
наоѓаме и потврда за точноста на народното помнење за преместувањето на црквата. Од ктиторскиот запис дознаваме дека храмот е посветен на Воведение на св. Богородица, и покрај тоа што оваа сцена не е вклучена во репертоарот на фреско декорацијата. Тешко е да се поверува дека овој недостаток е резултат на непретпазливоста на живописците и невниманието на ктиторите. Покрај задолжителните сцени од животот на Богородица што се сликаат во циклусот на Великите празници (Благовештението, Успението) сиќевачкиот уметник, и покрај ограничениот простор, во храмот посветен на неа, го слика Рождеството на Богородица, и не така често прикажуваниот Богородичен Источник. На мислење сме дека е во прашање намерна постапка во служба на обновата на сеќавањето на некогаш постоечкиот манастир Воведение на Св. Богородица.[602] Ова може да се земе како добра потврда за тврдење дека изградбата на црквата Св. Богородица е заснована на идеја на обновата на некогашниот храм Воведение на Св. Богородица. Од тие причини, надевајќи се дека не сме згрешиле многу, сметаме дека посветата треба да ја воопштиме на Св. Богородица. Манастирската црква Св. Богородица, изградена од градежен материјал на урнатиот манастир Воведеие, го зачувала сеќавањето на него во ктиторскиот натпис. За очекување е дека

---

[599] С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557-1614,* 47-49, со литература.
[600] *Исто,* 3, 49.
[601] Обавувањето на дербенџиската служба се чини доволна за ваквиот став на иноверната власт.
[602] Сличен пример сретнуваме во црквата Успение во Добриќево, каде Г. Митрофановиќ, секако не од незнаењње или случајна грешка, исто така не ја слика оваа претстава. Тоа се објаснува со поинаква посвета во време на сликањето. - З. Кајмаковић, *Георгије Митрофановић,* 148.

градителите на таков, досетлив начин ги задоволиле поставените услови од турските власти, и со тоа ги исполниле бараните формалности за добивање дозвола за “обнова” на манастирот.

На западниот ѕид од наосот над влезната врата во целина е зачуван грижливо испишан натпис (65 x 30см), со годината на настанокот и имињата на оние со чија заслуга е изграден и исликан храмот. Во седум правилни редови ограничени со хоризонтални црвени линии на отстојание од 3,5см, убаво и точно, со црвена боја на бела заднина се испишани буквите од натписот кој гласи:[603]

ИЗВЛЕНЇЕНЇЕМЬ ѾЦА И ПОСПЬШЕМЬ СНА
И СЬВРЬШѤНЇЕМЬ СТАГО·ДХА·СЬИ СТИ БЖЕСТВНИ·
ХРАМЬ·СТЕ ВАВЕДЕНЇЕ·БЦИ·СЬГРАДИХОМЬ
Ѿ ОСНОВАНЇА·СЬПОМОШНЮ·КТIТОРЬИ ОСЕ ПИСАН И
ПОТРѸДИ СЕ И ПЛАТИ РАБЬ БЖЇИ ВЕСЕЛИНЬ И БРАТИѦ ЕМ(Ѹ) ЕТ
И СИМОНЬ·И·ЖИВКО·ПРИВРЬШИ СЕ ПРИ·ДХОНИКЬ
(ПОП) (Ю)ОВАНА ВЬ ЛѢТО З. РНВ

Натписот ни открива низа факти значајни за историјата на манастирот. По вообичаената формула дознаваме дека црквата посветена на Воведение на Св. Богородица, е изградена “ОТ ОСНОВАННА“ и “ПИСАН“ со залагање и со пари на Веселин и неговите браќа Симон и Живко. Работите на црквата се завршени во 1644 година, за време на духовникот поп Јован.

Формулација “ОТ ОСНОВАННА“ упатува дека храмот е изграден од темели, и “ПИСАН“, значи, набргу и исликан.[604] Во продолжение на натписот сретнуваме формулација “ПОТРѸДИ СЕ И ПЛАТИ”, со која, покрај залагањето на ктиторот истакнува и плаќање на работите. Се чини дека е ова резултат на добрата материјална состојба на ктиторот Веселин и неговите браќа. Кои биле Веселин и неговите браќа Симеон и Живко, тешко со согурност може да се тврди. Изгледа дека тоа биле повидни жители од

[603] Прв натписот го објави Д. Ристић, *Православни манастири епархије нишке*, 47; Нешто оподробро читање донесува П.В. Гагулић, *У Сићевачкој клисури цркве и манастири* I, 14, 15.

[604] Од завршувањето на градежните работи на црквата со овие димензии до нејзиното исликување, поминувала најчесто една година, за градбата да **слегне**. Знаејќи дека поствизантиските сликари во Србија и Балканот работеле многу брзо, од 6 до 9 метри на ден, тогаш знаеме декаа за исликувањето на црква била доволно една сликарска сезона. Сликарите најчесто сакале да работат напролет или во доцно лето (често започнувале во април - на Св. Ѓорѓи, а завршавале во ноември - на Св. Димитриј), кога жештините не се прејаки, а малтерот се сушел брзо. Тоа е најпогодно време за патувачките тајфи зографи кои пред зимата се враќале дома. - A. Γ. Τουρτα, *οι ναοι του Αγιου Νικολαου στην Βιτσα και του Αγιου Μηνα στο Μονοδενδρι*, Αθηνα 1991, 238. Од тоа произлегува дека работите се приведени кон крајот, заклучно со сликарските, во сезонта 1644 година, а дека е изградена една година порано, во 1643 година.

недалечното село Куновица, кои, вршејќи дербенциска служба, дошле до извесни привилегии и материјално зајакнале. Со задолжителна опрезност, земајќи во предвид дека располагале со пари, можеме да претпоставиме дека биле кнезови-христијани. Како кнезови биле врска меѓу народот и османлиските власти, располагале со своите имоти и биле ослободени од дел на наметот. За возврат ги штителе опасните делници на цариградскиот друм собирале порез и биле поблиску до парите, што очигледно го истакнале во натписот.[605] Тие биле во можност и да повикаат и да платат мајстори.

Во завршниот дел на натписот се вели дека работите се завршени во време на духовникот поп Јован, во 1644 година.[606] За Јован не знаеме ништо, освен, а тоа можеме да претпоставиме, дека материјално не учествувал, но е, во секој случај, носител на идејата за изградба и исликувањето на црквата. Меѓутоа, посебна занимливост претставува тоа што е титулиран како духовник. Духовниците, особено одредени калуѓери, се примерни старци, кои имале посебно овластување дадено од епископот, на територијата на одреден округ да ја вршат светата тајна на исповедувањето.[607] Сè уште е жива институцијата на Духовник, како заостанат стар црковен обичај од времето на српската државност, кому е посветен цел 11. член на Душановиот Законик,[608] кој упатува на нешто поинакви прилики во кои живееле тогашните Нишлии. Сега зајакната Српската црква, во согласност со стрмежите на патријархот Пајсиј, води грижа за традицијата и организирањето на православното население во нишката област. Тоа што во натписот се споменува само духовникот Јован, а не и епископот нишки Герасим, говори за популарноста на Јован, но и за значењето на институцијата Духовник.[609]

Од друга страна, споменувањето на духовникот Јован кој бил задолжен за повеќе села, недвосмислено открива непосредна врска на манастирот со селото, чијашто црква служела и како селски храм. Ваквата двојна улога на манастирот, и како собиралиште на монаси и како селска црква, по обновата на Пеќската патријаршија не била невообичаена[610].

---

[605] Слични привилегии имале и спахиите, коишто се споменуваат како приложници низ целиот XVII век, со тоа што тие за возврат добивале имот, а не пари. - С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке Патријаршије 1557-1614,* 17/8, со литература.

[606] Неколку нејасни букви зад зборот ДУХОВННКЬ најповеќе личат на зборот поп, а нема сомнение дека следната буква е Ю на која се надоврзува јасно читливиот збор (Ю)вана.

[607] Р.М. Грујић, *Православна срйска црква*, 27; *Душанов Законик*, Београд 1986, 117. Во XIX век исчезнува институцијата Духовник, а нивната должност се преносува на парохискиот свештеник - М. Грујић, *Народна енциклойедија СХС*, I, 681.

[608] *Душанов Законик*, Београд 1986, 58.

[609] Колку нишлиите ја уважувале институцијата Духовник открива и записот на минејот од 1553 г. од манастирот Св. Ѓорѓи над Каменица каде покрај игуменот Григориј се споменува и духовник.

[610] С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557-1614,* 79.

Треба да се сврти вниманието дека во стручната литература влегла неточно исчитаната 1647 година. По симнувањето на калкот и анализата на натписот, недвосмислено е заклучено дека последната буква од бројната вредност не е "Є" туку "Ѣ".[611] Со тоа е утврдено дека црквата е изградена 1644 година. Хронолошкото поместување од вкупно три години, наизглед безначајно, има тежина во фактот дека сиќевачката Богородица настанала за време на патријархот Пајсиј.

*Проучување на црквата*

**T - 76**

Податоци за Сиќевачкиот манастир не сретнуваме во постарата патеписна и друга литература. Пишаните извори прв пат го споменуваат по ослободувањето на овие краеви од Османлиите. И тогаш, оддалечен од патиштата и скриен од поглед ги одбегнал поголемите интересирања на истражувачите чии скудни извештаји го откриваат неговото постоење. Милиќевиќ изнесува предание како е уништен манастирот на десниот брег на Нишава, за кој кажува дека бил посветен на Успение на св. Богородица, а нашата црква ја нарекува сиќевачка Св. Богородица во која „не може ниту пет луѓе да собере". Каниц, дури во време на својот втор престој во Србија успева да го посети манастирот и направи, на него својствен, до детали точен цртеж на црквата.[612] Нешто повеќе дознаваме за манастирот благодарение на Д. Милутиновиќ и М. Валтровиќ.[613] Во нивниот извештај тие ни откриваат дека, сега парохиската црква, некогаш била манастир. Со издолжена е основа со полукружна апсида на исток и со припрата "отворена со три аркади на ѕидани столпци". На искусното око не остана незабележана архитектурата на црквата "изградена од кршен и малку делкан камен", којшто оскудева во детали, но затоа е "прв пронајден примерок со отворена припрата" каква обично се среќава на топлиот југ. За разлика од архитектурата што ја сметаат за "занимлива", наоѓаат дека "живописот не е ниту од каква и да е значителна уметничка вредност", а настанал кога и црквата "многу веројатно, во XVII век". Ова вешто запазување заедно со акварелот, кој ја прикажува црквата од запад, му овозможиле на Сиќевачкиот манастир во поново време да биде познат на научните кругови.

---

[611] Каниц првиот ја донесува погрешната 1648 година - Ф. Каниц, *нав. дело II*, 556, како и митрополитот Михаило, *нав. дело,* 175; потоа 1647 година Д. Ристић, *нав. дело,* 47. Годината 1647 ја преземаат: С. Смирнов, *Колекцйя копій старіхъ Надписев въ сербскихъ Церквахъ*, Сборникъ Русскаго археологическаго общества, томъ III, Бялградъ 1940, 110/111; В. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557-1614*, 297; П. Гагулић, *У Сићевачкој клисури цркве и манастири* I, 15; О. Зиројевић, *Цркве и манастири на подручју пећке патријаршије од 1683. године,* 73, и други.

[612] М.Ђ. Милићевић, *нав. дело,* 26. 86; Ф. Каниц, *нав. дело,*, 556; Државни календар краљевине Србије за годину 1897, Београд 1897,67; Календар са шематизмом краљевине Србије за 1888,103; Глас, *Црквени календар са шематизмом нишке епархије за 1900*, Ниш 1899, 117,129.

[613] Д. Милутиновић и М. Валтровић, *Извештај уметничком одбору српског ученог друштва*, 463.

Затоа е првенствено заслужен Смирнов, кој сиќевачкиот ктиторски запис го стави во колекцијата на стари натписи во српските цркви.[614] Потпирајќи се на него В. Петковиќ ја внесе во својот преглед на цркви.[615] Нејзиното значење за уметноста на поствизантијскиот период воочен е од страна на Сретен Петковиќ.[616] Посебен напор манастирот да се доближи на јавноста направил прота Петар В. Гагулиќ, со монаграфската студија во манир на стари истражувачи.[617] Олга Зиројевиќ ни донесува податоци зачувани во турски дефтери, значајни за согледувањето на минатото на манастирот.[618]

*Состојба пред конзерваторските работи*

Црквата на Сиќевачкиот манастир е скромна еднокорабна градба со полукружна апсида на источната и истовремено, некогаш отворена припрата на западната страна.[619] Засведена е со полуобличест свод кој е положен на бочните прислонети лаци потпрени на пиластрите, и препокриена со кров на две води. Денешниот изглед на црквата е резултат на конзерваторските интервенции во последните две децении на минатиот век.

**Т - 77**

*Замислата на просторот и структурата*

Архитектурата на црквата Св. Богородица во Сиќево, изгледа, би останала неприметена во стручните кругови, долж нејзините внатрешни страни од бочните ѕидови да не се наоаѓат, за овој период ретки, прислонети лаци.[620] Од конструктивни причини на бочните зајакнувачки лаци потпрени на четвртести пиластри, лежи подолжен полуобличест свод. Долж северниот и јужниот ѕид на нартексот постои по еден, а долж наосот по два пара потпорни лаци. Изложеното претставува посебен белег на црквата, со што се издвојува од сродните градби на тоа време. Истовремените градби со ваков архитектонски склоп, најчесто имаат по три потпрени лаци на подолжните ѕидови, такашто се формираат три асиметрични траveи, од кои средниот е по правило поширок. Овој асиметричен ритам на травеи е земен како основа за тврдење дека за црквите од овој тип од XV-XVII век, на подрачјето на стара Херцеговина, послужиле

[614] С.Н. Смирновъ, *нав. дело*, 110, 111.
[615] В. Петковић, *нав. дело*, 297
[616] С. Петковића, *Зидно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557-1614*, 72;
[617] П.Б. Гагулић, *У Сићевачкој клисури цркве и манастири* I.
[618] О. Зиројевић, *Цркве и манастири на подручју Пећке патријаршије до 1683.године*, 73;
[619] У то време најчешће се једновремено подиже и припрата. - С. Петковић, *Уметничко стварање између 1614 и 1683*, Историја српског народа III-2, Београд 1993, 390.
[620] М. Шупут, *Српска архитектура у доба турске власти,* 88,89; С. Петковић, *Уметничко стварање између 1614 и 1683*, 391.

како пример за еднокорабните куполни цркви од XI и XII век распространети на српското Приморје.[621]

Постоењето на градби со прислонети лаци во околината на Ниш, може да се објасни како земање за пример на блиската Латинска црква во Горни Матеевац од XI век,[622] која припаѓа на групата еднокорабни куполни цркви по потекло од Византија.[623] Старата Латинска црква можела да послужи, слично на оние на Приморјето, како пример за градителите на црквата на Сиќевачкиот манастир, чиј внатрешен склоп открива далечно сеќавање на оваа градба.[624]

Останува отворено прашањето, макар што функционалните причини се наметнуваат, зошто градителот се одлучил за два, а не за вообичаени три пара прислонети лаци. Ваквото решение во внатрешноста на храмот е забележан во нашето поствизантиско градителство во црквите: Св. Троица во село Брезовица(1567), Св. Богородица во село Врх недалеку од манастирот Студеница (1619/20) и во црквата Успение на Богородица во село Луг (1503),[625] и понатаму на југ, во Македонија во манастирската црква Св. Никола во село Ореоец (1595).[626]

Рашчленувањето на внатрешноста на градбата со два пара прислонети лакови на црквата Св. Троица во Брезовица, е објаснето со еднакви димензии на наосот и припратата.[627] Ова објаснување за Сиќевачката црква, каде припратата и наосот не се со еднаква големина, не би било задоволително. Во нашата црква помеѓу западниот ѕид на наосот и пиластрите се формира ниша со правилен лак, додека меѓу пиластерот и источниот ѕид, поширокото отстојание е премостено така што лаковите од архиволтот во висина на спротивната третина се развиваат во хоризонталната маса на ѕидот, за да оној источниот се затвори со правилен полулак и се потпре на источниот ѕид. Вака премостеното отстојание овозможи да се одбегне употреба на уште еден пиластер. Со тоа наосот е поделен на два травеи со нееднаква големина. Сепак, за да левата и десната половина на лакот се затворат онака како треба да се очекува, структурата на градбата по должина би била назначена со три, сега еднакви полиња. Така, некаде во идејата градителот го заачувал сеќавањето на три травеи, како дел од знаењето вткаено од богатото архитектонско наследство.

---

[621] В. Кораћ - В.Ј. Ђурић, *нав. дело,* 561-601.
[622] М. Ракоција, *Црква у Горњем Матејевцу код Ниша*, 7-24, са литературом.
[623] Б. Кораћ, *О природи обнове и правцима развоја архитектуре у раном средњем веку у источним и западним областима Југославије*, 223.
[624] Латинската црква била пред очите и на обновителите на недалечната манастирска црква Св. Јован кај Г. Матеевац, кои, при крајот на XVI или почетокот на XVII век, полуобличестиот свод го потпреле на бочните прислонети лаци.
[625] М. Шупут, *Споменици српског црквеног градитељства XVI-XVII века*, 37,50,139.
[626] М. Машнић, *Манастирот Свети Никола Ореоечки*, Културно наследство XIV-XV (1987-1988), Скопје 1990, 6, цр. 1 и 2.
[627] М. Шупут, *Споменици српског црквеног градитељства XVI-XVII века*, 36; Истата, *Српска архитектура у доба турске власти*, 61/2.

*Опис, начин на зидањето, архитектура на фасадните површини,*

*Однос на внатрешните структури и на надворешните облици*

Во припратата се влегува од западната страна низ тремот кој го чинат три едноставни аркади на ѕиданите столпци, чии лакови се плитко засечени во масата на ѕидот и опшиени со еден ред радијално поредени тули. Средишната аркада е влезна, додека бочните се сега застаклени. Триаркадниот систем на западната фасада на црквите е препознаен во науката како доцновизантиски,[628] додека отворениот трем е редок за ова време на нашите простори, а почесто се сретнува на грчките острови. Над влезот е двопојасна плитка ниша во чија внатрешност се видливи трагови од боја. По 1875 година целата западна фасада е исликана.[629] Две камени скали го спуштаат нивото, на сега бетонираниот под на припратата, на чиј источен ѕид е архитравно завршен влез во наосот, надвисен со двопојасна ниша. Во наосот се влегува преку една скала за чија височина е подигната нивелета на подот, по археолошките ископувања, покриена со дрвен под.

Наосот е поделен на два травеи со нееднаква големина. Западниот е помал, а источниот травеј со својата должина како да е предодреден за уште еден. Тој третиот, непостоечкиот травеј, се насетува во идејата што го водела градителот по повод осмислувањето на храмот.

Внатрашноста на црквата денес е добро осветлена. На јужната и северната страна се наоѓа по еден помал четвртест прозорски отвор, додека оној на олтарната апсида е малку поголем. Судејќи по акварелот на М. Валтровиќ и Д. Милутиновиќ од 1878 година, прозорците од северната и јужната страна на наосот дополнително се пробиени. Светлоста во наосот првобитно се пробивала низ мал четвртест, од надворешната страна сега затворен отвор, над новотворениот прозорец на јужниот ѕид, кој во внатрешноста се манифестира како ниша. На јужната страна од припратата дополнително пробиениот прозорец е затворен за време на конзерваторските работи. Просторот на проскомидијата е обележан со две помали ниши.

Едноставните, еднокорабни засведени градби, што трајат низ историјата на српското градителство, во XVI и XVII век ќе станат вообичаени за средината со не така големи материјални можности.[630] Затоа заслужува внимание урамнотежен пропорционален однос на градбата, како резултат на завидно занаетчиско искуство на непознатиот неимар. Посебно воодушевуваат неочекувано хармонични димензии на

---

[628] S. Ćurčić, *Articulation of Church fasades During the First Half of the Fourteenth Century. A study in the relationshipof Byzantine and Serbian architecture*, 19, 21.

[629] Фрагменти од некадашниот живопис се гледаат и на Каницовиот цртеж - Ф. Каниц, *нав. дело*, 557 (види фотографија).

[630] М. Шупут, *Срūска архиūекūура у доба ūурске власūи*, 97.

нејзината основа. Веќе е воочена упростената олтарна апсида на ограничениот внатрешен простор,[631] но, хармонично обликувана и со хармоничен пропорционален однос со останатите делови на градбата. Ваквиот внатрешен простор на апсидата ја доближува на помалите гробишни цркви, што се малку повеќе распространети во источните делови на Пеќската патријаршија.[632] Во прилог на забележаното зборува слабата осветленост на храмот и, малиот простор меѓу чесната трпеза и лакот на апсидата, што упатува на тоа дека тука, на прво место, можела да се врши молитва за заупокоените.[633] Кога на тоа ќе се додаде сознанието дека е изградена на просторот на постара некропола, тогаш има доволно податоци кои укажуваат на гробишниот карактер на оваа црква.

*Начин на градење*

Ѕидана е од кршен и приделкан камен со наместа употреба на тула, занаетчиски добро подредени. Во висинина од 1м се јавува хоризонтално подредена тула (деб. 4,5см), со која е извршено нивелирање на ѕидните маси. На јужната и источната страна јасно се видливи два реда додека, како што се чини, на северната страна се прекриени со дерсување за време на конзерваторските работи. На аглите се убаво обработени поголеми тесаници. Во просторот под стреата (подстрешје), освен на западната страна, се простираат два реда "на заб" поставени тули, чинеќи скромен, но елегантен пластичен украс. Ѕидовите се зајакнати со примена на скара од дрвени греди. Надворешните површини на ѕидните платна биле прекриени со малтер проникнат со ситно толчена тула, со што се добила блага црвена нијанса, а нерамнините настанале со ѕидањето се израмнети. **Т - 78**

*Заклучок*

Упростувањето на архитектонските облици, со просторната и конструктивната сродност, оди во прилог на кажаната претпоставка дека градителите на Сиќевачкиот храм, како истовремените неимари од Херцеговина, за далечен пример ја имале еднокорабната куполна црква. На мислењето сме дека истата идеја, во исто **Т - 79**

[631] Р. Станић, *Црква Св. Пешке у Трнави код Рашке*, Саопштења XIV, Београд 1982, 97.
[632] Р. Станић, *Црква Св.Пешра и Павла у Тушину*, Рашка баштина 2, Краљево 1980, 141. Хармоничните мали полукружни олтарни апсиди во нашето поствизантиско градителство имаат црквите во: Долац, Гориоч, Кијево, Млечани, Чабиќи, Добра Вода - П. Пајкић, *Сеоске цркве у долини Белоī Дрима*, Старине Косова и Метохије I, (Приштина 1961), 145-200; црква Св. Николе у Драјчићу - Истиот, *Цркве Средачке жуūе у ūурском ūериоду,* Гласник музеја Косова и Метохије III (Приштина 1958), 95-100; црквата Св. Јован во Јаково, Св. Архангели во Лопардинци, Св. Петка во Мостаќ, Св. Илија во Кацапун - М. Шупут, *Сūоменици срūскоī црквеноī īрадиūељсūва XVI-XVII века*, 78, 138,156, и други.
[633] Р. Љубинковић, *Црква Св. Николе у Сūаничењу*, Зограф 15, (Београд 1984), 78.

време, ја водела раката на градителот како во Херцеговина и Босна,[634] така и во централните делови на Балканот, со цел да се зачува и продолжи средновековната архитектонска традиција. Локалните градители на црквата во Сиќевачкиот манастир, имале пред очи архитектонски облици на најблискиот славен средновековен споменик - Латинската црква во Горни Матеевац. Со упростувањето на нејзините облици, како и мнозинството на онавремените мајстори,[635] дошле до наједноставното решение кое во себе сè уште содржи византиска традиција и препознатливо сеќавање, макар во апстрактна смисла, на најблиската значајна средновизантиска куполна црква.[636] Во таа цел послужил и црвеникавиот тон на малтерот со кој била малтерисана, нудејќи впечаток што го давале византиските градби во целост изѕидани од тули. Угледните средновизантиски цркви, секоја во својата средина, стануваат пример на спомениците изградени во временскиот период од XV до крајот на XVII век, чија идејна обединетост и стилска сродност ги препознаваме на просторот на Србија и Балканот.

Од друга страна, малите димензии и едноставната градителска постапка, без значајни архитектонско-декоративни детали, но доследна занаетчиска работа, припаѓаат на градителската традиција на времето што се карактеризира со нестабилни политичко-економски околности. Скромните материјални можности на ктиторите и занаетчиската вештина на мајсторите, дошле до полн израз за време на изградбата на храмот. Сиќевачката црква Св. Богородица ја граделе локални мајстори со солидно занаетчиско искуство, на кои не им било непознато архитектонско наследство на Нишавлето и Балканот.

---

[634] В. Кораћ - В.Ј. Ђурић, *нав. дело,* 579-585.

[635] М. Шупут, *Срӣска архиӣекӣура у доба ӣурске власӣи*, 86.

[636] *Исто,* 92, 94; Истата, *Сӣоменици срӣскоī црквеноī īрадиӣељсӣва XVI-XVII века*, 16.

# VII – ЅИДНО СЛИКАРСТВО

## VII/1 - ЦРКВА СВ. ЈОВАН ВО СЕЛО ОРЉАНЕ

*Затечена состојба на фреските*

Истражувачките работи на црквата започнати се врз основа на цртежот на Д. Милутиновиќ и М. Валтровиќ. Во моментот кога, сега тргнатиот малтер, ги препокривал внатрешните ѕидни површини на храмот, фреско ансамблот веќе тогаш бил уништен.[637] Малку порано, судејќи по зачуваниот цртеж од 1878 година, Д. Милутиновиќ и М. Валтровиќ затекнале покрај фрагментираната Богородица во полукалотата на апсидата, уште дванаесет кружни медаљони со допојасја на светители на триумфалниот лак. Не сокривајќи го одушевувањето кон живописот "очигледно со поголема уметничка вредност", но и жалење што пропаднал, тие вешто запазуваат дека му е"цртежот правилен, а колоритот хармоничен подреден од топли и длабоки, но сепак проѕирни бои".[638]

Од тоа, по отстранувањето на диви наслаги малтер, констатирани се три фрагментирани медаљони на триумфалниот лак и украсната лента од мали крстови која од долниот дел на триумфалниот лак го следи работ на отворот на апсидата. Црквата некогаш била во целина исликана што потврдува наместа зачувани помали површини од фреско малтер во висина на цоклето на апсидата и наосот. Фреско малтерот го сочинуваат варот, ситнозрнестиот песок и сечканата слама (деб. околу 2см). Сликањето е вршено на измазнет малтер со фина фактура (деб. околу 2мм), на кој, пред да се осуши, цртежот е угребана. Вака подготвен фреско носачот е препознатлив за подобрите сликари и нивните репрезентативни остварувања, како во српскиот среден век, така и во поствизантискиот период.[639]

Затечената состојба на фрагментираниот живопис најречито говори за бурното минато на ова сликарство. Боениот слој или целосно отпаднал или е многу оштетен со

---

[637] М. Ракоција, *Новооткривени фрагмнти живописа у цркви Св.Јована у Орљану*, 41-46. Бо периодот од 25. 7. до 15. 8. 1997 г. се обавувани истражувачки работи на архитектурата на црквата. Сознанијата до кои се дошло ја потврдија претпоставката декаа црквата на ридот Комига е истата со "црквата кај Курвинград", што детално и точно ја исцртале Милутиновиќ и Валтровиќ. Внатрешните ѕидни површини на храмот биле прекриени со варов и земјан малтер, и варосани во бело. Со отстранувањето на наслагите на малтерот се присрапувало со потпирање на цртежот на М. Валтровиќ и Д. Милутиновиќ.

[638] Д. Милутиновић, М. Валтровић, *Извештај друштвених изасланика за снимање живописних и архитектонских старина српских*, 462; С. Богдановић, *Михаило Валтровић и Драгутин Милутиновић као истраживачи српских старина*, 180 - оригиналите се чуваат во Историскиот музеј на Србија. Според нивниот цртеж во конхата на апсидата се наоѓала вообичаена претстава на Богородица Оранта, која во целост исчезнала. И тогаш поради оштет оштетувањата, не се гледа дали имала на градите медаљон со допојасје на Христос Емануил.

[639] С . Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке Патријаршије 1557-1614*, 58.

луспење додека, пак, таму каде што се задржал е избледен. Акварелот на Милутиновиќ и Валтровиќ од 1878 годинe открива, дека еден момент црквата останала без дел на сводни површини, а живописот бил изложен на атмосферски промени.

*Распоред и опис на фреските*

На долниот дел од триумфалниот лак работ од отворот на апсидата бил опшиен со украсни ленти што ги чинат правилна низа од мали крстови со зачувана должина од околу 80см. Наизменично се сменуваат жолти и светлосиви крстчиња на маслинесто - зелена заднина, времени со тенка сина линија и со поширока црвена лента. Слична декоративна лента го украсува пиластерот во олтарот на манастирот Манасија.[640] **Т - 80**

На челната страна од триумфалниот лак, видно истакнати на почесно место, над олтарната апсида, се затекнати три фрагментирани медаљони со допојасја на свети архиереи со невидливи раце, претставени во чист en face. Прв одоздола на главата има еден вид митра. Тоа е педантно исцртана полукружна капа од ткаенина со црвена боја, со раб извлечен со тенка црна линија и украсена со црни точки кои во вид на зраци се простираат од врвот до работ.[641] На себе има сакос со кафено - бели шаховски полиња и бел омофор со издолжени црвени крстови. Окер жолтиот ореол е врамен со црвена и бела надворешна линија. Жолтата заднина е затворена со кружница од црна линија. Луспењето на бојата од лицата одвај да ни остава простор да го согледаме окер инкарнатот. Сепак, се препознаваат контури на глава на постар човек, со не многу долга побелена брада, обликувана со брановидни замави од умбра, окер и бела боја, што шилесто завршува.[642] Видливи се линиите на високо извиените веѓи и на коренот на носот, чијшто правилен облик наслутува, како и ширум отворени очи. Сите детали на главата изведени со замави на умбра, се правилно пропорционирани. Лево и десно од ореолот се читаат педантно испишаните букви – СТI/ . . СҐI . . ., по сè изгледа *св. Сӣиридон.*

На светителот, одозгора боениот слој од лицето во најголема мера отпаднал, така што одвај се насетуваат контурите од главата со тркалезна куса брада, додека за инкарнатот не може да се каже ништо. Косата, како да е ставена на главата во вид на

---

[640] Р. Николић, *Манасија*, Саопштења, VI, Београд 1964, сл.66.

[641] Идентична капа, не така точно исцртана, на главата носат св. Кирил и св.Спиридон во пештерната црква Рождество на Богородица во манастирскиот комплекс недалеку од селото Калиште на Охридското Езеро, чиешто средновековно сликарство е пресликано во почетокот на XVI век - Г. Ангеличин -Жура, *Сӣраници од исӣоријаӣа на умеӣносӣа на Охрид и оридскоӣо (XV-XIX)*, Охрид 1997, 33-39, цр. 1, 3, сл.10, 11. Сличну капу, опет, једноставнију у обради, има св.Спиридон у цркви Св.Спаса у селу Велимљу из 1605.године. - С. Петковић, *Зидно сликарсӣво на ӣодручју Пеħке Паӣријаршије 1557-1614*, сл.101.

[642] Кратка побелена шилеста брада блиска е на она кај св. Спиридон во црквата Св. Спас во село Велимље (1605), - С. Петковић, *Зидно сликарсӣво на ӣодручју Пеħке Паӣријаршије 1557-1614*, сл.101.

полукружна капа, разделена е со куси црни запирки на три кружно концентрирани хоризонтални појасеви. Таква капа има на глава св. Силвестер, римскиот папа од време на цар Константин.[643] Врз него е сакос со црно - бели шаховски полиња и омофор со црни крстови. Десно од ореолот кој е ист како и кај св. Спиридон, на темно сина заднина, се препознаваатју буквите - ..ЯК//..Н.

Го надвишува непознат светител во медаљон со светлоцрвена заднина, со омофор на кој се црвени крстови. Зачуваните букви -.. НІЄ .., не допуштаат да го откриеме неговото име.

На триумфалниот лак можел да биде насликан фриз од медаљони со допојасја на архиереи. Првиот со сигурност може да се прочита како св. Спиридон Чудотворац, особено омилен на грчките острови, учесник на Првоиот Вселенски собор во Никеа 325 година, на кој е осудена аријанската ерес.[644] Можеме само да претпоставиме дека и на другите медаљони биле поставени учесници на Вселенскиот собор, со местото здружени и идејно обединети во борба против еретичката мисла и богохулникот, како на лакот под сводот во олтарот на Сопоќани.[645] Таа идеја, на едно мест, видно истакнати, да се најдат вселенските оци, прославени борци за чистота на христијанската вера, можела да ја води и раката на орљанскиот уметник.

Натписите на фреските непосредно се условени со црковна традиција, со обичаите и барањата на верниците, кои службата ја слушале на народниот јазик во областа на која градбата ѝ припаѓала.[646] Пар на зачувани букви откриваат дека имињата на светителите биле испишани на српски јазик, но не се сигурен доказ дека фреско декорацијата во целина била означена со српски натписи.[647] Видлива кратенка (СТІ), нешто поретка, сепак е блиска на вообичаените во српското средновековно монументално сликарство (СТЇ; СТЫ), така што споредбата со другите споменици, се чини е залудна работа која не би придонела на сигурното датирање на фрагментите. Сепак, може да биде од корист сознанието дека во Псача светителите се означени со иста кратенка.[648] Еднакво убаво испишана кратенка-СТІ, се наоѓа и во црквата Св. Петка од XIV век кај село Беренде во Бугарија,[649] но и во Новопавличката црква на

T - 81

---

[643] Е. Димитрова, *Манастир Матејче*, Скопје 2002, 107, 254, сл. 17.

[644]Житија светих, *12 децембар*, Београд 1961, 992; С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке Патријаршије 1557-1614*, 94,95.

[645] Се читаат св. Агатодор и св. Акакиј - Р. Николић, *Сопоћански медаљони*, Саопштења, IX, Београд 1970, 73, 74, сл. 1.

[646] О томе - В. Ђурић, *Најстарији живопис испоснице пустиножитеља Петра Коришког*, ЗРВИ, књ. 5, Београд 1958, 187.

[647]Во епископиите на Охридската архиепископија пред осамостојувањето на Српската црква под Сава (1219)светителите се означувани секогаш на грчки. Сè до османлиското освојување (1459.), натписите се пишувани на стар српски јазик. Појавата на мешовити српско-грчки натписи е неделива од Милутиновите освојувања на Македонија каде натписите биле грчки. - В. Ђурић, *Најстарији живопис испоснице пустиножитеља Петра Коришког*, ЗРВИ, књ.5, Београд 1958, 185-187.

[648] И. Ђорђевић, *Зидно сликарство српске властеле*, 175.

[649] E. Bakalova, *Stenopisite na cqrkvata pri selo Berende*, Sofiя 1976.

падините на Копаоник од време пред косовската битка (исликана околу 1386).[650] Идентична кратенка, не така елегантно испишана, затекнуваме и подоцна, во 1606 година во црквата Св. Никола во село Стрезовце кај Куманово.[651] Оваа врста кратенки се испишува во областа на поширoко опкружување на Ниш, како во втората половина на XIV век, така и во поствизантискиот период. Гледано во целост, имајќи ги во предвид изложените факти, вешто и педантно испишани хармонични бели букви најчесто среќаваме во XIV и во првата половина на XV век, а поретко во време на осмалиската окупација.

Судејќи споре зачуваната орнаментика на нејзе ѝ припаѓало значајно место во целокупната декорација на храмот, откривајќи ја наклоноста на уметникот кон овој вид на украси. Таму каде е очекувана таа е логично вклопена во архитектонскиот простор (долен дел од триумфалниот лук) додека на единствен можен начин ги исполнува површините меѓу медалјоните.

Просторот меѓу медалјоните е пополнет со стилизирани флорални орнаменти, кој чини склоп на срцовидни листови од бршлени. Од спојот на два вертикално поставени листа со кафена боја излегува еден поголем темно син лист од чиј врв изникнува помал кафен, кој, повторно, влегува во спој на два вертикално поставени, сега, темно сини листови. Нивната внатрешност е исполнета со бели полукружни и коси запирки во намера да се долови пластичност на облиците. Ова создава една орнаментална единица којашто се повторува. Од двата нејзини краја се извиваат темно сини фиданки со пупкасти здебелувања што ги опкружуваат медалјоните.

Двобојниот полн орнамент, според прегледот на З. Јанц, упатува на постари примери, и е препознатлив за орнаменталните облици на XII век.[652] Стилизираната флорална орнаментика со извиени пупкасти фиданки во монументалното сликарство од средновизантискиот период ги опкружува сводните површини, лаковите, полукалотите, апсидалните конхи, особено олтарниот простор.[653] Во науката е прифатено дека овој вид орнаментика е вообличен во Цариград, изгледа во XI век, под влијание на старите грчки, персиски и исламски украсни елементи. Од престолнината флоралните декоративни мотиви пробиваат во поголеми културни центри. Во постариот период флоралната орнаментика само ја врамува сликата. Подоцна, од другата половина на XII век, најчесто е составен дел на сликата. Во нашиот случај во флоралниот орнамент се вклопени медалјони, правејки функционална сликарска

---

[650] В.Ј. Ђурић, *Византијске фреске у Југославији*, Београд 1974, 86; С.Радојчић, *Старо српско сликарство,* Београд 1966, 169. М. Михаиловић, *Зидна декорација новопавличке цркве*, Рашка баштина, 1, Краљево 1975, 67, сл. 8, 9.
[651] С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке Патријаршије 1557-1614,* 203, сл. 104.
[652] З. Јанц, *Орнаменти фресака*, Београд 1961, 10.
[653] В.Н. Лазарев, *История византийской живописи*, I, Москва 1947, 106-113; 132-138.

целина, што се смета за завршна фаза во еволуцијата на билниот орнамент.[654] Изложениот развој ги оддалечува новооткриените фрагменти од средновизантискиот период и времето кога црквата е изградена.

И самото потекло на орнаменталната декорација на триумфалниот лак треба да се бара во средновизантискиот период, најпрвин во Цариград, како престолнина, којашто како елемент на „раскошниот византики стил“ се протега сè до XV век.[655] Тоа посебно ќе доде до израз на спомениците на Моравска Србија чии украсени медалјони се резултат на општата состојба на духот на времето во кое се инсистирало на раскошото украсување. Тој стремеж за декоративност, препознатлива на новооткриените фрагменти, ги доближува на моравското сликарство, коешто очигледно не било непознато на орљанскиот живописец.

*Стилски особености на сликарството*

Врз основа на скромните остатоци на фрагментираниот живопис, е ризично да се носат заклучоци за стилските особености на непознатиот уметник, додека содржината и распоредот на изгубените композиции ќе останат за секогаш непознати. Меѓутоа, и ова, се чини, доволно за еден општ суд, кој би можел да се искаже за сликарот чии уметнички наклонетости и несомненото занаетчиско искуство, укажуваат дека можел да биде ангажиран и на поголеми споменици. Методата за споредба со друго, можеби слично сликарство, би се подвела на субјективно откривање на сличности, далеку од објективните сознанија до кои, овие ситни фрагменти, одвај би можеле да не доведат. Затоа, во барањето одговор кога настанало орљанското сликарство, обидот за стилската анализа се наметнува како една од можностите. И таа, повторно, носи во себе голем ризик длабоко да се навлезе во областа на претпоставки, чии несигурни заклучоци можат да не заведат на погрешен пат.

И покрај сè, треба да се каже дека главата и основните црти од лицето се изведени со светлоцрвена, додека инкарнатот е прекриен со окер. Со бели брановидни потези е назначена брадата. Таму каде треба да се нагласи контурата тоа го работи со кафеавата, црната, или, пак, со линија што е за нијанса потемна од основната боја. Стабилен цртеж твори сигурна линија на која ѝ припаѓа значајно место во орљанското сликарство. Со сигурност може да се зборува и за светлиот колорит, каде белата боја зазема видно место. Богатството на боениот слој се гледа во употреба на темно сината,

---

[654] Повеќе за тоа - Ц. Грозданов, *Орнаментика на расцветани лисја во уметноста на Охрид во XI-XII век*, Лихнид-Зборник на трудови, Охрид 1988, 11, 12.

[655] М. Харисијадис, *Раскошни византијски стил у орнаментици јужнословенских рукописа XIV и XV века,* Моравска школа и њено доба, Београд 1972, 212-213.

умбрата, црвената, океротот, сивата, црната боја. Хармонично подредените светли бои не се само последица на измиеноста, туку карактеристика на орљанскиот живопис.

Од овие фрагменти може да се заклучи дека во орљанското сликарство значајно место им припаѓало на линијата и на светлите бои, додека, е очигледна нагласената наклонетост на живописецот кон декоративноста. Ова последното го достигнува како со орнаментиката, така и со колористичките ефекти. Неговите фигури се создадени на принципот на контрасти, спротиставувајќи го светлото и темното. Така, белиот омофор е со црни или црвени крстови со соодветни црни или црвени шахофски полиња на сакосот, косата е осмислена со помош на светло-тамни концентрични кругови, додека заднината на медалјоните неизменично се сменува од тамно сина, преку океp жолта до јарко црвена. Во системот „топло-ладно" се вклопува и белата боја со која се нагласуваат најосветлените партии, но повеќе во намера да се долови илузијата на волуминозноста, далеку од точно осветлените површини.

Општиот сликарски третман на овие фрагменти - јасниот цртеж, сигурната линија, јарките бои, стилизираниот флорален преплет околу медалјоните заедно со декоративната лента од мали крстови, особено начинот на испишувањето на буквите - е најблизок на втората половина на XIV и почетокот на XV век.

*Време на настанокот на сликарството*

Тогаш кога овие фрески настанале, силната византиска традиција на Ниш, како епископско седиште на Охридската архиепископија, го загуби значењето за новите ктитори. Тие го заборавaат и окупаторскиот однос на Византија кон областите на кои живееле Срби и пристапуваат кон обнова и исликување на храмот изграден од Византинци. Ваквиот однос кон византиското наследство е очигледен од XIV век.[656] Кон тоа придонесуваат, освен освојувањата на просторот на Македонија, кој потпаѓал под јуриздикција на Охридската архиепископија, и родбинските врски, најнапред, на кралот Милутин со византискиот цар Андроник II,[657] и подоцна, на почетокот на XV век, женидбата на Ѓураѓ, внук на деспот Стефан (1414.) со Ирина (Јерина) од фамилијата Кантакузин.[658]

Од кажаното произлегува дека terminus post qvem на исликувањето на орљанската црква е времето на крал Милутин. Историските прилики на нишката област, поблиску ги датираат новооткриените фрагменти во последната четвртина на XIV век, или, во првата четвртина на XV век. Времето по повторната изградба на градот Коприjан (1372.) од страна на Ненад, синот на казнецот Богдан,[659] во сега

[656] В. Ђурић, *Почећци умећносћи код Срба*, 241.
[657] К. Јиречек, *Исћорија Срба*, I, 241.
[658] *Исто*, 344/45.
[659] М.А. Марковић, *Наћпис из ґрада Коћријана*, 98, 99; Љ. Стојановић, *Где је ґрад Коћријан*, 217-219.

поинаква атмосфера кон Византија, е повод да се обнови старата византиска црква, а нејзините ѕидови да се покријат со фреско декорација. Првата четвртина на XV век, и покрај краткотрајното освојување на Копријан од страна на отпадникот Муса во март 1413 година, кој веќе во јули месец е вратен на деспот Стефан, со зајакнатите родбински врски со Грците, е период на извесна стабилност и надеж, кој заврши со паѓањето на Копријан, а потоа и Ниш, во 1428 година.[660] И тогаш можеле да се најдат сили храмот да се обнови и ислика.[661] Положбата на црквата, ја исклучува можноста дека е исликана во време на османлиската окупација. Османлиите не допуштале обнова на цркви кои со својата положба надмоќно доминираат во околината. Така terminus ante qvem претставува дефинитивното освојувањето на Копријан, потоа и Ниш, од страна на Османлиите.

Временскиот распон од околу шеесет години, од 1372 до 1428, може да се прифати како период во кој црквата е обновена и во целост исликана. На тоа упатува и општиот сликарски третман на фрагментите, начинот на испишувањето на буквите, но и јасно видливата наклонетост кон украсувањето како препознатлива состојба на духот којашто го одбележа ова историско време. Затечените мали остатоци на живопис единствени се од Ниш и неговата поширока околина, што можат да се препишат на овој период, кога во областа Ниш, според познатите историски прилики во пространата држава на кнез Лазар,[662] треба да се очекува зголемена уметничка активност.

## VII/2 - СТАРАТА ЦРКВА СВ. НИКОЛА ВО НИШ

*Осврт на местото и историјата на црквата*

*во контекст на проучувањето на живописот*

Старата црква Св. Никол се наоѓала во подножјето на истоимениот рид, малку пониско од сегашниот црковен објект, во јужниот дел на градот наречен Палилула.[663] Историјата на овој простор започнува со претпоставка дека тука треба да се бара знаменитата византиска епископска црква Св. Прокопиј во која почивале мошти на великомаченикот св. Прокопиј.[664] Патеписци кои поминувале низ Ниш од средината на XV до крајот на XVII век, бележат постоење на една, без сомнение неугледна црква, но

[660] К. Јиречек, *Историја Срба*, II, 326.

[661] Тоа е време на обновата на недалечната Латинска црква во Горни Матеевац, со доградба на припратата, но не е никогаш исликана-М. Ракоција, *Црква у Горњем Матејевцу код Ниша*, 8, 9.

[662] Ј. Калић-Мијушковић, *Ниш у средњем веку*, 87.

[663] Д. Милутиновић, М.Валтровић, *Извештај уметничком одбору српског ученог друштва*, 461; Глас-*Црквени календар са шематизмом нишке епархије за 1900. годину*, Ниш 1899, 46

[664] Едните мислат дека е тоа епископската црква Св. Прокопиј, за која знаеме дека постоела во XI век, додека другите сметаат дека е Св. Прокопиј, во минатиот век откриената византиска базилика во Ђурлин-П. Гагулић, *Црква Св. Николе у Нишу*; М.А. Војиновић, *нав. дело*, 176-179. Има мислење дека црквата Св. Прокопиј била на место на денашниот мал Соборен храм Св.Архангели Михаил и Гаврил - Ф.Каниц, *нав. дело*, 164.

не и место каде точно се наоѓа и на кого била посветена. Нејзиното споменување кај Ханс Дерншвам од 1553 „како обична куќичка, изградена од камен", послужила за претпоставка дека станува збор за црквата Св. Никола.[665] Согледувајќи ги историско - уметничките прилики во поствизантискиот Ниш, се дојде до заклучок дека црквата на ова место можела да биде изградена, или можеби обновена, пред крајот на XVI или во првите децении на XVII век, што е три години подоцна, е потврдено со археолошките ископувања. Во согласност со новонастанатите околности, како и поради фактот дека моштите на св. Прокопиј не се во Ниш, посветена е на св. Никола.[666] Старата црква Св. Никола по разунувањето во 1690, повторно е обновена во 1722 година,[667] како што бележи записот на камената плоча. Во временскиот распон, кога храмот заживеал од почетокот на XVII век, па до неговото претворање во џамија во 1737, обавувани се и погрбувања на православните во неговиот трем. Фрагменатите со исликани површини прекриени со тенок варов слој, сведочат дека Османлиите, по 1737 година, со претворањето на црквата во у џамија, фреските ги само премачкале со вар. Во 1786 година, тоа е единствена црква во градот.[668] Сѐ до 1862 година неколику пати е претворана во џамија, кога е урната заради изградба на нова џамија. Тоа е денешната црква Св. Никола.[669] На остатоците на нејзините ѕидови Каниц во 1860 година под слојот на вар видел „многу стари фрески"[670] Од летописот на црквата дознаваме дека, во 1902 година, за време на градењето на капелата Преображение, „е откриен мозаик во внатрешноста на старата црква".[671]

Придружувајќи се кон мислењето дека старата црква Св. Никола е изградена на место на византиската епископска црква Св. Прокопиј, започнаа археолошките ископувања (2000 и 2001) на просторот на капелата Св. Преображение. Цел на археолошката кампања е да се дојде до повеќе податоци за поствизантиската црква Св. Никола, и, се потврди или спротистави постоењето на постар објект на овој простор, на претпоставената византиска црква.

Откриените архитектонски елементи не се доволни со сигурност да се идентификува византиска црква. Монументалните размери на градбата, масивните

---

[665] Ј. Калић-Мијушковић, *нав. дело*, 140/141.
[666] М. Ракоција, *Манастири и цркве града Ниша*, 36, 89-92.
[667] До 1737 година при црквата Св.Никола повторно столува епископ – D. Farlati, *op. cit.*, 49-52.
[668] Z. Levental, *op. cit.*, 222/3.
[669] М.Ђ. Милићевић, *нав. дело*, 104/5; В. Петковић, *Преглед црквених споменика кроз повесницу српског народа*, 218, 225; П. Гагулић, *нав. дело*; Б. Андрејевић, *Споменици Ниша, Ниш* 1996, 116/7; М. Ракоција, *Културна ризница Ниша*, 83/4.
[670] Ф. Каниц, *нав. дело*, 166.
[671] Прота Јанко Јанковић, *Летопис цркве Св. Николе у Нишу*, во ракописот – пишуван е во периодот од 1904 до 1910, а се чува кај семејството. Ситните парчиња од фрески на писателот на летописот му наликувале на мозаик.

ѕидови, репрезентативната колонада на столбови, подот поплочен со квадратни тули, тешко може да се поврзе со првата половина на XVII век. Сето ова упатува на репрезентативен византиски објект со што делумно се потврдени нашите очекувања. Меѓутоа, сè уште сме далеку од потврдата дека се тоа остатоци на знаменитата епископска црква Св. Прокопиј.

Нема двоумење при датирањето на живописот во првата половина на XVII век, но, останува отворено прашањето на кои ѕидови стоел. Дали откриените ѕидови ги носеле овие фрески, или во текот на работите треба да се очекуваат трагови од помала црква чиишто димензии би одговарале и на приликите на целосното ропство. Димензиите на фрагментите, врз основа на кои рамковно можат да се одредат големините на композициите, упатуваат на ова второ.

*Затекната состојба на фреските*

Подната површина на стариот објект ја прекривале убаво подредени квадратни тули. За време на расчистувањето на овој простор за потребите на изградба на капелата Преображение (1902), е откриен, меѓу останатото, путир датиран во XVI век.[672] Тогаш онавремените градители, за нив значајните наоди, култно и со внимание ги погребувале во јама, почитувајќи ги старите обичаи. Укопот е направен со кружно пробивање на малтерната субструкција на стариот под во југоисточниот агол на новоизградената капела. Кружниот отвор на укопот (Р-1,3м) левкасто се стеснува до длабочина од 0,97м, каде е заткнат девастиран скелет. Одозгора, во растресената земја, густо се поредени фрагменти на фрески. Помеѓу фрагментите се затечени помали ковани шајки, кршеници од рамно прозорско стакло, неколку парчиња на камен сига (од сводот на старата црква?) и фрагменти од народната керамика од понов датум. Сето тоа е препокриено со парчиња тула од стариот под, преку кои е положен искршен мермерен крст и голема железена шајка. Тоа е направено на начин, уште во средниот век познат како култно погребување на живописот и на други предмети, што во Ниш не било заборавено на почетокот на XX век.[673]

T - 82

Од јамата е извадено неколку стотици помали и поголеми фрагменти од живопис.[674] Единствените познати фрагменти од поствизантиското сликарство од

[672] Путирот е од црвоточно дрво со висина од 22см, со купеста стопа од 10см, со пречник на отворот на чашата од 9,5см. Меѓу стопата и чашата е профилирано столпче. Декориран е со потесни и пошироки паралелни линии од црна и црвена боја и со коси резови со елипсовиден облик. Се наоѓал во Музејот на црковени старини во Ниш, а го обработила Љ. Поповић - Документација на Заводот за заштита на споменицте на културата Ниш.

[673] А. Јуришић, *нав. дело,* 169-175.

[674] Во текот на чистењето, пред вадењето, фрагментите in situ се технички снимени и фотографирани. Надвор од јамата, широко од ископаниот простор е откриен голем број ситни фрагменти од живопис за кои немало можност да се дефинираат.

просторот на градот Ниш, поради значењето за историско - уметничкото минато на градот, е неопходно подетално да се анализираат за да се дојде до повеќе податоци.

Севкупниот материјал е најнапред систематизиран, врз основа на структурата на малтерот, во две целини.[675] *Првата* целина ја чинат фрагменти од ситнозрнестиот варов малтер армиран со сечкана слама. Сликањето е вршено на фино и убаво измазнет малтер со дебелина 2-3мм, на начин препознатлив за подобри поствизантиски сликари.[676] На *втората*, помала целина припаѓаат фрагменти од живопис на земјан фреско малтер проникнат со ретки грутчиња од вар и армиран со крупно сечкана слама. Одозгора е нанесен слој од ситнозрнест варов малтер (4-5мм), а потоа уште еден фино измазнет слој (2-4мм) на кој е изведувано сликањето. Занаетчиската постапка упатува на XVIII век. Овие фрагменти сведочат (испишан свиток и дел од рака на светител) дека големата обнова на црквата од 1722 година, којашто ја забележува зачуваниот натпис на српски и грчки јазик, го опфаќала и исликувањето на црквата.[677] Во оваа прилика, занаетчиски невешто, старата фреско декорација е само поправана.[678] Сега поправениот живопис Османлиит, во 1737 година, по претворањето на црквата во џамија, го варосале, за што сведочи исликаниот фрагмент премачкан со тенок варов слој. Затоа Ф. Каниц во 1860 година можел да види на зидовите на црквата “многу стари фрески”,[679] без сомнение мислејќи на оние од XVII век.

Не така голема дебелина на фреско малтерот (2-7см) посредно укажува дека црквата била ѕидана со коректно редење на градежниот материјал, такашто немало потребе за поголеми порамнувања на нерамнините на ѕидните платна.

*Опис и тематика на фреските од XVII век*

Разделените кршеници на живопис, според препознатливата содржина се поделени во групи.

**Т - 83**

*Ктиторскиот натпис* го сочинува поголем број на ситни фрагменти (2-13см) со делови од испишани букви кои несомнено припаѓаат на истиот текст - ктиторскиот натпис. Буквите се рамномерно распоредени и убаво испишани со бела боја на црна заднина (висина 5см). Текстот бил врамен со темно црвена бордура (шир. 2,5см), на начин препознатлив за ктиторските натписи. Буквите се речиси калиграфски испишани

[675] Целосна сликарско - конзерваторска обработка и можната реконструкција ја направи саветникот во Републичкиот завод за заштита на споменицитe Р. Петровић, *Фрагменти фресака из цркве Св. Николе у Нишу*, Гласник Друштва конзерватора Србије 26, (Београд 2002), 132/3.
[676] С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557-1614*, 58.
[677] М. Ракоција, *Резултати археолошких истраживаања у порти цркве Св. Николе у Нишу и покушај убикације епископске цркве Св. Прокопија*, 131.
[678] По претворањето на црквата во џамија, во летописот е забележено: “Внатре црквата била целосно живописана, и тој живопис е оставен, само на сите светители очите им се избодени”. - прота Јанко Јанковић, *Летопис цркве Св. Николе у Нишу*, во ракопис, пишуван од 1904-1910, се чува во семејството.
[679] Ф. Каниц, *нав. дело*, 164.

и графички јасно обликувани. Со сигурни замави на четкичката, со тенка или дебела линија, без дотерување со излишни детали е извлечена косата.

Неколку букви од еден збор се воочени во укопот in situ. На едниот фрагмент се испишани буквите: .... ѲГНИ..., а на вториот: ... СПАІ.... Еден пар на зачувани букви на два одделни фрагменти не даваат можност зборот да се исчита. Од значење е присуството на буквата “Ѳ”, напишана како издолжена буква “О” со цртичка по средина внатре буквата. До крајот на XV век оваа буква исклучиво се сретнува во личните имиња од грчко потекло.[680] Тука, во почетокот на XVII век, тоа не мора да значи, но може да упати на потеклото, најпрвин, земање како пример, или, пак, влијанија на кои можел да биде изложен живописецот на црквата Св. Николе во Ниш.

Присуството на ваквата буква “Ѳ” не мора да значи дека уметникот бил Грк, како ни тоа дека целиот текст бил напишан на грчки јазик. На српски јазик, да наведеме пример, и од Србинот поп Страхиња од Будимле, е испишан текстот од ктиторскиот натпис во црквата Св. Николе во Подврх (1613-1614) и содржи “Ѳ” со цртичка која преминува преку буквата, за кого знаеме дека знаењето го стекнувал покрај уметниците од југ.[681] Идентично “Ѳ” са црта внатре буквата го испишал во црквата Св. Никола во Вица (1618/19) сликарот Михаило, а неговиот син Константин во црквата Св. Мина во Монодендри (1619/20), кои припаѓаат на угледната линотопска школа.[682] И без овие запазувања, за обликот на останатите букви во начело може да се каже дека се најблиски на сликарството од првите децении на XVII век.

*Делови од композициите* можат да се поделат во неколику целини кои припаѓале на различити претстави.

Со вклопувањето на неколику поголеми фрагменти се добива целина (40x225см) што ја прават дветретински свртени глави на двајца светители и на две светителки со видливо лице и рамениот дел, и со ореоли што се преклопуваат. Првиот **Т - 84**
светител во темно сина одежда, е гологлав со темна брада, вториот со круна украсена со бисерести точки, има побелена брада и на него е црвена одежда. Свртени се еден наспроти друг со поглед усмерен нагоре. Ги следат две светителки со стегната кос што се спушта на грбот. Првата во темно црвен фустан, како се чини, има круна на главата украсена со стилизирани фиданки со жолта боја. Ореолите се врамени кон надвор, со

---

[680] До крајот на XV век, па и покасно, цртичкабично преминува и преку буквата - Г. Томашевић, *Морфологија ћирилских натписа на Балкану,* Београд 1974, 26.

[681] С. Петковић, *Делатност зографа попа Страхиње из Будимља*, Старине Црне Горе 1, Цетиње 1963, 13-127; Истиот, *Манастир Св. Тројице код Пљеваља*, Београд 1974, 45-47, 76-78; С. Раичевић, *Сликарство Црне Горе у новом вијеку,* Подгорица 1996, 83 са сликом.

[682] А. Г.Τουρτα, *Οι ναοι του Αγιου Νικολαου στην Βιτσα και του Αγιου Μηνα στο Μονοδενδρι,* Αθηνα 1991, 236, 238, pl. 24/α и β. Такви букви се наоѓаат во сигнатурата на св. Теодор Тирон и св. Теодор Стратилат.

бела а кон внатрешноста на кружницата со темно црвена линија, как што е вообичаено во српското и византиското сликарство.

Зад главата на последната светителка се простира јарко црвена бордура врамена со бела лента. Тука фреско малтерот е потклобучен што укажува дека била **Т - 85** сместена некаде покрај работ. Вака групирани светителите можат да бидат дел од многу претстави. Определбата за една, во голема мера значи и да се нагаѓа. Сепак, малите димензии на фрагментите и присуството на светител со круна на главата, наведува на помисла дека припаѓаат на хорот на праведници (кралици и кралеви) од Страшниот суд.

Преку 20 фрагменти припаѓаат на една целина на која е претставен *воин* со панцир на градите преку светло црвен фустан, со копје во рака и меч околу појасот. Видливи се две раце до лакти со свиткани ракави, од кои една држи исправено копје. Панцирот е решен во вид на рибни стругaнки направени од полукружни жолти запирки.

Воините се неделив дел на многу претстави кои ги илустрираат сцените од библиската историја, но и оние кои го опишуваат животот на св. Никола. Определбата за една врз основа на овие фрагменти, не е можно.

Од значење е фрагментираната *глава со капа* (12x17см) која отвора можност со повеќе аргументи да се утврди на која представа ѝ припаѓала. Пред градба со сиви **Т - 86** ѕидови е насликана горна половина на глава со црвена елипсовидна капа со крзнен обод чии влакна се нагласени со куси запирки. Овој лик е работен така што јасно се препознава источњачка физиономија. Темно кафеавата коса обликувана со црна боја се спушта низ вратот. Само на овој лик сиви запирки во вид на лачни кадри на коса паѓаат на челото. Окото е издлжено и благо закосено. Карактеристични се тенки долги црни мустаќи кои паѓаат преку усните. Ако кон оваа, без сомнение, источњачка физиономија го додадеме обликот на капата кој е, може да се каже, ист со капата на главата на еден сарацен со исти издолжени очи и паѓачки црни мустаќи, насликан како во Ниш, пред сива градба, од претставата *св. Никола го спасува Василиј од Сарацените* во црквата Св. Никола на манастирот Морача,[683] тогаш можеме да заклучиме дека овој фрагмент припаѓал на истата композиција. Од друга страна, за очекување е во црква посветена на Св. Никола да се наоѓаат сцени од неговиот живот. Посебно уважуваната легенда за Василиј и неговото спасување од арапското ропство, нудела на современиците утеха, надеж и вера во моќ на св. Никола и нив да ги ослободи од ропството.[684]

---

[683] С. Петковић, *Морача*, Београд 1986, 87, 88 цр. 29 и сл. 45.

[684] Б. Кнежевић, *Рудничка Себрница са црквом Светог Николе*, Саопштења XXXII-2000/XXXIII-2001, Београд 2001, 39/40. Во време на османлиската окупација ваквите алузии покрај верата дека слободата ќе дојде, сретнуваме и на другите претстави - М. Ракоција, *Прилог проучавању иконографије цркве Св. Ђорђа у Ајдановцу*, Зборник Народног музеја Ниш 6-7, (Ниш 1991), 143-149; О. Милановић, *Црква Светог Николе манастира Новог Хопова*, Рад војвођанских музеја 4, (Нови Сад 1955), 264.

Врз основа на тоа знаеме дека сцените од животот на св. Никола биле илустрирани во старата црква Св. Никола во Ниш. Треба да се претпостави дека ги препокривале ѕидовите на припратата каде најчесто се сликаат сцени од животот на патронот на храмот. Тоа ни дава за право да заклучиме дека старата црква имала припрата.

Фрагменатот (30x16см) на кој е насликан *ангел со раширени крилја*, не нуди доволно податоци за тврдење на која композиција припаѓал. Ангелот е фатен во движење со издигната глава што ја следи ореол. Видлива е горната половина на градниот дел со воздигната рака во висина на главата и испружена шака со видлива дланка. Брановидната коса врзана со панделка, се спушта низ грбот. Фустанот е со темноцрвена боја со бели линии што ги означуваат наборите, додека со црна го формира обликот. Раширеното крило е со јарко црвена боја со перјани окер-жолти завршоци. Инкарнатот е маслинесто сив со бели акценти на осветлени места и со црвено боена уста. За размислувањата што се наметнуваат (Гостољубието Аврамово, Вознесението?) нема доволно елементи.

Неколку десетина ситни фрагменти припѓале на сликани композиции: делови од лицето, окото, носот, шаката, лак од ореолот, драперијата, одеждата.

Фрагмент во сив тон на кој се гледа *око и дел на носот* (9,5x8см), заедно со неколку поголеми сегменти од лакот на ореолот, судејќи по димензиите припаѓале на светител од низата на стоечките фигури. Како нишкиот живописец да сакал, со сиви тонови на инкарнатот да подвлече емотивна состојба на непознатиот светител, што е забележано и кај истовремените подобри сликари.[685] Благодарение на овој фрагмент знаеме дека во првата зона биле насликани стоечките фигури на светители. **Т - 87**

Мноштво од поголемите и помалите фрагменти припаѓаат на *сликаната архитектура* со, како се чини, различити претстави. Се препознаваат крововите и делови од ѕидовите на градбите. Со нијансирањето на сивата, белата и жолтата боја се доловуваат ѕидовите од градбата врамена со кафеав цртеж. Крововите ги препокрива со јарко црвена боја.

Малиот фрагмент (9x7см) со *сегмент на лак на тркалезниот медалјон*, открива дека композициите по хоризонтала биле раздвоени со низа од тркалезни медалјони. Ако ги прифатиме несомнено скромните димензии на црквата, тогаш втората зона, над стоечките фигури, ја чинела низа од медалјони со допојасја на светци. Се гледа сина заднина со насликан стилизиран цвет од бели фиданки со копјасти лисја. Цветот се извива покрај сегментот на лакот од кружницата со жолта внатрешност порабен со тенка бела линија.

Медалјоните биле врамени со *флорален преплет* во вид на развиена лоза со цветни завршоци. Фрагментот (7x5см) на кој *тркалезниот цвет со раширени црвени*

[685] З. Кајмаковић, *Георгије Митрофановић*, 304.

*ливчиња*, можел на препознатлив начин да ги поврзува медалјоните.Ваката богата флорална декорација се препишува на мајстори који своето знаење го стекнувале на југ.[686]

Дека композициите биле врамени со *црвена ленӣа* (ширина 2 см) обрабена со бела линија (0,5см), сведочат неколику фрагменти (највећи 15x14см). Ширината на лентите посредно укажува на малите димензии на композициите, а со тоа и на скромните димензии на храмот.

Ѕидните платна во висина на парапетот биле украсени со темно сини и црвени *брановидни линии* на бела заднина (9x7см). Ова е најчест начин на декорација на цоклето кој во вид на ромб треба да подсетува на мермер.

Од значење е констатираниот фрагмент со насликано око преку кој е нанесен тенок слој на вар. Изгледа дека е ова доказ дека Османлиите по 1737 годин, со претворањето на црквата во џамија фреските ги само преваросале.

Идентичната сликарска техника и единството на стилот на наведените фрагменти живопис, укажува дека настанале во еден момент од еден уметник.

*Фрагменти на сликарство од из XVIII век*

На друго време и на друга рака, да ги спомeнеме и нив, припаѓаат фрагментите од живописот на поинаква сликарска постапка, што го потврдуваат познатите историски факти. Како таков се издвојува само еден фрагментиран свиток со букви во рацете на светител (19x15см). Видлив е дел од фустанот на светителот кој во рака држи развиен свиток со текст. Драпирањето, во комбинацији со окер-жолта боја нанесена со широка четкичка, делува сирово и повеќе одговара на сликарската поступка од XVIII век. Грубата и валкана структура на малтерот, заедно со занаетчиската и сликарската постпка, ги определуваат овие фрагменти во XVIII век. Во текот на познатата обнова од 1722 година живописот е некаде поправан, а некаде одново исликан. **Т – 88, Сл. 2**

Дека било така, посредно укажува изгубениот поголем фрагмент од живопис (113,5x43см) со пртстава на *Боӷородице Пошироka од небоӣо* од полукалотата на апсидата на црквата Св. Никола.[687] Благодарение на согледувањата на историчарот на уметност Љубица Поповиќ, знаеме дека постоеле два слоја живопис. Претставата на Богородица со нагласен цртеж од “бледи и валкани тонови” би можела да припаѓа на XVIII век, под која се појавува постар недефиниран слој на живопис, најверојатно оној од XVII век.[688]

---

[686] О. Милановић, *нав. дело,* 264.

[687] Фрагментот бил изложен во некогашниот музеј на Црковни старин во Ниш (инв. бр. 148/1). Го обработила историчар на уметност Љубица Поповић - *Документација Завода за заштиту сӣоменика културе Ниш.*

[688] Опис на Љ. Поповиќ: “Богородица е прикажана до појас, со медалјон на кој е Христ младенец. Ореолите се во сиво-жолта боја. Богородичиниот фустан е црвено-сива. Тоновите на бојата се бледи и валкани. Нагласен е цртежот. Под овие фрески се гледа помал дел од долен, веројатно постар слој на

*Можен распоред и тематика*
*на фреско декорацијата од XVII век*

Вака согледаните фрагменти на живопис од старата црква Св. Никола отвораат можност, врз основа на фактите, да се претпостави распоредот и тематиката ха фреско декорацијата, но и пропорциите на црквата Св. Никола којашто е изградена во XVII век на просторот на епископската црква Св. Прокопиј.

Нема сомнение дека, сега изгубениот фрагмент со претстава на Богородица Поширока од небото, припаѓал на *полукалотата на апсидата.* Најниската зона, во височина на *парапетот*, била украсена со брановидни црвени и сини линии на бела заднина. *Првата зона* била резервирана за стоечките фигури на светители. *Втората зона ја сочинувала* низа од тркалезни медаљони со допојасја на светители врамени со флорален преплет. *Во третата зона* биле сместени одбрани композиции (Великите празници, Христовиот живот) врамени со црвено-бела лента (2,5cm), чијашто ширина ги открива нивните мали димензии. Ова секако заради фактот дека и димензиите на храмот биле скромни. Над, по работ на сводот во *четвртата зона*, е низата на пророци со развиен свиток во рацете. На западниот ѕид на наосот, над влезот, треба да се претпостави дека се наоѓал ктиторскиот натпис. **Т – 88, Сл. 1**

Од надворешната страна на западниот ѕид на наосот, бил насликан Страшниот суд, ако добро ја определивме припадноста на фрагментите на Хорот на праведниците.

Малку сме посигурни во дефинирањето на композициите на Св Никола го спасува Василиј, што значи дека црквата имала припрата каде биле насликани сцени од животот на патронот на храмот.

Можеме да заклучиме дека црквата Св. Никола била со скромни димензии заедно со припратата. Изложеното не доведе до заклучокот дека црквата била украсена на начин вообичаен за помали поствизантиски храмови. На нејзините скромни димензии укажува големината на ликовите на светителите, деловите на телата и ширината на бордурата со која композициите биле врамени. Препознавањето на некои фрагменти и нивното определување на одделни претстави, ни овозможи во начело да се претстави програмската содржина на фреско декорацијата.

*Анализа на стилот на сликарството од XVII век*

Откриените фрагменти од живописот не даваат можност да се согледаат иконографските поединости, ниту, пак, организацијата на композицијата. Фрагментите ни овозможуваат поблиску да ја согледаме сликарската поступка и на микро планот стилските карактеристи на уништениот живописа.

---

живопис, кој претставува фиданка на зелена заднина, или е тоа дополнително досликан дел на оштетениот фрагмент.”

Изгледа дека сликарот правејќи предлошка, ретко или, пак, воопшто не го врежувал цртежот на свеж малтер. Работел бргу и рутински, со добро изежбани движења. Неговиот цртеж создава пластична линија со чие втопување во боја образува детали. На тој начин цртежот е ненаметлив но јасно присутен. Со оваа постапка формира остри и тенки носеви, сразмерно точно вкомпонирани и обликувани ушни школки, и кога се видливи и кога делумно ги покрива косата. Прецизно и детално ги исцртува кадрите од брадата и косата, веѓите и брчките на челото во вид на тенок лак. Целото око со белката е втопено во маслинесто сива сенка. Со бели полукружни потези го формира окото, со црна линија го подвлекува горниот капак и веѓите. Со бела запирка во аголот ја означува белката, а со црна точка ирисот без зеницата. На тој начин ликовите мајсторски прогледале, како кај најдобрите совемени сликари[689] При тоа, става под очите триаголна сенка, пресечена, повторно, со бели зракасти запирки, доловувајќи подочници.

T - 89

Во моделирањето на ликовите употребуава маслинасто сиви валери. Нагласените партии на лицето ги препокрива со розова боја,[690] местата под јака сенка, како што е просторот под брада на вратот, ги дефинира со црна лачна линија, додека со бели запирки ги осветлува деловите на образот и челото. Бели полукружни запирки ја обликуваат косата и брадата со вешта примена на светло-сина боја, така што впечатокот на белината е целосен. Горната усна од долната е одвоена со црна линија и е препокриена со јарко црвена боја.

Нишкиот живописец го обликува инкарнатот со ситни линии, а контурите ги извлекува со дебела црна линија. Иконописечките бели запирки заземаат значајно место во моделирањето на лицето. Користи мала, фина четкичка каква употребуваат иконописците. Таков минуциозен линеарен третман го следи богатата тонска скала (маслинестата, белата, розовата, црвената, сивата, светлосината, жолтата, црната). Поради костенливо зелените сенки на лицето делуваат ладно и блуткаво. Ваквата суровост на инкарнатот може да се препише на фреските и иконите од XVII век.[691]

Забележително е пиктуралното богатство во обработката на главите на светителите. Желбата на уметникот да моделира со боја може да се препознае и на други места. Така ангелот е облечен во фустан со црвена боја, на која наборите се изведени со нијансирање на иститe, а превоите се дефинирани со бела боја. На светло-црвените крилја, белите и жолтите потези ги доловуваат перјаните завршоци. Внатрешниот дел на дланката ја поедноставува тако што корените на прстите со еднаква должина започнуваат на истата висина. Упростените и хармонични дланки ги

[689] На пример во Добриќево - З. Кајмаковић, *Георгије Митрофановић*, 306.
[690] Розова нијанса на инкарнатот не е вообичаена кај српските сликари - О. Милановић, *нав. дело*, 262.
[691] М. Татић-Ђурић, *Икона св. Тројице са потписом сликара Јована*, Зборник Народног музеја VIII, Београд MCMLXXV, 489.

опшива со црна линија, а топографијата на дланката, како многу истовремени сликари,[692] ја постигнува со светло-тамни површини.

На фрагментите преовладува светол колорит кој го сочинуваат жолтата, окерот, кафеавата, костенливо зелената, сивата, розевата, сината, умбрата, нијанси на црвената. Употреба на овие бои може да укаже на влијанието од југ.[693]

Покрај изборот на бои, и умерено нагласениот однос на осветлените површини и оние во сенка, се карактеристики на стилот што во овие краишта ги донесувале Грците.[694] Лицата се издолжени со, до гледачот затемнетата страна на образот и очните дупки. Оклу главата можат да се препознаат најмалку два имагинарни извори на светлина од различит интезитет. Ова е во согласност со потребата, со игра на сенки да се моделираат облините и превоите на главите и вратот. На тој начин образуваните светло-тамни површини нудат впечаток на невистинито, нереално. Оваа забележана постапка посредно ги определува нашите фрагменти во сцени чијашто содржина се оддалечува од оваземските, вистинските настани од христијанската историја.[695]

Нема многу да згрешиме ако заклучиме дека живописецот, несомнено добар познавач на цртачката вештина, имал нагласено чувство за колоритот и за убавината на деталот. Осенчувањето, односот на светло-темното, валерите, рабната црна линија, се изведени на начин, гледачот да добие полн впечаток на перспектива, пластичност и длабочина. Дека имал наклонетост кон детали укажува и облеката украсена со жолти флорални орнаменти. Украсувањето на облеката на малите, споредни фигури, дава за право да претпоставиме дека со многу повеќе внимание ја украсувал облеката на актерите во настанот, што е, повторно, карактеристика на сликарите од Грција, којашто понекогаш ја препознаваме и кај српските сликари.[696]

И премногу се мали фрагментите да би можело со сигурност да се воспоставaт цртачките истородности со сроден живопис. Сепак, една цртачка поединост, можеби манир, нуди можност за воспоставување на извесни аналогии. За машките фигури е карактеристично поврзувањето на коренот на носот со нагласена лачна брчка над веѓите, со што се создава впечаток на дупли веѓи. Кај претставите на жени веѓите се, токму како што треба, се влеваат во коренот на носот. Овој манир е забележан кај истовремените уметници чијашто сликарска вештина, или потекло, упатуваат на Грција.[697] Ваквата постапка забележана на постариот живопис, почесто користена од иконописците, најблиску до Ниш е препознаена кај живописот на Сињачкиот манастир

---

[692] С. Петковић, *Сликар Андреја Раичевић у манастиру Крушедолу 1644. године*, у: Српска уметност у XVI и XVII веку, Београд 1995, 293

[693] О. Милановић, *нав. дело,* 263

[694] С. Петковић, *Српска уметност у XVI и XVII веку*, 93.

[695] Повеќе за тоа: А. Стојаковић, *Архитектонски простор у сликарству средовековне Србије*, Нови Сад 1970, 99-100.

[696] С. Петковић, *Српска уметност у XVI и XVII веку*, 155.

[697] Удвојувањето на веѓите како особеност може да се препознае во сликарството од 1654 година во Ново Хопово - О. Милановић, *нав. дело,* сл.15; и кај, на пример, повеќето апостоли од деисисната плоча од Студеница - А. Скоубран, *Деизисна плоча Георгија Митрофановића у Студеници*, Саопштења IV, Београд 1962, 33-38.

од 1618 година.[698] Таков цртачки манир затекнуваме во црквата Св. Мина во Штава (1633/36).[699] И тука, челото на машките ликови го сече над веѓите по една лачна брчка, со краеви споени со коренот на носот. Овдека постапката е сликарски пофина, додека линиите на брчките од линиите на носот се јасно издвоени. Во Ниш, линиите на носот преминуваат преку веѓите и се соединуваат со малку потенки лачни линии на брчките врз челото. Ако ова го посматраме како манир, тогаш оваа занаетчиска досетка можеме да ја објасниме со малите димензии на фигурите. Тоа не значи дека на поголемите фигури, како во Хопово, Штава, Сињац, Тутин,[700] уметникот веќе не водел сметка за реалноста, заради која и прибегнал кон оваа постапка. Начелната сличност со сликањето на главата на светителот со круна, што се гледа во исцртувањето на носот, кој е тенок и издолжен, со удвојување на веѓите, начинот на обработката на мустаќите, кусите бради и и со тенки усни, може да се најде со претставата на пророк Мојсеј од црквата Св. Сава во Градиште (1620) на поп Страхиња, кој се образувал покрај уметниците од југ,[701] чии знаења не биле непознати на живописците на Штава и Сињачкиот манастир, што може да биде случај и са нишкиот уметник.

Само искусен мајстор со иконописечки знаења, можел на ваков начин да ја сведе и поедностави обрботката на лицето и во фреско техниката. Ладен израз на лицето и замрзнат поглед, е резултат на таквата занартчиска постапка. Со вешто моделирање на ликовите тој доаѓа до препознатлива типска убавина и отмена смиреност на светителски ликови. Работел брзо и рутински, со добро извежбани движења, што и резултирало со типски физиономии.

Се чини дека *пропорциите* на фигурите, посматрајќи го односот на главата и рамената, биле вешто и точно изведени. Со сигурност можеме да тврдиме дека целите фигури биле малку поиздолжени. На завидната оспособеност на уметникот укажува и одваа приметна асиметрија на профил, што можеме да ја најдеме и кај најдобрите истовремени мајстори. Зачуваните ликови одвај содржат изобличувања, најдобро видливи на вака мали фигури.[702]

Ваквиот начин на моделирање, со рамнодушен израз на лицето и преовладувачката црвена боја, многу потсетува на начинот на работата на сликарите од Линотопската школа, посебно на Михаило *и син му* Константин *(1619-1653) кои ја* исликале црквата Св. Никола во Монодендри.[703] Нишкиот уметник, како и непознатиот Линотопски сликар во црквата Св. Никола, со внимание моделираат споредни ликови

[698] М. Ракоција, *Манастир Светог Оца Николе-Сињачки манастир*, 138.
[699] Документација Завода за заштиту споменика културе Ниш
[700] С. Петковић, *Српска уметност у XVI и XVII веку*, сл. 15 и 74.
[701] С. Раичевић, *Сликарство Црне Горе у новом вијеку*, сл. 47.
[702] На пример во блискиот манастир Св. Богородица во Сиќево каде поедини мали фигури личат на карикатура: Адам во Слегувањето во ад, болни који пијат од Богородичиниот Извор, апостол Петар од Успение, Јуда во Тајната вечера - М. Ракоција, *Зидно сликарство Богородичине цркве сићевачког манастира*, Саопштења XXXII-2000/XXXIII-2001, (Београд 2001), 176.
[703] А. Г.Τουρτα, *op. cit.*, 240, 241. 244 са сликом

во сцените, создавајќи хармонични релации помеѓу исенчаните и осветлените површини. Техниката и стилот на живописувањето на нишкиот уметник упатуваат на помлади сликари од Линотопската школа.

Ваквото сликарство проткаено е со елементи својствени на сликарите од југ, Св. Гора (Хиландар) и Грција, кои заедно со српските сликари ќе формираат ликовен израз препознатлив за цел XVII век. Издвоените елементи на стилот (сигурниот цртеж, сложувањето на бои, светлиот колорит, односот на светло-темно, моделирањето) откриените фрагменти ги сместуваат во балканското сликарство од XVII века. Во тоа време, искусните рутинери, често од мали средини, но со несомнен талент, патуваат ширум Балканот, исликувајќи цркви и пренесувајќи знаење. Нишкиот мајстор би можел да дојде од Грција, или, пак, да учи занает од уметник од југ, и да стекне знаење што останало во рамките на прифатените уметнички сфаќања.

Обидот за согледувањето на особеностите на стилот тешко дека можат со сигурност да укажат на потеклото на мајсторот, или, пак, на некои други споменици во кои би се препознала неговата рака, пред, или по Ниш. И тоа што се откриени стилски единствените фрагменти, не мора да значи дека на целокупното исликување на храмот бил ангажиран еден уметник.

Споредбата на карактеристичните елементи на стилот укажува дека ова сликарство не е поинакво од балканското ликовно творештво на XVII век, но се разликува од препознатливото творештво никнато од недоволно образувани селски средини. Префинетоста на откриените фрагменти на фрески укажува дека се работени за информирана градска средина. Ликовите немаат поголеми пропорционални, анатомски и перспективни изобличувања, кои ги препознајваме како општи места во сликарството на XVII век во селските или помалите монашки средини.

Нишкиот живописец кон својата работа пристапил одговорно со очигледно настојување минуциозно да ги третира деталите. Квалитетот на обработката на ситни детали е доволна потврда за квалитетна обработка на големите фигури и актери од настаните, кои никогаш нема да ги видиме. И во вака мали фрагменти препознаваме талентиран мајстор со големо искуство, кој, без сомнение, бил ангажиран и на други објекти. Рутинското повторување на прифатените решенија го потврдува тоа.

*Заклучок*

И покрај напорите да се создаде стилска анализа, овие фрагменти се, пред сѐ археолошка потврда за животот на Нишлиите во средината на XVII век.

Врз основа на досегашните истражувања на нишката област, во првата половина на XVII век во Ниш и неговато опкружување владејат малку поповолни економски, политички и црковни прилики. Црквите се градат, обновуваат и

живописуваат, а патријархот Пајсиј го испраќа својот придворник Доротеј во Ниш и во *Пеќскиоѿ ѿоменик*, пред крај од животот во 1647 година запишува “Доротеј, Ниш“. Присуството на патријархот Пајсиј во Ниш, посредно или можеби непосредно, придонело за оживувањето на уметничкото творештво, културниот и црковниот живот, добро согледливи во селското опкружување на градот.[704] Новооткриените фрагменти на живопис укажуваат дека бран на обновата на српската уметност и на средновековната традиција го зафатил и градот Ниш.[705] И тука, во согласност со османлискиот Закон, е обновена црквата на местото каде постоела пред Мехмед Освојувач. Овие фрагменти ги откриваат подносливите културно-историјски прилики во градот Ниш, во што, треба да се претпостави, многу придонела дејноста на патријархот Пајсиј. Извесна “попустливост” на иноверната власт во непосредна близина на градските бедеми, подразбира стопански напредок и материјална стабилност, што на православното население му овозможило да ја обнови црквата, да го повика и плати живописецот. Тоа фрла сосема нова светлина на животот на Нишлиите во првата половина на XVII век.

Откриените фрагментирани остатоци на ѕидното сликарство на стареата црква Св. Никола се од исклучително историско-уметничко значење за градот Ниш. Тоа се гледа во фактот дека исликувањето на црквата е порачано од градската средина на Ниш. Откриените фрагменти на живопис се единствено сведоштво за вкусот, естетските барања и сликарското образование на онавремените граѓани на Ниш. Ако ја прифатиме основаната претпоставка дека патувачките сликари ја прифаќале формата на уметничкото изразување што преовладувала во крајот во кој работат, прилагодувајќи се на локалните барања и секако на инструкциите на нарачателите,[706] тогаш овие фрагменти даваат потполно поинаква слика за Ниш и Нишлиите на преминот од XVI во XVII век. Економскиот напредок во првата половина на XVII век, евидентен во нишкото опкружување, се одразил и на христијанското население во градот. Се создаваат моќни поединци спахии христијани, кнезови, занаетчии, и со црквата на чело преземаат грижа за уметност. Уметничкото создавање на градот Ниш, судејќи според фрагментите на ѕидното сликарства на старата црква Св. Никола, ни од далеку не е замрено.

---

[704] М. Ракоција, *Манасѿир Св. Боīородице у Сићевачкој клисури-исѿорија и архиѿекѿура*, 164 са литературом.
[705] С. Петковић, *Срѿски ѿаѿријарси XVI и XVII века као кѿиѿори*, 129-135.

## VII/3 - МАНАСТИР НА СВ. ЈОВАН НАД СЕЛОТО ГОРНИ МАТЕЕВАЦ

*Затекната состијба на фреските*

Црквата е исликана во 1869 година, преку постара фреско декорација. На трагите на старото сликарства се наиде во текот на истраживачко-конзерваторските работи. Во оваа прилика не е обавено детално сондирање на ѕидните платна, такашто не располагаме со податок во која мера е зачувано и каде сѐ се простира стариот живопис.

*Распоред, опис и тематика на фреските*

На вообичаеното место, во нишата на проскомидијата во целост е откриена добро зачуваната претстава Imago pietatis, означена со коректно испишани букви: CAHЄTH/XБ, што по обновата на Пеќската патријаршија се слика често.[707] До под појасот е претставен мртов Христос со непропорционално издолжени раце прекрстени на градите и со благо наведната глава, кој стои во сиво-бел мермерен ковчег со перизома обмотана околу колковите. Валчесто обликуваното и релјефно исликаното тело на мртвиот Христос е резултат на наметливиот цртеж кој недоволно точно ги нагласува анатомските детали. Во ореолот се буквите ω и α, а околу него се простираат краци од крстот во тамно црвена боја, врамени со бела линија во намера да се укаже на дебелината на дрвото. Заднината е до под рамената сина, а надолу светломаслинеста. Телото во окер жолта боја е изведено со црвен цртеж, а со сиви потези се нагласени ребрата и мускулите. Инкарнатот на лицето е светол окер со затемнети страни со сенка. На нагласено издолжената глава косата е разделена по средина на челото и паѓа низ благо повиениот врат. Со тенки црни запирки се обележани мустаќите и кусата брада.

**T - 90**

Во четвртестата ниша на северниот ѕид од проскомидијата е симболична претстава на крст со епиграм ӤC/X̃C/ÑI K(A), во *согласност е со обредот на* проскомидијата.[708] Нејзините бочни страни се украсени во вид на ромбови и

---

[707] Повеќе за оваа претстава: Д. Медаковић, *Дрворезна икона Расӣећа у манасӣиру Хиландару*, ЗРВИ 4 (Београд 1956), 189-191; С. Петковић, *Зидно сликарсӣво на йодручју Пећке йаӣријаршије 1557-1614*, 100,101; С. Пејић, *Pietá у зидном сликарству XVII века у Србији*, Лесковачки зборник XXXIII, (Лесковац 1993), 175-179; D. Simić Lazar, *Kalenić et la dernière pèriode de la peinture Byzantine*, 85-99; М. Ђорђевић, *Две занимљиве представе Мртвог Христа у српском зидном сликарству средњег века*, ЗРВИ 37, (Београд 1998), 185-198; М. Марковић, *Прилог проучавању утицаја канона велике суботе на иконографију средњовековног сликарства*, ЗРВИ 37, (Београд 1998), 169, 174-177.

[708] Г. Бабић, *О реконсӣрукцији ошӣећених еӣиграма и наӣиса на йорӣреӣу Свеӣоӣ Саве у јужној йевници Свеӣих Аӣосӣола у Пећи*, Зборник заштите споменика културе XV, (Београд 1964), 160.

триаголници кои творат разнобојни брановидни линии (сината, црвената и белата). На истоветен начин, биле декорирани и приземните зони на конхата на апсидата.

*Време на настанување на сликарството*

Да се суди за потеклото на сликарот, за неговата ликовна култура и теолошкото образование е неблагодарно, дури и ризично, врз основа на една зачувана композиицијa и пар фрагменти од постариот живопис. Мртвиот Христос во гробот, во XVI и XVII век редовно се одбележува како СѦНЄТН/ХБ – Снетие Христово (Оплакување). Овдека, насликана во проскомидијата, таа тоа не го претставува туку ја симболизира Христовата жртва. Кога покрај мртвиот Христос е насликана Богородица, тогаш со еден дел може да се смета како Оплакување - Pietá, какви примери има, како и оние со справите за мачење, со што оваа тема се вклучува во евхаристички контекст.[709] Во Матеевац е претставена типично византиска варијанта на сликата Imago pietatis, без Богородица, која го претставува Христос во мермерниот ковчег пред крстот во задинината, со прекрстени раце, со наведната глава и рана меѓу ребрата од копје како сведоштво на мачењето.[710] Има многу примери на оваа варијанта на претставата на Мртвиот Христос во гробот. Ќе наведеме аналогии од северна Грција, во областа на Костур, во Црна Гора и недалеку од Ниш, во црквата на Сињачкиот манастир (Бела Паланка) од 1618 година. Речиси идентични претстави, и композиционо и стилски, се наоѓаат во црквите Св. Димитриј и Св. Никола кај Костур, двете од XVII века.[711] Во Црна Гора во црквата Св. Сава кај Велимље на ист начин е претставен Мртвиот Христос во гроб, од рацете на српски и грчки сликари.[712] Иста на нив е и онаа од црквата на Сињачкиот манастир, што ја осликале мајстори од Грција.[713] Изгледа дека оваа, типично византиска, најстара варијанта на сликата на Imago pietatis, ја донеле со себе уметници од Грција, која од домшните мајстори, особемо по обновата на Пеќската патријаршија, била прифатена, првенствено во селските средини и скромните манастирски цркви.

---

[709] Љ. Шево, *Манаст̄ир Ломница*, Београд 1999, 101, нап. 38.
[710] Претстава на Мртвиот Христос во гроб во Византија се сретнува од XII век, за да во XIII век стане мошне популарна на Запад – G. Millet, *Recherches sur l`iconographie de l`evangile*, Paris 1960, 483-485;
[711] М.П. ΠΑΪΣΙΔΟΥ, *ΟΙ ΤΟΙΧΟΓΡΑΦΙΕΣ ΤΟΥ 17ου ΑΙΩΝΑ ΣΤΟΥΣ ΝΑΟΣ ΤΗΣ ΚΑΣΤΟΡΙΑΣ*, ΑΘΗΝΑ 2002, П. 36, 39.
[712] С. Раичевић, *Споменици у старој жупи Оногошт*, Београд 1992, 99, сл.40.
[713] М. Ракоција, *Манаст̄ир Св. Оца Николе-Сињачки манаст̄ир*, Зборник матице српске за ликовне уметности, 29-30, Нови Сад 1993-1994, 51-75.

Претставата на Мртвиот Христос во гроб во Византија се јавува од XII век, додека кај нас се сретнува од XIII век, кога станува мошне популарна на Запад.[714] Кај нас се често слика во XVII век. Присуството на претставата на Imago pietatis, начинот на обработката на инкарнатот, цртежот, особено обликот на буквите, покрај согледаната сличност, нашата претстава Imago pietatis поблиску ја датира во почетокот на XVII век. Тоа е време кога црквата е обновена и повторно исликана од уметници, на кои сликарството од југ, посебно од северна Грција не им било непознато. На тоа упатуваат и малите грешки во сигнатурата, каде како излишна е уфрлена буквата „Ѧ" – С(Ѧ)НЄТН/ХЬ, секако, како резултат на недоволното познавање на српскиот јазик. Пропорционалниот несклад и анатомските неточности припаѓаат на вкусот на помали монашки и селски заедници.

## VII/4 – МАНАСТИРОТ СВЕТА БОГОРОДИЦА ВО КЛИСУРАТА КАЈ СИЌЕВО

*Затекнатата состојба на фреските*

Внатрешност на храмот е прекриена со фреско декорација. Сликарството на источните ѕидни површини на наосот и на источниот ѕид од припратата се од исто време со ктиторскиот натпис. Останатите ѕидни платна на припратата, сега прекриени со саѓ, се сликани кон крајот на XIX век и се нанесени преку постарото сликарство. Стариот живопис во припратата бил видлив се до 1878 година, кога го затекнале Драгутин Милутиновиќ и Михаило Валтровиќ, и забележиле дека е „нешто подобар" од тој во наосот.[715] Припратата била одново живописана по 1878 година, бидејќи треба да се исклучи можноста дека Милутинивиќ и Валтровиќ не би го препознале современото сликарство.[716]

Врз првобитното сликарство биле извршени одредени досликувања и пресликувања. Тоа за прв пат се случило во времето на обновувањето од 1875, и секако по 1878 година кога била осликана припратата. Малите интервенции се состоеле во стабилизирањето на оштетените долни површини. Во тоа време била декорирана западната фасада, за што кажуваат бледите фигури на ангелите кои ги држат краевите на развиениот свиток. Подоцна, во 1921 година, почитувајќи го постарото сликарство, Василие Ридановски реставрира одредени фигури од првата зона кои го задржале своето место и натписите. Таквите нема ликовно да ги анализираме, но нивната

[714] Д. Медаковић, *Дрворезна икона распећа у манастиру Хиландару*, 189-191.
[715] М. Валтровић и Д. Милутиновић, *Извештај уметничком одбору српског ученог друштва*, 463. Помали недефинирани фрагменти се видливи на јужниот ѕид на припратата.
[716] М. Ракоција, *Зидно сликарство Богородичине цркве сићевачког манастира*, 149-178

иконографска содржина е важна за согледувањето на целиот фреско ансамбл од 1644 година. Неговите интервенции на другите претстави, препознатливи по тенкиот потег со кој ја заокружува формата на местате каде што таа почнала да се губи, ќе ги разгледуваме како дел од старото сликарство.[717] Реално, помалите реставраторски интервенции на Рудановски кои биле од линеарна природа, не го загрозиле старото сликарство. (*Персонификациии на Христос*). Поголемите интервенции ги обележал со својот лесно препознатлив сликарски ракопис (фигурите на *св. Сава, св. Симеон,. Св. Константин, св. Елена,* главитена *св. Воин, Богородица Оранта*), потоа позадината на исправените фигури оставајќи ги натписите врамени и негибнати. Се друго припаѓа на старото сликарство, кое, поради некој тип на механичко оштетување оддава впечаток на измиеност. Со тоа стариот живопис се разликува од подоцнежните интервенции. Надевајќи се дека не грешиме многу, ќе го одделиме старото од сликарство што следело. Спремањето и нанесувањето на фреско-малтерот е изведено на нажин карактеристичен за подобрите современи сликари.[718]

*Распоред, опис и иконографските карактеристики на живописот*

Едноставните архитектонски форми и малите размери на црквата го условиле распоредот на живописот и димензиите на насликаните претстави. Мали, но прегледни композиции, се распоредени во пет зони во кои се вклопува и декорацијата на сводот. На првата зона ѝ припаѓа вообичаената низа на исправени фигури. Втората е резервирана за допојасните претстави на светителите. Третата и четвртата зона ги обединува одбраните сцени од Големите празници, Страдањата Христови и животот на Богородица. Во темето на сводот се персонификациите на Исус Христос, додека подоле по работ се претставени пророците.

Правилните хоризонтални низи идат околу ѕидовите на црквата, така што прават зони кои се редат од најниската до највисоката. Низ зоните ќе ги следиме распоредот и тематиката на насликаните сцени, почнувајќи од исток преку јужниот, западниот и северниот ѕид, сé до површините на сводот. Тоа е проверен начин за изложување на библиската историја и разбирањето на христијанските пораки, со кои учел и тогашниот верник. По

717 Д. Ј. Ристић, *нав. дело*, 49

718 Врз ситнозрнестиот варов малтер со сецкана слама, нанесен е слој од фин свеж малтер (дебелина околу 2мм), врз кој било сликано. Единствено лицата на архиереите се работени “al seco”, така што боениот слој во голем дел е отпаднат.

истиот пат, кој го следи хронолошкиот редослед на евангелистичките збиднувања, па и тогаш кога композициите на кратко се групирани околу некое збиднување, ќе ја согледаме декорацијата на ѕидот со надеж дека ќе откриеме повеќе пораки кои современиот посетител ги разбирал, а ние денес ги имаме заборавено. Тој кружен систем на распоредување на сцените кој почнува и завршува на источната страна, популарноста ја достигнал во XIV и XV век, [719] а во целост ќе биде прифатен во малите поствизантиски цркви.

*Прва зона*

На вообичаеното место, во првата зона на олтарната апсида насликано е *Поклонување на Агнецот.*[720] Лево и десно од апсидалниот прозорец стојат по два благо наклонети архиереи, кон кои , од просторот на ѓакониконот им се придружува уште еден. На површината под прозорецот, таму каде што треба да се очекува да биде насликан Агнецот, тој изостанува. **T - 91**

Во северниот дел на конхата, прв до прозорецот е св. Василие Велики (СТ҃НЬ...НЛН...), кој носи свиток со текст: БОЖЄ/НАШЬН/ЖЄНБА/ ХЛѢБЬ/БЬПНШХ/..ѢМ/М..С/..К..СТ/ХА...[721] Зад него е св. Глигорие Богослов (СТ҃НЬ ГГ. ГОРНО БОГОСЛОВ), со свиток: КАДНЛО/ШІРНО/СНМЬ/ХЄ.БЄ/НАШЬ/ КЬВОН/ІОБЛГО/ѴХАНІЄ .[722]

Во јужната половина на конхата првиот архиереј е св. Јован Златоуст (СТ҃НЬ Ѡ..ЗЛАТОЬСТН), со текстот на свитокот: ..Д..НЗРЄНО/ОПРѢС/ТѢНѠ/ ЄННПГ/ѢБЛКЄ.[723] До него е архиепископот александриски св. Кирил со препознатлива капа. Од просторот на ѓакониконот се доближува св. Јован **T - 92**

---

[719] Д. Војводић, *Из ариљског иконографског програма-избор и распоред сцена на христолошко-теотоколошког циклуса*, у: Свети Ахилије у Ариљу, Зборник радова са научног скупа, Републички завод за заштиту споменика културе, Посебно издање 29, Београд 2002, 100

[720] Во црквите на Балканот се сликаат од крајот на XII век.- Г. Бабић, *Симболично значење живописа у протезису Светих Апостола у Пећи*, Зборник заштите споменика културе, XV, Београд 1964, 173; Иста, *Христолошке распре у XII веку и појава нових сцена у апсидалном декору византијских цркава*, Зборник за ликовне уметности 14, (Нови Сад 1978), 77-98

[721] Молитвата се говори кон карајот на проскомидијата, кога свештеникот и ѓаконот се поклонуваат на евхаристијата - *Службеник*, Београд 1974, 91

[722] Молитвата кон кадилницата пред кадењето, ја говори епископот или свештеникот- *Службеник, нав. дело*, 89

[723] Кажува епископот или свештеникот по осветувањето на светите дарови на литургијата од св. Јован Златоуст - *Службеник, нав. дело*, 150

Милостив (СТНЬ...ВН), со текстот од литургијата на св. Јован Златоуст: НКОТ/.ВОН ДГ/ЬЖНВН/Н ТВОЄ/ЄЦРТЄ.[724]

Сите литургичари се со ист став, лесно наклонети, свртени во полупрофил, со десната рака благословуваат, а во левата држат отворен свиток. Облечени се во полиставриони и омофори со црвени и црни крстови и шаховски полиња, додека епитрахилот е украсен со ромбови. Облеката е обработена прецизно со намера одделни детаљи да се разубават.

Христос Агнец не е насликан во Сиќево, како ниту во Добриќево, Завала и поблиску, во црквата на манастирот Сињак.[725] Се наметнува претпоставката дека е во прашање одреден став кој се потпира на постарите примери.[726] Тоа го потврдува и положбата на нивните тела која е повеке исправена отколку наведната. Така насликани, обединувајќи ги во себе и постариот и помладиот вид на прикажувањето на Поклоннението ги среќаваме во XVI и XVII век во црквите со помали размери.

На јужниот ѕид под надолжниот лак, како кај нашето постаро сликарство,[727] насликани се во архиерејската облека, обраќајки се еден на друг, св. Герман (СТНЬ Г.ГМНЬ) и св. Спиридон (СТНЬ СПН/ГДОН). Св. Герман во раката држи свиток со текст: ВНКН/ПНВЄНН/ЩЬХСТН/СЛЄН/.МН/НВСЄ, а св. Спиридон затворена книга. **Т - 93**

Во наосот, пред иконостасот, следната фигура, како и Саваот над прозорецот, не припаѓаат на сликарството од 1644 година, ниту на

[724] Возглас на епископот или свештеникот на литургијата од св. Јован Златоуст по вториот антифон- *Службеник, нав. дело*, 102,103

[725] З. Кајмаковић, *Георгије Митрофановић*, Сарајево 1977, 156; М. Ракоција, *Манастир Св. Оца Николе-Сињачки манастир*, 58. цр. 4

[726] До XI век низата на архиереите се слика во анфас, како со десната рака благословуваат, држат евангелие во свиткана лева рака и без Агнецот во средината. Низата на светите оци со развиен свиток во рака додека се поклонуваат на Агнецот се слика подоцна.Ваквото нивно претставување забележано еи во XIV век, во испосницата на Петар Коришки,, како "преоден тип" на декорацијата на олтарниот простор помеѓу низата на малку наведнатиархиереи без Агнецот и Поклонението на жртвата.- Р. Љубинковић, *Испосница Петра Коришког*, Старинар VII-VIII, Београд 1958, 104; В. Ђурић, *Најстарији живопис испоснице пустиножитеља Петра Коришког*, 176-178; Г. Бабић, *Символично значење живописа у прорезису Светих Апостола у Пећи*, 173; Г. Бабић, *Христолошке распре у XII веку и појава нових сцена у апсидалном декору византијских цркава*, 29. Во XIV век Агнецот не е насликан воСтаро Нагоричино, Богородица Перивлепта во Охрид, Протатон, Жича и Св. Апостоли во Солун. - Б. Тодић, *Старо Нагоричино*, Београд 1993, 91 - е на мислење дека од овој детаљ не треба да се извлекуваат важни заклучоци бидејќи ,служењето на литургијата во таа форма постои и во XIII, па и во XII век, како и во спомениците по Нагоричино".

[727] В. Ђурић, *Сопоћани*, Београд 1993, 106/7

школуваната рака на Рудановски. Најверојатно се насликани во текот на една од обновите од втората половина на XIX век.

Понатаму се фигурите на св. воини, редовно сликани и почитувани заштитници во тие времиња. На пиластерот е св. Прокопие (СТНЬ ПРОКОПИЄ), понатаму, во западната ниша на јужниот што ја формира прислонетиот лак, на местото каде во XVII век, по правило се сликаат,[728] ги наоѓаме Теодор Тирон (СТНЬ ТЕОДОР ТИРОНЬ) и Теодор Стратилат (СТНЬ ТЕОДОР СТРАТІЛАТИ). Свртени еден кон друг, претставени се во моментот кога го примаат венецот на маченииштвото. Во потрбушјето на прислонетиот лак, насликани се св. Мина и св. Јосиф (МИНА/ІОСИФЬ).

Наспроти нив, во западната ниша на северниот ѕид, која исто така ја формира прислонетиот лак, насликани се св. Димитрија (СТНЬ ДИМТРІ) и, кај српскиот народ особено почитуваниот св. Георгије (СТНЬ ГЕОРГИ).[729] На внатрешниот дел од прислонетиот лак е непознат светител, потоа св. Виктор (ВИКЬТОР), и светиот врач Пантелејмон (ПАНТЕЛЕІ...). На северниот пиластер, како пандан на св. Прокопие на јужниот пиластар, е сточката фигура на св. Нестор (СТНЬ НЕСТОРЬ) во сиво-зелена војничка облека на која се евидентни пресликувањата.

Т - 94

Уметникот од Сиќево успева да ја долови сета убавина на одмерените ставови на светите воини,[730] чиј што култ во XVII век бил најсилен. На нив сеуште го препознаваме богатството на средновековните одори.[731] Истакнувајќи ги војничките симболи, тој не ги запоставува ниту нивните маченички заслуги за христијанството. Покрај оружјето (копје, мач, штит, лак), на главата редовно им слика бисерна дијадема, а св. Димитрие и св.

---

[728] Во византинската уметност од IX и X век почесто се прикажуваат како заштитници на воените кругови. Кај нас, по турските освојувања угледот на светите воини расне, за во XVI и XVII век на нив се повеќе ада се инсистира – С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557-1614*, 67, 68. Во поствизантиската уметност нивниот култ на просторот на Балканот особено се шири од Сер, најчесто прикажувани без коњ – Г. Суботић, *Охридска сликарска школа XV века*, Београд 1980, 65

[729] М. Пурковић, *Светитељски култови у старој српској држави према храмовном посвећењу*, Богословље XIV, Београд 1939, 163; В. Чајкановић, *О врховном богу у старој српској религији*, Посебно издање СКА CXXXII, Београд 1941, 68

[730] Светите воини од XIV век се сликаат послободно, за во моравската школа да се прикажуваат во полна убавина на движењата - Р. Љубинковић, *Црква Светог Вазнесења у селу Лесковецу код Охрида*, Старинар н.с. II, Београд 1951, 194.

[731] Ц. Грозданов, *Христос цар, Богородица царица, небесните сили и светите воини во живописот од XIV и XV век во Трескавец*, Културно наследство XII-XIII, Скопје 1988, 14-16; Ј. Николиќ-Новаковиќ, *Живописот во црквата Св. Атанасиј Александриски во Журче*, Скопје 2003, 39.

Ѓорѓи држат и маченички крстови. Така светите воини го обединуваат и заштитникот и маченикот, што се смета за изразено словенска особеност.[732]

Заради чувањето на здравјето, во источната ниша до олтарот, зад прозорецот се насликани допојасни претстави на светите врачи: св. Аксентие (СТНЬ АЗЕТЬЕ),[733] до него непознат светител (СТНЬ М..), и уште еднаш св. Пантелејмон (СТНЬ ПАНТЕЛЕМОНЬ), досликан во XIX век. Лево од прозорецот, на XVII век му припаѓа св. Фотија (ФОТІИ). Инсистирањето на светите лекари оди во прилог на тврдењето дека се работи за гробјанска црква.[734]

Зад олтарната преграда, на северниот ѕид од проскомидијата, е *Визијата на Петар Александриски* (СТНЬ ПЕТ.АЛЕКСАДРСКИ). Прашањето, „Кој ти ја искина ризата, Спасителе?" и одговорот „Арие безумниот и најлошиот, Петре", го наоѓаме во трагови над главата на светителот крената нагоре (.ТО.І СПАЕ../.РАЗ И ПРА).[735] Петар Александриски е облечен во полиставрион со омофор и надбедреник; рацете му се испружени кон цибориумот под кој е допојасната претстава на Христос дете (ІС/ХС). Тематски застарената *Визија на Петар Александриски*, благодарение на иконографската традиција на овие простори, е актуелна и во XVII век, како потсетување на потребата од претпазливост поради можната ерес.[736]

T - 95

Во црквата на Богородица Перивлепта во Охрид, за прв пат Бизијата на свети Петар Александриски се сместува во протезис,[737] за по обновата на Пеќска Патријаршија, во XVI и XVII век, по правило да биде сликана на ова место и во таква иконографска форма.[738] Христос е претставен како Агнец, жртвата по која служат архиереите. Затоа оваа претстава понекогаш ја заменува сликата на Агнецот во апсидата која не насликана во Сиќево.[739]

---

[732] В.Н. Лазарев, *Новый памятник станковой жибописи XII в. и образ Георгия в византийском и древнерусском искусстве*, Византийский временик IV, Москва 1953, 193, 217

[733] *Житије светих*, 14. фебруар, Београд 1961, 115

[734] Претставите на светите лекари се сметаат за карактеристични гробни слики – Д. Филиповић, *Саркофаг архиепископа Никодима у цркви Св. Димитрија у Патријаршији*, ЗЛУ 19, (Нови Сад 1983), 91

[735] Претпоставката на Д. Ристиќ дека тоа е потписот на живописецот не може да се прифати - Д.Ј. Ристић, *нав. дело*, 47

[736] Насочена е против аријанската ерес осудена на Првиот Васеленски собор - С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557-1614*, 73.

[737] Ц. Грозданов, *Визијата на Петар Александријски во живописот на Богородица Перивлепта (Св. Климент) во Охрид*, Годишен сборник на Филозофски факултет Скопје 8, Скопје 1982, 115-121

[738] С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557-1614*, 66

[739] Б. Тодић, *Манастир Ресава*, Београд 1995, 84. Детаљно о овој представи – G. Millet, *La vision de Pierre d'Alexandrie*, Mélanges Charles, II, Paris 1930, 99-115

На вообичаеното место на западниот ѕид, јужно од влезната врата, насликани се св. Симеон (СТЋЬ СНМ..НЬ) и св. Сава Српски (СТЋЬ САВА), комплетно пресликани од Рудановски.

Наспроти втемелувачите на Српската црква, стојат цар Константин (КОНСДННЬ) и царица Елена (ЄЛЄНА), основоположници на христијанската црква во Византија, кои се во целост пресликани од Рудановски. Вклопувајќи се во оваа иконографска диспозиција,[740] како дел на старото сликарство, фигурата на св. Андроник (АНДГОНИК) е насликана на неочекувано почесно место, приоѓајќи кон царицата Елена од испустот на западниот ѕид кој навлегува во внатрешноста на нишата на северниот ѕид. Прилагоден на расположивата големина на површината тој е прикажан како голобрадо момче (дете) со крстот во рака свртен кон царицата Елена.[741] Обединети со црвена бордура, каква што ги врамува сцените, фигурите недвосмислено покажуваат дека се замислени како единствена композиција.[742] Т - 96

Светиот цар Константин и царица Елена се свртени фронтално, држејќи двокрак крст со венец од трње.[743] Облечени се во црвена императорска облека со бисерни украси и круни на главите. Двете фигури се пресликувани особено во пределот на главата. Свети Андроник е претставен како намалена, детска, голобрада фигура, свртена две третини кон св. Елена и св. Константин. Во десната рака држи двокрак крст, додека левата му е со дланката нагоре, во височина на градите. Облечен е во светло црвена облека опшиена по рабовите со жолта декоративна лента украсена со бисери, а преку грбот му е префрлена сиво-бела наметка.

Сметаме дека ваквата сликарска слобода не е резултат на незнаење и невнимателност, туку намерна постапка произлезена од вдахновена уметничка идеја, добра информираност и осмисленост.

---

740 М. Ћоровић-Љубинковић, *Уз проблем иконографије српских светитеља Симеона и Саве*, Старинар VII-VIII/1956-1957, (Београд 1958), 81

741 Маченикот Андроник кој страдал во времето на царот Диоклецијан така е претставен во Менологот на Василие и во манастирот Дафни - П. Костовска, *Маченичките допојасја во Свети Никола, во Манастир, Мариово*, Зборник, Средновековна уметност 6, Скопје 2007, 43

742 За разлика од исто стоечката фигура на непознатиот светител во отсечката на западниот ѕид која припаѓа на внатрешноста на нишата на јужниот ѕид, која јасно, со црвена лента, е одделена од композиционата целина што ја сочинуваат св. Симеон и св. Сава.

743 За развитокот и симболичната содржина на претставата на Константин и Елена со крстот - G. Gerov, *L`image de Constantin et Helene avec la croix:étapes de formation et contenu symbolique*, Ниш и Византија II – Зборник радова са научног скупа, Ниш 2004, 227-239, со литературата.

*Втора зона*

На источниот ѕид, над Поклонението на Христос Агнец, во втората зона е *Причестувањето на апостолите* (Мат. 26, 26-27). Во средината е чесната трпеза со цибориум. Христос како архиереј е претставен два пати. Него му приоѓаат по шест апостоли. Лево, Христос го причестува апостол Петар со нафора, а десно Павле со вино. Останатите апостоли, во редица еден зад друг, наизменично се облечени во црвени хитони и сини химатиони.

Христос е двојно претставен како првосвештеник кој ги причестува и се дава себеси како жртва.[744] Уметникот од Сиќево го почитувал иконографското решение кое во поствизантискиот период било општо прифатено,[745] не внесувајќи новини, ниту детаљи за дообјаснување.

Во втората зона можеме да ја вброиме и челната страна на триумфалниот лак во висина на Причестувањето на апостолите, на чија што северна страна препознаваме архиѓакон со кандило во рака, а на јужната непознат светител во кружен медаљон.

Во наосот, втората зона ја прави низа од кружни медаљони со допојасни претстави на маченички и маченици, а на западниот ѕид низа допојасни претстави на светителки. Од XVI, век медаљоните се општо прифатени и еднакво се распоредуваат како на јужниот така и на западниот ѕид на наосот. Тоа што допојасните претстави на маченичките на западниот ѕид не се во медаљони може да се разбере како почитување на старите примери од втората половина на XIV век.[746] **Т - 97**

Медаљоните се меѓусебно поврзани со округли стилизирани цветови и врамени со преплет во форма на лоза со цветни завршетоци.[747] На јужниот ѕид, од исток кон запад, следи низа на медаљони: св. Власије (ВЛАСИ...), потоа се шесте светители со нечитки натписи, св. Андроник (СТЪ АН/ДРНИКА),[748] и уште еден непознат светител.

---

[744] В.Ј. Ђурић, *Раванички живопис и литургија*, Манастир Раваница – споменица о шестој стогодишњици, Београд 1981, 53-66.

[745] Повеќе примери кај С. Пејић, *Манастир Пустиња*, Београд 2002, 128.

[746] Р. Љубинковић, *Црква Светог Вазнесења у селу Лесковецу код Охрида*, Старинар н.с.II, Београд 1951, 200; Ј. Радовановић, *Невесте Христове у живопису Богородице Љевишке у Призрену*, ЗЗЛУ 15, Нови Сад 1979,115

[747] Богатата билна декорација е забележана кај мајсторите кои своето знаење го стекнувале на југот - М. Милошевић-О. Миловановић, *нав. дело*, 264

[748] Св. Андроник е насликан на јужниот ѕид на црквата Св. Ѓорѓи во Младо Нагоричино кон крајот на XVI век, која е осликана од мајсторите од костурско-линотопското потекло – М.

На северниот ѕид, распоредени од запад кон исток, во медаљоните се: св. Јулита (...ЛНТА), св. Кирик (СТЊ КИРІКЬ),[749] непознат светител, св. Тарасие (СТЊ ТАРАСИЕ), непознат светител, св. Георгие (СТЊ ГЕОРГІЕ), непознат светител, св. Ефрем (..ЕФРЕМЬ), и уште еден непознат светител.

Светителите во медаљоните кои се наоѓаат на јужниот и северниот ѕид во олтарниот простор (вкупно пет), се облечени во архиерејска облека, со десната рака благословуваат, а во левата држат затворена книга. Останатите светители, со маченички крст или со крената рака и видлива дланка, наизменично се облечени во син хитон и црвен химатион, со богато декорирани околувратници. Ова украсување на околувратниците се приметува кај сликарите од југ, чии што уметнички достигнувања уметникот од Сиќево добро ги познавал.[750]

На западниот ѕид, каде што најчесто се сликаат, по три од секоја страна на ктиторскиот натпис, насликани се, во фриз, допојасните претстави на маченички.[751] Сместени на видно место, под малиот циклус посветен на Богородица, идејно се обединети во маченииштвото за Христовата вера. Прва до јужниот ѕид е св. Теодора (СТА ТЕОДОРА), следува св. Теофана (СТА .ЕОФАНА),[752] и св. Недела (СТА НЕДЕЛИ),[753] а од другата страна на ктиторскиот

T - 98

---

Машниќ, *Ѕидно сликарство на црквата Св. Горги победоносец во Младо Нагоричане*, Зборник, Средновековна уметност 6, Скопје 2007, 147

[749] Св. Кирик и Јулита се сликаат заедно во многу цркви на Балканот, што е поврзано со нивната прва претстава во Св.Софија во Охрид каде нивниот култ зајакнал поради преданието дека дел од чудотворните мошти се наоѓа во Св. Богородица Болничка - *Житије светих*, 541, 542. Можеби не се случајно сместени блиску до сцената Христос пред Пилат, со што е нагласена нивнота храброст пред судијата и страданието за Христовата вера во времето на императорот Диоклецијан. На тоа мислел и сликарот Константин кога св. Јулита и Кирик ги сместил под композицијата Пилатов суд во црквата Св. Мина во Монодендри - Αναστασια Γ. Τσιρτα, *οι ηαοι τοι αγιοι Νικολαο στη Βιτσα και τοι αγιοι Μινα στο Μονοδενδρι,* Αθινα 1991, сл. 94а

[750] Богато украсени околувратници наоѓаме и во црквата Св. Петар и Павле во Тутин која ја осликале Грци -Р. Станић, *Црква Св. Петра и Павла у Тутину*, Рашка баштина 2, Краљево 1980, 149, 150

[751] Вака групирани жени светителки на западниот ѕид ги среќаваме во црквата на Св. Петка во Селник од трета деценија на XVII век - М. Машниќ, *Црквата Света Петка во Селник и нејзините паралели со сликарството на Алинскиот манастир Свети Спас*, Културно наследство 17, Скопје 1991, 108. И на западниот ѕид на Јашуњскиот манастир Св. Јован се наоѓа шест светителки (Катарина, Теодора, Петка, Недеља, Магдалена и Варвара) - М.Ћ. Љубинковић, *Јашуњски манастири*, Старинар I, Београд 1950, 233

[752] *Житије светих*, 16 децембар, Београд 1961, 1004

[753] Култот на св. Недела востановен во времето на Константин, особено се шири во XIV век - М.Ћ. Љубинковић, *Црква у Доњој Каменици*, Старинар I, (Београд 1950),58. Од втората половина на XVI и низ целиот XVII век св. Недела е до св. Петка. И покрај тоа што црквата не и била наклонета таа завземала видно место - Ј. Радовановић, *Невесте Христове у живопису Богородице Љевишке у*

натпис се редат: св. Катарина (СТА КАТАРІНА), св. Анастасија (СТА АНАСТАСІА),[754] и св. Магдалена (...МАГДАЛЕНА).[755]

Св. Недела и св. Катарина се претставени во богата облека, како царици со круна украсена со бисери, додека останатите се облечени како монахињи. Сите држат крст, освен убавата и мудра св. Катарина[756] која е со долго перо во раката. Прикажани се како млади жени со издолжено лице.

*Трета зона*

Во полукалотата на олтарната апсида, опкружена со архангелите Гаврил и Михаил во орнат со дивитисиони, е стоечката претстава на Богородица со раширени раце (МР/ѲУ), со малиот Христос Логос на градите, комплетно пресликана од Рудановски. Насликана е варијантата на *Богородица Оранта* на постамент како стои пред престолот. Така се обединети двата типа на Богородица: Оранта и Богородица пред престолот.[757]

Во нашето ѕидно сликарство Богородица Оранта најчесто се наоѓа во конхата на апсидата. Нејзината варијанта со ликот на сточка Оранта во полна фигура е редок и старински начин на прикажувањето.[758] Уметникот од Сиќево сликајќи ја Оранта се потпира на најстарото српско, но и грчко сликарство, особено тоа по потекло од Солун.[759] Во XVII век најслична на таа од Сиќево е претставата на Оранта во црквата на манастирот Сињац кај Бела Паланка (1617)[760] и во Лопардинце кај Прешево. Дури и нашиот најдобар сликар од првите децении на XVII век, Георгие Митрофановиќ, ја

**Т - 99**

*Призрену*, 125/6 со литературата; С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557-1614*, 68; *Житија светих*, 7 јули, Београд 1961, 516/517.

[754] *Житије светих*, 22 децембар, Београд 1961, 1022

[755] *Житије светих*, 22 јули, Београд 1961, 563

[756] Пострадала во 303. година поразувајќи 200 најмудри луѓе на царот и погребана на Синај во манастирот Св. Катарина - *Житије светих*, 24 новембар, Београд 1961, 937/8

[757] За тоа: М. Татић-Ђурић, *Икона Богородице знамења*, Зборник за ликовне уметности 13, (Нови Сад 1977), 3-26

[758] Во старото српско сликарство насликана е во Студеница, Жича, Милешево, Сопоќани, Перивлепта, Љевишка, Св. Димитрие во Пеќ...; З. Кајмаковић, *Георгије Митрофановић*, 152; М. Татић-Ђурић, *Марија-Ева, Прилог иконографије једног ретког типа Оранте*, Зборник за ликовне уметности 7, (Нови Сад 1971),209

[759] Архаичното сликање на Богородица го открива солунското потекло и често се среќава во црквите на охридскиот сликарски круг – М. Татић-Ђурић, *Врата слова*, Зборник за ликовне уметности, 8, (Нови Сад 1972), 78, 79

[760] М. Ракоција, *Манастир Св. Оца Николе-Сињачки манастир*,

насликал стоечката Оранта во црквата на Воведението во манастирот Добриќево (1615 – 1616) и во Завала.[761]

Сликајќи го престолот зад Оранта, уметникот од Сиќево се доближил до типот на Богородица на престолот, која често се слика во нашите цркви од XVI и XVII век,[762] како што советува и Дионисие од Фурна.[763]

На триумфалниот лак насликани се, една наспроти друга, пред архитектурата која потсетува на ѕидовите на градот Назарет со зградите во него, стоечките фигури на архангел Гаврил на северната, и Богородицата (МГ..) со вретено во рака на јужната страна, обединети во *Блаīовешīениее* (БЛАГО/ВЕЩЕНІЕ, Лука 1,26-38) , како прва сцена од циклусот на Големите празници.[764]

Благовештение со Богородицата која цврсто стои на земјата, често го сретнуваме кај мајсторите од северна Грција, а поретко кај сликарите од Пеќската патријаршија.[765]

Големите празници продолжуваат на јужниот ѕид со *Рождесīвоīо Хрисīово* (Мат. 2, 1, 8 – 12; Лука 2, 4 – 20). Согласно на традицијата, седнатата фигура на Богородица е опкружена со Христос во јаслите, мудреците, Јосиф, хорот на ангелите и пастирот во дворска облека пресликан во втората половина на XIX век. Претставено е и бањањето на Христос кое го обавува „слободно" клекнатиот Меја во присуството на Салома. **Т - 100**

Интересна е претставата на двете жени со засукани ракави кои го бањаат малиот Христос. Треба да се обрне внимание на елегантната клекната положба на жената со коленото на земја, така што наборите на фустанот јасно ја покажуваат положбата на нозете. Овој детаљ со изразена реалност, бил предмет на бурни теолошки расправии на почетокот на XVII век на Света Гора. За премногу слободна и непримерена се сметала и **Т - 101**

---

761 З. Кајмаковић-С. Тихић, *Манасīир Добрићево*, Наше старине VI, (Сарајево 1959), 143-150, 152

762 Како во црквата на манастирот Петковица - Б. Б. Голубовић, *Зидно сликарсво цркве манасīира Пеīковице на Фрушкој Гори*, Зборник за ликоне уметности 22, (Нови Сад, 1986), 92, црт.3

763 З. Кајмаковић, *Георīије Миīрофановић*, 152,со напомена.

764 Литература за одделни композиции - М. Марковић, *Циклус Великих ӣразника*, Зидно сликарство манастира Дечана, Београд 1995, 107-119

765 Α.Τουρτα, *Οι ναοι του Αγιου Νικολαου στην Βιτσα και του Αγιου Μηνα στο Μονοδενδρι*, Αθηνα 1991, 72; Љ. Шево, *нав. дело*, 105

легнатата положба на Богородица. Препораката Богородица да седи во претставата на Христовото раѓање, ја прифатил и уметникот од Сиќево.[766]

Следната композиција, *Сретение* (..ТЄНЄ ..ХСВ, Лука 2, 22-40), е претставена на традиционален начин со базиликални градби во позадина кои го означуваат храмот во Ерусалим каде што настанот се случил.[767] Наспроти Симеон со Христос во рацете стојат Богородица и Јосиф. Помеѓу нив, пророчицата Ана ги надвисува со театрално кренати раце со подарокот. На тој начин таа композиционо ја организира сцената и ѝ вдахнува овоземски карактер. Забележано е дека иконографскиот детаљ со високо кренатата рака на пророчицата Ана, упатува на неговото Грчко потекло.[768]

Следната претстава ни го доловува настанот од стариот завет *Три момчиња во вжештената печка.* Три допојасни фигури (Анание, Азарие и Мисаил) со кренати раце го слават Господ, а ги заштитува анѓелот со раширени крилја.[769] Трите млади Евреи кои не сакале да се поклонат на златниот идол, по наредба на вавилонскиот цар Навукодоносор, биле фрлени во вжештена печка и останале неповредени (Данило 3, 19 – 27). Во старохристијанската иконографија сцената ја симболизира непоколебливата верба која води кон сигурно спасение.[770] Подоцна, таа ја покажува праслliката на Богородица која останала девица и по раѓањето на Христос, но и жртвата Христова кој после страданието воскреснал за да го искупи прародителскиот грев. Поради евхаристичната симболика, оваа, во малите цркви на поствизантискиот период ретко прикажувана сцена, се слика во олтарниот простор,[771] што не е случај и во Сиќево.

---

[766] Така во Хопово Богородица е клелната, а сцената со бањањето не е сликана - за тоа З. Кајмаковић, *нав.дело*,107. Богородица е клекната и во црквата Св. Никола во Витса која што ја осликал линотопскиот сликар Михаил 1618/1619 -А. Γ.Τουρτα, *op. cit.*, 236, 238–240.

[767] Идентичен распоред на фигурите, како и блиски архитектsонски облици, ги затекнуваме во црквата на св. Теодор Тирон и св. Теодор Стратилат во селото Добрско во Бугарија. На тоа место пророчицата Ана е сликана и во кападокиската црква Јанавар - С. Михайлов, *Църквата св. Теодор Тирон и св.Теодор Стратилат в с. Добърско*, БАН, Известия на археологическия институт, XXIX, София 1966, 12 сл. 7.Издвојувањата на пророчката Ана зад Симеон ги има многу повеќе - Г. Суботић, *Почетци монашког живота и црква манастира Сретења у Метеорима*, ЗЗЛУ 2, (Нови Сад 1966), 160

[768] Таков е примерот во манастирот Пустиња , Ломница и некои други цркви од охридскиот круг - Љ. Шево, *нав. дело*, 106; С. Пејић, *Манастир Пустиња*, 107; Г. Суботић, *Охридска сликарска школа XV века*, 33, 42, 49

[769] Над тројцата евреи во вжештената печка во 14 век , ангелот редовно се слика - С. Габелић, *Циклус арханђела у византијској уметности*, Београд 1991, 72; Б. Тодић, *Грачаница*, Београд 1988, 146; Б. Тодић, *Манастир Ресава*, Београд 1995, 75

[770] С. Габелић, *Циклус арханђела у византијској уметности*, Београд 1991, 87, 88,со литературата

[771] С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557-1614*, 101

Потоа следува *Крштевањето Христово* (БОГОЂБА/БЛЕНIЕ, Матеј 3, 13-17; Марко 1, 9-11, Лука 3, 21-23). Во Јордан, на супаденеумот стои Христос со перизома околу појасот и се бори со водно животно слично на змија. Тука се и персонификациите на Јордан (допојасната човечка фигура со брада), и на морето (женската фигура качена на риба).[772] На десниот брег на Јордан е св. Јован Крстител, а на левиот трите ангели, со раце покриени со крпа, токму како што препорачува светогорскиот сликарски прирачник.[773] Вака редуцирано Крштевање е вообичаено во поствизантиската уметност.[774] **Т - 102**

Последната сцена на јужниот ѕид е *Воскресението на Лазар* (БАСКРСЕННЕ/ЛАЗАРО..., Јован 11,17-46).[775] Пред Христос во придружба на апостолите, сестрите на Лазар, Марта и Марија, клечејќи се молат за спасението на братот. Лазар е во ковчегот чиј што капак го крева едно момче, додека другиот со рака го затнува носот. Како сведоци на Христовото чудо, граѓаните излегле пред ѕидовите на градот Витанија. Смртта е победена пред сведоците и починатиот воскреснал, макар што веќе почнал да трулее, поради што момчето го затнало носот. Иконографските детаљи го откриваат надгробниот карактер на сцената.

Големите Празници во третата зона на западниот ѕид се прекинати од три композиции посветени на Богородицата. Во *Раѓањето на Богородица* Ана е седната на креветот и ја прифаќа понадицата од прввите три девојки сместени зад камената ограда. Подоле, пред колепката со Богородица, седи жена на столче со виолетово перниче и во став на предилка, насликана во моментот кога ја растегнува нишката. Над Ана, од вратите на градбата, случката ја следи Јоаким. **Т - 103**

Вниманието го заслужува реалистичната положба на нозете на предилката: левата е зад столчето, а десната напред, така што ја допира

[772] Псалмот CXIV, повеќе за персонификациите - Г. Бабић, *Краљева црква у Студеници*, Београд 1987, 147-150.
[773] Д. Медаковић, *нав. дело*, 136; М.Т. Ђурић, *Икона Христовог крштења*, Зборник народног музеја IV, Београд 1964, 267-281
[774] Нашата претстава е најблиску до онаа во црквата Св. Теодор Тирон и Стратилат во селото Добрско - С. Михаилов, *нав. дело*, 16 сл.9
[775] Л. Мирковић, *Хеортологија или историјски развитак и богослужење празника православне источне цркве*, Београд 1961, 160-161

T - 104

колепката, нишајќи го детето во неа.[776] Благодарејќи на реалистичните детаљи (колепката,предилката, перницата на креветот,...), можеме да ја доживееме атмосферата во собата на родилката. И вака стеснетата форма на претставата ни открива потпирање на постарите примери, но и на тие од 16 век од Света Гора кои во овој призор го сместуваат и Јоаким.[777]

Средишниот, најголемиот дел од западниот ѕид е за *Усиението на Богородица* (Ѵ.ѰЄNІЄ БОГОРЦЄ), од циклусот на Големите празници. Пред одарот со Богородица (МР/ѲѴ), анѓелот веќе му ги исекол рацете на Евреинот Јефоние. Над одарот е надвисен апостолот Јован кој ја придржува раката на Богородица. Кај нозете е апостолот павле, а кај главата Петар, двајцата во придружба на апостоли. Зад св. Петар се и три жени во жалост.[778] Над Богородица стои Христос во синосива светлосна мандорла, со персонификација на душата на Богородица во рацете. Христос го опкружуваат монохромни проѕирни ангели. Ваков венец од линеарно изведени ангели, често се среќава во постарото српско сликарство, но и во првата половина на XVII век. Ангелите најчесто се сликаат во една боја со што се оддава впечаток на проѕирност.[779]

Десно од Успението, над св. Константин, Елена и Андроник, насликана е Богородица Живоносен источник (НСТОЧНН/КЬ ЖІЗNІ). Во базенот од кој во млазови истекува вода, на врвот од столбот, во ставот на оранта сместена е до појас видливата Богородица (МР/ѲѸ) опкружена со ангели. На сиво-сината недефинирана височинка е забоден повеќеаголен столб со базен на врвот, во кој е сместена, до под појас видлива, Богородица, во црвен мафорион, со раширени раце и во став на Оранта. Во дното на столбот осуммина очекуваат исцелување. Различно облечени, со широко отворени усти или клечејќи, тие собираат вода во бокал. Од базенот, низ посебни отвори, во млазеви истекува водата. Лево и десно од Богородица лебди по

[776] Деталот предилката се наоѓа и во Долна Каменица - М. Љубинковић, *Црква у Доњој Каменици*, 71. За мотивот со жената што ја ниша колепката има доста примери во нашето средновековно сликарство - Г. Бабић, В. Корађ, С. Ћирковић, *Студеница*, Београд 1986, 124/5

[777] З. Кајмаковић, *Георгије Митрофановић*, 149, со наведените примери.

[778] Какви што гледаме во Сопоќани - В. Ђурић, *Сопоћани*, 61-64. Три жени се насликани и во Св. Петар и Павле во Тутин - Р. Станић, *Црква Св. Петра иПавла у Тутину*, 149; С. Радојчић, *Беседе Јована Дамаскина и фреске Успења Богородичиног у црквама краља Милутина*, Узор и дела старих уметника, Београд 1975, 184; С. Новаковић, *Апокрифне приче о Богородичиној смрти*, Старина ЈАЗУ, (Загреб 1886), 1-15

[779] З. Камаковић, *Георгије Митрофановић*, 124

еден анѓел облечен во зелена и црвена облека.[780] Во првиот план се две наведнати голобради фигури со отворени усти, токму како што се пије вода од извор. Исцелувањето го очекуваат и шестте души во подножјето на столбот, високо кревајќи ги главите кон Богородица. Во испружените раце на петорицата од нив е бокалот со ленти во кој паѓа млазот на водата, а на едниот, лево од столбот, млазот на водата му се спушта во устата. Наизменично се облечени во црвена, зелена, виолетова и сина облека, со жолт околувратник, или без него, но со наметка. Во висината на ангелите позадината е сина, а надолу е маслинасто зелена.[781]

Воведувањето на циклусот на Богородица, најчесто Раѓањето и Воведението, кои го опкружуваат Успението на Богородица, во Големите празници, се должи на зголемувањето на популарноста на култот на Богородица. Зголемувањето на популарноста може да се следи уште од средината на VIII век, од 74. година, преку систематизацијата на празниците од 1088 година од страна на Никон Црногорецот кој Раѓањето, Воведението и Успението на Богородица ги става во Големите празници. Во нашето средновековно сликарство тоа е чес случај.[782] И во храмовите од времето на турската окупација, сцените од животот на Богородица најчесто се Раѓањето и Воведението, освен во Пива, Хопово и св. Троица кај Плевље.[783] Елиминирањето на Воведението и поставувањето на претставата на Богородица Живоносен источник, како што е во Сиќево, е реткост која заслужува особено внимание.

Големите празници продолжуваат на северниот ѕид со композицијата *Влеѓување во Ерусалим* (.ЂЄТОΝОСН..., Матеј 21, 17-11; Марко 11, 1-2; Лука 19, 29-39; Јован 12, 12-18). Христос кажен на маска, во придружба на апостолите, го пречекуваат жителите на Ерусалим. Тука е и дрвото на кое се искачени две момчиња, од кои едното со секира ги сече гранките за да го украси патот на Спасителот. Во прв план е група од пет деца во весела игра: едниот ѓдава

**Т - 105**

[780] Во сликарството на Мистра анѓелите редовно се сликаат - Д. Медаковић, *Богородица "Живоносни источник" у српској уметности*, ЗРВИ 5, (Београд 1958), 209

[781] Претставата според белешките на Р. Николиќ ја опишал Д. Медаковиќ, без деталите кои, најверојатно, пред чистењето не се гледале - Д. Медаковић, *нав. дело*, 209

[782] Повеќе за тоа со примери и литература – Д. Војводић, *Из ариљског иконографског програма- избор и распоред сцена на христолошко-теотоколошког циклуса*, 114-116

[783] С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557-1614*, 92, 189; З. Ракић, *Радул, српски сликар XVII века*, Нови Сад 1998, 67

лист на маската, двајца се во став на борачи, додека еден ја соблекува кошулата преку глава, и се разголува.[784]

Општата поставка на Влегувањето во Ерусалим во Сиќево има доста заедничко со тоа од зборникот на Јаков од Камена Река,[785] со постариот од манастирот Сретење во Метеори, како и со иконата на непознатиот зограф на манастирот Пива од 1639 година.[786] Зад ѕидовите на Ерусалим јасно се препознаваат редуцираните форми на Христовиот гроб.[787] Тука е и нагласениот реализам во сцената со децата и нивните живи движења. Во текот на XIV и XV век тоа е препознатлив детаљ во сликарството на Србија и Мистра.[788] Во балканскиот живопис веќе е забележана живоста со која децата ја ранат маската. Во Србија се гледа во Раваница и Поганово, а неочекувано мирно во манастирот во Сињак и во Бугарското село Добрско.[789] Големиот број на децата, но никаде седум како во Сиќево, ќе продолжи да се слика на Балканот во текот на XVI и XVII век,.[790]

Циклусот на Големите празници го прекинува сцената од Христовото страдание *Приведување пред Пилат*, ..Д.ѦѴД КѢ ПНЛѦТѴ, Матеј 27, 24; Лука 23,1).[791] Пилат, обраќајќи му се на Христос, седи на раскошен престол во богата византиска царска облека,[792]додека пред него, опкружен со војници, стои Христос. Помеѓу нив е Кајафа кој театрално ги открива градите во знак на протест (Лук. 23, 4, 14), а го пратат жителите на Ерусалим.

---

784 Светогорските мајстори обврезно ги сликаат децата што се борат - З. Кајмаковиħ, *Георгије Митрофановиħ*, 115. Во еднаков став насликани се и децата во црквата на манстирот Сретење во Метеори - Г. Суботиħ, *Почетци монашког живота и црква манастира Сретења у Метеорима*, 164, сл. 19

785 Д. Медаковиħ, *нав. дело*, 153, т. LXXXII, 2

786 В. Ђуриħ, *Иконе из Југославије, Београд* 1961, сл. 86

787 Веќе од IV век мали округли зданиа го означувале мартириумот. Таква форма имал и Хритовиот гроб, кој во средниот век ја добил својата симболика. Овој тип на градба е прифатен како архитектонски симбол кој го покажува просторот на мачењето илипогребот. Држејќи се до таа симболична вредност, сликарот насликал стилизирана Ротонда Анастасис и со тоа го одвоил Ерусалим од Витанија - А. Стојаковиħ, *Архитектонски простор у сликарству средњовековне Србије*, 176-179

788 Ħ. Љубинковиħ и Р. Љубинковиħ, *Црква у Доњој Каменици*, 62. Зачудувачки е бројот на децата насликан во црквата на манастирот Пантанаис- М. Χηατζιδακισ, *op. cit.*,, 103, сл. 67, 68.

789 С. Михӣлов, *нав. дело*, 18; упореди - G. Millet, *Monuments de l'Athos*, tabl. 187, 5; 68, 3; 202, 2; 229, 1; 259, 2

790 Д. Панайотова, *Стара църква в с. Марица,* Археология, 4, (София 1965), 22 - каде се насликани пет дечиња.

791 Преплетувањето на Големите празници со Христовите Страданиа, е често во храмовите од XVII век - С. Петковиħ, *Зидно сликарство на подручју Пеħке патријаршије 1557-1614*, 72, со напомена

792 Тоа дека Пилат, намесник на римскиот император, се слика во византиска царска облека , препознаено е во речиси сите претстави од XIV век и ни покажува дека уметникот од Сиќево ги користел примерите од своето време – Љ. Шево, *нав. дело*, 1999, 112

Младоликиот зад Христос, го приведува со меч потпрен на рамото.[793] Лево од Пилат camillus принесува сад во кој Пилат ги мие рацете.

Ваквото претставување на Пилатовиот суд е вообличено уште во 6 век.[794] Претставата во Сиќево се оддалежила од старите примери оформени врз темелите на античката традиција, станувајќи дел од поствизантинското сфаќање на овој драматичен настан. Таа не носи ништо ново, ниту ја разработува претставата на еден од трите начини кои во доцниот XIII и раниот XIV век јасно се издвојуваат како иконографски варијанти. Уметникот од Сиќево имал намера во една претстава да ги обедини сите настани врзани за Судењето на Пилат. Детаљите за кои смета дека се помалку важни тој ги изоставува.[795]

Големите празници продолжуваат со *Распетие* (ХВО РАСПЕТИЕ, Матеј 27,31-50; Марко 15,20-38; Лука 23,37-47 и Јован 19,18-34), сожето и симетрично решено. Со сцената доминира Христос распнат на крстот чија што дебелина е нагласаена со темно црвена боја.[796] Под левиот крак од крстот се тритте Марии – Богородица, Марија Магдалена и Марија Клеопова. Од другата страна се Христовиот ученик Јован и војникот Лонгин. Во позадината, над бедемот на Ерусалим се кружни медаљони со претстави на женска и машка глава – антропоморфни симболи на Сонцето и Месечината. **Т - 106**

Следната композиција е *Миронoници на Христовиот гроб* (ГРОБУ ХРВО, Матеј 28,1-7). Над празниот Христов гроб и заспаните војници стојат светите жени со зачуден израз на лицето. Два ангели во бело седат врз капакот од гробот, а првиот со прстот покажува нагоре. Во поствизантиското сликарство обврзно се слика, и со Слегувањето во ад, се потцртува суштината на христијанската вера и очекуваното Воскресение.[797]

---

[793] Слично е преикажан во црквата Св. Петар и Павле во Тутин - Р. Станић, *Црква Св. Петра и Павла у Тутину*, 148

[794] С. Радојчић, *Пилатов суд у византијском сликарству раног XIV века*, ЗРВИ 13, (Београд 1971), 298-320

[795] Во поствизантиското сликарство сликарот Радул во 1673 опширно, во пет епизоди, го илустрирал судењето на Пилат - З. Ракић, *нав. дело*, 65

[796] Косо засечени страни на крстот нудат хоризонтална перспектива , насликани се во Поганово и поблиски се до манастирот од Сињац. Таквото сликање на крстот кое се приближува до законите на перспективата карактеристичен е за Света Гора и се среќава на Балканот. - G. Millet, *Monuments de l'Athos,* католикон у Лаври таб.19,1-2, у Хиландару таб. 79, 1, Ватопед таб. 83,2,во Бугарија во селото Добрско - С. Михайлов, *op. cit.,* 28 сл16

[797] С. Петковић, *Манастир Света Тројица код Пљеваља*, 59/60; С. Петковић, *Зидно сликарство*, 69

Воскресението Христово е претставено во вид на *Слегувањето во Ад* (ВЬСК.ЄНІЄ ХРЕО, Дела апос. 2,29 - 36). Доминира Христос врз искршената врата од адот, во сивобела светлосна мандорла и во бела облека со набори што јасно го оцртуваат телото. Со десната рака го придржува деформираниот Адам, со лице насликано во профил и со едната нога сеуште во адот. Под Христос лежи до појас видливиот сатаната (Велзевул), со долга жолта брада и со коса исправена од страв. Зад Адам се Давид и Соломон во раскошни црвено – сини царски облеки. Зад нив се редат главите на пророците, меѓу кои се препознава св. Јован Крстител со разбушавена коса и брада. Оваа композиција го открива големото познавање и искуството на сликарот. Тука се голем број на личности, вкрстената врата на адот, вериги, клинци, брави, присуство на св. Јован, што може да биде само резултат на доброто познавање на старото српско сликарство и големите примери од Цариград.[798] Од друга страна, често тешко согледливите иконографски поединости, особено во време на окупација, се со цел да дадат утеха и надеж во подобри времиња во очекувањето на Воскреснувањето.[799] Битен е и фактот дека како пандан на Симнувањето во ад, на јужниот ѕид е претставено Христовото Раѓање. Оваа честа појава неодамна е протолкувана од др. Драган Војводиќ, откривајќи го длабокото идејно осмислување ан сликарот кој најголемите празници, Божиќ и Ускрс, ги слика еден наспроти друг. Со тие претстави, како олицетворение на се́христијанската суштина на човековото спасение, се обезбедува првото и последното место (α и ω) во кружното изложување на сцените долж страничните ѕидови.[800]

Долж јужниот и северниот ѕид, кружните медаљони од сликаните композиции ги одделува фриз од стилизирани билни орнаменти.

---

[798] Ј. Радовановић, *Јединствене представе Васкрсења Христовог у српском сликарству XIV века*, Зограф 8, Београд 1977, 34-48

[799] Таков пример е Слегувањето во Ад во црквата на Св. Ѓорѓи во манастирот Ајдановец кај Прокупље – М. Ракоција, *Прилог проучавању иконографије цркве Св. Ђорђа у Ајдановцу,* 143-149.

[800] Д. Војводић, *Из ариљског иконографског програма-избор и распоред сцена на христолошко-теотоколошког циклуса*, 100-106

*Четврта зона*

На челото на триумфалниот лак, над Благовештението како почетна сцена, е последната композиција од циклусот на Големите празници – *Слегувањето на св. Дух врз апостолите*. Во средината е персонификација на Космосот („Претставник на јазиците“) со раширен пешкир во рацете на кој се дванаесетте свитоци, како што препорачува светогорскиот прирачник.[801] Лево и десно од него седат апостоли наизменично облечени во сина и црвена облека.

Најмногу поростор во храмот завзима *Тајната вечера* (ТАННА ВЕЧЕРА, Лука 22,1-14; Јован 13,12-26; Матеј 26,20-29; Марко 14,17-25), со која вобичаено почнува циклусот на Страдањата Христови. Насликана е на невообичаено место, во лачната отсечка на западниот зид од наосот што ја прави полуобличестиот свод. Од другата страна на масата во форма на издолжена елипса, околу централната фигура на Христос седат апостоли. Голобрадиот апостол Јован наведнат преку Христовото раме (Јован 13-25). Јуда, со лесно деформиран профил, е наведнат преку масата и со рацете во садот. Наизменично се облечени во црвено-сини и црвено-бели облеки. Сцената во позадина ја затвора сликаниот архитектонски комплекс, во чија средина, позади грбот на Христос, доминира базилика. Градбите се окер жолти, покриени со црвени покриви над кои се издигаат бели крстови досликани во XIX век.

**Т - 107**

Под влијанието на Византија, во српското сликарство од почетокот на XIV век на Страдањата Христови им се обезбедува истакнато место.[802] Во XVI и XVII век во нашите цркви Тајната вечера, со која вообичаено се започнува излагањето на Страдањата Христови , се наоѓа на јужниот ѕид од олтарниот простор. Мислењето дека секое отстапување од тоа треба да се бара во потребата за нејзиното истакнување,[803] уште еднаш го потврдува Тајната вечера насликана во црквата на манастирот Сиќево. Кон тоа треба да се додаде и тогашното зголемување на популарноста на Тајната вечера,[804]

---

[801] Д. Медаковић, *Графика српских штампаних књига* XV-XVII века, Београд 1958, 169; М. Марковић, *Циклус Великих празника*, 107-119

[802] С. Радојчић, *Пилатов суд у византијском сликарству раног XIV века*, 298/9; Исти, *Старо српско сликарство*, 74-76, таб. 44-46

[803] С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557-1614*, 71

[804] М. Тимотијевић, *Идејни програм зидног сликарства у олтарском простору манастира Крушедола*, Саопштења XXVI, (Београд 1994), 77

без сомнение, позната и на уметникот од Сиќево. Тој ја сместува на најпрегледното место во црквата, најголема е од сите претстави, а нејзината композиција идеално е вклопена во лачниот архитектонски простор. Со тоа може да се објасни причината поради која живописецот ја насликал на западниот ѕиод на наосот.[805]

Општата поставка на претставата открива дека е користена концепција која не е вообичаена во византиското сликарство.[806] Поради подобрата композициона организација, која има за цел отворање на сликата кон набљудувачот, масата е со форма на издолжена елипса.[807] Ваквиот пристап во разрешувањето на нејзината композиција, со евидентна сликарска вештина при решавањето на односите помеѓу фигурите, ја одделува оваа претстава од останатите.[808]

*Пета зона*

Површините на сводот се декорирани така што со распоредот и мотивите потсетуваат на куполна црква. Средишниот простор е резервиран за *Исус Христос Пантократор* (ІС/ХС) и осмислен така што прави илузија на врв на купола. Христос е насликан во медаљон и облечен во црвен хитон и темно зелен химатион. Со десната рака благословува, а во левата држи евангелие. Во просторот околу медаљонот со ликот на Седржителот јасно се чита текстот: ГЬ СЪ НБЄС НА ЗЄМЛЮ ПРНЗРАГО СЛНШАТЫ ВЪЗДНХАНІЄ ОКОВАННЫХЬ РАЗДРѢШНТН СНЫ УМРЬШВЛЄННІНХЬ ВЪЗВѢСТНТН ВЬ СІНАѢ НМѢ ГНЄ Н ХВАЛУ ВЬ ІЄРСЛМѢ ЄГА СЬБЄРУ ТЄ ЛЮДІЄ ЄЬМУ .

**Т - 108**

**Т - 109**

Во тешките времињата на робувањето под Турците, со овие стихови често се повикува Христос да „погледне од небото на земјата“ и да ги „слушне воздишките на робовите, и да ги разреши синовите смртни“. Токму како и во првите векови на христијанството, кои имале многу заедничкко со

805 На западниот ѕид на наосот насликана е во црквата Св. Петка во Селник и во црквата на манастирот Ореоец -М. Машниќ, *Црквата Света Петка во Селник и нејзините паралели со сликарство на Алинскиот манастир Свети Спас*, 40

806 Вообичаено е Христос да е лево, а апостолите десно, за тоа З. Кајмаковић, *Георгије Митрофановић*, 126

807 Б. Тодић, *Старо Нагоричино*, 112

808 Вака организирана Тајна вечера најмногу наликува на таа од апсидата на северниот ѕид на трпезаријата во Хилендар, работен од Г. Митрофановиќ, а пресликан во 1780 г. - З. Кајмаковић, *Георгије Митрофановић*, 255, сл. 107

поодминатите години на турското владеење, кога со слични натписи се искажува истата идеа.[809]

Во вториот круг се десет анѓела со рипиди во рацете и во кружни медаљони. Медаљоните меѓу себе се поврзани со цветни кругови и опкружени со флорален преплет. Сето тоа е на начин прифатен од помалите поствизантиски цркви, кои оставале впечаток на куполни градби. Странично, на местото каде што се очекуваат пандантифи, насликани се вообичаените персонификации на евангелистите:[810] лав за Марко (МАР), бик за Лука (Л), анѓел за Матеја (М) и орел за Јован.

Источно од Седржителот, над олтарниот простор, сместен е *Исус Христос Старец на деновите* (..Т..) со впишан крст во нимбот (О Ѡ Н). Насликан е во жолт хитон и бел химатион, во кружен медаљон сместен во син правоаголник, кој од запад го придржуваат два херувими (*Данило* 7, 9). На ова место и на таков начин, произлезен од почитувањето на текстовите за богослужба, тој често се слика на територијата на Пеќската патријаршија во XVI и XVII век.[811] Западно од Седржителот во кружен медаљон впишан во правоаголник и опкружен со херувими, насликан е *Христ Емануел* како дете во бел хитон и окер жолт химатион со црвен клавус. **Т - 110**

Така декорираниот свод кој го претставува небото, и симболично означената купола со Пантократорот опкружен со ангели, како божјо место, има потекло во средновизантиските куполни цркви. Како прв пример се зема прочуената Неа Мони на Василие I (867-886). Се смета дека тука, за прв пат, дошло до разложување на елементите на *Вознесението Христово*, кое се слика на сводот од VI – XI век. Многуте фигури во *Вознесението* не одговарале за украсувањето на куполните градби со тамбур. Неговите составни делови се распоредуваат во црквата Неа Мони на од тој момент прифатениот начин: Оранта со ангелите се сместува во апсидата како симбол на земската црква, апостолите во тамбур помеѓу прозорците,

---

[809] Псалам 102, 19 - 22. Во превод текстот е: „..., Господ погледна од небо кон земјата, за да ги слушне воздишките на робовите, и да ги разреши синовите смртни, за да го кажуваат на Сион името на Господ и пофалбата негова во Ерусалим, кога ќе се соберат народите и царствата за да му служат на Господа.“ ; Види С. Радојчић. *Једна сликарска школа из друге половине XV века*, Зборник за ликовне уметности 1, (Нови Сад 1965), 77

[810] С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557-1614*, 107

[811] Ј. Радовановић, *Иконографија фресака протезиса цркве Св. Апостола у Пећи*, 302; С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557-1614*, 164, 206, 211; З. Кајмакови, *Георгије Митрофановић*, 100

серафимите се заменети со четворицата евангелисти, а седнатата фигура на Христос се преобразува во допојасна претстава на Панntократорот во медаљон опкружен со ангели. Ваквиот начи на украсувањето е целосно прифатен во XI-XII век.[812] Така, почитувајќи ја традаицијата и споменот на прославените куполни градби, се украсува средишниот дел од сводот во помалите поствизантиски цркви, па и во црквата на манастирот во Сиќево.[813] Уметникот од Сиќево го слика Седржителот во медаљон опкружен со ангели, исполнувајќи ја мисласта за второто доаѓање на Христос која со себе ја носи овде ненасликаното *Вознесение*. Идејата што не им била туѓа ниту на касновизантиските уметници.[814]

**Т - 111**

По работ на полукружниот свод, врз двопојасната сино-жолта позадина се допојасните претстави на дванаесетте пророци, по тројца во група. Првиот до апсидата на северниот ѕид е пророкот Давид (ПРОРОКЬ ДАВИД), следи пророкот Јеремија (ПРОРОКЬ ЕРЕМІѢ), до него е Арон (ПРОРОКЬ АРОН ). Следната група од тројца ја предводи Јона (ПРОРОКЬ ІОНА), со жолт клавус и текст на свитокот[815]□ ВЬЗАПИЬ ВЬ ПЕЧАЛИ МОЕИ КЬ ГОУ БУ. До него е пророкот Захарија (ПРОРОКЬ ЗАХАРИА) со текстот каде што се спомнува „летачкиот срп"[816]: А ВИДО СРЬПЬ ЛЕТАІЬ І ИТА ЖИДА ЗРЕЛО. Последен во оваа група е непознат пророк (...ШИ), кој држи свиток со текст: ПОСЛАНА БГДЬ КАЕ.. ЕДІНОТ СЕРАФИМУ СРУ..НЕ. Заради избледеноста се чини дека некои букви во некоја од обновувањата неточно се засилувани или повторно испишувани.

На северниот ѕид, прв до апсидата е пророкот Соломон (ПРОРОКЬ СОЛОМОН), следува пророкот Захарија (ПРОРОКЬ ЗА..РІѦ), до него е пророкот Авакум (ПРОРОКЬ АВАУМ). Пророците Авакум и Заахарија се насликани во нивните свештенички одежди. Последната група на пророците ја предводи Данил (ПРОРОКЬ ДАНИЛ) со тефилин на главата и текст на свитокот:[817] ВАЛѢ ТО

---

[812] За односот на Вознесението и Христос седржител- В. Н. Лазарев, ***История византийской живописи***, 77,78

[813] Сеќавањето на средновизантиската куполна градба е зачувано и во архитектонските форми на црквата - М. Ракоција, *Манастир Св. Богородице у Сићевачкој клисури- историја и архитектуре*, 163-172

[814] Б. Тодић, *Старо Нагоричино*, 95 со литературата во забелешката

[815] Јона 2,3; Истиот текст го држи и Јона во Долната Савина испосница и Завала - Р. Станић, *Фреске у Доњој испосници св.Саве код Студеници*, ЗЗЛУ, 9, (Нови Сад 1973), 124; З. Кајмаковић, *Георгије Митрофановић*, 90

[816] Захарие 5, 1 - 4, каде што се спомнува книгата што лета како во Долната испосница во Студеница и Завала - З. Кајмаковић, *Георгије Митрофановић*, 101

[817] Данил, 7, 7.

ОСМГНА ДЕСТОС СЕБОДНОЩ. До него е пророкот Амос (ПРО... АМОС) со текстот на свитокот: И ХРАД И НЕГО ТО ѲХПАРА ТО ѲѴ. Последен е пророкот Малахија (ПРОРОКЬ МАЛАХИЮ) со остатокот од текстот на свитокот ...ПДЕ ТЕБЕ ...ЗЬ...Пророците наизменично се облечени во црвени, зелени или сини хитони и химатиони.

Групирањето на пророците по три во група се препорачува во сликарскиот прирачник на Дионисие од Фурна.[818] Пророците во рацете држат свитоци со изводите од нивните пророштва. Врз база на одбраните пророци, нивниот распоред и сочуваните текстови на свитоците, тешко е, како и во поголемиот број на поствизантиските цркви, да се воспостави редот до кој се држел живописецот за време на сликањето на пророците. Не ретко, сообразно на прирачникот од Дионисие од Фурна, изборот на старозаветните пророци е такво што текстовите на нивните свитоци се однесуваат на сцените над кои се насликани или се составен дел на литургиската намена на поросторот во кој се наоѓаат.[819]

Посебно место во декорацијата на црквата го завземаат билните и геометриските мотиви. Медаљоните од композицијата ги одвојува фризот на стилизираните палмети. Стилизираниот билен преплет ги опкружува медаљоните на северниот и јужниот ѕид, како и тие со ангелите околу Христос Пантократор. Медаљоните се поврзани со округли билни орнаменти кои наликуваат на мали розети. Ваквиот начин на украсувањето ги открива вкусовите на уметникот и нарачателот кои, под влијание на Истокот, избегнувале празни простори. Токму таквите медаљони во лоза, поврзани со розети од цвеќе, во XVII век често ги сликаат уметниците од Костур.[820]

---

818 Н. Бркић, *Технолоīија сликарсѿва, вајарсѿва и иконоīрафија,* Београд 1968, 367
819 Љ. Шево, *нав. дело,* 97/8
820 М.П. Παϊσιδου, *op. cit.,*, П-12, 28, 42, 51, 66, 90, 105

*Припрата*

На надворешната површина на западниот ѕид, сочувана е горната половина на *Страшниот Суд* – Второто доаѓање Христово, која може да се препознае како старо сликарство.[821]

**Т - 112**

Во средината на отсечката од лакот на полукружниот свод, во кружна мандорла, е насликан Христос на престол како судија. Околу Христос опкружен со ангели, десно е Богородица, а лево св. Јован Претеча. Положбата на Христовите раце е таква што со десната ги повикува одбраните, додека со левата ги одбива грешните. Во медаљоните зад Богородицата и св. Јован насликани се човечки глави како симболични претстави на сонцето (десно) и Месечината (лево). Сцената Деизис е насликана на свитокот на кој краевите ги размотуваат архангелите Гаврил и Михаил, претставувајќи го свиткувањето на небото.[822]

Подолу, лево и десно од нишата, седат две групи по четири апостоли предводени од Петар и Павле – колку што останале по осликувањето на нишата во XIX век. Зад секоја група на апостоли е хорот на ангелите насликан во две низи и со рипиди во рацете (Матеј 25, 31).

Од XVII век се стоечките фигури на Адам и Ева, свртени кон влезот, со рацете во молитвена става. Зад Адам (АДАМЪ) се две фигури (БОЖН М...) со полукружни капи на главите, облечени во дел од народни носии.[823] На ова место во поствизантискиот период се слика група на фигури која ги претставува сиромасите, просјаците, убогите и бедните (Мат. 25, 34-41), заштитени од Христос во моментот на Страшниот суд, заедно со хоровите на светителите и божјите праведници. Се сликаат боси, со стап, во искината облека, често одбележани како праведници, недвосмислено ја откриваат

[821] Матеј 16, 27; 25,31-46; Марко 8, 38; Беседи на Ефрем Сириски и житието на св.Василие Нови, види: С. Радојчић, *Милешевске фреске Страшног суда*, Глас САНУ, CCXXXIV, 7, Београд 1959, 25

[822] "...и небото се помести како книгата кога се свиткува..." - стихови од Апокалипса (6,14), свиткувањето на небото се спомнува и во псалмите (18,9; 144,5) - С. Радојчић, *О неким заједничким мотивима наше народне песме и нашег старог сликарства*, ЗРВИ 2, (Београд 1953), 169

[823] Ј. Ковачевић, *нав. дело*, 275; Во Страшниот суд на западната фасада на Св. Јован Претеча во Јашуњаа (1583) праведниците ги предводи фигура со иста капа на глава, облечена само во гаќи до колена како дел од секојдневната облека. - Г. Суботић, *Из епиграфске грађе поствизантијског доба*, Саопштења XX-XXI, (Београд 1989), 82

припадноста на најниskиот општествен слој.[824] Во Сиќево, одбележани како милостиви божии, со полукружни капи на главите, облечени во убаво скроени облеки, се одалечуваат од вообичаениот начин на прикажувањето и упатуваат на припадноста на повисокиот општествен слој.[825] Во медаљоните нив ги прати хорот на цареви, царици (..ꙖѢ..) и апостоли (ꙖПТЛ...). Во првиот план, во молитвен став се насликани по двајца претставника од секоја група на праведниците.

Останатите делови на *Страшниот суд* припаѓаат на XIX век.

Тешко е да се каже нешто повеќе за *Страшниот суд*, неговата долна половина недостасува, а горната зачувана половина е прекриена со саѓ. Тоа што се гледа недвосмислено укажува на симетрично замислената и изведената претстава на Второто Христово доаѓање. Како таква настанала и по типот вообичаен за поствизантискиот период, чија иконографска схема била поставена во XIV век.[826] Страшниот суд од Сиќево има одредени сличности со блискиот помлад Суд во манастирот Темска (1645),[827] со постариот на западната фасада на св. Јован Претеча во Јашуња и со тој во Лопардинце.

Сожето, на видливо место, со јасна порака, претставата на *Страшниот суд* е осмислена на начин вообичаен за малите цркви од времето на турската власт. Изгубената долна половина со претставата на пеколот, најдобро би ги покажала чувствата на верниците распнати во

[824] Ц. Грозданов, *Страшниот суд во црквата Свети Климент (Богородица Перивлептос) во Охрид во светлината на тематските иновации на XVI век,* Културно наследство, 22-23/1995-96, (Скопје 1997), 52, 53

[825] Зачуваното слово „М“ по зборот „господов“, упатува на заклучок дека се работи за зборот „милостив“. Во Страшниот суд во Пеќската патријаршија од 1561 година сигнирани се со „милостиви праведни“ - С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557-1614*, Нови Сад 1965, сл. 12. И тука со svojot став и лик најмалку личат на несре}ni и siroma{ni. Во нашето сликарство познато е воспоставувањето на врскаta помеѓу Страшниот суд и портеретот на ктиторот - Влад, Р. Петковић, *Манастир Велуће,* Старинар н.с. III-IV, (Београд 1955), 49. Вака претставени, побожно и скромно, се оддалечуваат од убогите, отфрлени сиромаси, често со препознатлив просјачки стап (Тутин, Пустина), кои го завземаат почесното место за утеха на тие со иста судбина, како што ги сликаат поствизантиските уметници од Грција и на нашите простори – за тоа: D. Simic-Lazar, *La signification de la repre 'sentation des pauvres dans les Jugements derniers,* Зборник за ликовне уметности 23, (Нови Сад 1987), 175-182; *Иконографија Страшног суда у цркви Светог Петра и Павла у Тутину,* Саопштења XVII, (Београд 1985), 171-172

[826] С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557-1614*, Нови Сад 1965, 77

[827] Л. Павловић, *Манастир Темска,* Смедерево 1966, 55-58

времето и просторот, помеѓу наградата и казната, доброто и злото, животот и смртта.[828]

*Уметничките идеи и програмската анализа на фрескодекорацијата*

Храмот во Сиќево осликан е со знаење и осмислено со почитување на воспоставените правила. Одбраниот број на композиции, бројот на фигурите кои учествуваат во настаните, упатуваат на тоа дека се работи за искусен и образуван уметник. Некои неочекувани работи не се плод на грешка, туку свесни потези во служба на идеологијата на Црквата како духовна, културна и национална оска. Разбирањето на пораката и исправноста на идејата која го потикнува верникот на размислување, во тие несигурни времиња била од голема важност за зачувување на културното и националното битие на српскиот народ. Поради тие причини анонимниот сликар *Тајната вечера* неочекувано ја сместува на западниот ѕид на наосот, композициите посветени на Богородица ги збогатува со ретко сликаната претстава на *Богородица Живоносен источник*, додека св. Андроник го слика таму каде што не му е место, до св. Константин и Елена.

Потребно е да ја дознаеме теолошката причина, освен желбата за истакнување, зошто *Тајната вечера* е изместена од олтарниот простор каде што идејно е вклопена во тајната на светата евхаристија.[829] Тука, на западниот ѕид на наосот, таа комуницира со *Причестувањето на апостолите* како симболична претстава на Тајната вечера во конхата на апсидата. Евхаристичната суштина „оброкот во кој може да се учествува единствено во јадењето и пиењето“, не е изгубена. “Евхаристичниот реализам“ е нагласен во човечката природа на Христос, потпирајќи се на знаењето според кое „евхаристијата е преобразен Христос, животодавен, но се уште човечки, со тело...“.[830]

Според можностите кои произлегле од реалната политичко-економска ситуација на целосно ропство, сега се нагласува значењето на зачувувањето на националното битие и православната традиција, особено

---

828 С. Радојчић, *О неким заједничким мотивима наше народне песме и нашег старог сликарства*, ЗРВИ 2, (Београд 1953), 168

829 Л. Мирковић, *Православна литургика*, II, 66-68

830 Џ. Мајендорф, *Византијско богословље*, Крагујевац 1985, 249, 248

низ чинот на обновата. За таа цел послужило и сликањето на св. Андроник на почесното место до Св. Константин и Елена,веднаш над претставата на *Богородица Живоносен источник*, што е препознатливо и во содржината на ктиторскиот натпис. Со тоа е нагласена важноста на обновувањето на храмовите. Во овие матни времиња, идејата и самиот чин на обновата, како општа состојба на духот во тогаш покорениот Балкан, еднакво се битни колку и градењето на нов храм. Благодарејќи на секундарната иконографија, пораките разбирливи за современиците, се читаат и денес.

Со желба кај верниците да ја разбуди надежта и вербата во спасение, уметникот од Сиќево, или можеби, нарачателот, на вообичаеното место на западниот ѕид од наосот, до св. Константин и Елена неочекувано го сместува Андроник, а одма над него, обезбедува место за ретко сликаната композиција на *Богородица Живоносен источник*. Здружени со местото, овие две претстави идејно се поврзани и со пораката обединети во списите направени во XIV век од Никифор Калист Ксантопул. **Т - 113**

И тука, на работ на Пеќската патријаршија, како доказ дека припаѓаат на српската црква,[831] на вообичаеното место на западниот ѕид јужно од влезната врата, насликани се св. Сава и св. Симеон Немања, обединети во идејата на државната и црковната самостојност.

Царот Константин и царицата Елена со Чесниот крст, во нашите цркви речиси обврзно се сликаат кај влезот во храмот.[832] Една од првите претстави на Константин и Елена со крстот, во близина на влезот во храмот, се наоѓа во црквата Св. Бесребреници во Костур од вторатата половина на X век.[833] Во Костур, веќе формираната претстава на Константин и Елена во природна големина со Чесниот крст во средината, е и најстар пример во ѕидното сликарство каде што се слика некоја друга личност до царицата Елена и царот Константин, смислена како композициска целина. Имено, до царицата Елена, како Андроник во Сиќево, насликана е значително

---

[831] Ђ. Радојичић, *Књижевност византијска и књижевност словенска*, Глас САНУ CCL, (Београд 1961), 166; С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557-1614*, 69; Исти, *Зидне слике у цркви Сретење у селу Крушедолу*, Зборник народног музеја, XV-2, (историја уметности), Београд MCMXCIV; Г. Суботић, *Иконографија светог Саве у време турске власти*,зборник Сава Немањић-Свети Сава. Историја и предање, Београд 1979, 344-350. Д. Медаковић, *Графика српских штампаних књига XV-XVII века*, 137

[832] Д. Медаковић, *нав.дело*, 140

[833] Στ. Πελεκανίδης και Μ. Χατζηδάκης. *Καστοριά*, Αθήνα 1984, σ. 29, εικ. .

помалата фигура на починатиот жител од Костур, со исто име како царот Константин, кој со двете раце покажува кон крстот. Вака организираната композициска целина со претставата на починатиот жител Константин, послужила за претпоставка дека св. цар Константин и царица Елена со крстот можат да имаат улога на конкретни застапници на мртвите. Во прилог на тој единствен случај говори и вкоренетото сознание дека крстот е победоносен знак над смртта – како вистинито сведоштво на мажевност. Се наметнува заклучокот дека граѓанинот Константин својот истоимениот светец го прифатил како покровител.[834]

На тој начин е објаснета оваа најстара и единствена композициска целина. Во вековите што доаѓаат праксата, покрај Константин и Елена да се слика некој друг, се губи, а примерот од Костур се заборава. Седум векови подоцна истата претстава, сега со намалена фигура на Андроник,[835] во манастирот кај Сиќево, можеби треба да се гледа како дамнешно сеќавање на старата црква во Костур.

Ако ја прифатиме застапничката улога на Константин и Елена во Костур и таквото размислување го примениме во Сиќево, тогаш можеме да претпоставиме дека Константин, Елена и Андроник во Сиќево се насликани со задача на застапници на обесправените од страна на иноверната турската власт. Да се потсетиме на зборовите на апостолот Павле кој на крајот од својата посланица за Римјаните (гл. 16) ги спомнува Андроник и Јунија како негови сродници и „сопаталци во робувањето“. Ако кон тоа ја додадеме и симболиката на крстот како победоносен знак над смртта и вистинското сведоштво на мажевноста, и ги поврземе со значењето на зборот Андроник ((Ανδρονικοσ) - победник над мажите (најмажествен), тогаш застапничката улога на Андроник за поробените се наметнува сама и денес јасно се гледа. Не е исключено дека токму костурската претстава послужила како пример за живописот во Сиќево.

---

[834] G. Gerov. *op. cit.*,, 236

[835]Во Евгенија покрај Цариград, во времето на царот Аркадиј (395 – 408) откриени се моштите на многу маченици, меѓу кои и на апостолот Андроник (Ανδρονικοσ - победник над мажите, единствен) и помошничката Јунија кои ги спомнува апостолот Павле како свои соработници во Посланието до Римјаните „како сопатници во ропството“ (Рм 16, 7). Прочуениот Андроник пред Павле поверувал во Христос (16, 7). Бил епископ во Панонија и настрадал со маченичка смрт. Над моштите на апостоло Андроник, царот Андроник I Комнин (1183 – 1185) издигнал храм – Енциклопедија Православља, *Евгенијски мученици*, Београд 2002, 629, 56

На видно место, исто како и кај црквата Св. Бесребреници во Костур, до св. Константин и Елена е насликан св.Андроник. Малку познат и не толку често сликан светиот маченик Андроник,[836] е насликан десно од царицата Елена, таму каде што не му е местото.[837] Констатираната невообичаеност нé обврзува повеќе да го разјасниме таквиот сликарски зафат, и да се обидеме да разбереме кој се крие зад претставата на Андроник. Таа сликарска слобода, како дел од применуваниот систем на визуелното општење со современите посетители, го наоѓа оправдувањето, покрај застапничката улога, и во израмнувањето на ликот на св. Андроник со истоимениот византиски цар Андроник II Палеолог (1282-1328),[838] со намера да се повлече паралела помеѓу царот Константин и царот Андроник во заслугите за христијанството. Со тоа подлабоко се објаснува причината зошто токму Андроник е насликан до Константин и Елена и уште еднаш ја потцртува неговата покровителска улога.

Своевремената популарност на Андроник II во Србија се огледа во тоа што тој бил дедо на кралот Милутин. Колку бил почитуван на дворот на кралот Милутин ни покажува архиепископот Данило кој го нарекува *„васељенски цар на новиот Рим, Константинопол кир Андроник“*.[839] Дека за ваквото почитување на царот Андроник имало причини, ни откриваат и хрисовулите со кои Андроник II му ги потврдува на Хиландар сите имоти на Света Гора и надвор од неа, како и исклучително широките имунитетски привилегии.[840] И подоцна, во XVII век заслугит на Андроник II Палеолог нема да бидат заборавени. Георгие Митрофановиќ во јужната апсида на Хиландарската трпезарија го слика Андроник II до кралот Милутин, така како што се насликани на источниот ѕид од хиландарската припрата, каде што Милутин гордо потцртува дека неговиот дедо е Андроник II *„светиот*

---

[836] В.Ј. Ђурић, С. Ћирковић, В. Кораћ, *Пећка патријаршија*, Београд 1990, 212
[837] Истото почесно место до св. Константин и Елена го завзема и св. Андоние во Добриќево -З. Кајмаковић, *Манастир Добрићево*, 171
[838] Ваквото поистоветување на имињата на луѓето со имињата на светителите не е ретко во византинската уметност, што го потврдува и костурскиот пример. Не тешко да се заклучи дека една од причините е што Андроник I Комнин (1183 -1185) над моштите на св. Андроник изградил храм -*Житије светих*, Београд 1961, 135. Да спомнеме дека Андроник I бил непосрдено врзан за Ниш со поранечното поставување за дукс на нишката тема 1153 г., од неговиот роднина тогашниот цар, Манојло I Комнин. -*Византијски извори*, IV, 47
[839] Данило Други, *Живот краљева и архиепископа српских*, Београд 1988, 135; Д. Обелински, *Византијски комонвелт*, Београд 1991, 300
[840] М. Живојиновић, *Запис о грчким повељама хиландарског архива*, Hilandarski zbornik 9, (Beograd 1997), 29

*цар“*.[841] Снажниот култ на царот Милутин, но и на неговиот дедо царот Андроник II во Хиландар во првите децении на XVII век, светогорските мајстори го пренесуваат во внатрешноста на Балканот. Поради големото почитување на Богородица,[842] тој го наоѓа своето место во црквата на Богородица во манастирот во Сиќево. Религиозниот занес на приврзаниците на Богородица од крајот на XIII и почеток на XIV век, допрел и до средината на XVII век низ иконолошката содржина на живописот од Сиќево. Од разбирливи причини ликот на Андроник II е прикриен со името и претставата на маченикот св. Андроник, чиј световен карактер дискретно го покажува и облеката која повеќе личи на дворска.[843] Дека тоа е така упатува уште еднаш насликан Андроник, овој пат св. маченик Андроник, во кружниот медаљон на јужниот ѕид. Како тука да е објаснувањето зошто уметноикот се одлучил два пати да го наслика маченикот св. Андроник, еднаш на почесното место до св. Кон стантрин и Елена.[844]

Од друга страна, најголемиот мислител од тоа време Никифор Калист Ксантопул,[845] во една од своите *dedicatio*, ја истакнува градителската активност на Андроник II во обновата и поппpавката на цариградските градби нарекувајќи го „новиот Константин“.[846]Андроник II како „слика на Константин Велики“, и поборник на правата вера,[847] каков го претставува Никифор Калист во своите списи, го дополнува неговото ангажирање на

---

[841] V. Djuric, *Les portraits de souverains dans le napthex de chilandar*, Hilandarski zbornik, 7, (Beograd 1989), 107/8

[842] Популарнсота на Богородица расне кон крајот на XIII и почетокот на XIV век, заедно со актот на царот Андроник II со кој се наредува целиот месец август да се посвети на празнувањето на Богородица - Л. Мирковић, *Хеортологија*, 54; Б. Тодић, *Грачаница-сликарство,* Београд 1988, 152.

[843] Личностите што никогаш не се замонашиле можеле да останат во свештеничката, валедетелската или световната облека - З. Кајмаковић, *Георгије Митрофановић,* 260

[844] Св. Андроник е насликан во зоната на медаљоните во јужната певница во манастирската црква во во Петковица- Б.Б. Голубовић, *Зидно сликарсво цркве манастира Петковице на Фрушкој Гори*, Зборник за ликоне уметности 22, (Нови Сад, 1986), 100

[845] Г. Острогорски, *Историја Византије*; Л. Бреје, *Византијска цивилизација*, Београд 1976, 319, со литературата

[846] С. Радојчић, *Узор и дела старих српских уметника*, Београд 1975, 183.со напомена. Таткото на Андроник II, Михаило VIII Палеолог прв себеси званично си ја доделил титулата “Нов Константин” (макар што ваквата споредба е позната од V век),што подоцнежните цареви редовно ќе го користат - Н. Радошевић, *Константин Велики у византијским царским говорима*, ЗРВИ 33, Београд 1994, 15-16

[847] Г. Острогорски, *Историја Византије*, 454; L. Breje, *Vizantijska civilizacija*, 319 со литературата; С. Радојчић, *Узори и дела старих српских уметника*, 183со напомена; E. Fenster, *Laudes Constantinopolitanae*, München 1968, 222

обновувањето на православието.[848] Како што Константин Велики ја заштитил правата вера на соборот во Никеја, така и Андроник II го заштитил православието од латинскаста црква, што не пропуштаат да го истакнат писателите на Царските говори (енкомија).[849] На уметникот од Сиќево тие му биле познати, и со причина, сликајќи го Андроник до Константин и Елена, ја нагласува потребата за зачувување, во неговото време особено загрозеното православие. Кога тоа се знае, тогаш сликањето на Андроник II до Константин, не претставува сликарска слобода туку смислен чин прифатен од цртквата, а произлезен од информираноста на уметникот.

Тоа што за христијаните значел Константин Велики во првиот слободен век на христијанството, тоа Андроник II значел во последниот слободен век за православието и монашките заедници. Андроник II, со враќањето на православието во царството, цврсто ги поврзал црквата и државата, или поточно кажано, власта и побожноста. Кон монаштвото имал голема почит, овозможил на византиските манастири, особено на тие на Света Гора, да зајакнат духовно и матерјално, но и да го зголемат своето влијание во државата.[850] Еден таков општ став кон Андроник II, зачуван и прифатен во византискиот период, му бил познат и на уметникот од Сиќево. Има доволно причини за претпоставката дека, токму списот на Никифор Калист му послужил на живопшисецот како литерарна мостра за претставата на Андроник II како „слика на Константин Велики“. Намерата му била да ја истакне големата важност и потребата од обновување на црквите и зачувувањето на вистинската вера. За да биде уверлив тој си дозволил слобода Константин, Елена и Андроник да ги претстави како композициона целина, во која, и покрај претставувањето со помала фигусра,

---

[848] Андроник II, кој не бил голем војсководец, но бил религиозен човек, наклонет кон уметноста, науката, духовното размислување, опкружен со интелектуалци, станал популарен откако повторно се свртел кон православието и ја укинал унијата што ја беше прифатил неговиот татко михаило VIII - Н. Радошевић, *Похвална слова Андронику II Палеологу,* Зборник радова Византолошког института 21, Београд 1982, 61-67.

[849] За тоа: Н. Радошевић, *Похвална слова Андронику II Палеологу,* 61-81; Исти. *Константин Велики у византијским царским говорима*, 17.

[850] Г. Острогорски, *Историја Византије*, 454.Својата грижа за црквата и нејзината подобра организација ја покажал и со пописот на митрополиите и архиепископиите во цариградската патријаршија кои ги имало 148. -В.Ј. Ђурић, С. Ћирковић, В. Кораћ, *Пећка патријаршија*, 246

рамноправно учествува и светиот маченик Андроник, зад кого се крие ликот на Андроник II Палеолог, како голем застапник на обесправените.

За црквата, од темелите обновена во времето на турската власт и недостиг од сé, изгледа разбирливо посакувањето да се врати незаборавеното време на добробита кое Андроник II ѝ го овозможил на црквата. Претставата на св. Андроник го направила тоа што требало. Името на царот обновител Андроник II, кој не изградил ниту една нова црква, но обновил многу,[851] станало синоним за чинот на обновата и поправањето, во време на робувањето важен исто колку и градењето од темели. Поради тоа Никифор Калист Ксантопулос во неговата *Пофалба на Цариїрад* Андроник II го величи како „градител на богатството на побожноста, од вториот Сион и вториот Ковчег", а сé поради обновувањето на црквите на Св. Апостоли и Влахернитиса.[852] Единствено така може да се објасни теолошката слобода во сликањето на помалку познатиот св. Андроник на видното место покрај св. Константин и св. Елена. Заедно со своите наследници св. Сава и св. Симеон, на јужната страна од влезните врати, ја формираат иконографската севкупност,[853] програмски и идејно обединети во чувањето на верата и православието, како и надежта во подобри денови какви на христијаните им донесле насликаните ликови. Мислиме дека ова може да се смета за смислена патриотско-политичка порака со цел пропагирање на обновувањето и ослободителната мисла. Потпирањето врз традицијата и враќањето кон православието е тоа за шт , се уште жив, се залагал патријархопт Пајсие. Алузијата на политичката состојба, со нададеж за нејзиното подобрување, забележана во особеноста на сликарството на XVII век,[854] ја сретнуваме и во црквата на манастирот Сиќево.

Токму над св. Константин, Елена и Андроник, исто така во врска со обновувањето, насликана е и Богородица Живоносен источник означена

---

[851] С. Радијчић, *нав. дело*, 163. Во времето на Андроник II, но и на неговите претходници, (Исак II), владеело мислењето дека " не е обновувањето полошо од ѕидањето" - Н. Радошевић, *Консшаншин Велики у визаншијским царским їоворима*, 15 са изворима.

[852] С. Радијчић, *Идеја о савршеном граду у држави кнеза Лазара и деспота Стефана Лазаревића*, 11

[853] М. Ђоровић-Љубинковић, *Уз ӣроблем иконоїрафије срӣских свеӣиӣеља Симеона и Саве*, 81; Ј. Николић-Новаковић, *Ликови монаха и ӣусӣиножиӣеља у цркви манасӣира Леснова*, ЗРВИ, XXXIII, (Београд 1994), 172.

[854] З. Кајмаковић, *Георїије Миӣрофановић*, 120, 362; М. Ракоција, *Прилоїӣроучавању иконоїрафије цркве Св. Ђорђа у Ајдановцу*, 143-149.

како Извор на животот (ИСТОЧНИ/КЬ ЖІЗНІ).[855] Насликана на западниот ѕид од наосот, со своето место се надоврзува на Акатистот на Богородица илустриран во припратата (пресликан во XIX век), дополнувајќи го со 11 икос, кој во припратата не е насликан.[856]

Богородица Живоносен источник, во монументалното сликарство, најчесто претставувана со Христос дете, за прв пат се јавува во Бојана (1259).[857] Кај нас се среќава веќе во XIV век: во Пеќ, Псача, Лесново, Св. Врачи во Охрид, Раваница, сите означени како извор на животот. Без дете, во став на оранта, во истиот шестоаголен базен, како што ја наоѓаме во Сиќево, насликана е и во манастирот Лесново.[858] На Света Гора овој култ станува доста популарен, и од таму се шири во православните земји.[859] Во поствизантискиот период во балканските земји, најверојатно поради разурнувањето на култниот манастир, оваа претстава се слика поретко. На крајот на XVI век и почетокот на XVII, нешто почесто се јавува во Русија, а во православниот свет, пошироко е прифатена дури од XVIII век. Слична претстава на нашата е и таа од иконата од Рускиот Музеј, каде што е насликана Богородица со ангелите, а под базенот се царевите, архиереите, болните, како приоѓаат со чаши. Во Сиќево тие се разликуваат по облеката, која ги одделува според сталежи, а во рацете држат бокали како препознатлив современ детаљ од секојдневниот живот.

---

[855] Се нарекува; Извор на животот, Живоносен источник, Животоприемен источник T. Velmans, *L`iconographie de la "Fontaine de vie" dans la tradition Byzantine à la fin du moyen âge*. – Synthronon. Bibliothèque des Cahièrs Arhéologiques. Paris, 1968, p. 119-134; M. Tatić-Đurić, *Image et message de la Théotokos "Source de Vie"*. – Buletin de l` Assotiation Internationale d`Etudes du Sud-Est Européen, XIX-XXIII/1-2, Bukarest, 1993, 31-47; A-M. Talbot, *Epigrams of Manuel Philes on the Theotokos tes Peges and its Art*. – DOP, 48, (1994), 135-165; J. Магловски, *Богородица Живоносни источник. Драгуљи једне касно и поствизантијске теме*. – ЗЛУ 32-33, т. I, Нови Сад, 2003, 183-192

[856] Д. Медаковић, *Богородица "Живоносни источник" у српској уметности*, 207-208. "Радуј се јер испуњујеш реку која обилно тече! Радуј се, јер живопишеш слику купке! Радуј се, јер уклањаш прљавштвину греха! Радуј се, умивалиште које умиваш савест! Радуј се, чашо која црпиш радост! Радуј се, мирисе Христовог миомира! Радуј се, животе тајнога гозбовања! Радуј се, Невесто Невестина! – *Акатист Пресветој Богородици (Благовештенски)*, превео отац Јустин Поповић, Београд 2000, 78.

[857] Д. Медаковић, *нав. дело,* 141.

[858] С. Габелић, *Манастир Лесново: Историја и сликарство*, Београд 1988, 172-174.

[859] Во XIV век популарноста на Света Гора расте благодарение на Никифор калист Ксантопул кој ја напишал службата за празникот, а умрел како монах на Света Гора во 1335 година - С. Ђурић, *Портрет Данила II изнад улаза у Богородичину цркву у Пећи*, Архиепископ Данило II и његово доба, Међународни научни скуп поводом 650 година од смрти, Београд 1991, 347/8. И подоцна, пишаните текстови ќе влијаат врз иконографијата на претставата, особено т.н. "Богородичници" кои во XVII век биле многу популарни. Монахот Агапие, околу 1640 година, ги собрал и на грчки јазик ги напишал Чудата на Богородица, кои на словенски ги превел светогорскиот монах, украинец самуил Бакачиќ - Д. Медаковић, *нав. дело*, 214

Сепак, се наметнува сличноста на претставата на Богородица Живоносен иосточник во Сиќево со таа во црквата Св. Никола во селото Железна во Бугарија.[860] Сцената е сместена на истото место како и во Сиќево – на западниот ѕид на наосот, десно од Усспението на Богородица. Исто е осмислена, со тоа што во Сиќево има помал број на учесници во настанот и не е насликан базенот туку полутркалезна маса која според бојата наликува на извор од кого излегува вода.

T - 115

Важен е податокот дека во близина на манастирот во Сиќево, во капелата Св. Прокопие во комплексот на манастирот во Ораовиц кај Лесковец, е евидентирана претставата на Богородица Живоносен источник. Се наоѓа во југоисточниот дел на олтарниот простор, како дел на фреско декорацијата датитрана во средината на XVI век.[861] Степенот на зачуваноста на претставата на Богородица Живоносен источник од Ораовиц, не ни дава можност да ја споредиме со таа од Сиќево. Сепак, столбот со полигоналната фонтана на врвот од која се излева водата, како да потсетува на нашата претстава. Покрај сé, се чини помалку важна нејзината иконографска сличност, отколку сознанието дека на релативно малиот простор, во периодот од средината на XVI до средината на XVII век кога се сликала ретко, знаеме за уште една претстава на Богородица Живоносен источник. Тоа ни ја покажува големата популараност на Богородица во поствизантискиот период на просторот на југоисточна Србија, но и на теолошката информираност и почитувањето на сликарската традиција од страна на тогашните живописци.

Култот на Богородица Живоносен источник, се формирал околу истоимениот манастир под ѕидовите на Цариград, пред Златната врата, кој според Прокопие, е на старото култно место покрај лековитите извори, основан од императорот Јустинијан.[862] Се смета дека настанал со поврзување на култот на Богородица со култот на чудотворната вода

---

[860] И. Гергова, *Църквата Св. Никола в с. Железна Чипровско*, Ниш и Византија IV, Ниш 2006, 358, сл.18

[861] С. Марковић, *Капела Св. Прокопија у комплексу Ораовичког манастира*, Лесковачки зборник XXVII, (Лесковац 1987), 55/56.

[862] Во 33 година од владеењето, како што бележи византискиот историчар Георгие Кедрен, што значи во 559 - 560 година. Едно размислување за потеклото на култот на Богородица Живоносен источник види кај А.В. Поповић, *Богородица Ζωοδοχος πηγη: од мајке богова до мајке божије*, Трећа југословенска конференција византолога, Београд-Крушевац 2002, 107-115.

(агијазма).[863] Овој празник се слави на Источен петок (превиот петок по Ускрс), а службата во првите децении на XIV век ја составил Никифор Калист Ксантопул. Од нејзиниот вовед дознаваме дека е напишана за празникот на осветувањето на *обновената* црква.[864]

Со намера и познавање, со сликањето на претставата на Богородица Живоносен источник, заедно со подоле претставениот Андроник, истоименикот на прочуениот обновувач на цркви, па и на истоимениот манастир и култ, до св. Константин и Елена, обединети со делата на Никифор Калист Ксантопул, зад претставата на св. Андроник се открива ликот на царот Андроник II и така, уште еднаш се потенцира важноста на обновувањето на храмовите. Сега непосредно преку службата напишана токму за тоа, посредно се открива дека храмот е обновен со силно сеќавање на некогашниот. Воздигнувајќи ја така важната идеа за обновување низ композицијата на Богородица Живоносен источник која што ја претставува чудотворната вода на исцелувањето, сликарот на тогашниот верник му дава утеха и сведоштво за можното спасение.

Ова го потврдува ктиторскиот натпис, од кој дознаваме дека храмот е посветен на Воведение на Св. Богородица, и покрај тоа што таа сцена не е ставена во репероарот на фреско декорациите. Тешко е да се поверува дека тој недостиг е резултат на незнаењето на живописецот или немарноста на ктиторот. Покрај обврзните сцени од животот на Богородица кои се сликаат во циклусот на Големите празници (Благовештение, Успение), уметникот од Сиќево, и покрај малиот простор, во нејзиниот храм, го слика Раѓањето на Богородица, и не толку често прикажуваната Богородица Живоносен источник. Во прашање е, најверојатно, намерата да се обнови сеќавањето на некогаш постоечкиот манастир Воведение на св. Богородица.[865] Тоа може да се земе како добра причина за тврдењето дека изградбата на црквата Св.

---

[863] Манастирот посветен на Богородица Живоносен источник и култот на чудотворната вода го обновил царот Андроник II (1282 - 1328). Тоа е времето кога Богородица Источник го добива епитетот Живоносна кој трае до денес. За тоа и за развитокот на Богородица Живоносен источник во: Ј. Магловски, *Богородица Животносни источник. Драгуљ једне касне и поствизантијске теме*, Поствиуантијска уметност Балкана, Зборник матице српске за ликовне уметности 32-33, Нови Сад 2003, 183-131.

[864] С. Ђурић, *нав. дело*, 347/8; A-M. Talbot, *op. cit.*, 136.

[865] Сличен пример наоѓаме во црквата Успение на Богородица во Добриќево, каде што Г. Митрофановиќ, секако не поради незнаење и случајна грешка, исто така не ја слика претставата. Тоа се објаснува со поинаквата посвета во времето на осликувањето. - З. Кајмаковић, *Георгије Митрофановић*, 148.

Богородица, се базира на идејата за обновување на некогашниот храм на Воведението на св. Богородица во близина.

Од кажаното произлегува дека на уметникот од Сиќево, на кого не му го знаеме името, му биле познати делата на познатите византиски писатели. Преку својата слика, уметникот активно делува врз општгествената свест, со што неговото уметничко дело не е само сликарско, туку е и акција произлезена од историскаиот момент. Тој преку насликаното во потполност го ангажира набљудувачот, разбудувајќи ги чувствата во него, го тера да размислува и открива. Така неговото дело станува отворено, разбирливо и пристапно. Тоа ја менува нашата претстава за поствизантиските сликари, но и мислењето за нивните современици. Без сомнение, ако добро сме го согледале насликаното, само информиран интелектуалец можел да го чита Никифор Калист Ксантопул. Да се успее пофалните „Царски говори“ на познатите Византијци, да се искажат сликарски, а сето тоа, сепак програмски да се осмисли на начин разбирлив за тогашниот верник, но не и за иноверната власт, е за почитување.

Во тие матни времиња, идејата и самата обнова, како општа состојба на духот во тогаш покорениот Балкан, подеднакво се битни, колку и изградба на нов храм во време на изобилие. Така, издвоена и нагласена обнова со зачувување на православието, е дел од естетските сфаќања и интелектуалните стремежи, не само на ктиторите, туку и на средината од која храмот потекнал.

Наведените особености, идејно и програмски го издвојуваат сликарството во Сиќево од истовременото и му обезбедуваат видно место во поствизантиската уметност во Србија и на Балканот.

*Стилски карактеристики*

Теолошката ученост на сликарот се гледа и во вештината на сведувањето на темите, а при тоа да не се намали нивната разбирливост. Степенот на неговата ликовна култура го откриваат вешто распоредените ликови во композициите и почитувањето на традицијата на XIV век. Како искусен рутинер тој претставите ги умножува механички. Така некои од сцените имаат иста композициона организација и ги одделуваат единствено

различните актери на настанот со препознатлвиви детаљи. Тоа јасно се гледа со споредба на *Лазаревото воскресние* со *Влегувањето во Ерусалим.*

Водејќи сметка за **композицијата**, сликарот позадината ја затвора со архитектонски или планински кулиси. Во прв план се актерите на настанот, со погледот не ретко свртен кон набљудувачот, што е карактеристика на сликарството од средината на XVII век. На проверен начин во византискаста уметност, фигурите ги нагласува со градби во позадината кои со својата форма и големина ја истакнуваат важноста на учесниците (*Тајната вечера, Судот на Пилат, Раѓањето на Богородица*). Во истата функција е и брдестиот пејсаж. Планинските височинки сега се поставени симетрично, во левиот и десниот агол, а средниот празен простор е резервиран за главниот лик – Христос (*Крштевање, Слегување во ад*). По истиот принцип на симетрија на брдестиот пејсаж, некаде панданот е архитектонски објект (*Воскресение Лазарево, Влегувањето во Ерусалим*), или, ангели (*Мироносици*). Почитувањето на разработениот закон на симетрија, како наследство од XIII век, кое во XIV век дошло до полн израз,[866] со прифаќање на напаствијата од слиакрскиот прирачник, му овозможило на уметникот цврсто да ги постави исправно организираните композиции, и тоа од: кругот (*Рождество Христово*), квадратот (*Христос пред Пилат, Распетие, Сретение, Рождеството на Богородица, Богородица Живоносен источник*), правоаголникот (*Крштевање, Мироносници*), полукругот (*Тајна вечера, Успение*), до дијагоналниот распоред на толпата, со кој се остварува принцип на триаголното организирање на композицијата (*Влегувањње во Ерусалим, Воскресение Лазарево*).

Не може а да не се забележи, како одреден композиционен пропуст, дека сликаната архитектура не е прекриена со драперија – велум, со што се покажува дека настанот се одигграл во насликаната градба.[867] Тоа до некаде ја намалува композиционата организација на сликата и разбирливоста на симболиката на содржината на претставата.[868]

---

[866] Б. Тодић, *Грачаница - сликарство*, 194.
[867] И. Дујчев, *Минијатуре манасијевог летописа*, Софија – Београд 1965,
[868] На спомениците од времето на Милутин сликањето на развиените драперии е најизразено. Во поствизантискиот период плаштот врз сликаната архитектура често се изоставува, што не треба да се разбере како карактеристика на споменикот, областа или на одреден перод. - А. Стојаковић, *Архитектонски простор у сликарству средњовековне Србије*, 170/171.

**Архитектурата** е сликана со коростење на окер жолта, тула црвена, бела и сива, на начин кој го открива нејзиниот карактер. Упростените архитектонски форми се доближуваат до вистинските, така што јасно се препознаваат еднокорабните и трокорабните базилики, куполните градби и тие со рамен покрив, како и назабените бедеми со кули на добро утврдениот град. Реалните бои, коректен цртеж, како и осветлените градби со затемнети страни во сенка, го наговестуваат просторот. Во прв план ги става светлите површини, а позадината на градбите и отворите кај нив ги слика во потемна нијанса на истата боја. При тоа води грижа имагинарниот извор на светлината да биде на истата страна, барем кога се во прасшање градбите во затворените градски целини, со што претставите на некои градови (Ерусалим, Витанија) добиле овоземски карактер. Тоа не можеме да го кажеме за градбите насликани во композициите: *Рождество на Богородица, Успение, Тајната веќчера, Христос пред Пилат*, кај кои изворот на светлината е променлив. Вака организираните светли и темни површини ги поделиле композициите, согласно на нивните содржини на две групи: едната, кај која изворот на светлина наликува на овоземскиот, и другата, каде повеќе извори на светлината придонесуваат за впечатокот на нестварност.[869]

Како еден од подобрите сликари од првата половина на XVII век, уметникот од Сиќево внимава на усклaдувањето на симболиката на архитектгонските форми со содржината на сликата.[870] Градските целини на Ерусалим и Витанија само на прв поглед изгледаат исто. Тритте градби во внатрешноста на Витанија се со двоводен покрив, за разлика од тие зад ѕидовите на Ерусалим, од кои средната е со купола. И покрај сведените форми кои се далеку од праопримерот, самата купола е доволно јасен симбол кој, во византиската уметност ја одредува препознатливата особеност на Ерусалим, мартириумот на Христовиот гроб.

Со формата, тектониката на масите и обратната перспектива, сликаната архитектура е еден од факторите при формирањето на структурата на сликата. Таа не служи само за просторната организација на сликата, туку е во активен однос со актерите на настаните, исполнета со

---

[869] О томе: А. Стојаковић, *Архитектонски простор у сликарству средњовековне Србије*, 99, 100.
[870] Истата, *Ктиторски модели Мораче, Старинар XV-XVI*, (Београд 1964), 108.

човечки фигури. Така во *Раѓањето на Богородица* Јоаким низ вратата го гледа настанот, додека жените со подароци стојат зад некој вид на мермерна ограда – тераса.

Многу сличен планински **пејсаж**, секогаш во црвен окер, придонесува за општото разбирање на сликата. Нема ништо ново во шематизирањето на карпестиот пејсаж. Неговите страни се осветлени со сивозелена боја и се спуштаат сé до средината на сликата каде што преоѓаат во брановидни брегчиња, и понатаму во лесно разбранета површина. По долниот раб на сликата е тревнато растение. Еден врз друг се наредени бранови на земја, со бела линија одделени, а со зелена осенчени, со што се постигнува впечаток на длабина. Заслужува внимание вообичаеното, но мајсторско продлабочување на просторот во претставата *Крстевањето Христово*. Помеѓу две брда, во аглите, тој сместува и трето, но малку подоле. Со тоа сликарот долж тестерасто исечените брегови на Јордан кои перспективно се доближуваат до него, го зголемил впечатокот на далечина.

Јасниот и сигурен **цртеж**, работен во нијанса потемна од основната боја, е заживен со иконописечко познавање. Нагласената, но не и наметливата линија, како и одредена геометризација на формите, нé упатува на рутинер со големо искуство кое резултирало со шематизирани цртежи.

Малиот простор барал намалени фигури, што имало за последица одредени анатомски неправилности. Освен очекуваната неспретност кај невообичаените ставови (*Богородица Живоносен источник*), неточните пропорции на телата се сведуваат на видливот несклад во односот помеѓу главата и телото. Некогаш главите се помали, а телото е издолжено (*Распетие, Рождество, Воскресение Лазарево*, Богородица од *Успението*), или, поголеми глави на скратеното тело (апостоли од *Влегувањето во Ерусалим*), со рацете кои често се со неадекватна должина (*Визијата на Петар Александриски, Поворката на архиереите*), на начин вообичаен за сликарството од првата полвина на XVII век, и секогаш во границите на подносливото. Особено се наметливи деформациите на главите на светителите сликани во профил, кои личат на карикатури (Адам во *Слегувањето воАдот*, праведниците кои пијат од источникот на Богородица, апостолот Петар од *Успението*, Јуда во *Тајната вечера*).

Грдотијата на одделните ликови дополнета со непропорционалноста на нивните тела, можеби не треба да се разбере како незнаење, ѕуку како свесен чин на воздигнувањето на внатрешната убавина на сметка на телесната, или како намера со грдотијата да се укаже на карактерот на насликаниот, моралната грдотија (Јуда од *Тајнаѿа веч*ера), големата тага (*Усѿение, Слеѓување во Ад*). Со таа постапка сликарот како да се доближил до достигнувањата на зрелиот XIV век.[871]

Учесниците на настанот, сместени малку над долниот раб на сликата, сликарот ги намалува и тогаш кога сака да добие ефект на оддалеченост. Убавината на сликаните фигури се согледува во точно разработениот став кој се доближува до говорот на телото. Драматичноста на сцената е постигната со театрални ставови и одмерени гестови со нагласување на положбата на рацете, со што ликовите го покажуваат своето полно доживување (*Расиеѿие, Слеѓување во Ад, Боѓородица Живоносен исѿочник, Тајна вечера, Хрисѿос ӣред Пилаѿ, Воскресение Лазарево, Воведение на Боѓородица*).

Така, наративноста на *Тајнаѿа вечера* се гледа во говорот на телото (ставовите, гестовите) и изрзот на лицето (Јуда), откривајќи ја психичката состојба на актерите. Лесно наведнатата глава на Христос кон Јован ја открива способноста на уметникот зборот да го претвори во говорот на телото, оваплтувајќи ја во православието добро познатата меѓучовечка присност, љубов и верност. Гестот на Јован и покретот на Јуда, според постарите примери, ги објаснува евангелскиот текст.[872] Апостолите во ставот на одрекување со исфрлена раката со видлива дланка, симболично укажуваат на својата чистота. Симболиката на видливите дланки, карактеристична за *Вознесениеѿо Хрисѿово*, се среќава и кај другите светители, каде што сака да се нагласи невиноста и чистотата.[873] Поради истата причина се видливи и дланките на апостолите од Тајната вечера во црквата Св. Петка во Селник како и во црквата на Алинскиот манастир.

---

[871] С. Радојчић, *Сѿаро срӣско сликарсѿво*, 155/6 - у прилог томе говори и одбир личности чији су профили искарикирани.
[872] З. Кајмаковић, *Георѓије Миѿрофановић*, 127.
[873] М. Т. Ђурић, *Марија-Ева, Прилоѓ иконоѓрафије једноѓ реѿкоѓ ѿиӣа Оранѿе*, 213; М. Машнић, *Црквата Света Петка во Селник и нејзините паралели со сликарство на Алинскиот манастир Свети Спас*, 10; Е. Флорева, *Алинските стенописи,* София 1983.

**Лицата** ги слика упростено, без мускулатура. Ладни и безмилосни се ликовите на светителите, со окер инкарнат и површините во сенка, која некогаш преоѓа во костенлива. Веѓите, очите, носот и устата, извлечени се со сигурни потези со браон или темно окер боја. Лачно изведените подочњаци ја нагласуваат облината на јагодиците. Со тенок цртеж ги изведува веѓите, од кои едната ја спојува со коренот на носот не прекинувајќи ја линијата додека не формира лесно издолжен, но правилен нос. Под веѓите, некогаш помалку успешно, што доведува до деформации, ги сместува очите со видливи белки, и жив поглед. Како мајсторот да имал одредени проблем со положбата на главата. Така, некаде устата е асиметрична, а некаде искривена. Одредена доза на наивност и несмотреност е една од одликите на уметникот од Сиќево. Косата и брадата ја обработува така што кај помладите светители на темна основа (умбра) со тенки црни цртки ги нагласува брановите на косата, а кај тие со средни години со бели брановидни потези ги слика локните. Постарите светители ги слика со широки бели, брановидни потези. Вака упростената ликовна постапка е препознатлива за уметниците од XVI и XVII век.

**Инкарнатот** е едноставно прикажан. Светложолтата или окер боја е затемнета на местата во сенка, како кај старите Пеќски мајстори.[874] Скромната палета сликарот ја надокнадува со вешто нијансирање. Различните тонови на црвената боја, од светлата до темната, потоа поморанџестата па сивата, со видливата наклонетост кон исцртување на детаљите, упатува на палетата на грчките сликари.

Слабиот **колорит** и негрижливата обработка на инкарнатите, уметникот од Сиќево ги надополнува со релативно вешт цртеж. Изборот на боите за кои уметникот се одлучил е доста тесен. Забележлива е превласта на црвената над нијансите на окер, зелената, сината, кафеава и различните тонови на сивата. Со употребата на силни бои тој го открива вкусот на селската средина наклонета кон силни живи бои.[875] И покрај видливото брзање, со минуциозните потези на четкичката сликарот ги украсува одредените детаљи на облеката (царската облека на Пилат, околувратниците, епитрахилите, и т.н.). Одредена крутост во наборите на

---

[874] С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557-1614*, 123.

[875] *Исто*, 204

облеката е намалена со нијансирањето на основната боја и со белите акценти, со што се доловува положбата на телото. Сето тоа е шематски претставено, на начин карактеристичен за добар занаетчија.

*Мајсто̄ри на живо̄исо̄т*

Во првата половина на XVII век српската уметност за кратко време беше во можност да ја врати старата слава. Во средината на XVII век сликарството во Србија е со донекаде поинаков карактер. Тоа е време кога слсикарските тајфи патувале по Балкан осликувајќи ги црквите.[876] Една таква зографска тајфа ја осликала и црквата во Сиќево. Не оддалечувајќи се од традиционалните иконографски и стилски шаблони, работата ја извеле рутинерски, исцртувајќи ги сцените по предлошките што гиноселе со себе.

Живописот на манастирот Сиќево е стилски воедначен. Таа неделлива сликарска целина ја карактеризира доста сигурен цртеж потцртан со сенка, скудна палета на боите ја покрива површината врамена со линија, а видлива е и намерата на уметникот пластично да ги долови ликовите. Недоволно проученото движење, повторувањето на физиономиите, површно изработениот инкарнат, ритмничко то сменување на боите на облеката, се препознатливи на просторите на тогашниот Балкан.

Гледано во целост, живописот по своето општо опредлување се потпира врз достигнувањата од XIV век. Тој не се разликува од оној што настанал во втората четвртина на XVII век, не само во српските земји, туку и пошироко на Балканот.[877]

Начинот на сликањето на Пеќските мајстори (особено во припратата од 1565) му бил познат на уметникот од Сиќево. И само како далечно сеќавање, тоа е добра потврда на почитувањето на уметничката традиција која таа област ја врзува за српскиот духовен центар, и понатаму, за првата половина на XIV век. Ваков уметнички континуитет и живото почитување на традицијата е основна одлика на византиската, па и српскаста уметност, одбележана и со сликарството во Сиќево како единствено зачувано сведоштво дека во областа на Ниш традицијата и во времето на ропството

[876] Љ. Прашков, *нав. дело*, 186; Р. Станић, *Црква Св.Пе̄тра и Павла у Тӯтину*, 157.
[877] В. Ђурић, *Иконе из Јӯгославије*, 64.

била непрекината. Присуството на патријархот Пајсие во нишкиот крај, макар да е посредно, придонело за ширењето на идеата за обновувањето на традицијата и зачувувањето на тековините од нашето минатото.

Несомнено тешките историски состојби во првата половина на XVII век, сепак не ги прекинале врските со културните центри и делата на големите уметници. Внимателно гледајќи можат да се најдат одредени совпаѓања, особено во сликаната архитектура (*Влеѓувањеѿо во Ерусалим, Блаѓовешѿение*), со Долната испосница на Сава над Студеница. Формата на зградите во Ерусалим, ставот на маската, положбата на Христос, апостолите, граѓаните, сето тоа упатува на заклучок дека на уметникот од Сиќево му биле познати најдобрите остварувања од првите децении на XVII век. Од нив ја превзел само шемата на композицијата, но не и сликарското знаење и стилската префинетост. Начинот на кој ги црта очите, веѓите, косата и брадата, ставовите и изразот на лицето на светителите, имаат заедничко со маченициите во медаљоните од припратата на црквата Сретение во селото Крушедол.[878]

Одбраните композиции и нивниот распоред (освен Вознесението Христово кое не е насликано) во многу нешта се совпаѓаат со тие во старата црква во селото Марица и со живописот во црквата во селото Добрско во Бугарија од почетокот на XVII век. Кон тоа треба да се додаде орнаманетот во форма на билен преплет кој ги опкружува медаљоните на северната и јужната страна и околу Христос Пантократор. И во начинот на обработка на ликовите на светителите има доста сличности. Превладува цртеж со сенка која го следи и го истакнува. Формата на очите, начинот на извлекувањето на веѓите и формирањето на вратот, како и карактеристично сликање на кратка брада и мустаќи, со брзи, одмерени потези, упатува на истите примери при осликувањето на овие два храма.[879]

Сепак, сликарството на манастирската црква на Богородица во Сиќевво, според распоредот на композициите и иконографските детаљи, е толку блиско до живописот на црквата Св. Никола во селото Железна во

---

[878] С. Петковић, *Зидне слике у цркви Сретење у селу Крушедолу*, Зборник народног музеја, XV-2, (историја уметности), Београд MCMCXCIV, 90-94

[879] Д. Панайотова, *op. cit.*, 20-30; С. Михайлов, *op. cit.*, 11-39.

Бугарија (1634), што нé наведува да мислиме дека се работи за една работилница.[880]

Од друга страна, искуството што го поседува уметникот од Сиќево го донело до сликарската постапка препознатлива за сезонските сликари какви што се познатите мајстори од северозападна Грција, од селото Линотопи, блиску до Костур, чија активност може да се следиод 1619 до 1653 година.[881] Истото сфаќање натворечкиот чин, па и одредено прифаќање на примерите на сликарите од линотопската школа, ги откриваме во на ист начин стилизираните цвеќиња насликани помеѓу медаљоните со бистите на светителите. Таквите розети ги насликале и во црквата Св. Никола во Витса (1619) и во Св. Мина во Монодендри (1620) сликарите Константин и неговиот татко. Кај светителите во медаљоните се карактеристични златно жолти, богато украсени околувратници.[882] И тоа што е присутна Богородица Живоносен источник. упатува на мајсторите од југ, и тоа тие кои биле блиски со сликарството на Света Гора.

Сликарството во Сиќево е иконографски и стилски единствено. Тоа е дело на еден уметник, кој добро го познава старосрпскиот јазик, од правилно испишаните зборови до примената на вообичаените лигатури. Видливите грешки можат да се им се припшишат на подоцнежните интервенции. Доклку воопшто ги имало помошниците не оставиле видлива трага.

Во кое место го учел занаетот и од каде потекнува живописецот – тешко е да се каже. Одговорот на ова прашање го отежнува фактот дека има малку зачувани стилски сродни и вреемenски блиски фрески во Ниш и поблиската околина, така што е тешко да се направи непосредна споредба. Во основа ова сликарство не се разликуваа од истовременото на поширокиот Балкански простор. Тоа е дело на искусен рутинер кој добро си го познава занаетот.

Од друга страна, фреските во Сиќево не се проучувани, освен еднаш кога целта била да се извести научната јавност за сликарството во црквата

---

880 И. Гергова, *op. cit.,* 358

881 А. Г.Τουρτα, *op. cit.*, 238–241

882 *Ibidem*, fig. 27, а,б.

на манастирот Сиќево.[883] Со тоа е свртено вниманието на научниците кон живописот од Сиќево. Имено, најверојатно, зографите од истото ателје ги извеле живописот во црквите: Св. Јован Претеча во селото Врбово во Бугарија (1651),[884] во припратата на манастирот Темска (1654)[885] и во манастирот Св. Јован Претеча во Јашуња (средина на XVII век)[886]. Уметникот од Сиќево, според Иванка Гергова, го познавал сликарството на црквата Св. Никола во Железна и врзоснова на тоа, една деценија покасно, ја декорирал црквата на Богородица во манастирот Сиќево. Живописците од тоа ателје, на кое можел да му припааѓа и уметникот од Сиќево, биле ангажирани на поширокото подрачје околу Сува и Стара планина.[887]
Фреско - декорацијата на Сиќево се потпира на достигнувањата на XIV век во Србија и има силни сликарски врски со поствизантиските дела од балканските простори. На тој начин се вклопува во заедничката концепција и единството на стилот на поробените балкански народи. Падот на квалитетот и намалената креативна енергија на уметниците по патријархот Пајсие, ќе го одбележат овој период од нашето поствизантиско сликарство, во чиј што процес свое место го има и живописот од Сиќево.[888]

*Заклучок*

Достигнувањата до кои историјата на уметноста стасала во моментов, ни овозможуваат поблиску да го одредиме значењето и местото на црквата на Богородица во поствизантиското сликарство во Србија и овој дел од Балканот.

Ѕидното сликарство во наосот е стилски единствено и едновремено. Подоцнежните досликувања и пресликувања го почитувале старото сликарство како ретко каде на друго место. Со тоа ни беше овозможено, таму каде што немало интервенции, да ги анализираме ликовнитер особенсоти на сликарството, а таму каде што е интервенирано, да

---

[883] М. Ракоција, *Сликарсшво Боīородичине цркве,*
[884] А. Василев, *За изобразителните изкуство в северозападна България*, Енциклопедия в северозападна България, София 1958, 203-207, сл. 31-34.
[885] Л. Поповић, *Манасшир Темска*, Смедерево 1966, 7-9.
[886] Г. Суботић, *Зидно сликарсшво Св. Јована Прешече у Јашуњи* (2), Лесковачки зборник XXXI, (Лесковац 1991), 17-39.
[887] И. Гергова, *op. cit.,*, 358/9.
[888] Цртежите на фреските се дело на сликарите - конзерватори Б. Вељковиќ и С. Радојковиќ.

направиме анализа на иконографските детали. На тој начин ги согледавме стилските одлики на еден исцело зачуван живопис од првата половуна на XVII век од поширoката околина на градот Ниш.Сликарството на Сиќево е единствено сведоштво за уметничките барања, естетските стремежи и состојбата на духот на жителите на нишката област од времето кога османлиската сила била најсилна. По пат на анализата на фреско декорацијата дојдовме до сознание дека уметничкиот живот на Ниш и околината не бил запрен. Со тоа делумно е расветлена затемнетата страна на нашето знаење за животот на жителите на оваа област во времето на окупацијата и појаснета е сликата за поствизантиската уметност во Србија во средината на XVII век. Благодарение на секундарната иконографија ја откривме владеачката идеја за обновата, како општа состојба на духот, со анализата на програмата дојдовме до невидливиот слој на сликарството во Сиќево, ја откривме надежта и вербата во подобри денови како општа состојба на духот на нарачателот, но и го согледавме уметникот како добро обавестен интелектуалец, со желба да го промениме досегашното сфаќање за поствизантиските уметници како необавестени рутинери и опитни занаетчии.

Дојдовме до заклучок дека чинот на создавање за уметникот од Сиќево не е поинаков од едновремените во поширoката област на Балканот. Во склад со местото на црквата и барањата на жителите за кои што се осликува, живописецот ги почитува достигнувањата на српските уметници од XIV век при тоа потпирајќи се на најдобрите остварувања од првите децении на XVII век на подрачјето на Пеќската патријаршија. Забележително е влијанието на сликарските остварувања од поширокиот балкански простор, особено на она од западна Бугарија и Грција. Дали влијанието од Грција било посредно или непосредно не е дефинирано до крај. Но, секако било одлучувачко во организирањето и осмислувањето на фреско декорацијата како во Сиќево така и со сродното сликарство во црквите околу Сува и Стара планина.

На тој начин живописот во Сиќево се вклопува во општоприфатениот и на сите разбирливиот ликовен јазик. Создаден под бремето на иноверната османлиска власт, тој станува дел од заедничката концепција и единството на стилот на окупираните балкански народи. Основната карактеристика на

живописот во Сиќево е еклектицизмот. Еклектижните тенденции се особеност на поголемиот дел од сликарството на XVII век, а опитноста во примената и усклaдувањето на елементите зависела од способноста на сликарот и неговиот талент.

Во нашето поствизантиско сликарство живописот во Сиќево припаѓа на периодот во кој е евидентен падот на квалитетот и намаленост на креативниот потенцијал на уметникот. Подоцна, по смртта на патријархот Пајсие, тоа ќе стане препознатлив белег на нашата уметност. Тоа е време кога возвишените идеи од славното време на државноста и уметноста се преклопени од нови пораки произлезени од новонастанатото опкружување на целосното ропство. Старите иконографски предлошки се прилагодуваат на новите потреби и барањата на времето, со што се создава особен визуелен јазик на првата половина на XVII век. Тоа е време кога падот на ликовниот квалитет и се пониските уметнички дострели претставуваат составен дел на историско - уметничкиот развиток и наговестување на новиот период во српската уметност. Благодарение на зачуваниот живопис во Сиќево знаеме дека во тој процес, на самата пресвртница на српската уметност, учествува и регионот на Ниш.

# VIII - ЗАВРШНИ РАЗГЛЕДУВАЊА

Врз база на спроведените истражувања и добиените резултати, заедно со реконструкцијата на архитектонските форми и фреско ансамблот, каде што тоа било можно, во последното поглавје ќе ги изложиме новите сознанија, ќе ја спроведеме типологијата и ќе го посочиме развитокот и простирањето на црковната архитектура и сликарството во временскиот распон од XI до XVII век во регионот на градот Ниш. Благодаренције на компаративниот материјал, во форма на заклучок ќе го нагласиме значењето на црковните споменици на Ниш и ќе го одредиме нивното место во византиската, балканската и српската историја на уметноста.

## VIIIa - ЗА АРХИТЕКТУРАТА

Достигнувањата до кои до овој момент стигнала историјата на уметноста како наука, ни овозможуваат поблиску да го определиме значењето и местото на византиските и поствизантиските цркви на Ниш во историјата на византиската архитектура. Мислиме дека дојдовме до крај со анализата на архитектурата на нишките цркви и ќе се обидеме да го определиме нивното место во формирањето, развитокот и простирањето на архитектонските форми во рамките на византиските и балканските уметнички текови.

Во Ниш се познати четири цркви од средновизантискиот и две цркви од поствизантискиот период.

Од средновизантиските цркви најдобро е зачувана и секако е најзначајна **Латинската црква во Горњи Матејевац**. Црквата во Матејевац е помала еднокорабна градба во форма на стеснет вишан крст со купола. Внатрешноста на храмот е разделена со пиластри на три правоаголни травеи со различна големина и купола над средишниот травеј. Источниот и западниот травеј се засводени со полуобличест свод, а кубето однадвор е осумстрано. Фасадата е обработена со керамопластична декорација и структурално согледана благодаренције на распоредот на слепите аркади.

Латинската црква е типичен претставник на средновизантиските цркви во форма на стеснет впишан крст со купола. Таа припаѓа на времето кога на овие простори повторно била воспоставена византиската власт, најверојатно во втората половина на XI век.

Како таква, и покрај тоа што во Цариград за неа нема соодветни примери, врска со престолнината ја наоѓаме првенствено во нејзиниот конструктивен склоп и структуралната обработка на фасадите. На врските со Грција нé упатува начинот на ѕидањето со наизменични редици камен и тула со закосени спојници од малтер, манир препознатлив за раната фаза на средновековното градителство во Цариград (Фенери Иса џамија, Мирелион), потоа “ќелиестиот” систем на ѕидање, како и тоа што апсидата е расчленета со запчест венец од тули. Со таква апсида и купола на средина се црквите во Атина, сите од XI век (Св. Апостоли на Агора, црквата на Спасителот Ликодиму, Св. Теодора, црквата Капникераја), на Пелопонез од XI - XII век (Св. Сергеј и Вакх, Св. Архангели, Св. Созон во Гераки), во северна Грција (Св. Апостоли во Каламата, црквата Св. Богородица Кубелидики во Костур).

Сродни градби од XI век среќаваме и на *Кипар* (Св. Јован Хризостом, црквата на Христос Антифонитис, Св. Апостоли во Перахори, Св. Димитрие кај Левкозија, Св. Никола во Какопетрија, Панагија Аракус во Лагудера). Со основата и елипсовидната супструкција на куполата над правоаголникот кипарската црква Св. Ѓорѓи Афентрико кај Карпасија се доближува до Латинската црква. И повторно на остров, сега на *Крит*, се наоѓаат цркви со слична структура: црквата на Богородица во Мариокефали, Хромонастири во областа Ретимона, особено црквата Св. Никола кај Кириакосел од XI век, за чија што структура може да се каже дека е еднаква на Латинската црква во Горњи Матејевац. Истата елипсовидна супструкција на куполата има Св. Софија во Солун од IX век.

По својата структура и архитектонската обработка сите овие цркви се врзуваат за примерите од престолнината. Ова архитектонско решение се проширува и по копно од подрачјето на Грција на териториите на балканските провинции. Речиси идентичните цркви во Ниш и на Крит го усмеруваат нашето размислување кон претпоставката дека на градителот на Латинската црква не му биле непознати цркви со стеснет впишан крст и

купола од просторот на Егејот и воопшто, средновизантиското градителство на грчките острови.

Преку грчките острови византиските архитектонски придобивки се простираат и на јужна Италија (црквата Св. Ангели на Рипар, Св. Петар во Балсињан и Св. Маргерита во Бишеле од крајот на XII век). Сите, како и Латинската црква, имаат типична византиска структура на еднокорабна црква со купола на бочните прислонети лаци потпрени на пиластрите, и структурално обработени фасади украсени со запчест венец од тули.. Нивниот внатрешен склоп го откриваат и крстобразните кровни површини.

Понатаму, кон тие градителски текови што се простирале низ провинциите им припаѓаат и црквите во источната јадранска приморска област (далматински), макар што В. Кораќ ги одделува и покрај тоа што вели дека имаат иста замисла на архитектонскиот простор. Од осмата деценија на XI век е придворската црква на кралот Михаил посветена на св. Михаил. Тоа е препознатливо византиска еднокорабна црква со стеснет впишан крст и купола над средишниот травеј. Потоа, црквите од XI - XII век: црквата Ц во Ратац, Св. Лука во Котор и Св. Тома во Кути.

Мислиме дека и тие дале свој придонес, се разбира локален, во ширењето на овој тип на градби во регионот на Ниш и србија, како и оние од грчките острови во егејот кои по формите се блиски до источнојадранските цркви и црквите во балканските провинции на Македонија и Бугарија.

Средновизантиските цркви во *Бугарија* од типот на стеснет впишан крст со купола треба да се одделат во една целина, без оние што немаат купола, што го сметаме за неоправдан обид. Затоа, без бачковската костурница, треба да се спомне црквата на Богородица Петричка и Бојанската црква од XI век, и двете со стеснет впишан крст со купола.

На *нашите* простори е мал бројот на византиските градби од преднемањиќскиот период. Според планот во форма на стеснет впишан крст на Латинската црква ѝ се блиски: Стара Павлица на Ибар датирана од IX до XI век и за која е забележано дека за пример ѝ служела Св. Софија во Солун, потоа Св. Ѓорѓи во Звечан и Кацапун кај Врање.

На просторот на *Македонија* тоа се Св.Ѓорѓи во Горен Козјак во форма на стеснет впишан крст и датирана во втората половина на XII век, Св. Леонтие во Водожа и црквата во Дреново кај Кавадарци, се датираат во XI век.

Макар што црквата во Горњи Матејевац е дел од византиското градителство, таа е само една од неговите провинциски варијанти. Каде е местото на оваа црква во спомнатата група на стилски сродните споменици? Според основата, конструктивниот склоп, стилските детаљи и формите на покривите, техниката на ѕидањето, а особено според полихромната обработка на фасадата изведена со употреба на камен и тула, таа недвојбено упатува на архитектурата што посилно се развивала на подрачјето на Грција, Македонија и Бугарија. Според начинот на ѕидањето и тежнеењето кон керамопластичното украсување на фасадите, на мислење сме дека Латинската црква е настаната под византиското влијание од Грција. Тоа е градба од централенн тип градена по углед на црквата Св. Софија во Солун. Црквата во матејевац припаѓа на синџирот на цркви во форма на стеснет впишан крст, по потекло од Византија и рспространет низ јужното (делумно и средното) приморје, и жија што традиција ќе продолжи во архитектурата на Рашка. Дали на просторот на Ниш, во средиштето на Балканот, овој тип на градба дошол преку јужна Италија и Далматинското приморје, или непосредно од средиштето на византиското монументално градителство, преку Солун и околните византиски провинции. На мислење сме дека двата пата имале подеднакво значајна улога во простиирањето на куполните градби со стеснет впишан крст во областа на Ниш. Но и обратно од тоа. Византиското градителство на Ниш зрачело кон источниот Јадран и во внатрешноста на континентот. Како и да е, изворот на ова архитектонско решеније е ист. Византиските големи културни центри, Цариград и Солун, и грчките острови кои ова ширење го прифатиле и, се чини, се најзаслужни за неговото ширење на подрачјето на јужна Италија и Далмација, и понатаму, додека, од друга страна, Солун зрачел во внатрешноста на Балканот формирајќи уметнички пунктови каков што бил Ниш, од каде што градителските достигнувања на византијците продирале во длабочината на континентот.

Не може да се каже дека претходела или била прототип, но Латинската црква, секако, била во видокругот на градителите чије што делување подоцн аќе се нарече рашка стилска група, на која што може јасно да се согледаат влијанијата што доаѓале по наведените патишта, како од Јадран, така и од византиските уметнички центри. Овој тип на градби и областа на Ниш мопрале да имаат свое место во настанувањето на рашката стилска група.

Некаде во тоа време, како близначка на Латинската црква, јужно од градот била изградена **црквата Св. Јован во селото Орљане**, тогаш во рамките на урбаната схема на византискиот град Комплос.

Црквата на брдото Комплос, денес посветена на Св. Јован, е складна не многу голема градба во форма на стеснет впишан крст. Внатрешноста на храмот разделена е со пиластри на три травеи со нееднаква големина. Поставено е прашањето на кој начин бил надвишен средишниот травеј. Ваквиот нееднаков ритам на травеите е препознатлив за средновизантиските цркви со стеснет впишан крст и купола, чија што внатрешност ја согледавме и на фасадите. Странижните, бочните фасади се расчленети со лезени кои само на прв поглед, заради степенот на зачуваноста, не ја одсликуваат внатрешната структура на градбата. Со внимателно гледање привидот се губи, а сознанијата до кои дошла современата наука, базирани врз нееднаквиот ритам а травеите, посочуваат дека над средишниот травеј се издигнувала купола.

На тој начин црквата во Орљане се вбројува во групата на куполни градби од XI и XII век, по потекло од Византија и распространета во јадранската приморска област. Во непосредната околина се наметнува сличноста, од размерот и основата, преку градителската постапка до местото на кое што се наоѓа, со Латинската црква во Горњи Матејевац од XI век.

Во српската *приморска област* за малите селски храмови со стеснет впишан крст е утврдено дека потекнуваат од развиените еднокорабни куполни византиски цркви. Затоа не изненадува сличноста на црквата во Орљане со оваа група споменици, особено со црквите Св. Петар во Болсињан и Св. Петар на Прико кај Омиш, двете со купола над средишниот травеј. Сличноста се одразува и во ритамот на травеите и распоредот на

пиластрите, лезените на фасадите, додека, пак, западната фасада на црквата во Орљане е рамна баш како што е тоа кај ломбардските предроманички градби. Од друга страна, пак, јасно се читливи елементите на византиското градителство какви што се челото на лакот на полуобличестиот свод на западната фасада, куполата на средишниот травеј, пространата и широка апсида, но и пиластрите на фасадните површини и нишите во просторот на наосот. Суштината на византиското градителство е содржана во општата архитектонска концепција на храмовите,а се огледа во куполните цркви со стеснет впишан крст, со просечно еднакво мали размери.

XI век е времето на настанувањето на типот на еднокорабни цркви со купола и фасади често расчленети со лезени поврзани со лаци, што е прифатено како карактеристика на романичките градби која се шири во внатрешноста на Балканот. Како недоволно бројчано зачувани тие се недоволно застапени во стручната литература. Од тие причини значењето на нишката област, каде што релативно добро се зачувани две такви цркви, во развитокот и простирањето на византиското градителство се зголемува. Градителскиот слог, архитектонскиот план, структурата и формите на црквата на брдото Комига, посочуваат на заедничката уметност која што во XI век била прифатена и во внатрешноста на Балканот и во јадранската приморска област.

Согледано е, но не и доволно прифатено, дека византиските влијанија продирале и по копнен пат преку српските простори, достигајќи до јужното приморје, далматинскиот брег и понатаму кон Запад, и обратно од тоа, преку јужна Италија, на што се инсистира во поголема мерка. За тоа без двојба зборуваат, покрај Латинската црква во Горњи Матејевац, архитектонските форми на црквата Св. Јован на брдото Комига во селото Орљане. По пат на споредување и анализа на архитектонските елементи, направен е напор да се согледаат тогашните уметнички текови, потеклото и правците3 на простирањето на архитектонските форми од кои неправедно била исклучена нишката област и покрај цврстите факти дека во процесот одиграла важна улога, па и повеќе од тоа.

За систематски да се анализира потеклото на расположивите архитектонски елементи на црквите од типот на стеснет впишан крст на

просторот на Ниш, неопходно е тоа да се направи во контекст на потпирање на византиското архитектонско наследство.

Особено внимание заслужуваат фасадните *пиласшри* кои немаат конструктивна функција. Кон нивната декоративна намена треба да се додаде и структурната, доколку ја претпоставиме нивната меѓусебна соодветна поврзаност во горната зона и проекцијата во внатрешноста на црквата која одговара на просторот на средишниот травеј поклопувајќи се со внатрешните пиластри. Потеклото на пиластрите треба да се бара во ранохристијанските споменици каде што се осмислени како контрафори. Ваквиот систем на контрафори чест на ранохристијанските цркви во јадранската приморска област, е редок за едновремените цркви во Бугарија, а е евидентен во ранохристијанската архитектура на Србија, па така и на Ниш.

Поголем број храмови со пиластри се среќаваат во *јадранскаша приморска обласш*. Таква е ранохристијанската црква Св. Мартин (IV - V век) во Придрага која што, на триконхалниот презвитериум, ја опкружуваат плитки пиластри меѓусебно поврзани со слепи лаци. Подоцна и ѕидните платна на Св. Донат (IX век) во Задар се опкружени со плитки пиластри. Врз основа на полукружните пиластри на наосот црквата св. Спас на реката Цетина се датира во крајот на IX или почетокот на X век. На надолжните ѕидови на црквата во Паник, со основа препознатлива за предроманичките градби од XI - XII век, се распоредени по пет пиластри кои можеле да имаат лачни завршетоци во форма на низа од плитки слепи аркади.

Во средновизантискиот период, во приморската област, пиластрите биле прифатени како препознатлив елемент на цела група споменици, во голема мерка убејќи ја (како во Орљане) улогата на контрафори. Во XI век, по своите архитектонски форми, организацијата на просторот, расчленувањето на фасадните површини како и според архитектонските детаљи, на орљанската црква ѝ се доближуваат предроманичките еднокорабни цркви кои му припаѓаат на т.н. јужнодалматински тип. Од тоа време се наметнува сличноста со црквата Св. Јован Крстител во Подака, црквата Св. Јуре кај Стар каштел, Св. Михаил над Дол, Св. Илија на Брач, Св. Лука на Ластово и Св. Михаил кај Стон. Орљанската црква, без сомнение, е најблиска до Св. Петар во Прико кај Омиш, Св. Петар во

Болсињан, Св. Иван Крстител на Лопуд, Св. Димитрие во Конавле и, особено со црквата Св. Томо во Кути.Сите се со купола и фасади оживеани со плитки пиластри распоредени во приближно еднаков ритам. Подоцна, во XII век, црквите со сличен план кои припаѓаат на Которскиот круг на споменици, се сите без пиластри на фасадите и без ниши на внатрешните надолжни ѕидови на наосот.

Во *Бугарија*, за прв пат пиластрите се среќаваат на трокорабната базилика во Велики Преслав и тоа со конструктивна улога. Потоа следи црквата во селото Равне кај Варна, од средината на XI век. На базиликите во Плиска пиластрите имаат првенствено декоративна улога и , како и во Орљане, на прв поглед, не го откриваат внатрешниот склоп на градбата. Сепак, и покрај малата зачуваност, прифатено е дека базиликалните цркви од ова време се оддалечуваат од крстестите цариградски цркви кај кои пиластрите и лаците се јавуваат како продолжеток на внатрешната конструкција на сложените куполни градби. Сличности со орљанската црква Во XI век наоѓаме во еднокорабната гробјанска црква на Бачковскиот манастир (1083) која има фасади расчленети со слепи аркади од радијално наредени тули. Тука слепите аркади потпрени врз пиластри немаат конструктивна улога, ниту видлива врска со внатрешниот склоп на градбата што била особеност на престолнината.

Во *Србија*, па и во Ниш, следењето на рановизантиските примери се согледува преку пиластрите. Се мисли дека пиластрите водат потекло од рановизантиските црковни градби и сириско - палестинските мартириуми, од кои е карактеристичен мавзолејот во Марусинак. Затоа во градот Ниш е логично плитките надворешни пиластри чие што простирање над земјата можеме да го претпоставиме и кои се еднакво распоредени како кај орљанската црква, да ги најдеме на ранохристијанскиот мартириум и базиликата која на него се надоврзува. Во поблиската околина на Ниш, пиластри од надворешната страна на надолжните ѕидови има и рановизантиската еднокорабна црква во Рујковац. Понатаму, трокорабната црква во селото Бела Црква, на локалитетот Киш на Косово и Метохија, датирана во VI век која има пиластри распоредени на ист начин како и нашата црква, како и базиликата во Улпијана (Justiniana Sekunda).

Од преднемањиќскиот период во Србија, а во контекст на нашите истражувања, треба да се наведат црквите на кои во науката не им е посветено соодветно внимание. Таква е несигурно датираната Маркова црква (Св. Димитрие) во близина на селото Словац кај Ваљево која има пиластри на фасадите, поврзани со слепи лаци и купола над средишниот травеј. Сличност со орљанската црква покажува и црквата во Кичава, во Рашка, помеѓу Бијело Поље и Пљевље, за која е забележано дека основата и наликува на црквите од XI и XII век од јадранската приморска област. И еднокорабната црква со внатрешни пиластри, според типот се доближува до орљанската црква, и се вбројува во стари, преднемањиќски споменици од IX - XI век, со карактеристики на приморските градби. Сроден на нашата црква е и храмот Св. Никола во Шуменик, за кој, и покрај делумна двојба, со право е забележана сличноста со еднокорабните цркви со стеснет впишан крст од XI и XII век од областа на српската приморска област. Еднокорабната црква Св. Богородица на Лим, од средината на XII век, со плитки фасадни пиластри е изградена врз традицијата на предроманичките градби. Датирањето на црквата Св. Дух под стариот град во кај Сталаќ, која има пиластри на надолжните ѕидови, е помогнато со пронаоѓањето на византискиот златник од X век. Плитки пиластри на страничните ѕидови има и старата црква во Липљан подигната врз темелите на византиска градба. За недоволно истражените наведени цркви сродни на орљанската, превладува мислењето дека се изградени од Византијците во XI - XII век.

Споредувањето со сродните градби посочува на плитките пиластри, препознатливи за средновиазантиските градби во балканските провинции, настанале по примери од локалната ранохристијанска архитектура. Плитките неконструктивни лезени наоѓаат свое упориште во јадранската приморска област, каде што рановизантиската традиција е силна, и стануваат препознатливи за романичките градби, вклопувајќи се во општата византиска концепција на храмот. Како такви тие уште во тоа време продирале на просторот на градот Ниш и се придружувале кон тековините на градителското наследство што таму го затекнале. Стануваат дел од декоративниот фасаден систем и во служба се на структуралната обработка на фасадите со проекција на внатрешноста на храмот врз фасадните платна,

со што нивната декоративност уште повеќе се нагласува. Врз основа на наведените примери може да се заклучи дека на орљанскарта црква пиластрите на страничните ѕидови биле лачно споени во форма на четворни прислонети лаци, така како што е обработен и надворешниот лак на апсидата.

Друг архитектонски детаљ на орљанската црква кој заслужува внимание се *нишите* во масата на надолжните ѕидови во внатрешноста на наосот. Нивното присуство е забележано, но не е доволно објаснето. Обидот го направил И. Стевовиќ за кого поголемиот број на забележителните конхи во масата на надолжните ѕидови кај црквата Св. Михаило во Стон, претставува следење на примери од градската катедрала, и кои, според него, потсетуваат на страничните кораби на катедралата, што според нас е изнасилено и неубедливо. Впрочем, и градската катедрала била обновена во XI век врз темелите на рановизантиската базилика.

Потеклото на зголемен број на ниши во западниот дел на средновизантиските цркви треба подеднакво да се бара и во следењето на рановизантиските примери. Потребно е да се разгледа потеклото, времето на настанувањето и функцијата на нишите во ѕидовите на наосот, особено во црквите каде што ги среќаваме во поголем број. Потеклото, настанокот и функцијата на нишите во олтарниот простор е познато.

Откако ѓакониконот и проскомидијата биле преместени од западната страна на црквата до олтарот, се променил и односот кон обичајот на оставање храна на сиромашните, за што служела наменската просторија кај влезот во црквата. Тоа се случило околу средината на VI век.

Институцијата на приложување на намирници аза оние што немаат, во византија била исклучително силна. Како таква не можела да биде заборавена, а компромисот кој би можел да ги ублажи потребите на сиромашните е остварен со вградување ниши во страничните ѕидови на наосот кај помалите цркви, или во западните апсиди доколку тие постоеле. Очекувано е институцијата на оставањето на храна да била силна во Цариград, така што нишите во страничните ѕидови на палеовизантиските цариградски цркви се чести, а тоа е прифатено како препознатлив детаљ на архитектурата на пртестолнината.

Во тоа време, преку следењето на примери од престолнината, нишите во западниот дел на црквата се шират и во провинцијата. Во близина на Ниш, во рановизантиските цркви во селото Рујковац и кај блиската триконхална црква во селото Клисура, зачувани се ниши во западниот анекс.

И во средновизантискиот период присуството на нишите во надолжните ѕидови на црквите упатува на цариградското градителство. Нивното повторно воспоставување во средновизантискиот период се рефлектирало во областа на Ниш преку црквата Св. Јован во Орљане, и подалеку, во Мојсиње, на истовремената црква Св. Никола во Ѓунис. Тоа влијаније се простирало и од исток, преку соседната Бугарија. Добар пример за тоа претставува црквата во селото Виница (кај Преслав) од XI - XII век, со ниши од неконструктивен карактер во наосот и припратата, но и на фасадите. И повторно од запад, каде што во јадранската приморска област во тоа време се среќава поголем број цркви со внатрешни ниќи во надолжните ѕидови на наосот (Св. Иван во Подака, св. Петар на Прико, Св. Михаило кај Стон, Св. Јуре кај Стар Каштел, Св. Томо во Кути) Во приморската област, на помладите споменици од которскиот круг нишите веќе не се појавуваат. Тоа е уште една потврда за двата правци по кои се простирало византиското влијаније врз средновизантиското градителство на Ниш, како и сведоштво за истрајноста на архитектонската традиција.

Благодаренија на сеќавањето на литургиските промени од VI век и незаборавената инститиција на оставање храна за сиромашните, нишите во масата на ѕидовите на наосот на црквите или анексите се зачувале и како такви стасале до нас. И денес, во нишите на селските цркви, во внатрешноста и на фасадата, народот остава вино, погачи, масло, пити.

Црквата во Орљане, цела изѕидана од тула, во едновремените текови на византиската архитектура се вклучува и според начинот на градењето. Димензиите на тулите, со височината и закосеноста на спојниците од малтер, како и со манирот на средновизантискорто градителство на Солун и Цариград (Св. Софија во Солун, Фенери Иса - џамија и Мирелион во Цариград), ја врзуваат орљанската црква за објекти настанати во X и XI век. Во истиот манир, во XI век, била изградена и Латинската црква во Горњи Матејевац и втората фаза на црквата Св. Прокопие во Прокупље. И

понатаму, византиската црква Св. Богородица, покрај реката Топлица, обновена од Стеван Немања, исто така е изѕидана од тули, како и црквата Св. Никола кај Куршумлија, на начин каков што во средината на XI век е застапен во престолнината. Важно е да спомне еден запоставен податок дека во областа каде што превладува камен како градежен материјал, фасадите на црквите, како кај црквата во Паник во јадранската приморска област, се прекриваат со слој од малтер во кој е додадена толчена тула. Така добиената светло црвена боја оддава впечаток каков што оддаваат градби кои исцело се градени од тула, а какви што граделе Византијците во престолнината и на нашите балкански простори.

И на ваков начин, со употребениот градежен материјал и начинот на ѕидањето, почитувајќи го рановизантиското наследство, нишката област се вклучува во тековите на средновизантиското градителство кои превалдувале во XI век.

Сето досега искажано нé обврзува да се вратиме на искажаниот став дека црквата имала купола, така што врз основа на аналогиите и наведените факти треба да се претпостави нејзиниот автентичен изглед. Врз база на просторната организација, структурата, архитектонските детаљи, аналогиите, а со потпирање врз сознанијата до кои историјата на уметноста како наука успеала да дојде, може со сигурност да се каже дека над средишниот травеј постоеола купола. За современата наука добра причина да се претпостави куполата е тоа што средишниот травеј е најголем и при тоа, според основата близок до квадрат. До тоа се доаѓа со споредувањето со едновремените споменици од поширокиот простор на овој дел од Балканот, особено со споемниците од јадранската приморска област.

Според основата, конструктивниот склоп, градителската постапка, црквата во Орљане има најмногу заедничко со блиската Латинска црква во Горњи Матејевац. Дилемата ја зголемиле пиластрите који, на прв поглед, не ја одсликуваат внатрешноста на градбата. Со внимателно посматрање може да се воочи дека лезените се распоредени така што точно го покриваат просторот на средишниот травеј, и на тој начин го одделуваат од другите делови на градбата. Пиластрите, според својата височина и начинот на поврзувањето, можеле уште еднаш да го нагласат средишниот травеј над кој ја имаме претпоставено куполата. Тоа не доведува до заклучок дека

структурата на нашата црква е како и кај куполните цркви настанати во XI век.

Тоа што нема прозорци на страничните ѕидови го поткрепува мислењето дека имала купола низ чии што прозорски отвори светлоста продирала во наосот на црквата. Во спротивно, внатрешноста на црквата би била исклучително темна.

Аритмијата на травеите е најсилниот аргумент со кој располага современата наука, а со кој се потврдува дека над средишниот травеј постоела купола. И наметливиот вертикализам кој произлегува од расчленетоста на фасадите со пиластри ни го открива стремежот на градителот кон височина изразена и преку куполата над средишниот травеј. Со складно поврзаните пиластри во горната зона би се дефинирале структуралните стремежи на градителите.

Сега е возможно да се направи студиска реконструкција на храмот. При то треба, пред сé, да се земе предвид блиската Латинска црква во Горњи Матејевац која е со приближно исти димензии, со иста основа и од ист тип - нејзината "близначка".

Постојаноста на традицијата и согледувањето на развитокот на архитектонските елементи, нé донесе до заклучокот дека орљанската црква настанала на преминот од XI во XII век, во исто време кога настанала и нејзината "близначка" - Латинската црква во Горњи Матејевац.

Ги посочивме старохристијанските корени на фасадниот рељеф согледан во бројот и распоредот на пиластрите. Складната вертикална поделба на фасадата е резултат на почитувањето на внатрешната структура на градбата, како уште еден вид обнова на класичната традиција. Ова го потврдува и намената на внатрешните ниши во масата на надолжните ѕидови на наосот.

Типолошката сличност ја зближила црковната архитектура од јужниот и источниот Јадран со, може да се каже, едновремените континентални делови на Балканот, укажувајќи на заедничките примери во рановизантиското градителство, и подеднкво прифаќање на современите архитектонски форми. Големата разлика во градежните материјали, во приморјето камен, а во внатрешноста тула, е намалена со запоставениот

податок дека градбите од камен често биле малтерисувани со малтер во црвен тон.

Црквата Св. Јован, архитектонски осмислена во форма на стеснет впишан крст со купола, го потврдува двосмерното простирање на градителското влијаније од приморјето кон внатрешноста и во обратен правец, од почитуваните византиски уметнички центри, непосредно и по копнен пат, кон приморските области. Од уметничките центри од исток, до Ниш допираат, и наоѓаат свое упориште, различни архитектонски форми какви што среќаваме и на поширокиот простор на Грција, па и куполни цркви со стеснет впишан крст. Така Ниш, покрај Рас, е уште еден расадник на уметничките достигнувања на Византија кој понудува различни и актуелни архитектонски мотиви на локалното население, кои оттука ќе се рефлектираат во внатрешноста на Балканот, па дури и до далматинскиот брег. Со анализата на заедничките архитектонски елемнти што се покажа како најисправно, се воспоставува врската на Ниш и неговото опкружување со јужните и источните области. Со тоа се потврдуваат наведените културни текови произлезени од слични современи византиски влијанија кои, благодарение на многу почитуваните примери, го обликувале уметничкото творештво и а нишката област.

Почитувањето и прифаќањето на архитектонското наследство е препознатливо за средновизантиските споменици кои во себе ги обединуваат тенденциите диктирани од византиските центри, на чиј што правец на простирање на Ниш му припаѓа забележително место. Видно место во тој процес зазема орљанската црква, и тоа не само во областа на Ниш, туку и на поширокото подрачје обележано со византиско културно влијаније.

За **црквата Св. Пантелејмон во Ниш** знаеме благодаренија на незавршените археолошки ископувања и скудниот пишан извор. Свесни на ризикот како и на значењето, ќе се обидеме да го доловиме нејзиниот некогашен изглед за кој сметаме дека е поинаков од оној предложен од В. Кораќ.

Скудните градежни остатоци на црквата се наоѓаат во градската населба Јагодин Мала, на добро одбрано место од кое се отвора поглед на градот. Постоењето на црквата Св. Пантелејмон, нејзиното значење и

угледот што го имала, но не и точното место каде што се наоѓала ни го открива Стефан Првоовенчаниот. Спорно е и прашањето дали Стеван Немања "ја соѕида" црквата од основа, или пак, само ја обновил старата, како што мислат некои. Ние сме наклонети кон последниот став и врз основа на резултатите од археолошките ископувања.

В. Кораќ доаѓа до претпоставениот изглед на црквата Св. Пантелејмон така што ги игнорира податоците за ранохристијанската базилика (IV/V век) кои што во текот на ископувањата педантно ги забележувал. Обидот да се реконструира ранохристијанската црква го сметаме за особено важен заради познатата наклонетост на средновизантиските градители кон почитувањето на постари рановизантиски цркви. Основата на рановизантиската базилика мора да се земе предвид кога се одредува планот на подоцнежната средновизантиска црква која е изградена врз нејзините темели.

Анализираните резултати од археолошките ископувања упатуваат на ранохристијанска трокорабна базилика со апсида на исток која ја зафаќала речиси целата широчина на средишниот кораб, додека на запад може да се препознае тесна припрата. Како таква, со тесна припрата, таа е најблиска на онаа со мартириум од првата половина на V век. В. Кораќ не се впуштал во изгледот на ранохристијанската базилика. Со тоа нашето размислување кое упатува на постоење на ранохристијанска трокорабна базилика станува значајно во напорите да се разреши изгледот на средновизантиската црква Св. Пантелејмон.

Не земајќи го предвид изгледот на ранохристијанската базилика Кораќ смета дека црквата Св. Пантелејмон може да се реконструира како еднокорабна градба со полукружна апсида на исток, додфека а северната страна ги гледа темелите на правоаголната ниша за кои претпоставува дека припаѓаат на северниот вестибил. Така доаѓа до основата на црквата која се вклопува во групата на познатите најстари заветнини на Стеван Немања, Ѓурѓеви столпци и особено, во схемата на основата на црквата Св. Богородица во Студеница. На таа замисла сé ѝ е подредено, така што настрана се оставени констатираните ѕидови на ранохристијанскиот објект чие што присуство морало да има значење за изградбата на средновизантиската црква.

Откако го завземал Ниш Стеван Немања изградил црква врз темелите на рановизантиската црква, што за него било вообичаено. Дали на тоа треба да се гледа како на обнова или како на ѕидање на нова црква, зависи од затекнатиот степен на зачуваноста на старата трокорабна базилика. Со сигурност се знае дека средновизантиските градители ги доградиле ѓакониконот и проскомидијата лево и десно од апсидата, што проф. Кораќ го констатирал и со тоа им обезбедил место во предложената идеална реконструкција на основата на црквата. Од друга страна, тешко е да се согледаат материјалните траги што би го потврдиле постоењето на страничните певници кои водат потекло од малите влезни вестибили како препознатлива особеност на времето на Немања и Рашката стилска група, јасно согледлива на Студеница на која, според Кораќ, најблиска ѝ е црквата Св. Пантелејмон.

На мислење сме дека црквата на Немања ја задржала формата на ранохристијанската трикорабна базилика со тесна припрата на што нè упатува и распоредот на гробовите.

Спротивно од тоа, др Кораќ претпоставува дека Немања градел на за него карактеристичен начин. Така е проектирана примамлива замисла која што се вклопува во добро познатиот архитектонски концепт на градителството на Немања и рашката стилска група. Така осмислената реконструкција на основата на црквата Св. Пантелејмон не се базира врз убедливи материјални докази, ниту пак врз аргументирана градителска логика.

Сметаме дека почитувањето на ѕидовите на ранохристијанската трокорабна базилика, можеби пред тоа обновена од Византијците, заедно со распоредот на средновизантиските гробови во внатрешноста на црквата, се поубедливи аргументи до кои се држеле градителите на Немања кога ги доградиле ѓакониконот и проскомидијата. Сега можеме да заклучиме дека црквата Св. Пантелејмон била во форма на трокорабна базилика со широка полукружна апсида фланкирана со ѓакониконот и проскомидијата и со тесна припрата на западната страна. Како таква таа најмногу наликуввала на истовремената црква Св. Прокопие во Прокупље.

Во одредувањето на обемот на работите на црквата што ги превземал Немања, треба да се земе предвид неговиот краток престој во Ниш, но и

објективните политички околности од кои, без сомнение, зависела и градителската активност. Врз основа на резултатите добиени со археолошките ископувања, сметаме дека Немања изградил нова црква врз темелите на рановизантиската базилика. Доколку темелите на ранохристијанската базилика врз кои што тој изградил црква биле ниско зачувани, тогаш формулацијата на Првоовенчаниот се покажува точна: *"и на кој и храм му сoѕида"*. Немања можел да интервенира на црквата Св. Пантелејмон во период од 1185 до 1190 година.

Да наведеме уште една непозната која досега не била разгледувана од истражувачите. Не може, а да не се забележи дека Првоовенчаниот не ја спомнува познатата катедрална црква Св. Прокопие каде Што сеуште поживале моштите на великомаченикот, а ја наведува досега непознатата црква Св. Пантелејмон. Зошто Немања градел нова црква, а го игнорирал присуството на видниот храм со моштите на св. Прокопие? За ваквата постапка на побожниот Немања тешко може да се најде оправдување, но можно е да се разгледа неговиот неочекуван потег.

Ретко и се спомнува, а тешко е и да се поверува дека податокот кај Првоовенчаниот дека по освојувањата Немања од Ниш не останал ни камен врз камен, се однесува и на епископската црква Св. Прокопие. Старото седиште на епархијата со епископот останало недопрено и тоа се спомнува во 1203 година. Уште потешко е да се замисли Немања да ја дарува црквата на градот што го освоил без поддршка од епископот, а ниту можел во поголем обем да интервенира врз градба која не била оштетена. Од тие прижини тој се одлучил за обемни градежни работи на новата црква, можно е и со нова посвета. И местото на кое што таа се наоѓа, наспроти и во видокругот на црквата Св. Прокопие, не е случајно одбрано.

Немања истото го направил и со исто така стариот епископски центар при манастирот Св. Петар и Павле (Петрова црква) во Рас. Уште додека Рас бил потчинет на Охридската архиепископија, во 1171 година, Немања ги изградил Ѓурѓевите столпци на височинката наспроти старата Петрова црква која и понатаму била во функција. Таква, условно кажано конкуренција, тој можел да има на ум и во Ниш кога наспроти активниот и раскошен манастир Св. Прокопие, кој не го разурнал, а при кој и понатаму столувал грчки епископ потчинет на Охридската архиепископија, ја

изградил црквата на Св. Пантелејмон. Мислиме дека тоа е причината што, како и во Рас, во друштвото на споменатите видни христијански светости ја нема познатата црква на Св. Прокопие. Намерата на Немања била да им конкурира на грчките епископи и да ја тргне настрана Охридската архиепископија, можеби како прв чекор кон државната и црковната самостојност.

Во средновизантискиот период во Ниш се градат и храмови со поинаков склоп, акко што е трокорабната базилика на Св. Пантелејмон. Тоа е време кога Цариград ја напушта "старинската" базилка, а централниот тип на куполна градба превладува во Византија. Во балканските провинции со силно и сеуште видливо архитектонско наследство, базиликата не била во потполност напуштена. На импозантните размери на базиликите се восхитувало локалното население разбудувајќи ги во нив сеќавањата на славните времиња во минатото. Како намерата на владетелот да била со изградба на застарениот тип на градба дасе спореди со славниот Јустинијан.

Во XII век во Ниш попрво можела да биде обновена импозантната рановизантиска базилика отколку од темели да биде изграден нов храм, како што често се толкуваат зборовите на Стефан Првоовенчаниот. Со о9бновувањето на старата базилика, Немања се истакнал себеси како верник кој ја почитува византиската традиција и ги истакнал своите заслуги како голем владетел кој ќе ги обнови некогашните славни времиња. Сето тоа без актуелната црковна власт олицетворена во катедралната црква Св. Прокопие за која што новоизградениот Св. Пантелејмон претставувал конкуренција и навестување на посакуваната црковна и државна самостојност.

Триконхалната основа на **црквата Св. Јован над Горњи Матејевац** претставува уште една застарена форма на градба која во средновизантискиот период ретко се среќава. Потеклото, датирањето и архитектонскиот склоп на овој тип цркви отвора пред истражувачите прашања од кои многумина не се доволно разрешени.

Триконхалната основа на црквата Св. Јован е составена од наос близок до квадрат кој ги обединува трите полукалтно засводени конхи меѓусебно споени без вообичаениот премин "на рамо". Конхите на

певниците се помали и сразмерни, додека апсидата е подлабока, во форма на потковица и широка колку и наосот. Наосот е разделен на два травеи-западниот кој е потесен и источниот кој ги вклучува сите три конхи. Црквата денес е засводена со надолжен полуобличест свод кој се потпира на странчните прислонети лаци потпрени со масивни пиластри кои можеле да држат купола или слепа калота.

Накосо поставениот јужен ѕид остава отворена можност врз него да бил прислонет параклис. Кај едновремените цркви од старинскиот триконхален план, забележан е развиток на мали странични параклиси покрај припратата. Такви цркви со иста основа се Св. Роман во Ѓунис кај Ражањ каде што е гробницата на св. Роман, црквата Успение на Богородица во Мртвица и таа на Старчева Горица. Кон оваа група, најверојатно, припаѓа и Св. Јован во Горњи Матејевац.

Нашето внимание ја заслужува и старинската форма на стеснетиот триконхос на црквата Св. Јован. Како таков тој претставуваодделна варијанта на едноставен тролист кој заради недостаток на источен травеј и испусти се оддалечува од моравската група на споменици и се доближува до средновизантиското градителство.

Наједноставната форма н аархаичниот тролист се огледа во идентичните конхи. Вака едноставно решена основа има црквата во Плиска и на Горица покрај Охрид, двете од X век. Редуцирана варијанта среќаваме кај едновремените цркви во Приморје: црквата под утврдениот град Дриваст покрај Скадар, црквата Св. Никола кај Нин и Св. Кершеван на Крк. Овие цркви настанале во почетокот на XII век. Кон низата на сродни триконхални основи се придружува и црквата Св. Јован кај Затон на Лим. И нивната појава во Дукља, сосема оправдано, се врзува за работата и угледот на христијанските мисионери Климент и Наум и нивните ученици.

Кај сите наведени цркви конхите се во форма на правилен лак и со ист дијаметар, обединети околу квадратниот простор кој на западната страна има правоаголно поле. Над средишното квадратно поле се издига купола потпрена на трите полукалоти на конхите и еден полуобличест свод. За тие во Приморје се смета дека водат потекло од предроманичката архитектура и постарата рановизантиска архитектура. Дека последново е точно покажува и наведената сличност на охридските цркви со црквите во

Приморје. Почитувањето на рановизантиската традиција и континуитетот на градителството е она што ги обликувало средновизантиските градби и ги зближило црквите од Грција, Бугарија, Македонија, Србија и Приморјето. Блискоста на црквите со основа во форма на архаичен тролист прв ја согледал Г. Мије кој констатирал дека овој тип на цркви е во тесна врска со оние о Приморјето.

Истиот тип на архаична основа претставува одделна варијанта благодарение на поголемата и понагласената апсидална конха. Карактеристичната развиена олтарска апсида со елипсеста или потковичеста форма, ја среќаваме кај црквите кои и понатаму немаат источен травеј, а за истражувачите се со невообичаена основа и сите без точна датација. На сите нив им е заедничко тоа што се обновувани во поствизантискиот период, од XV до XVII век.

Таква е црквата Св. Илија во градот Тетевен (бугарија) од XVII век, а нејзиниот постар, наречен "специфичен", триконхален дел се споредува со црквата од X век во Плиска.

Архаичниот триконхос во варијанта на нагласена апсида почесто се среќава во Србија. Црквите се обединети не само според архитектонските форми, туку како кај Св. Илија во Тетевен и со слична историја. Според типот на основата со потковичеста апсида, големината и внатрешниот склоп, на црквата во Матејевац ѝ е блиска црквата Успение на Богородица во Мртвица, датирана, би кажале по автоматизам, во крајот на V или почетокот на VI век и обновена во почетокот на XVII век. Таква е и црквата на Старчева Горица чие што датирање (1373 - 1378) и вбројување во моравската група на споменици од страна на др Милоје Васиќ, не би требало да се прифати како точно. За црквата на манастирот Брадача веднаш било забележано дека има невообичаена основа и дека е од особен интерес за науката, (условно е датирана во XIV - XV век). Св. Роман не се разликува од наведените цркви над кого се издига куполата. За него, со право, е забележано дека е осмислен под влијаније на охридските триконхоси (В. Кораќ и В. Ѓуриќ) што се врзува за активноста на св. Климент Охридски и, уште поблиску, со активноста на св. Роман како негов ученик. Кон групата на архаични триконхоси припаѓа и црквата Св. Јован во Горњи Матејевац со

еднакво масивните пиластри што можеле да држат купола, исто како и кај наведените цркви.

Јасно видливото двоумење кај истражувачите кои овој “редок и невообичаен” триконхален план некогаш го нарекуваат “специфичен” (Ѓ. Бошковиќ), некогаш “споени конхи” (Н. Чанева - Дачевска), или само “едноставен план” (В. Ѓуриќ), ја покажа неопходноста од поблиско дефинирање на оваа варијанта на триконхалната основа. Затоа е потребно, покрај согледувањето на потеклото и простирањето, тие да се издвојат во одделна група во рамките на која се препознаваат две варијанти. Нејзиното рано појавување, во времето на Јустинијан, било повод “старинскиот” триконхос да го наречеме “архаичен тип”. Она што го прави особен е:

- Недостаток на травеј помеѓу олтарната апсида и певницата.
- Конхите се прелеваат една во друга без да има преодни партии.
- Сите три конхи се однадвор и одвнатре полукружни.

Од архаичниот тип на триконхос можат да се одделат две варијанти што се разликуваат според големината и формата на апсидалната конха:

I Сите три конхи се правилни полукружни и со ист дијаметар.

II Конхите на певниците се со иста форма и ист дијаметар, а апсидалната конха е поголема и издолжена (потковичеста).

Со одделувањето на оваа форма на триконхалниот план како архаичен тип, намалена е дилемата и олеснета е понатамошната работа врз неговото поблиско дефинирање. Во предложената поделба на архаичните триконхоси црквата Св. Јован ѝ припаѓа на II варијанта.

Изградбата на црква та со архаична триконхална основа во Ниш треба да се поврзе со почитувањето на рановизантиската традиција и влијанието на охридското архитектонско наследство. Се смета дека овој тип на основа води потекло од исток и се знае дека силно се зацврстил во рановизантиското градителство, така што често и по автоматизам во него и се вбројува. Се заборава дека во IX и X век исто така бил прифатен и од словенските мисионери околу Охридското Езеро и од светогорските монаси. Веќе во X и XI век тој оттаму се шири во Бугарија, Грција, Македонија, во Приморјето и во Србија. Појавата на застарената форма во провинција и нејзиното прифаќање од монашките заедници, Краутхајмер го објаснува

како резултат на конзерватизмот и спротиставувањето на елитистичката архитектура во средиштето на царството.

Со воспоставувањето на византиската власт Ниш станува позначаен за византиската држава и Охридската архиепископија. Во XII век, околу 1163 година, во Нисос престојува охридскиот архиепископ Јован, роднина на царот Манојло. Видовме дека тој бил единствениот што можел да влијае на царот Манојло да ја врати раката на св. Прокопие во Ниш. Исто така, треба да се претпостави посредно или непосредно влијание на архиепископот Јован врз обновата на старите и изградбата на новите цркви. Архаичната триконхална основа на црквата Св. Јован кај Горњи Матејевац упатува на влијанието на охридското архитектонско наследство, токму како и црквата Св. Роман во Ѓунис со ист архаичен триконхален план, при што треба да биде спомнат традиционалниот локален конзервативизам, како и желбата на градителите да се оддалечат од елитистичката архитектура која преовладувала.

По прекинот од речиси три века, на ваквото архитектонско наследство се надоврзува ***поствизантиското градителство*** создадено во околностите на целосното ропство под Турците.Скромниот изглед и мали размери на црквите укажуваат на историските околности во кои што биле подигани, додека архитектонските форми сеуште го чувале сеќавањето на старите и видни византиски цркви.

Архитектонските форми и градителската постапка на манстирската **црква Св. Ѓорѓи кај селото Каменица** е сведоштво за тоа каде и како се градело во првите децении од окупацијата. Изградена е во втората половина на XV век, веднаш под римскиот водовод и со користење на античкиот градежен материјал и ранохристијанската и византиската архитектонска пластика, Археолошките ископувања констатирале ѕидови на скромна црква со полукружна апсида и тесна припрата.

Едноставните архитектонски форми, скромни размери и неукоста на градителите стануваат дел од градителската традиција од времето кога османлиската сила била најсилна. Новонастанатите околности ја условиле градителската дејност во областа на Ниш во следните три века.

Токму таква е единствената во целост зачувана **црквата св. Богородица во манастирот Сиќево** од 1644 година. Со своите архитектонски форми таа го открива континуитетот на градителството од средновизантискиот до поствизантискиот период.

Црквата Св. Богородица е не многу голема, еднокорабна градба со полукружна апсида на источната и истовремена и, на овие простори ретка, доцновизантиска отворена троаркадна припрата на западната страна, каква што е вообичаена на грчките острови. Засводена е со полуобличест свод кој лежи на страничните прислонети лаци потпрени на пиластри.

Како таква, стручните кругови одвај ќе ја забележаа, но по должината на внатрешните страни на бочните ѕидови се наоѓаат, за овој период ретки, прислонети лаци. По должината на северниот и јужниот ѕид во нартексот постои по еден, а во наосот по два пара прислонети лаци. Така наосот е поделен на два травеи со нееднаква големина. Западниот травеј е помал, а источниот со својата должина и начинот на кој што е решен прислонетиот лак изгледа како да е предодреден за уште еден. Тој третиот, непостоечкиот травеј, се насетува во идејата од која бил раководен градителот кога го осмислувал храмот. Со тоа црквата Св. Богородица се одделува од сродните градби на тоа време.

Градби со ваков архитектонски склоп најчесто имаат прислонети лаци ана надолжните ѕидови, така што формираат три асиметрични травеи од кои средниот, по правило, е поширок. Асиметричниот ритам на травеите е земен како основа за тврдењето дека како пример за црквите од овој тип од XV - XVII век, на подрачјето на старата Херцеговина, служеле византиските еднокорабни куполни цркви од XI и XII век распространети во српската приморска област.

Постоењето на градби со прислонети лаци во околината на Ниш може да се објасни со користење како пример на блиската Латинска црква во Горњи Матејевац од XI - XII век, кој припаѓа на групата еднокорабни куполни цркви по потекло од Византија. Старата Латинска црква можела да се искористи, слично како и оние во приморската област, како пример за градителите на црквата во манастирот Сиќево, чиј што внатрешен склоп го открива далечното сеќавање на оваа градба.

Отворено е прашањето зошто градителот се определил за два, а не за вообичаените три пара прислонети лаци. Со тоа наосот е разделен на два травеи со нееднаква големина. Сепак, левата и десната половина на прислонетиот лак да се затворела онака како што треба да се очекува, структурата на градбата по должина би била означена со три, сега еднакви полиња. Така градителот, некаде во идејата, го зачувал сеќавањето на три травеи како дел од знаењето исткаено од богатото византиско архитектурно наследство.

Од дрга страна, малите размери и едноставната градителска постапка, без позначајни архитектонско - декоративни детали, припаѓаат на нестабилните времиња. Сиќевачката црква Св. Богородица ја граделе локалните мајстори со солидно занаетчиско искуство, на кои не им било непознато архитектонското наследство на нишкиот регион и балканот.

## VIIIa/1 - ЗАКЛУЧОК

Спомениците од средновизантискиот период на културниот простор на градот Ниш се значајни од една страна како упориште и "јазол" на византиската провинциска архитектура каде што се вкрстувале и од каде што во внатрешноста на Балканот се ширеле мотиви слични на оние од силните уметнички центри, додека во исто време тие се и основа врз која се потпирало и се развивало подоцнежното српско средновековно градителство. Истите тие мотиви, но со поинаков начин на градење и поинаква основа, не биле заборавени ниту во поствизантискиот период, и во иста мерка го претставуваат битот на архитектонското творештво на просторот на градот Ниш, а кое што е неделливо од црковното градителство од поширокото опкружување и просторорт на Балканот.

Средновизантиските еднокорабни и еднокуполни цркви од XI и XII век на територијата на Ниш се значајни за исправното согледување на потеклото и простирањето на ваквиот архитектонски план. Нивното присуство во приморските области е објаснето со потеклото од јужноиталијанските области, додека, занемарувајќи ги црквите од областа на Ниш, се дошло до заклучок дека "во областите на непосредниот допир со

византиската држава нема слични градби" (В. Кораќ). Токму таква е областа на Ниш, чие што средновизантиско архитектонско наследствова во целост го демантира.

Највидните и најзачуваните средновизантиски цркви на Ниш, Латинската и орљанската, останале на маргините на интересот на истражувачите и покрај тоа што се познати на потесниот круг на стручни лица. Како такви тие се добра причина да се постави прашањето за потеклото на овој тип градби низ согледување на корпусот на познатите објекти. Методологијата која што преку единечни објекти доведува до согледување на целината чии што траги се скромни, во моментов ни се гледа како единствено можна.

За генезата и развитокот на цркви со варијанта на стеснет впишан крст со купола малку е пишувано за разлика од монументалните цркви во форма на слободен впишан крст за кои што истражувачите покажале поголем интерес. Се чени дека основата води потекло од "компактните куполести базилики" од подоцнежниот период на владетелството на Јустинијан и продолжува да живее во текот на целиот среден век, особено одбележувајќи го средновизантуискиот период. Виталноста на овој архитектонски концепт византиското градителство го покажува и покрај одредени измени во неколкумина најпознати византиски цркви: црквата Кимисис во Никеа, Св. Софија во Солун, Календер - џамија и Ѓул - џамија во Цариград.

Приоритетот на Цариград или, можеби на провинциите во настанувањето на овој тип градби сеуште не е потврден. Секако дека престолнината морало да дала извонредни примери на цркви со крстесто - куполен план. Дека така и било кажува и восхитеноста на руските посетители на цариградските цркви со токму таква форма, која подоцна, во XI век била повторувана кај најсвечените храмови низ целата Русија. Во обидот да се најде одредена предлошка за градбите во форма на впишан крст од средновизантискиот период, прво се помислува на црквата Неа Мони на островот Хиос (1043 - 1056).

Сепак, можеби можат да се дефинираат и како еднокорабни засводени градби со купола на средината, или, благодарение на пиластрите кои се потпираат на надолжните ѕидови таа добила правоаголна основа од

типот на стеснет впишан крст со купола во средината. Тоа ни овозможува полесно да го определиме нејзиното место во византиската провинциска архитектура со намалени можности. Можеби нејзиното потекло во провинција, или поточно кажано, начинот на кој размислувал архитект со поскромно занаетчиско знаење кое секогаш е тесно поврзано со материјалните мочности, треба да се бара во базиликата со купола од која е одделена централната црква со куполниот дел. Тоа е изведено со едноставна градителска логика, со просто поместување, поточнио кажано стеснување на надворешните ѕидови на страничните кораби до централниот кораб и нивното прислонување до средишните пиластри. Така некогаш слободните столбови што ја носеле куполата се трансформирале во пиластри со иста задача. Оттаму и нејзиниот точен назив "стеснет впишан крст со купола" кој го открива и нејзиното потекло. Зошто во науката, овој добро поставен факт со време бил изземен, останува непознато. Ваквата логична трансформација е забележана како можна единечна "мутација" (В. Кораќ), од што произлегува дека овие групи градби од типот на стеснет впишан крст со купола се случајни "мутанти", без генеза, без развиток и без патишта на простирање, што е тешко да се прифати.

На тој начин таа го задржала сеќавањето на славните византиски градби какви што во средновизантискиот период во Цариград ги имало во изобилство, и си го обезбедила местото и правците на развитокот на архитектурата на овие простори.

Во Грција во текот на X век се прифатени градби од типот на впишан крст со купола. Стеснетиот впишан крст кој произлегол од овој план, е настанат нешто подоцна, околу XI век, при што најрано го прифатиле грчките острови и провинцијата. Како претставник на провинциската архитектура, развитокот на нејзините форми треба да се бара во исто така провинциската архитектура. Добар пример за таквото размислување е најстарата црква на "провинциската" архитектура во Бугарија, св. Јован во Месевриа (X век) од типот на впишан крст со купола. Ако нејзиниот едноставен трокорабен наос го збиеме до ѕидовите на странижните кораби, ќе добиеме уште поедноставна концепција чија што структура и понатаму останала "провинциска". Можеби токму поради тоа во Цариград, како источник на архитектонските детаљи кои ја создаваат, не е зажувана ниту

една црква со стеснет впишан крст какви што среќаваме ширум провинциите, па и во Ниш.Сепак, со малку повеќе напор, ехото од овој тип на градби може да се согледа во структурата на цариградската црква на Хрситос Хора (Карие џамија) од почетокот на XII век, со наос наткрилен со купола. Правоаголниот простор е формиран од масивни ѕидови до кои се прислонети пиластри со лаци врз кои лежи куполата. Ова е единствениот пример низ кој може да се согледа сеќавањето на црква со стеснет впишан крст какви во Цариград, без сомнеж, ги имало многу повеќе, а чии што реплики ги среќаваме во провинциите.

Како што на базиликата со купола, со исчезнувањето на ѕидовите помеѓу средниот и страничните кораби, се надоврзува храм со впишан крст со куопла, сега на слободни столпци, така со доближувањето на надворешните ѕидови на страничните кораби кон средишниот, од овие градби се формираат цркви со стеснет впишан крст на чии што пиластри прислонети на поместените ѕидови на страничните кораби лежи куполата, така што може да се сметаат за тип изведен од слободниот впишан крст со купола. Така било дојдено до градба со правоаголна основа, со пиластри прислонети на подолжните ѕидови,а кои ја носеле куполата. Куполата го завзема средишниот простор, на местото каде што кај црквите со слободен впишан крст се вкрстуваат полуобличестите сводови.

Така било дојдено до помали градби со репрезентативен изглед на кој се согледува трансформацијата на престолничкиот слободен крст со купола. Како таква, зачувувајќи ги контурите на репрезентативна градба, таа, со многу помали вложувања, потсетувала на славните престолнички храмови и во потполност ги задоволувала потребите на култот, па затоа е разбирливо што провинцијата која е со ограничени материјални можности ја прифаќа. од тоа произлегува дека црквите со стеснет впишан крст, помлади од црквите со слободен впишан крст со купола, се производ на средновизантиската архитектура. Така е формиран нов тип на храм кој условно може да се нарече “провинциски” бидејќи се вклопува и надоврзува на водечките текови на византиската архитектура и всушност, се потпира врз традицијата преку базиликалната градба со купола и развиениот впишан крст со купола. Вака може да се објасни потеклотио, причината за создавањето и местото на градби од типот на стеснет впишан крст со купола

во историјата на византиската архитектура. Тоа што е провинциско се препознава во почитувањето на локалната традиција која своето место го нашла во современите архитектонски достигнувања на византиското градителство.

Почитувањето на традицијата се согледува и во симболиката на квадратниот средишен простор со купола, со што храмот станува imago mundi. Уште од времето на раното христијанство квадратот ја претставува земјата наспроти која е небеското царство симболизирано од кругот и калотата на куполата. Неговото широко прифаќање во провинциите го гледаме и во симболиката на Космосот и целата Вселена, што одговарало на општата состојба на духот во историскиот момент кога византиската власт се враќала на историската бина на старите балкански провинции. Спомениците од оваа група одиграле важна улога во процесот на хеленизацијата на Ниш и неговото опкружување.

Црквите со едноставна основа, скромни димензии и исклучително хармонични форми не биле предмет на поголем интерес и продлабочени анализи на истржувачите. Оддалечини од престолнината и во многу поскромни материјални услови, тие, се чини, биле дело на градители од Цариград или Солун, но биле и резултат на барањата и можностите на локалните нарачатели.

Потребата и желбата да се градат куполни градби и тогаш кога материјалните можности тоа одвај го дозволувале, се наоѓа во симболиката на куполата која што за христијаните го претставува небесниот свод - небесното царство. Затоа е разбирливо појавата на впишан крст со купола да се поврзува за издвоени концентрирани монашки средини во рамките на манастирскиот комплекс.

Како што архитектурата на подрачјето на Грција во XI век се развивала под влијание на престолнината, така нејзиниот креативен потенцијал се препознава во далечната провинција на која ѝ припаѓа и Ниш. Од куполата, преку рељефните украси во камен и тулата на фасадите, ѕидањето по cloisonné системот (хоризонтални редици клепан камен врамен со тули) кој задолжително се среќава на градбите од XI век, како и согледувањето на внатрешната структура на градбата на фасадите.

Со својот распоред на височинките околу градот тие откриваат дека биле во служба на организираната духовна и културна работа, втемелувањето на христијанството и општата византинизација на населението.

Градежните влијанија доаѓале на овие простори и преку јадранското крајбрежие и непосредно од исток по копнен пат. и едните и другите ги носеле со себе општите типски сличности, византискиот концепт и византискиот начин на градење кој бил некогаш помалку, а некогаш повеќе видлив. Локалните градители од тоа време во двете виделе типични византиски градби и подеднакво превзимале елементи што им припаѓале на византиското градителство и нивното познавање. Ваквата градителска традиција и видливото пожитување на архитектонското наследство од своето опкружување го препознаваме и на средновизантиските споменици збогатени со современи достигнувања. И сега, како и во рановизантискиот период, тие се резултат на влијанијата кои зрачат од видните византиски центри. Во правците на нивното простирање градот Ниш има важно место. Воспоставената врска со спомениците од приморската област наоѓа свое оправдување во подоцнежното српско градителство, кога византиските и романичките елементи се среќаваат во прославените храмови на рашката стилска група. Во времињата што доаѓаа, од XI до XII век, овој тип на градби ќе трае, како во својата изворна и инспиративно разработена, така и во сведената форма која го зачувала сеќавањето на овие видни и широко прифатени градби. Не може да се рече дека биле прототип, но секако дека биле пред очите на градителите кои како рашка стилска група ќе ја прослават српската архитектура.

Во ланецот на византиско - српските влијанија, Латинската и Орљанската црква, како ретко зачувани градби, завземаат вачно место. Изградени во најдобрите традиции на византиското градителство, со складни пропорции и благородни до совршенство едноставно форми, тие станале нераскинлив дел од знаењето на подоцнежните градители.

Во средновизантискиот период во Ниш се градат и храмови со поинаков склоп, како што е тоа трокорабната базилика Св. Пантелејмон, изградена врз темелите на рановизантиската назилика. Како трокорабна базилика, најверојатно, изградена е и катедралната црква на св. Прокопие,

исто така во согласност со постариот пример над кој се издигнувала, слично како базиликата во Прокупље или црквата Св. Софија во Охрид.

Тоа е времето кога Цариград ја напушта базиликата,а централниот куполен тип на градби превладува во Византија. Сепак, во балканските провинции каде што рановизантиската традиција била силна, базиликата не била сосема напуштена. Потребата од нивното градење може да се најде во намерата на владетелот и црковните власти со импозантните размери на базиликата да го импресионира тукушто покрстеното население. Причината за повторното враќање кон, во тоа време, застарениот тип на градба, може да се објасни и со намерата на владетелите да се споредат со славниот Јустинијан, за што Немања имал добра причина.

Во тоа време во Ниш е застапен уште еден старински архитектонски план на градби каков што е стеснетата форма на триконхосот на црквата Св. Јован над Горњи Матејевац. Едноставната форма на триконхосот, заради недостаток од источниот травеј, а со тоа и од “рамени” испустите се оддалечуваат од моравската група на споменици и се доближува до средновизантиското градителство. Како таков тој истражувачите ги оставал во дилема и по однос на датирањето и во поглед на поблиското дефинирање на планот.

Се знае дека потекнува од исток и дека бил прифатен во рановизантиското градителство, особено во времето на Јустинијан, па со причина надвладеал ставот дека треба да се датира во VI век. Речиси да е заборавено, или ретко се зема предвид фактот дека во IX и X век, исто така бил прифатен и од словенските мисионери околу Охридското Езеро и од светогорските монаси. Од овие простори во текот на IX и X век се шири во Бугарија, Грција, Македонија, во Приморјето и во Србија. Појавата на застарената формана планот на градбите во провинцијатанајжесто во манастирските комплекси е објаснета како еден вид на конзервативизам и спротиставување на елитистичките градби во средиштето на царството.

Со намера да се намали дилемата околу датирањето и дефинирањето на архитектонскиот план, овој вид на триконхос типски е издвоен како архаична форма. Наведените особености јасно го одделуваат архаичниот тип на триконхос од моравските споменици. Согледувањето на неговото потекло упатува на влијанието на охридското архитектонско наследство врз

средновизантиското градителство на Ниш. За такво нешто, покрај архитектонската форма за која што видовме дека е постојана, најдовме оправдување и во историските прилики, особено во фактот дека охридскиот архиепископ Јован престојувал во Нисос. Неговото присуство се одразило, покрај другото, и врз црковното градителство на Ниш и неговата околина.

Поствизантиското црковно градителство на нишката област не е доволно истражено. Единствен комплетно зачуван споменик е црквата на Богородица во манастирот Сиќево. Разгледувањето на архитектонските форми на црквата беше возможно благодарение на досегашните сознания за црковното градителство на Ниш и со потпирање врз публикациите кои што се занимаваат со поствизантиските споменици од подрачјето на Пеќската патријаршија и овој дел од Балканот. Така ги констатиравме наметливо складните размери на основата на црквата, урамнотежените пропорционални односи на градбата и, за разлика од сродните цркви, точно оформена и сразмерна апсида. Сето тоа ја доближи нашата црква кон помалите гробјански цркви какви што среќаваме во источниот дел на Пеќската патријаршија. Она што црквата Св. Богородица ја одделува од другите се, во тоа време не така чести, прислонетите лаци по должината на внатрешната страна на бочните ѕидови врз кои се потпира полуоблиот свод. Уште поредок е начинот на кој се изведени прислонетите лаци така што формираат два травеи.

Како што градителите во старата Херцеговина и Босна од XV до XVII век барале урнеци во средновизантиските еднокорабни цркви, така и истовремениот градител на црквата на Богородица го водела истата идеа. Систематските истражувања на црковното градителство на јужната, југоисточната Србија и западна Бугарија би можеле да потврдат дека изложените принципи биле прифатени од поствизантиските градители во овој дел од Балканот. Како такви тие заслужуваат да бидат издвоени во одделна целина, но тоа излегува од рамките на овој труд.

Можеме да заклучиме дека во средновизантискиот период преку Ниш се простираат архитектонски форми кои во тој момент превладуваат во видните уметнички центри на царството. Актуелните достигнувања на византиските градители, покрај потпирањето врз затекнатото архитектонско наследство, се зацврстуваат во Ниш. Архитектонските

мотиви блиски на тие од престолнината по нажинот на градењето, но понекогаш поинакви во планот, се шират во внатрешноста на континентот. И од другата страна, од јадранската приморска област до Ниш доаѓаат византиските архитектонски мотиви, но и романижки елементи кои потоа биле пред очите на подоцнежните градители на прославените цркви од рашката стилска група. Уште подоцна, во длабоката темнина на поствизантискиот период, се градат храмови со архитектонски форми кои што го кријат далечното сеќавање, на овие, за христијаните посреќни времиња. Во сега нестабилните материјални прилики, видните стари градби биле пред очите на градителите и новите ктитори. Се градат поскромни и поедноставни храмови кои ја зачувуваат основната форма на стеснет вписан крст со купола со прислонети лаци како далечно сеќавање на византиските куполни храмови.

На тој начин се согледува истрајноста на рхитектонските форми и континуитетот на градителството на градот Ниш од XI до XVII век.

## VIIIб - ЗА ЅИДНОТО СЛИКАРСТВО

Фреско декорацијата зачувана врз ѕидовите на доцновизантиските и поствизантиските цркви во Ниш, и по својата мала зачуваност, уште еднаш ги отсликува бурните времиња низ кои што поминал градот. Неколку фрагменти доцновизантиско сликарство и многу повеќе од поствизантискиот живопис се зачувале до денес. Колку и да била скромна зачуваноста на живописот, без тоа развитокот на српската, но и на балканската историја на уметноста би бил закочен, оставајќи зад себе празен простор во творечкиот континуитет на поширокиот простор на Балканот во временски период од XV до средината на XVII век. Тоа е времето на последниот процут на старото српско сликарство, преку кризата одбележана со недостаток од сликарски остварувања, заклучно со јасното сведоштво на повторно воспоставената уметничка активност обележана со континуирано опаѓање на ликовниот квалитет кој во себе сеуште го чува сеќавањето на славното време на средновековното уметничко творештво на Србија и на Византија.

Единствените фрагменти од доцновизантиското сликарство во областа на Ниш се откриени во **црквата Св. Јован во селото Орљане**. Овие остатоци од фреско декорацијата се од особена важност за целосно согледување на простирањето на уметничките влијанија и формирањето на целосна слика на развитокот на сликарството на подрачјето на градот Ниш.

Денес се видливи три медаљони со допојасни претстави на светители, од кои со сигурност може да се прочита само св. Спиридон, единствен од дванаесетте свети оци учесници на Васеленските собори. Тука, на триумфалниот лак, како под сводот во олтарот на Сопоќани, тие со местото се обединети и идејно здружени во борбата за чистотата на верата.

Зачуваната орнаментика ја открива наклонетоста на уметникот кон овој вид украс. Тој "раскошен византиски стил" се протега дури до XV век, а својата полна кулминација кај нас ќе ја доживее во спомениците на Моравската Србија. Токму наклонетоста кон декоративноста е препознатлива и во орљанските остатоци од живописот, со што тој се доближува до моравското сликарство. Тука, далеку на југ, во кланецот на реката Јужна Морава, на орљанскиот живописец не му биле непознати делата на моравските уметници.

Зачуваните натписи се испишани на српски јазик, со кратенката (СТI),која е честа во српското средновековно сликарство. Кратенката така се испишува и во областите од поширокото опкружување на Ниш, односно во Бугарија, Македонија и западна Србија, а така педантно најчесто е испишувана во XIV и првата половина на XV век.

Општиот сликарски третман на фрагментите се гледа во јасниот цртеж, сигурната линија, светлите бои, стилизираните растителни орнаменти околу медаљоните и со јасно настојување кон декоративноста и пополнување на празниот простор. На тој начин орљанското сликарство се потпира врз моравскиот сликарски круг и со педантно испишаните букви временски може да се определи во крајот на XIV или почетокот на XV век, кога, покрај другото, историските прилики во државата на кнез Лазар тоа го дозволувале.

По ѕидното сликарство во црквата Св. Јован во Орљане настапува затишје од речиси два века. Дури на преминот од XVI во XVII век,

недвојбено благодарејќи на обновената Пеќска патријаршија и активноста на патријархот Пајсие, видлива е сликарската активност во нишката област. Се осликуваат манастирските цркви низ селата, но и една во непосредна близина на градските ѕидини. Тоа отвора ретка можност да ја забележиме разликата во естетските барања на помалите монашки заедници и селските средини, од потртебите и вкусот на градското и приградското православно население.

Благодарение на откриените фрагменти живопис од старата **црква Св. Никола во Ниш**, можеме да го насетиме вкусот на градската или, поточно кажано, приградската средина на градот Ниш во почетокот на XVII век.

Во текот на археолошките ископувања откриени се култно погребани остатоци од живописот. Единствените познати фрагменти од поствизантиското сликарство од градскиот простор се од особено значење за историско - уметничкото минато на градот на преминот од XVI во XVII век.

Меѓу остатоците од фреските, од кои повеќето се вклопуваат, евидентиран е фрагментираниот *ктиторски натпис* со зачувани букви. Присуството на буквата "ѳ" со цртичка на средината, сѐ до крајот на XV век, кај нас е честа во имињата со грчко потекло. Во Ниш, во почетокот на XVII век, присуството на оваа буква укажува на потеклото или влијанието под кое потпаднал зографот на црквата Св. Никола. Во првите децении на XVII век вака ја испишуваат буквата "ѳ" и Србите кои се стекнувале со знаења покрај уметниците од југот, како што е попот Страхиња во црквата Св. Никола во Подврх (1613/14), а тоа го прават и линотопските мајстори како што се сликарите Михаило во црквата Св. Никола во Витса и Константин во црквата Св. Мина во Монодендри. Во таквото опкружување и во тоа време се образувал и нишкиот зограф.

Повеќе или помалку се препознаваат и сегменти од други сцени. Низата на светители и светителки чии што фигури се зачувани само под појас, би можеле да бидат дел од хорот на праведниците од Страшниот суд. Ситните делчиња кои некогаш ја сочинувале претставата на воин во оклоп не даваат можност да се одреди на која композиција ѝ припаѓале.

Врз основа на откриените остатоци од живописот може да се претпостави распоредот на фреско декорацијата на старата црква Св. Никола. Недвојбено е дека фрагментот со претставата на Богородица Ширшаја припаѓал на *полукалотата на апсидата*. Најниската зона, во висина на *парапетот*, била декорирана со брановидни црвени и сини линии на бела подлога. *Првата зона* била резервирана за стоечки фигури на светители. *Втората зона* ја сочинувале низа кружни медаљони со допојасни претстави на светители, поврзани со цветни розети и врамени со растителен преплет. Во *третата зона* биле сместени одбрани композиции (Големите празници, сцени од животот на Христос) врамени со црвено бела лента, чија што широчина ги нагласува нивните мали димензии. Над тоа, по работ на сводот, во *четвртата зона*, се наоѓа низа од пророци со развиени свитоци во рацете. На западниот ѕид од наосот, над влезот, треба да се претпостави дека се наоѓал ктиторскиот натпис.

Ако добро сме ја определиле припадноста на фрагментите на Хорот на праведниците, тогаш од надворешната страна на западниот ѕид на наосот бил насликан Страшниот суд.

Посигурни сме во дефинирањето на композицијата св. Никола го спасува Василие, што значи дека црквата имала припрата каде што биле насликани сцени од животот на патронот на храмот.

Можеме да заклучиме дека црквата Св. Никола не била голема црква со припрата. Досега кажаното нé доведува до заклучок дека црквата била декорирана на начин вообичаен за помалите поствизантиски храмови. За нејзините скромни димензии ни кажува големината на ликовите на светителите, деловите од телото и широчината на бордурата со која композициите биле врамени.

Овие остатоци ни овозможуваат одблиску да ја согледаме сликарската постапка и на микро план стилските особености на уништениот живопис.

Цртежот на сликарот го создава пластичната линија со чие втопување во бојата се создаваат детаљи. Тој користи мала, фина четка каква што употребуваат иконописците. Таквиот минуциозен линеарен третман го следи богата тонска скала. На фрагментите превладува светол колорит кој што го сочинуваат жолта, окер, кафеава, костенливо зелена, сива, розева,

сина, умбра и нијанси на црвено. Употребата на овие бои укажува на влијание од југот. Заради костенливо зелените сенки лицата делуваат ладно. Ваквата суровост на инкарнатот може да им се припише на фреските и иконите од XVII век. Изборот на боите, заедно со умерено нагласениот однос помеѓу осветлените површини и оние во сенка, препознаени се како одлики на стилот кој во овие краеви го донеле Грците.

Нема многу да згрешиме ако заклучиме дека живописецот, добар познавач на цртачката вештина, имал нагласено чувство за колорит и убавината на деталите. Ова последното, пак е особеност на сликарите од Грција и која понекогаш ја препознаваме и кај српските сликари.

Деталот со кој се добива впечаток на "удвоени веѓи", го препознавме како манир забележан и кај уметниците од истото време чија што сликарска опитност упатува на Грција. Оваа манирстичка сликарска постапка, видлива на постариот живопис, почесто ја користат иконописците чии што познавања не му биле страни на нишкиот уметник. Таа постапка, најблиску до Ниш, се согледува во живописот на манастирот Сињац и црквата Св. Мина во Штава (1633/36). Само искусен мајстор со иконописечко искуство можел на ваков начин да ги редуцира и поедностави обработката на лицата во фреско техника.

Начинот на моделирањето, рамнодушниот израз на лицето, во голема мерка потсетува на делата на сликарите од Линотопската школа, особено на Михаил и неговиот син Константин (1619 - 1653) кои ја осликале црквата во Монодендри, како и на непознатиот линотопски сликар кој ја декорирал црквата на Св. Никола. Техниката и стилот на живописувањето на нишкиот уметник упатува на помладите сликари на линотопската школа.

Фрагментите на фреско декорацијата на старата црква Св. Никола се проткаени со елементи препознатливи за сликарите од југ, Света Гора (Хиландар) и северна Грција, кои заедно со српските сликари ќе формираат ликовен израз препознатлив за целиот XVII век. Во тоа време искусните, талентирани рутинери патуваат ширум Балканот, осликуваат цркви и пренесуваат знаења. Нишкиот мајстор можел да дојде од Грција, или да го научи занаетот од уметникот од југ, и да се стекне со знаење кое останало во рамките на прифатените уметнички сфаќања.

Ова сликарство не се разликува од балканското ликовно творештво на XVII век, но се разликува од препознатливото творештво никнато од недоволно образованите селски средини. Префинетата сликарска работа укажува дека фреските биле работени за информирана градска средина. Ликовите немаат поголеми пропорционални, анатомски и перспективни изобличувања што како општо место во сликартвото на XVII век ги препознаваме во селските или помалите монашки средини. И вака малите фрагменти се доволни за да препознаеме талентиран мајстор со големо искуство кој, сам или со тајфа, бил ангажиран и на другите објекти во областа на Ниш. Рутинерското повторување на прифатените решениа, препознаено во поширокото опкружување на Ниш, тоа го потврдува.

"Попустливоста" на иноверната власт во непосредната близина на градот, може да се објасни со економската сила на православното население и можноста да се задоволи окупаторот, да се обнови црквата, да се поканат и да се платат живописците. Тоа ни ја открива сосема новата слика и го менува нашето досегашно знаење за животот на нишлиите во првата половина на XVII век.

Подобро зачувано и малку поинакво е истовременото сликарство настанато во манастирските средини во рамките на селското опкружување. Таква е манастирската *црква Св. Јован над селоѿо Горњи Маѿејевац* и *цркваѿа на Боѓородица во манасѿироѿ Сиќево.*

Од старото сликарство во **црквата Св. Јован над селото Горњи Матејевац** на вообичаеното место, во нишата на проскомидијата зачувана е една варијанта на претставата на Мртвиот Христос во гроб, попозната како Imago pietatis, за која најблиски аналогии во XVII век пронајдовме во северна Грција (Костур: Св. Димитрие и Св. Никола), Црна Гора (Св. Сава кај Велимље) и во близина на Ниш (Бела Паланка, манастир Сињац). Наведените примери на претставата ги работеле Грци или Срби кои сликарското знаење го стекнувале покрај мајсторите од Грција.

Оваа, најстарата варијанта на Мртвиот Христос во гроб во областа на Ниш ја носат Грците и таа тука била прифатена и често сликана, особено по обновата на Пеќската патријаршија. Неточните пропорции и анатомските

грешки не се резултат на незнаење или отсуство на талентот туку се дел од вкусот на селската средина и помалите монашки заедници.

За мала монашка заедница е осликана и **црквата Св. Богородица во манастирот Сиќево.**

Внатрешноста на храмот во 1644 година била прекриена со живопис. Фреско декорацијата, почитувајќи ги прифатените правила, била добро осмислена, тако што нејзината секундарна иконографија нуди пораки и идеи во службата на идеологијата на црквата, зачувувањето на културното и националното битие, но и зачувувањето на верата и надежта во спас од ропството и обновата на некогашната слава и среќните времиња. Со таа цел одделните невообичаености не се грешки, туку чин во служба на зачувувањето на духовното, културното и националното битие на поробениот народ.

Со преместувањето на *Тајнаѿа вечера* од олтарниот простор на западниот ѕид на наосот, таа со своето место и димензиите е јасно истакната исе наметнува на посетителот.Сега верникот се нашол помеѓу Тајната вечера и Причестувањето на апостолате на источниот ѕид како симболична претстава на Тајната вечера. на тој начин Евхаристичната бит на оброкот не е изгубена туку е нагласена. Со тој "Евхаристичен реализам" сликарот ја подтцртал човечката природа на сеуште телесниот Христос, во кој живо учествува присутниот верник.

Сега, во одминати години на турското владеење српскиот народ запожнува, во тој момент единствено можна, борба за зачувување на националното битие и православната традиција. Потсетувањето на славните времиња на српската државност и златниот период на византиското царство, новите ктитори биле во можност тоа да го остварат со чинот на *обновување*. Во духовната клима во која низ обнова се согледува утешение и надеж за подобри денови е создаден манастирот Сиќево. Оттаму, за нас е разбирливо што одбраните сцени и нивниот распоред се во функција на сеќавањето на посреќните времиња и за народот и за црквата, со нескриена надеж и искрена верба дека тие ќе се вратат.

Со желба кај верниците да ја разбуди надежтаи вербата во спасение и да го нагласи значајот на обновувањето на храмовите, уметникот од Сиќево,

покрај *св. Константин и Елена* неочекувано го слика *Андроник*, а над оваа композициона целина ја сместува претставата *Богородица чивоносен источник*. Здружени, двете претстави се идејно поврзани и со порака обединети со актите на Никифор Калист Ксантопул.

Најстар пример во ѕидното сликарство каде на почесно место покрај царот Константин и царицата Елена е насликана и некоја друга личност, се наоѓа во црквата Св. Бесребреници во Костур од X век, каде што е насликана смалена фигура на костурскиот граѓанин Константин.

Седум векови подоцна и сиќевачката претстава треба да се гледа како покровителска, со таа разлика што сега не е во прашање поединец, туку целиот народ. Константин, Елена и Андроник се насликани во Сиќево со задача на застапници на потлачените и поробените од страна на турската иноверна власт.

Невообичаеното сликање на познатиот маченик Андроник на почесното место до св. Константин и Елена не е сликарска слобода. Тоа може да се оправда со застапничката улога и изедначувањето на ликот на Андроник со истоимениот цар Андроник II Палеолог (1282 - 1328), со намера меѓу царот Константин и царот Андроник да се повлече паралела во заслугите за христијанството. Намерното изедначување имињата на светителите е чест случај кај православните верници.

Царот Андроник II голем почитувач на Богородица и “дедото” на кралот Милутин бил особено почитуван на српскиот двор, а неговите заслуги за Хиландар и христијанството долго ќе се паметат. Неговиот световен карактер дискретно го открива и одеждата која наликува на дворски одори. Од таа причинаво кружен медаљон на јужниот ѕид на наосот е насликан уште еден Андроник, овој пат св. Андроник.

И Никифор Калист Ксантопул го споредува св. Константин и царот Андроник нарекувајќи го *“Нов Константин”* и *“слика на Константин Велики”*, борецот за правата вера и обновата на православието. Како токму тоа да била намерата на информираниот сликар од Сиќево, која што, без сомнение, била прифатена и од црквата.

Она што за христијаните значел Константин Велики во првиот слободен век на христијанството, Андроник II претставувал во последниот

слободен век. Андроник II го зачувал православието, ги поврзал државата и црквата, особено го почитувал монаштвото, на манастирите материјално им овозможил духовно да се стабилизираат, материјално да зајакнат и да го зголемат своето влијание во државата. Името на царот Андроник II станало синоним за обновата и поправката на црквите, што особено било важно во состојбите на целосно ропство. Токму тие заслуги сакал да ги истакне сликарот од Сиќево кога до св. Константин го претставил царот Андроник II како "*слика на Константин Велики*". Насликан како помала фигура, тој припаѓа на композициската целина на светителите врамена со вообичаената црвена лента. Надежта дека ќе се врати благосостојбата кое што Андроник II ѝ го овозможил на црквата, покрај нагласенота важност на обновувањето на црквата, е основната цел на претставата.

Од тие причини, воздигнување на чинот на обновата, токму над Константин, Елена и Андроник е насликана претставата *Богородица Живоносен источник*. Службата на овој празник во XIV век ја составил Никифор Калист Ксантопулос. Од воведот во службата гледаме дека е напишана за празникот на осветувањето на обновената црква.

Не може да му се припише на случајот, туку на знаењето и смислена цел, не така честото сликање на претставата Богородица Живоносен источник, и тоа токму над Андроник и покрај св. Константин и Елена кои ги обединуваат делата на Никифор Калист Ксантопул. И со тоа сега директно, со службата напишана за таа цел е потцртано значењето на обновата на храмот.

Уметникот од Сиќево ги познавал делата на видните византиски писатели. Тој е начитан интелектуалец кој преку сликарскиот јазик своето знаење му го пренесува на посматрачот. Со тоа се менува и нашето досегашно мислење дека поствизантиските уметници биле само обични вешти занаетчии, а се доближуваме до ставот дека многумина од нив биле добро информирани интелектуалци.

Наведените детаљи, идејно и програмски, го одделуваат сликарството на Сиќево и го вбројуваат во позначајните остварувања на поствизантиската уметност во Србија и на Балканот.

Од друга страна, стилските одлики на сликарството во Сиќево ни откриваат искусен рутинер кој претставите механички ги умножува, водејќи

сметка за деталите со кои вешто ги дефинира (*Лазарево воскресение* со *Влегувањето во Ерусалим*).

Почитувајќи ги сликарските прирачници тој успева точно да ги осмисли композициите. Некогаш е тоа круг (*Рождество Христово*), квадрат (*Христос пред Пилат, Распетие, Сретение, Рождество на Богородица, Богородица Живоносен источник*), правоаголник (*Крштевање, Мироносици*), полукруг (*Тајната вечера, Успение*), па сé до триаголното организирање на претставите (*Влегување во Ерусалим, Лазарево воскресение*).

Препознатливо редуцирани архитектонски форми, со бојата и осветлувањето го откриваат својот карактер. Понекогаш изворот на светлината оддава впечаток на земното, а понекогаш на нестварното.

Одредени анатомски неправилности, особено кај малите фигуре, можат да се посматраат и како дел од вкусот на средината во која што црквата се наоѓа. Така деформациите на лицето, или грдотијата на одделни ликови не треба да се разбере како незнаење, туку како смислен потег на воздигнувањето на внатрешната убавина на сметка на телесната. понекогаш е нагласена моралната грдотија (Јуда од *Тајната вечера*), а понекогаш патењето (*Успение, Слегување во Ад*). Од тие причини уметникот се служи со, во христијанската уметност добро разработениот инструмент на *"говорот на телото"*, така што со ставовите и гестовите ја открива психолошката состојба на актерите на служката, со што зборот го претвора во говорот на телото - гестот на Јован ид вижењето на Јуда го објаснуваат евангелскиот текст. Со дланките кои се гледаат (*Вознесение Христово*) ја открива неговата чистота.

Реалтивно вештиот цртеж го следи скудна палета на бои. и сега, со употреба на силни и звучни бои (зелена, сина, црвена, окер) се открива вкусот на селската средина наклонета кон живи бои.

Во првата половина на XVII век заживеала уметничката продукција, а српската уметност била на пат до го поврати некогашниот сјај. Низ овие простори патуваат зографски тајфи и ги осликуваат црквите. Тогаш се формира ликовен јазик разбирлив и заеднички за балканските народи, како и судбината во која што се затекнале.

На уметникот од Сиќево му е познат начинот на сликањето на Пеќските мајстори, а преку нив и достигнувањата од првата половина на XIV век. Ваквиот уметнички континуитет е препознатлив за едновремените мајстори од просторот на Србија. И посредното присуство на патријархот Пајсие придонело во обновата на традицијата и зачувувањето на тековините на нашето минато.

Сликарството на Сиќево има сличности со она во старата црква во селото Марица и со живописот во селото Добрско (почеток на XVII век), а најблиско е до живописот на црквата Св. Никола во селото Железно (1634), сите од западна Бугарија. Од друга страна, сликарската постапка на уметникот од Сиќево е карактеристична за сезонските сликари од Северна Грција и селото Линотопи во близина на Костур. Сличноста се огледа во деталите (розети помеѓу медаљоните) и се препознава во црквата Св. Никола во Витса (1619) и во Св. Мина во Монодендри (1620) каде што сликале Константин и неговиот татко, како и во оние блиски на сликарството на Света Гора.

Имено, зрафите од истата тајфа (Ателје) го работеле живописот во црквите: Св. Јован Претеча во селото Врбово во Бугарија (1651), во припратата на манстирот Темска (1654) и во манастирот Св. Јован Претеча во Јашуња (средина на XVII век).Уметникот од Сиќево како да го познавал сликарството на црквата Св. Никола во Железна (Бугарија) и врз основа на него, една деценија покасно, ја декорирал црквата на Богородица во манастирот Сиќево. Оваа сликарска тајфа била ангажирана во пошироката област на Сува и Стара планина.

Живописот од Сиќево се потпира на достигнувањата на XIV век во Србија со цврсти врски со поствизантиските дела од балканското опкружување. Тој е типичен претставник на единствениот стил на поробените балкански народи. Падот на квалитетот и замирањето на уметничката креативност по патријархот пајсие е препознатливо за овој период од нашето сликарство во чиј што процес живописот од Сиќево има свое место.

## VIIIб/1 – ЗАКЛУЧОК

Можеме да заклучиме дека трагите на касновизантиското сликарство на подрачјето на Ниш се повеќе од скромни. Сепак, неколку фрагметни од црквата Св. Јован во Орљане, покажуваат дека вкусот на моравската Србија кон крајот на XIV и почеток на XV век бил прифатен и во регионот на Ниш.

По паузата од речиси два века, кон крајот на XVI и во првата половина на XVII век, повторно располагаме со докази за сликарската продукција. Неочекувано, непосредно до градските бедеми се обновува и се осликува црквата Св. Никола.

Фрагментираните остатоци на ѕидното сликарстсво на старата црква Св. Никола се од голем историско – уметнички значај за Ниш. Тоа се гледа во фактот дека осликувањето на црквата е нарачано од градско – приградската средина на Ниш. Откриените делови на живописот се единствено сведоштво за вкусот, естетските дострели и сликарското образование на тогашните жители на Ниш. Високото занаетчиско ниво, префинетата сликарска работа и дискретната отменост, е тоа што го издвојува сликарството на црквата Св. Никола од истовременото селско опкружување на градот. Ако ја прифатиме основаната претпоставка дека патувачките сликари ја усвојувале формата на уметничкото изразување кое превладувало во местото во кое работеле, прилагодувајќи се на локалните барања и секако на инструкциите на нарачателот, тогаш овие фрагменти ни даваат една сосема пинаква слика за Ниш и Нишлиите на преминот од XVI во XVII век. Економскиот напредок во првата половина на XVII век, евидентен во Нишкиот регион, влијаел и на градското и на приградското христијанско население. Образовани и моќни поединци, занаетчии, на чело со црквата ја превземаат грижата за уметноста. Уметничкото творештво на градот Ниш, судејќи по фрагментите од ѕидното сликарство на старата црква Св.Никола, не замрело, туку се развивало подеднакво како и она од непосредната селска околина.

Во регионот надвор од самиот град живописани се манастирските цркви на Св. Јован кај Горњи Матејевац и црквата на Богородица во

Сиќево. Овде во селската средина вкусот е поинаков од оној на градското и приградско население.

Во Матејевац е насликана најстарата византиска варијанта на претставата *Imago puetatus* , која во овие краеви ја имаат донесено со себе сликарите - Грци, и се слика често во периодот по обновата на Пеќската патријаршија.

Пропорционалниот несклад на телото, припаѓа на вкусот на малата монашка заедница со селската околина и прифатениот начин на сликање на оваа претстава, чии аналогии ги среќаваме во северна Грција и кај нашите цркви, кои можеби ги сликале грчки сликари, или пак Срби кои го прифатиле нивниот начин на сликање.

Ѕидното сликарство на црквата на Богородица во манастирот Сиќево е стилски единствено и истовремено. Подоцнежните дoсликувања и пресликувања, како ретко каде, го почитувале старото сликарство. Тоа ни овозможи таму каде што немало интервенции во подоцнежните времиња, да ги анализираме ликовните особености на сликарството, а таму каде што биле направени, иконографските поединости. Така ги согледавме стилските карактеристики на еден во целост сочуван живопис од првата половина на XVII век во регионот на Ниш. Сликарството од Сиќево е единствената сведоштво за уметничките барања, естетските стремежи и состојбата на духот на населението во регионот на Ниш, од времето кога османлиското владеење било најсилно. Со анализата на фреско-декорацијата дојдовме до сознание дека уметничкиот живот на градот Ниш не замира. Со ова делумно се расветлуваат нашите сознанија за животот на населенито во оваа област за време на окупацијата, и се појаснува сликата за поствизантиската уметност во Србија во средината на XVII век. Благодарение на секундарната иконографија дознавме за растечката идеја за обновување, како општа состојба на духот, а со анализата на програмите дојдовме до невидливиот слој на сликарството од Сиќево, ја откривме надежта и вербата во подобри денови како и општата состојба на духот на нарачателот. Го видовме уметникот какоинформиран интелектуалец, со намера да го смениме досегашното мислење за поствизантиските уметници само како вешти занатлии и неинформирани рутинери.

И покрај недостатокот од пишани извори за самиот манастир, успеавме да ги откриеме околностите под кои изникнал, и дојдовме до општите историски податоци кои допринеле за изградбата и живописувањето на црквата на Богородица. Од пресудно значење за создавањето на поволната клима во нишката област, од која ќе се издигне црквата на Богородица, е можното присуство на патријархот Пајсие на овие простори. Тоа се случило за време на животот на патријархот Пајсие, за што дознаваме по точно исчитаниот ктиторски натпис, во 1644 година. Не е докрај дефинирано дали е изграден како манастирски или можеби како грбјански храм. Врз основа на археолошките истражувања (скелети под темелите на црквата), просторната организација на црквата (мали размери, стеснет простор помеѓу лакот од апсидата и чесната трпеза), како и репертоарот на фреско декорацијата (инсистирање на св. Врачи), претпоставуваме дека се работи за гробјанска црква. Изградена е на местото на старите гробишта, за да се сочува споменот на срушената манастирска црква Воведение на св.Богородица на спротивниот брег на реката Нишава, и старите византиски храмови.

Врз основа на досегашните истражувања на нишката област, во првата половина на XVII век во Ниш, како и во околината, настапуваат поволни економски, црковни и уметнички прилики. Ова, пред сѐ се должи на поместувањето на воените операции кон север, при што бил потребен мир во позадината. Со своето присуство во нишкиот крај, патријархот Пајсие придонел за оживување и осмислување на уметничкото и културното творештво видливо во селското опкружување. Последниот бран на обновата на српската уметност и средновековната традиција го донеле со себе, а често заедно со српските уметници сликари - Грци, особено оние од северните делови на Грција, кои ги ангажирал лично патријархот Пајсие.

Заклучивме дека сфаќањето на актот на творење на нишките уметници не е различен од истовремените од пошироките регии на Балкан. Се совпаѓа со местото каде што се наоѓа црквата и со барањата на населението за кое се осликува, живописецот ги почитува достигањата на српските уметници од XIV век и се потпира на најдобрите остваруваања од првите децении на XVII век од подрачјето на Пеќска патријаршија. Се

забележуваат влијанието и примерите земени од сликарските остварувања од пошироките Балкански простори, особено на тие од западна Бугарија и Северна Грција. Дали влијанието на Грција било посредно, или непосредно, не успеавме да дефинираме до крај. Сепак било одлучувачко во реализацијата и осмислувањето на фреско декорацијата како на нишкиот крај, така и во црквите со слично сликарство околу Сува и Стара планина.

На тој начин, нишкиот поствизантиски живопис се вклопува во општо прифатениот и разбирлив ликовен јазик, за поробените балкански народи. Настанат под товарот на иноверната турска власт, станува дел од заедничката концепција и единствениот стил на окупираните балкански народи. Основната одлика на поствизантиското нишко сликарство е еклектицизмот. Еклектичните тенденции се карактеристични за поголем дел од сликарството на XVII век, додека умешноста и ускладувањето на елементите зависело од способноста и талентот на уметникот

Во нашето поствизантиско сликарство, нишкиот живопис припаѓа на периодот кога е евидентен падот на квалитетот и смалената креативност на уметниците. Нешто подоцна, по смртта на патријархот Пајсие, тоа ќе стане и препознатлив белег на нашата уметност. Тоа е времето кога возвишените идеи, од славното време на државност и уметност, се преклопени со нови пораки призлезени од новонастанатата состојба на потполно ропство. Старите иконографски предлошки се прилагодуваат на новите потреби и барања, со што се создава особен визуелен јазик од првата половина на XVII век. Особен пад на ликовниот квалитет, и се пониските уметнички домети стануваат составен дел од историско-уметничките текови и се предвесник на новиот период во српската уметност. Благодарејќи на сочуваното поствизантиско сликарство на градот Ниш, знаеме дека во тој процес, на самата пресвртница во српската уметност, свој придонес дава и областа на градот Ниш.

*******

Анализата на историските околности, црковните прилики и културните стремежи на жителите на градот Ниш, укажува на тоа дека сите овие елементи заедно и непосредно влијаеле во развојот на црковното градителство и ѕидното сликарство. Најстариот историски извор, до кој дојдовме, од 994 година, во кој за прв пат, после три века, се спомнува средновековен византиски Ниш под името Нисос, како сигурна градска целина.

Со точното дефинирање на структурата на градот и градските бедеми, дојдовме до заклучок дека Ниш бил смислено урбанизиран на препознатлив византиски начин: Долен - голем град, Горен - мал град со плоштад и градски квартови со групирани цркви. Ја препознавме и основната мрежа на утврдувања кои го чуваат влезот во градот.

Обидот за убикација на катедралната црква Св. Прокопие се заснива врз материјалните докази и аналогните урбанистичките шеми на останатите византиски градови од тој период. Присуството на охридскиот патријарх Јован во Ниш, е пресудно за приклучувањето на светителската рака кон моштите, што пак остава видливи траги и на црковното градителство во Ниш. Заклучивме дека црквата Св. Пантелејмон, обновена од Стеван Немања како рановизантиската трободна базилика, подигната е наспроти Св. Прокопие, со намера да пркоси и да биде конкуренција на Византиската држава и црква, како наговестување на сопствената самостојност.

Средновизантиските цркви во Ниш ги вклучуваме во ланецот од цркви со впишан крст и купола, по потекло од Византија а распространети на јадранското приморје, чија традиција продолжува во рашката архитектура. Ширењето на уметничките текови од Византија преку јужна Италија на Јадранското приморје, аргументирано истото влијание го препознаваме во нишките споменици. Од друга страна, укажавме на запоставениот континентален правец со кој архитектонските облици од Византиските уметнички центри, преку западен Балкан и Ниш, продираат во внатрешноста на континентот. За таа цел, го согледавме влијанието на Охрид и го издвоивме архаичниот тип на трикохална црква. Средбата на овие струења е видлива на познатите споменици и уште еднаш го открива

Ниш како расадник на византиската цивилизација, култура и уметност, како и во развојот на подоцнежното српско градителство. Во тој процес, средновизантиските архитектонски споменици на градот Ниш имаат посебно место.

Во текот на анализата на архитектурата на поствизантиските цркви, нашите сознанија се дека градбите на овој простор се по примерот на средновизантиските цркви во облик на збиен впишан крст. Онака, како што граделе херцеговските неимари, кои пак го земаат примерот од византиската еднобродна куполна црква, така и нишките градители ја применувале истата постапка. На тој начин укажавме на идејната обединетост на поствизантиските градители на поширокиот балкански простор.

Со достапните аргументи го подвлековме градителскиот континуитет и развитокот на архитектонските форми на просторот на градот Ниш од XI до XVII век, а со тоа му го определивме местото во историјата на византиската, балканската и српската историја на архитектурата.

Фреско декорацијата, повеќе или помалку сочувана, позната ни е од четири цркви. Скромните доцновизантиски фрагменти од XV век, се сведоштво за распространетоста на сликарството на моравската Србија и градот Ниш, и протокот на уметничките достигнувања во Србија во времето на Лазар, пред целосното освојување од страна на Турците.

На ова се надоврзува живописот во поствизантиските цркви во градот Ниш, кои во новонастанатите историски оклности, во себе носат идејна и стилска обединетост, препознатлива во сликарските остварувања на поширокиот балкански простор. При тоа, го издвоивме сликарството од градска(приградска) средина од остварувањата во селското окружување. Во сликарските дела се забележува влијанието од северна Грција и западна Бугарија. Дали влијанието од Грција било посредно или непосредно, не успеавме докрај да дефинираме, но секако дека е најсилно. Благодарејќи на патувачките уметници, создаден е еден интернационален ликовен јазик, разбирлив за поробените балкански народи.

Потпирајќи се на репертоарот и тематиката, секундарната иконографија ни го открива чинот на обнова како општ идеал и состојба на духот на поробениот народ. Тоа ни помогна да дадеме свој допринос во

промена на досегашното мислење за поствизантиските сликари, како обични занаетчии и искусни рутинери кои механички ги осликуваат ѕидовите на црквите. Укажавме на нивната уметничка умешност и образованост. Знаењето е тоа кое можело да создаде ликовен јазик разбирлив за сите, кој ние го препознаваме во уметничките споменици на поствизантиски Ниш, можеби поради географската местоположба – во средиштето на Балканот.

# IX – БИБЛИОГРАФИЈА

**Кратенки**
ЗРВИ = Зборник радова Византолошког института, Београд

ВИИНЈ =Византијски извори за историју народа Југославије, Београд

ЗРПМФ = Зборник радова Природно математичког факултета, Београд

ЗЛУ = Зборник матице српске за ликовне уметности, Нови Сад

ГМКМ = Гласник музеја Косова и Метохије, Приштина

ИАИ = Известия на археологическия институт, София

ЗФФ = Зборник Филозофског факултета, Београд

ЗЗСК - Зборник заштите споменика културе, Београд


**A**
*Акатист Пресветој Богородици (Благовештенски)*, превео отац Јустин Поповић, Београд 2000.

Андрејевић, А., *Претварање цркава у џамије*, Зборника за ликовне уметност 12, (Нови Сад 1976).

Андрејевић, Б., *Бели-бегова или Реисова џамија у Нишкој тврђави*, Градина IX-3, (Ниш 1974).

Андрејевић, Б., *Споменици Ниша,* Ниш 1996.

Анђелковић, М.С., *Глас - црквени календар са шематизмом нишке епархије-Први у православној српској цркви и краљевини Србији за 1900. годину*, Ниш 1899.

Ангеличин -Жура, Г., *Страници од историјата на уметноста на Охрид и оридското (XV-XIX),* Охрид 1997.

**Б**
Бабић, Г., *Символично значење живописа у протезису Светих Апостола у Пећи,* Зборник заштите споменика културе, XV, (Београд 1964).

Бабић, Г., *Христолошке распре у XII веку и појава нових сцена у апсидалном декору византијских цркава*, Зборник за ликовне уметности 14, (Нови Сад 1978).

Бабић, Г., *О реконструкцији оштећених епиграма и натписа на портрету Светог Саве у јужној певници Светих Апостола у Пећи*, Зборник заштите споменика културе XV, (Београд 1964).

Бабић, Г., Кораћ, В., Ћирковић, С., *Студеница*, Београд 1986.

Бабић, Г., *Краљева црква у Студеници*, Београд 1987.

Babic, G., *Les fresques de Susica en Macědoine et l'iconographie originale de leures images de la uie de la Virge*, lah Arch XII, Paris 1962.

Бакалова, Е., *Бачковската костница*, София 1977.

Бакалова, Е., *Стенописите на църквата при село Беренде*, София 1976.

Балабанов, К., *Творештво на градителите, иконописцвите и живописците во Македонија од крајот на XVIII до крајот на XIX век*, Зборник радова (II конгрес историчара уметности СФРЈ), Цеље 1978.

Баришић, Ф., *Miracula S. Demetrii II*, у: Византијски извори за историју народа Југославије I, Београд 1955.

Баришић, Ф., *Прокопије*, во: Византијски извори за историју народа Југославије I, Београд 1955,

Basler, Đ., *Arhitektura kasnoantučkog doba u Bosni i Hercegovini*, Sarajevo 1972,

Бертрандон де ла Брокијер, *Путовање преко мора*, Београд 1950.

Bezić, B., *Predromanička crkva Sv. Ivana Krstitelja u Podaci*, Prilozi povjesti umjetnosti u Dalmaciji 25, (Split 1985).

Бикић, В., *Антички узори у средњовековном накиту XI/XII на тлу Србије*, Трећа југословенска конференција византолога, Крушевац 10-13. мај 2000, Београд-Крушевац 2002.

Битракова Грозданова, В., *Старохристијански споменици во охридското*, Охрид 1975.

Битракова-Грозданова, В., *Топографија на урбаниот развој на Лихнидос*, Историја, Списи на Сојуз на друштвата на историчарите на СР Македонија, бр. 2, Скопје 1986.

Богдановић, Д., *Преображај српске цркве*, у: Историја српског народа I, Београд 1981.

Богдановић, С., *Михаило Валтровић и Драгутин Милутиновић као истраживачи српских старина,* Излози српског ученог друштва, Београд 1978.

Бојанић, Д., *Ниш до великог рата 1683*, у: Историја Ниша I, Ниш 1983

Борџијева Трајковска, Д., *За тематската програма на живописот во Нерези*, Културно наследство, 22-23/1995-96, Скопје 1997.

Божић, М., *Француски дневник о походу Мустафе II 1696. године*, Грађа Историјског института САНУ, Београд 1956, 182

Bošković, Đ., *L`église de Sainte-Sophie á Salonique et son reflet dans deux monuments postérieurs en Macédoine et en Serbie*, Archaeologia Jugoslavica I, Beograd 1954.

Бошковић, Ђ., Вуловић, Б., *Царичин град-Куршумлија-Студеница*, Старинар VII-VIII (1956-1957)

Бошковић, Ђ, Корађ, В., *Ратац*, Старинар, VII-VIII/1956-1957, (Београд 1958).

Бошковић, Ђ., Томовски, К., *Средновековна архитектура в Охрид*, Зборник на трудови-посебно издание, Охрид 1961.

Бошковић, Ђ., *Архитектура средњег века*, Београд 1976.

Бошковић Ђ., *Осврт на неке карактеристике регионалног просторног планирања споменика на територији средњовековне Рашке*, Рашка баштина 1, Краљево 1975

Бошковић, Ђ., *Извештај и кратке беседе са путовања*, Старинар VI, Београд 1931.

Бертрандон де ла Брокијер, *Путовање преко мора*, Београд 1950, 127

Бркић, Н., *Технологија сликарства, вајарства и иконографија,* Београд 1968.

Бреје, Л., *Византијска цивилизација*, Београд 1976.

В

Валтровић, М., *Поглед на стару српску црквену архитектуру*, Глас СКА XVII, (Београд 1889).

Валтровић, М., *Белешке с пута*, Старинар српског археолошког друштва 5, књ.4, (Београд 1888).

Валтровић М., Милутиновић, Д., *Извештај уметничком одбору српског ученог друштва,* ГСУД, XLVIII, Београд 1880.

Василев, А., *За изобразителните изкуство в северозападна България*, Енциклопедия в северозападна България, София 1958.

Васић, М., *Географска распрострањеност Лазаричине основе, Жича и Лазарица,* Београд 1928.

Васић, М. М., *Жича и Лазарица-студије из српске уметности средњег века*, Београд 1928.

Васић, П., *Црквена уметност код Срба у XVIII и XIX веку*, Српска православна црква 1219-1969 - Споменицао 750-годишњици аутокефалности, Београд 1969.

Velmans, T., *L`iconographie de la "Fontaine de vie" dans la tradition Byzantine à la fin du moyen âge*. – Synthronon. Bibliothèque des Cahièrs Arhéologiques. Paris, 1968.

Vezić, P., *Starokršćanska arhitektura u Zadru i na zadarskom području*, Godišnjak zaštite spomenika kulture Hrvatske 12, (Zagreb 1986).

Vezić, P., *Crkva Sv. Trojstva (Sv.Donata) u Zadru*, Zagreb 1985.

Веселиновић, М.В., *Свети Роман*, Ниш 1939.

Вуловић, Б., *Црква Св. Николе код Куршумлије*, Зборник архитектонског факултета III, (Београд 1957), 13, 14.

Вуловић, Б., *Конзерваторски радови на споменицима културе у Топлици*, Зборник заштите споменика културе III, (Београд 1952), 57/58;

Вујовић, Г.М., Томић, Г., *Накит на тлу Србије из средњовековних некропола IX-XVвека*, Народни музеј Београд, (Београд 1982).

Вујовић, Б., *Црквени споменици на подручју града Београда*, Завод за заштиту споменика културе града Београда, Саопштења 13, (Београд 1973),

Вујовић, Б., *Уметност обновљене Србије 1791-1848*, Београд 1986.

Вукашиновић, С., *Архитектура цркве манасутира Брадаче и предлог реконструкције*, Гласник друштва конзерватора Србије 16, (Београд 1992).

Влаинац М., *Из путописа Ханса Ханса Дерншвама 1553-1555. године*, Братство XXI, (Београд 1927).

Војиновић, М.А., *Две знамените старине у близини Ниша*, Преглед црквене епархије нишке, 7-8, (Ниш 1929).

Војводић, Д., *Из арилског иконографског програма-избор и распоред сцена на христолошко-теотоколошког циклуса*, у: Свети Ахилије у Ариљу, Зборник радова са научног скупа, Републички завод за заштиту споменика културе, Посебно издање 29, Београд 2002.

**Г**

Гавриловић, З., *Премудрост и човекољубље владара у личности Стефана Немање. Примери у српској уметности средњег века*, Стефан Немања – Свети Симеон Мироточиви, Историја и предање, Научни скупови САНУ, књ. XCIV, Одељење историјских наука, књ. 26, Беогреад 2000.

Гагулић, П., *У Сићевачкој клисури цркве и манастири* I, II, Ниш 1979.

Гагулић, П. В., *Велики нишки Саборни храм*, Ниш 1961.

Гагулић, П., *Црква Св. Николе у Нишу*, Ниш 1963;

Гагулић, П. В., *Црква Св. Пантелеја у Нишу*, Смедерево 1963.

Габелић, С., *Циклус арханђела у византијској уметности,* Београд 1991.

Габелић, С., *Манастир Лесново: Историја и сликарство*, Београд 1988.

Габелић, С., *О иконографији св. Прокопија*, Зборник радова Византолошког института XLIII, (Београд 2006).

Gallas, K., Wessel, K., M. Bourboudakis, *Byzantinisches Kreta*, München 1983.

Gvozdenović, V., *Značaj starohrvatske arhitekture za opću povjest evropske predromanike*, Prilozi istraživanja starohrvatske arhitekture, (Split 1987).

Грозданов, Ц., *Страшниот суд во црквата Свети Климент (Богородица Перивлептос) во Охрид во светлината на тематските иновации на XVI век,* Културно наследство, 22-23/1995-96, (Скопје 1997).

Грозданов, Ц., *Илустрација Химни Богородичиног Акатиста у цркви Богородице Перивлепте у Охриду*, Зборник Светозара Радојчића, Београд 1969.

Грозданов, Ц., *Орнаментика на расцветани лисја во уметноста на Охрид во XI-XII век*, Лихнид-Зборник на трудови, (Охрид 1988).

Грозданов, Ц., *Христос цар, Богородица царица, небесните сили и светите воини во живописот од XIV и XV век во Трескавец*, Културно наследство XII-XIII, Скопје 1988,

Грозданов, Ц., *Визијата на Петар Александриjски во живописот на Богородица Перивлепта (Св. Климент) во Охрид*, Годишен сборник на Филозофски факултет Скопје 8, Скопје 1982, 115-121

Грујић, М., *Народна енциклопедија СХС*, I, Београд 1929.

Грујић, Р. М., *Православна српска црква*, Београд 1921.

Голубовић, Б. Б., *Зидно сликарсво цркве манастира Петковице на Фрушкој Гори*, Зборник за ликоне уметности 22, (Нови Сад, 1986).

Grabar, A., *Un graffite slaue cur facade d'une ènglise de Ducovine Revue des èntv des slaves XXIII,* Paris 1947.

Grabar, A., *Vizantija*, Novi Sad 1969.

Глас, *Црквени календар са шематизмом нишке епархије за 1900*, Ниш 1899.

Гергова, И., *Църквата Св. Никола в с. Железна Чипровско*, Ниш и Византија IV, (Ниш 2006).

Gerov, G., *L`image de Constantin et Helene avec la croix:étapes de formation et contenu symbolique*, Ниш и Византија II – Зборник радова са научног скупа, (Ниш 2004).

Gallas, K., Wessel, K., Bourboudakis, M., *Byzantinisches Kreta*, München 1983,

Гундулић, Џиво, *Осман*, Београд 1967.

Gunjača, Z., *O pojavi elemenata kasnoantičke graditeljske tradicije na nekim ranosrednjovekovnim sakralnim objektima*, in: Cetinska krajina od prethistorije do dolaska Turaka, Sinj 1980.

Голубовић, Б.Б., *Зидно сликарсво цркве манастира Петковице на Фрушкој Гори*, Зборник за ликоне уметности 22, (Нови Сад, 1986).

Д

Данило Други, *Живот краљева и архиепископа српских*, Београд 1988.

Данилови настављачи, *Краљ Стефан Урош Трећи*, Београд 1989.

Даутова-Рушевљан, В., *Римска камена пластика у југословенском делу провинције Доње Паноније*, Нови Сад 1983.

Дероко, А., *У Бодиновој престоници*, Старинар 5, (Београд 1930).

Дероко, А., *Средњовековни градови у Србији, Црној Гори и Македонији*, Београд 1950.

Дероко, А., *Монументална и декоративна архитектура у средњовековној Србији*, Београд 1985.

Дероко, А., *Црква Св.Николе код Бољевца*, Старинар, III серија 7, (Београ 1932).

Дељанин, Б., *Латинска црква, Горњи Матејевац*, Археолошки преглед 20, (Београд 1979).

Deichmann, F.W., *Die Spolien in der spätantiken architektur*, München 1975.

Дрча, Н., *Руски ликовни уметници-емигранти у Нишу*, Зборник Народног музеја Ниш 10, (Ниш 2001).

Димитрова, Е., *Манастир Матејче*, Скопје 2002,

Динић, М., *Из Дубровачког архива* I-III, Београд 1957.

Дионисије из Фурне, *Технологија сликарства, вајарства и иконографија*, Сликарски приручник, превод Немање Бркића, Београд 1968.

Diggve, E., Crkva *Sv. Luke na otoku Lastovu,* Vjesnik za arheologiju i historiju dalmatinsku, svezak LII (za godine 1935-1949), (Split 1950).

Diggve, E., *O crkvi Sv. Petra u Priku, Vjesnik za arheologiju i historiju Dalmatinsku*, svezak LI, (za 1930-34), (Split 1940).

Diggve, E., *History of Salonitan christianity*, Oslo-London-Paris-Canbridge 1951.

Diggve, E., Da*s Mausoleum von Marusinac und sein Herkunft*-Actes du IV Congr. inrern. des études byzantines, S, 1936.

Дујчев, И., *Минијатуре манасијевог летописа*, Софија – Београд 1965.

Дуйчев, И., *Преписката на папа Инокентий III с българите*, Годишник на Софийския униврзитет. Историјско-филозофки факултет, 8, (София 1942).

*Душанов Законик*, Београд 1986.

Ђ

Ђурић, В., *Најстарији живопис испоснице пустиножитеља Петра Коришког*, Зборник радова византолошког института, 5, (Београд 1958).

Ђурић, В. Ј., Ћирковић, С., Кораћ, В., *Пећка патријаршија*, Београд 1990.

Djuric, V., *Les portraits de souverains dans le napthex de chilandar*, Хиландарски зборник, 7, (Београд 1989).

Ђурић, В.Ј., *Которске цркве око 1200. године и њихово порекло*, Зборник за ликовне уметности 25, (Нови Сад 1989).

Ђурић, В., *Византијске фреске у Југославији*, Београд 1974.

Ђурић, В., *Иконе из Југославије, Београд* 1961.

Ђурић, В., *Сопоћани*, Београд 1991.

Ђурић, В.Ј., *Раванички живопис и литургија*, Манастир Раваница – споменица о шестој стогодишњици, Београд 1981,

Ђурић, В.Ј., *Почеци уметности код Срба*, у: Историја српског народа I, Београд 1981.

Ђурић, М.Т., *Икона Христовог крштења*, Зборник народног музеја IV, (Београд 1964).

Ђурић, М. Т., *Марија-Ева, прилог иконографије једног реткот типа Оранте*, Зборник матице српске за ликовне уметности 7, (Нови Сад 1971).

Ђурић, С., *Портрет Данила II изнад улаза у Богородичину цркву у Пећи,* Архиепископ Данило II и његово доба, Међународни научни скуп поводом 650 година од смрти, Београд 1991.

Ђорђевић, Т., *Поред Топлице*, Алексинац 1895.

Ђорђевић, И., *Зидно сликарство српске властеле*, Београд 1994.

Ђорђевић, М., *Две занимљиве представе Мртвог Христа у српском зидном сликарству средњег века*, Зборник радова Византолошког института 37, (Београд 1998).

Є

Енциколпедија Православља, *Евгенијски мученици*, Београд 2002.

Ж

Житија светих, *Охридски пролог*, Београд 1961.

Живојиновић, М., *Запис о грчким повељама хиландарског архива*, Хиландарски зборник 9, (Београд 1997).

З

Здравковић, И., *Стара црква у Липљану*, Старинар III-IV, (Београд 1955).

Zeiller, J., *Les origines chrétiennes dans les provinces danubiennes de l'Empire romain,* Paris 1918,=(р.п. Жак Зелер, *Почетци хришћанства на Балкану*, превод К. Никчевић, Подгорица 2005).

Зиројевић, О., *Цариградски друм од Београда до Софије 1459-1683*, Зборник историјског музеја Србије 7, (Београд 1970).

Зиројевић, О., *Цркве и манастири на подручју Пећке патријаршије од 1683. године,* Београд 1984.

Златарски, Н., *История на българската държава през средните векове* II, София 1940.

Златарски В. Н., *Българиа подъ византийско владичество (1018-1187)*, София, 1934.

Зотовић, Љ., *Извештај са ископавања касноантичке некрополе у Нишу*, Лимес I, Београд 1961,

Zotović, Lj., *Niš – lokacija autobuske stanice*, Arheološki pregled 17, Beograd 1975,

И

Илић, Ј., *Црквица Кичевска*, Зборник народног музеја VIII, (Београд MCMLXXV),

Игнатов, Б., *Манастирът "Св. Илия" при гр. Тетевен* , Археология 2, (София 1965).

Ј

Јанковић, Т., *Историја развитка Нишавске долине*, Београд 1909.

Јанковић, М., *Епископије и митрополије српске цркве у средњем веку*, Београд 1985.

Јанковић, Љ.С., Јанковић, Д.С., *Народне игре* IV, Београд 1948.

Janković, Đ., *Late antique triconchal church of St. apostles Peter and Paul monastery near Trebinje*, Гласник Српског археолошког друштва 18, (Београд 2002).

Јанц, З., *Орнаменти фресака*, Београд 1961.

Jelovina, D., *Starohrvatska crkva Sv. Spasa na vrelu rijeke Cetine i groblje oko nje u svjetlu arheoloških istraživanja,* Prilozi povjesti umjetnosti u Dalmaciji, (Split 1990).

Јиречек, К., *Војна цеста од Београда до Цариграда и Балкански кланци*, Зборник Константина Јиречека I, Београд 1959.

Јиречек, К., *Историја Срба* I, II, Београд 1981.

Јиречек, К., *Хришћански елементи у топографској номенклатури балканских земаља*, Зборник Константина Јиречека I, Београд 1959.

Jurković, M., *Crkve sa westwerkom na istočnom Jadranu*, Prilozi povjesti umjetnosti u Dalmaciji 26, (Split 1986).

Јуришић, А., *Обичај сахрањивања фрагмената живописа и делова архитектонске пластике*, Саопштења XIII (Београд 1981).

Jovanović, V., *Sv. Jovan, Zaton, Bjelo Polje,* Arheološki pregled 3, (Beograd 1961).

Јовановић, Т., *Пећки поменик и птријарх Пајсије*, Археографски прилози 12, (Београд 1990).

Јовановић, М., *О Водочи и Вељуси после конзерваторских радова*, Зборник на штипскиот наред музеј I, (Штип 1959).

Јовановић, К. Јов., *Старе цркве у Мосињу*, Старинар, новог реда, година II. 1907, (Београд 1908).

К

Калић, Ј., *Ниш у средњем веку*, у: Историја Ниша I, Ниш 1983.

Калић, Ј., *Ниш у средњем веку*, Историјски часопис XXXI, (Београд 1984).

Калић, Ј., *Српска држава и Охридска архиепископија у XII веку*, Зборник радова Византолошког института XLIV, (Београд 2007).

Калић, Ј., *Црквене прилике у српским земљама до стварања Архиепископије 1219. године,* у: Сава Немањић – Свети Сава, историја и предање, САНУ, Београд 1979.

Калић, Ј., *Јован Кинам*, Византијски извори за историју народа Југославије IV, Београд 1971.

Калић-Мијушковић Ј., *Београд у средњем Веку*, Београд 1967.

Калић, Ј., *Никита Хонијат*, Византијски извори за историју народа Југославије IV, Београд 1971.

Калић-Мијушковић, Ј., *Турска освајања у XIV и XV веку*, Историја Ниша I, Ниш 1983.

Калић, Ј., *Борбе и тековине великог жупана Стефана Немање*, у: Историја српског народа I, Београд 1981,

Каниц, Ф., *Србија, земља и становништво II*, Београд 1985.

Кајмаковић, З., Тихић, С., *Манастир Добришево*, Наше старине VI, (Сарајево 1959).

Кајмаковић, З., *Георгије Митрофановић*, Сарајево 1977.

*Καστοριανα Μνημεια*, Καστορια 1995.

Караџић, В.С., *Српски рјечник*, Београд 1898.

Karaman, Lj., *Pregled umjetnosti u Dalmaciji*, Zagreb 1952.

Кнежевић, Б., *Рудничка Себрница са црквом Светог Николе*, Саопштења XXXII-2000/XXXIII-2001, (Београд 2001).

Кондић,В., Поповић,В., *Царичин град-утврђено насеље у византијском Илирику*, Галерија САНУ 33, Београд 1977.

Костић, П., *Документи о буни смедеревског епископа Павла против потчињавања Пећке патријаршије архиепископији Охридској*, Споменик LXI, (Београд 1922).

Костић, М., *О улози и значају Сићевачке клисуре за саобраћај, насеобине и људска кретања,* ЗРПМФ II, (Београд 195).

Костић, М., *Нишка котлина – студија друштвеногеографског развоја*, Радови Географског института „Јован Цвијић“ 21, (Београд 1967).

Костић, В., *Културне везе југословенских земаља и Енглеске*, Београд 1972.

Костовска, П., *Маченичките допојасја во Свети Никола, во Манастир, Мариово*, Зборник, Средновековна уметност 6, (Скопје 2007).

Кораћ, В., *О природи обнове и правцима развоја архитектуре у раном средњем веку у источним и западним областима Југославије*, ЗРВИ 8/2, (Београд 1964) = у: Између Византије и Запада-одабране студије о архитектури, Београд 1987,

Кораћ В., Ђурић, В. Ј., *Цркве са прислоњеним луковима у старој Херцеговини и дубровачко градитељство XV-XVII века*, Зборник филозофског факултета VIII-2, Београд 1964, 561-601.

Korać, V., *L'architecture du haut moyen-âge en Dioclée et Zeta, Programme de repartition des espaces et orgine des formes*, Balcanoslavica, 5, (Prilep 1976), 169;

Кораћ В., *Истраживање остатака храма Св. Пантелејмона*, Зборник радова Византолошког института, XXXIX, Београд 2001/2002, 112-145.

Кораћ, В., *Две градитељсе фазе на цркви Св. Николе у Прилепу*, Зборник посветен на Бошко Бабић, Прилеп 1986.

Кораћ, В., *Белешка о начину рада византијских клесара у XI веку*, у: Између Византије и Запада-одабране студије о архитектури, Београд 1987.

Кораћ, В., *Једнобродна црква са куполом у вазинтијској архитектури XI и XII века*, у: Између Византије и Запада-одабране студије о архитектури, Београд 1987.

Кораћ, В., *Црква Св. Марије на Мљету*, Зборник Филозофског факултета VII, (Београд 1963), = у: Између Византије и Запада-одабране студије о архитектури, Београд 1987..

Кораћ, В., *О архитектури катедралних цркава XI века на византијском културном подручју*, Између Византије и Запада, Београд 1987.

Кораћ, В., *Архитектура раног средњег века у Дукљи и Зети. Програм простора и порекло облика*, у: Између Византије и Запада-одабране студије о архитектури, Београд 1987.

Korać, V., *Réflexions tu sujet des sources Byzantines de l`architecture serbe*, EVFROSYNON (Зборник освећен М. Хаџидакису), Атина 1991.

Кораћ, В., *Свети Пантелејмон у Нишу, задужбина Стефана Немање*, Стефан Немања – Свети Симеон Мироточиви, Историја и предање, Научни скупови САНУ, књ. XCIV, Одељење историјских наука, књ. 26, Беогреад 2000.

Кораћ, В., *Истраживање остатака храма Св. Пантелејмона*, Зборник радова Византолошког института, XXXIX, (Београд 2001/2002).

Кораћ, В., Шупут, М., *Архитектура византијског света*, Београд 1998.

Кораћ, В., *Од кастрона ка полису,* Трећа Југословенска конференција византолога, Београд-Крушевац 2002,

Коларић, М., *Ђорђе Крстић,* Београд 1977.

Коцо, Д., *Неколку нови податоци за средновековните споменици во Македонија*, Гласник музејско-конзерваторског друштва на Н. Р. Македонија, I, 2, (Скопје 1954).

Коцо, Д., *Триконхалните цркви во Климентово време*, Словенска писменост, Скопје 1966.

Крекић, Б., *Ана Комнина*, Византијски извори за историју народа Југославије III, Београд 1966.

Кулишић, Ш., Петровић, П.Ж., Пантелић, Н., *Српски митолошки речник*, Београд 1970.

Krautheimer, R., *Early christian and byzantine architecture,* ed. Penguin Books, 1975, = (рп R. Krauthajmer, S. Ćurčić, *Ranohrišćanska i vizantijska arhitektura*, Beograd 2008.)

Л

Лазарев, В. Н., *Новый памятник станковой жибописи XII в. и образ Георгия в византийском и древнерусском искусстве*, Византийский временик IV, Москва 1953.

Лазарев, В. Н., *История византийской живописи*, Москва 1947.

Leventa, l Z., *Britanski putopisci u nasim krajevima od XV do XIX veka*, G. Milanovac 1989.

Lemerle, P., *Philippes et la Macédoine Orientale*, Paris 1945.

Ловрић, Б., *Историја Ниша*, Ниш 1927.

Љ

Љубинковић, Р., *Црква Св. Николе у Станичењу,* Зограф 15, (Београд 1984).

Љубинковић, Р., *Испосница Петра Коришког*, Старинар VII-VIII, (Београд 1958).

Љубинковић, Р., *Црква Светог Вазнесења у селу Лесковецу код Охрида*, Старинар н.с.II, (Београд 1951).

Љубинковић, М.Ћ., *Црква у Доњој Каменици*, Старинар I, (Београд 1950).

Љубинковић, М. и Р., *Археолошки споменици и налазишта у Србији* I, Београд 1953.

Љубинковић, М.Ћ., *Јашуњски манастири*, Старинар I, (Београд 1950).

Ljubinković, R., *Tvrđava, Niš-srednjovekovno naselje*, Arheološki pregled 4, Beograd 1962,

Ljubinković, R., *Tvrđava, Niš-srednjovekovna tvrđava*, Arheološki pregled 5, Beograd 1963

М

Мавродинова, В., *Култура и изкуство през време на Първата българска държава*, Историја на българското изобразително изкуство I, София 1976.

Мајендорф, Џ., *Византијско богословље*, Крагујевац 1985.

Mango, C., *Architectura bizantina*, Venezija 1974.

Марковић, В., *Православно монаштво и манастири у средњовековној Србији*, Сремски Карловци 1920.

Марковић, М., *Натпис из града Копријана*, Старинар 12, Београд 1937.

Марковић, М., *Циклус Великих празника*, Зидно сликарство манастира Дечана, Београд 1995.

Марковић, М., *О иконографији светих ратника у источнохришћанској уметности и о представама ових светитеља у Дечанима*, Зидно сликарство манастира Дечана. Грађа и студије, Београд 1995.

Марковић, М., *Циклус Великих празника*, Зидно сликарство манастира Дечана, Београд 1995.

Марковић, М., *Прилог проучавању утицаја канона велике суботе на иконографију средњовековног сликарства*, Зборник радова Византолошког института 37, (Београд 1998).

Марковић, С., *Капела Св. Прокопија у комплексу Ораовичког манастира*, Лесковачки зборник XXVII, (Лесковац 1987).

Marasović, T., *Regionalni južnodalmatinski kupolni tip u arhitekturi ranog srenjeg vijeka*, Beritićev zbornik, Dubrovnik 1960,

Marasović, T., Regionalizam u ranosrednjovjekovnoj *arhitekturi Dalmacije*, Starohrvatska povjest III-sv. 14, (Split 1984).

Marasović, T., *Graditeljstvo na tlu Hrvatske u ranom srednjem vjeku*, in: Umetnost na tlu Jugoslavije, Rani srednji vjek, Beograd, Zagreb, Mostar 1986.

Matkoavić, P., *Putovanje po Balkanskom poluostrvu XVI vieka*, Rad JAZU, Zagreb 1892.

Магловски, Ј., *Богородица Живоносни источник. Драгуљ једне касне и поствизантијске теме*, Поствизантијска уметност Балкана, Зборник матице српске за ликовне уметности 32-33, (Нови Сад 2003).

Магловски, Ј., *Богородица Живоносни источник. Драгуљи једне касно и поствизантијске теме*, ЗЛУ 32-33, т. I, (Нови Сад 2003).

Мајендорф, Х., *Византијско богословље*, Крагујевац 1985.

Максимовић, Љ., *Србија у правцу византијских похода у XII веку*, Зборник радова Византолошког института 22, (Београд 1983).

Максимовић, М., *Крстови-реликвијари из збирке Народног музеја у Нишу*, Зборник Народног музеја 8, (Ниш 1992).

Мано-Зиси, Ђ., *Нова базилика у Царичином Гаду*, Старинар н.с. IX-X/1958-1959, (Београд 1959).

Мано-Зиси, Ђ., *Велика археолошка налазишта у Србији*, Београд 1974.

Машнић, М., *Манастирот Свети Никола Ореоечки*, Културно наследство XIV-XV (1987-1988), (Скопје 1990).

Машнић, М., *Зидно сликарство на црквата Св. Горги победоносец во Младо Нагоричане*, Зборник, Средновековна уметност 6, (Скопје 2007).

Машнић, М., *Црквата Света Петка во Селник и нејзините паралели со сликарство на Алинскиот манастир Свети Спас*, Културно наследство 17, (Скопје 1991).

Машнић, М., *Манастирот Ореоец*, Скопје 2007.

Милићевић, М.Ђ., *Краљевина Србија*, Београд 1884.

Милутиновић Д. и Валтровић, М., *Извештај уметничком одбору српског ученог друштва*, ГСУД XLVIII, (Београд 1880).

Миловановић, М.М., *Хроника Горњег Матејевца*, Ниш 1981.

Millet, G., *L'ancien art serbe,Les eglises*, Paris 1919

Millet, G., *Monuments de l'Athos, Les peintures,* Paris 1927.

Millet, G., *Recherches sur l`iconographie de l`évangile*, Paris 1960.

Михайлов, С., *Църквата св.Теодор Тирон и св.Теодор Стратилат в с. Добърско*, БАН, Известия на археологическия институт, XXIX, (София 1966).

Михаиловић, М., *Зидна декорација новопавличке цркве*, Рашка баштина, 1, Краљево 1975.

Мирковић, Л., *Хеортологија или историјски развитак и богослужење празника православне источне цркве*, Београд 1961,

Мирковић, Л., *Православна литургика*, I, II, Београд 1983.

Мирковић, Л., *Акатист Пресветој Богородици*, Сремски Карловци 1918.

Мирковић, М., *Централне балканске области у доба позног царства*, Историја српског народа I, Београд 1981.

Михаљчић, Р., *Косовска битка*, у: Историја српског народа II, Београд 1981.

Милошевић, Г., Ђурић, С., *Црква Св. Прокопија у Прокупљу*, Старинар XXXVIII/1987, Београд 1988.

Милановић, О., *Црква Светог Николе манастира Новог Хопова,* Рад војвођанских музеја 4, (Нови Сад 1955).

Митрополит Михаило, *Православна српска црква у краљевини Србији*, Београд 1895.

Миятев, К., *Архитектура в средновековна България*, София 1965.

Медаковић, Д., *Графика српских штампаних књига* XV-XVII века, Београд 1958.

Медаковић, Д., *Дрворезна икона Распећа у манастиру Хиландару*, Зборник адова Византолошког института 4, (Београд 1956).

Медаковић, Д., *Богородица "Живоносни источник" у српској уметности*, ЗРВИ 5, (Београд 1958).

Медаковић, Д., *Српски сликари*, Београд 1968.

Megaw, A.H.S., *Byzantine architecture and Decoration in Cyprus: Metropolitan or Provincial,* Dumbarton Oaks Papers 28 (1974).

Мусливец, J., *Иконографие Акатхиста Пану Марие*, Семинариум Кондаковианум V, Прагве 1932.

Мирковић, Л., *Православна Литургика* I, Београд 1982.

Михайлов, С., *Църквата св.Теодор Тирон и св.Теодор Стратилат в с. Добърско*, БАН, Известия на археологическия институт, XXIX, (София 1966)

Н

Нешковић Ј., *Нека отворена питања о црквеном градитељству у доба Стефана Немање*, Стефан Немања – Свети Симеон Мироточиви, Историја и предање, Научни скупови САНУ, књ. XCIV, Одељење историјских наука, књ. 26, Беогреад 2000.

Нешковић, Ј., *Ђурђеви ступови у Старом Расу*, Краљево 1984.

Нешковић, Ј., *Архитектура и обнова цркве Св. Богородице у Бистрици на Лиму*, Саопштења XXIX, (Београд 1997).

Ненадовић, С.М., *Архитектура у Југославији од IX до XIII века,* Београд 1980.

Новаковић, Р., *Када се родио и када је почео да влада Стеван Немања*, Историјски гласник 3-4, (Београд 1958).

Новаковић, Ст., *Белешке доктора Брауна из српских земаља од године 1669,* Споменик СКА, IX, (Београд 1891).

Новаковић, С., *Апокрифне приче о Богородичиној смрти*, Старина ЈАЗУ, (Загреб 1886).

Новаковић, С., *Охридска архиепископија у почетку XI века. Хрисовуље цара Василија II из 1019 и 1020,* Гласник Српске краљевске академије, 76, (Београд 1908).

Новаковић, С., *Српске областо од X до XI века (пре владе Немањића)*, ГСУД XLVIII (Београд 1886).

Новаковић, С., *Ново брдо и Врањско поморавље*, Годишњица Николе Чупића III, Београд 1879

Николајевић-Стојковић, И., *Прилог проучавању византијске скулптуре од X до XII века из Македоније и Србије*, Зборник радова Византолошког института 4, (Београд 1956).

Nikolajević, I., *Sahranjivanje u ranohrišćanskim crkvama na području Srbije*, Arheološki vesnik 28, (Beograd 1978).

Николајевић-Стојковић, И., *Рановизантијска архитектонска декоративна пластика у Македонији, Србији и Црној Гори*, САН, Београд 1957,

Николић-Новаковић, Ј., *Ликови монаха и пустиножитеља у цркви манастира Леснова*, Зборник радова Византолошког института XXXIII, (Београд 1994).

Николић, Р., *Манасија*, Саопштења VI, (Београд 1964).

Николић, Р., *Сопоћански медаљони*, Саопштења IX, (Београд 1970).

Николова, Б., *Устройство и управление на българската православна църква IX-XIV век*, София 1997.

Љ. Никић, *Белешке Пола Рикоа из 1665. године са путобања од Београда до Једрена,* Годишњак града Београда IX-X, Београд 1962.

О

Обелински, Д., *Византијски комонвелт*, Београд 1991.

Острогорски, Г., *Историја Византије*, Београд 1969.

Овчаров, Д., Аладжов, Ж., Овчаров, Н., *Големият царски дворец във Велики Преслав*, том I, София 1991.

`Ορλάνδες, Α.,*`Ο `Αγ. Δημήτριος της Βαoασoβας*, `Aoχετov I, Αθηναι 1935.

Оршић-Славетић, А., *Белешке са путовања*, Старинар, трећа серија,10-11, (Београд 1935-1936).

П

Павловић, Л., *Манастир Темска,* Смедерево 1966.

Павловић, Л., *Култови лица код Срба и Македонаца (историјско-етнографска расправа)*, Смедерево 1965.

Павловић, С.Е., *Средњовековна некропола у Нишу*, Старинар XXVII, (Београд 1977).

ΠΑΪΣΙΔΟΥ, Μ.Π., *ΟΙ ΤΟΙΧΟΓΡΑΦΙΕΣ ΤΟΥ 17ου ΑΙΩΝΑ ΣΤΟΥΣ ΝΑΟΣ ΤΗΣ ΚΑΣΤΟΡΙΑΣ*, ΑΘΗΝΑ 2002.

Пајкић, П., *Сеоске цркве у долини Белог Дрима*, Старине Косова и Метохије I, (Приштина 1961).

Пајкић, П., *Цркве Средачке жупе у турском периоду,* Гласник музеја Косова и Метохије III (Приштина 1958).

Панайотова, Д., *Старата црква в с. Марица*, Археология, 4, (София 1965),

Papastavrou, H., *Contribution a l'étude des rapports artistigues entre Byzance á la fin de la magen age*. Le théde l`annonciation, Cal Balk 15, Paris 1990.

Патријарх Пајсије, *Сабрани списи*, Београд 1993.

Петровић, П., *Ниш у античко доба*, Ниш 1976.

Петковић, В., *Преглед цркава кроз повесницу српског народа*, Београд 1950.

Петковић, В., *Манастир Раваница, Хрисовуља кнеза Лазара*, Београд 1922.

Петковић, С., *Српски патријарси XVI и XVII века као ктитори,* Зборник у част Војислава Ђурића, Београд 1992.

Петковић, С., *Манастир Св. Тројица код Пљевља*, Београд 1974.

Петковић, С., *Морача*, Београд 1986.

Петковић, С., *Велика обнова*, Историја српског народа III-2, Београд 1993.

Петковић, С., *Зидне слике у цркви Сретење у селу Крушедолу*, Зборник народног музеја, XV-2, (историја уметности), Београд MCMXCIV.

Петковић, С., *Зидно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557-1614*, Нови Сад 1965.

Петковић, С., *Уметничко стварање између 1614 и 1683*, Историја српског народа III-2, Београд 1993.

Петковић, С., *Зборник рукописа манастира Кувеждина, Дивше*, Шишатовца и Гргета, Споменик 101, (Београд 1951).

Петковић, С., *Српска уметност у XVI и XVII веку*, Београд 1995.

Петковић, С., *Сликар Андреја Раичевић у манастиру Крушедолу 1644. године*, у: Српска уметност у XVI и XVII веку, Београд 1995.

Петковић, С., *Делатност зографа попа Страхиње из Будимља*, Старине Црне Горе 1, Цетиње 1963.

Петковић, Влад, Р., *Манастир Велуће,* Старинар н.с. III-IV, (Београд 1955).

Petricioli, I., *Prilog diskusiji o starohrvatskim crkvama sa oblim kontraforama,* Hrvatsko arheolosko drustvo, 8, (Split 1984).

Пејић, С., *Црква Богородичиног Успења у Мртвици - сликарство*, Саопштења XX-XXI/1988/89, (Београд 1989).

Пејић, С., *Pietá у зидном сликарству XVII века у Србији*, Лесковачки зборник XXXIII, (Лесковац 1993).

Пејић, С., *Манастир Пустиња*, Београд 2002,

Pertusi, A., *A. Martino Segoni di Novo Brdo vescovo di Dulcigna. Un umanista serbo-dalmata del tardo Quattrocento. Vita e opera*, Roma 1981.

Пешић, Б., *Црква Богородичиног Успења у Мртвици - архитектура*, Саопштења XX-XXI, (Београд 1988/1989).

Петровић, Р., *Фрагменти фресака из цркве Св. Николе у Нишу*, Гласник Друштва конзерватора Србије 26, (Београд 2002).

Пурковић, М., *Светитељски култови у старој српској држави према храмовном посвешењу*, Богословље XIV, (Београд 1939).

Пушић, И., *Св. Тома у Кутима*, Зограф 17, (Београд 1986).

Πελεκανίδης και Μ. Χατζηδάκης, Στ., *Καστοριά*, Αθήνα 1984.

Попови', А. В., *Богородица Ζωοδοηοσπηγη од мајке богова до мајке божије*, Трећа југословенска конференција византолога, Београд-Крушевац 2002.

Поповић, В., *Блажени Иринеј, први епископ Сирмијума*, у: Sirmium, град царева и мученика, Сремска Митровица 2003.

Поповић, Т., *Ниш у делима путописаца XVI-XVII века*, Историја Ниша I, Ниш 1983.

Поповић, Т., *Дубровачка колонија у Нишу*, Историј Ниша I, Ниш 1983.

Поповић, С.Л., *Путовање по новој Србији*, Београд 1950.

Поповић, М., *Црквина у Панику*, Гласник Земаљског музеја XXVII/XXVIII, (Сарајево 1973).

Popović, Lj., Cerškov, E., *Ulpiana, Predhodni izveštaj o arheološkim istraživanjima od 1954 do 1956. godine*, Glasnik muzeja Kosova i Metohije 1, (Priština 1956).

Поповић, А.В., *Богородица Ζωοδόχος πηγή· од мајке богова до мајке божије*, Трећа југословенска конференција византолога, Београд-Крушевац 2002.

Поповић, Л., *Манастир Темска*, Смедерево 1966.

Р

Радовановић, Ј., *Невесте Христове у живопису Богородице Љевишке у Призрену*, ЗЗЛУ 15, (Нови Сад 1979).

Радовановић, Ј., *Иконографија фресака протезиса цркве Св. Апостола у Пећи,* ЗЗЛУ 4, (Нови Сад 1969).

Радовановић, Ј., *Јединствене представе Васкрсења Христовог у српском сликарству XIV века*, Зограф 8, Београд 1977.

Радојчић, Б., *Скиличин Настављач*, Византијски извори за историју народа Југославије III, (Београд 1966).

Радојчић, Б., *Нићифор Вријеније*, Византијски извори за историју народа Југославије III, (Београд 1966).

Радојичић,Ђ, *Књижевност византијска и књижевност словенска*, Глас САНУ CCL, (Београд 1961).

Радојчић, С., *Пилатов суд у византијском сликарству раног XIV века*, Зборник радова Византолошког института 13, (Београд 1971).

Радојчић, С., *Једна сликарска школа из друге половине XV века*, Зборник за ликовне уметности 1, (Нови Сад 1965).

Радојчић, С., *Милешевске фреске Страшног суда,* Глас САНУ, CCXXXIV, 7, (Београд 1959).

Радојчић, С., *О неким заједничким мотивима наше народне песме и нашег старог сликарства,* Зборник радова Византолошког института 2, (Београд 1953).

Радојчић, С., *Узор и дела старих српских уметника*, Београд 1975.

Радојчић, С., *Беседе Јована Дамаскина и фреске Успења Богородичиног у црквама краља Милутина*, Узор и дела старих уметника, Београд 1975.

Радојчић, С., *Идеја о савршеном граду у држави кнеза Лазара и деспота Стефана Лазаревића*, Зограф 32, (Београд 2008).

Радојчић, С., *Старо српско сликарство,* Београд 1966.

Радојчић Н., *Природа византојско-српске границе од XI до XIII века*, Зборник раова са трећег конгреса словенских географа и етнографа, Београд 1932.

Радошевић, Н., *Константин Велики у византијским царским говорима*, Зборник радова Византолошког института 33, (Београд 1994).

Радошевић, Н., *Похвална слова Андронику II Палеологу,* Зборник радова Византолошког института 21, (Београд 1982).

Радујковић, Б., *Накит код Срба*, Београд 1969.

Раичевић, У., *Руски уметници емигранти чланови и излагачи сталешких удружења у Србији између два рата*, Зборник радова филозовског факултета у Београду, (Београд 1994).

Раичевић, С., *Сликарство Црне Горе у новом вјеку,* Подгорица 1996.

Раичевић, С., *Споменици у старој жупи Оногошт*, Београд 1992.

Ракић, З., *Радул, српски сликар XVII века*, Нови Сад 1998.

Ракоција, М., *Прилог проучавању иконографије цркве Св.Ђорђа у Ајдановцу,* Зборник народног музеја Ниш 6-7, (Ниш 1991).

Ракоција, М., *О значају истраживања старина Драгутина Милутиновића и Михаила Валтровића у области Ниша и Нишавља,* Нишки зборник 18, (Ниш 1994).

Ракоција, М., *Рановизантијска гробница на свод код села Клисура поред Ниша и кратак осврт на проблем засведених гробница*, Ниш и Византија II, (Ниш 2004).

Ракоција, М., *Манастири и цркве града Ниша*, Ниш 1998.

Ракоција, М., *Манастир Св. Богородице у Сићевачкој клисури-историја и архитектуре*, Саопштења XXIX/1997, (Београд 1997).

Ракоција, М., *Резултати археолошких истраживања у порти цркве Св. Николе у Нишу и покушај убикације епископске цркве Св. Прокопија,* Гласник ДКС 26, (Београд 2002).

Ракоција, М., *Манастир Св. Јована изнад села Горњи Матејевац код Ниша*, Гласник друштва конзерватора Србије,18, (Београд 1994).

Ракоција, М., *Манастир Св.Ђорђа код села Каменице поред Ниша*, Гласник друштва конзерватора Србије 16, (Београд 1992).

Ракоција, М., *Црква у Горњем Матејевцу код Ниша*, Саопштења XXII-XXIII, (Београд 1991).

Ракоција, М., *Манастир Св. Богородице у Сићевачкој клисури – историја и архитектура*, Саопштења XXIX/1997, (Београд 1997).

Ракоција, М., *Зидно сликарство Богородичине цркве сићевачког манастира*, Саопштења XXXII-XXXIII/2000-2001, (Београд 2001).

Ракоција, М., *Манастир Св. Оца Николе-Сињачки манастир*, Зборник Матице српске за ликовне уметности 29-30, (Нови Сад 1993-1994).

Ракоција, М., *Иконографске посебности Богородичине цркве Сићевачког манастира*, Зборник Народног музеја Ниш 10, (Ниш 2001).

Ракоција, М., *О уметности Византинаца*, у: Градина 3-4-5, (Ниш 2001).

Ракоција, М., *Културна ризница Ниша*, Ниш 2001.

Ракоција, М., *О парапетној плочи из Ниша, пореклу и типологији палеовизантијских преграда*, Ниш и Византија, Зборник радова IV, (Ниш 2006).

Ракоција, М., *Нова сазнања из ранохришћанске прошлости Ниша*, Ниш и Византија VI, (Ниш 2008).

Ракоција, М., *Новооткривени фрагменти живописа у цркви Св. Јована у Орљану*, Гласник ДКС 23-24, (Београд 2000).

Ристић, Д.Ј., *Православни манастири епархије нишке*, Ниш 1941.

Ристић, Ј., *О историчной важности успомена стари путника неки*, Гласник друштва србске словесности, св. VI, (Београд 1854).

Ристић, М., *Историја града Ниша*, Ниш 1937.

Ризнић, М., *Допис из Каменице 10. мај 1889*, Старинар VI/2 (Београд 1889).

Руварац, И., *О руци великомученика Прокопија*, Летопис Матице српске, 229, (Нови Сад 1905).

С

Сава епископ шумадијски, *Српски јерарси од деветог до двадесетог века*, Београд, Подгорица, Крагујевац 1996.

Самарџић, Р., *Српска православна црква у XVI и XVII веку*, Историја српског народа III-2, Београд 1993.

Самарџић, Р., *Београд и Србија у списима француских савременика XVI – XVII века*, Београд 1961.

Събев, Т., *Самостойна народностна църква в средновековна българия*, София 1987.

Simic-Lazar, D., *La signification de la repre'sentation des pauvres dans les Jugements derniers,* Зборник за ликовне уметности 23, (Нови Сад 1987).

D. Simić Lazar, *Kalenić et la dernière pèriode de la peinture Byzantine*, Skopje – Paris

Сковран, А., *Деизисна плоча Георгија Митрофановића у Студеници*, Саопштења IV, (Београд 1962).

Смирновъ, С. Н., *Колекцйя копій старіхъ Надписев въ сербскихъ Церквахъ*, Сборникъ Русскаго археологическаго общества, томъ III, Бялградъ 1940.

Szentpétery, I., *Scriptores rerum Hungaricarum* I, Budapest, 1937.

Снегаров, И., *История на охридската архиепископия*, Том 1, 2, София 1995(1924).

Стојановић, Љ., *Стари српски записи и натписи*, I-IV, Београд 1982 (1923).

Стојановић, Љ., *Српска црква у међувремену од патријарха Арсенија II до Макарија (око 1459-63 до 1557.),* Глас Српске крањевске академије наука 56, д.р. 61, (Београд 1923).

Стојановић, Љ., *Стари српски хрисовуљи, акти, биографије, летописи, типици, записи и др.*, Споменик СКА III, (Београд 1890).

Стојановић, Љ., *Где је град Копријан*, Прилози за књижевност, језик, историју и фолклор, VII, 1-2, (Београд 1927).

Станић, Р., *Црква Св. Петке у Трнави код Рашке*, Саопштења XIV, (Београд 1982).

Станић, Р., *Црква Св. Петра и Павла у Тутину*, Рашка баштина 2, (Краљево 1980).

Станић, Р., *Фреске у Доњој испосници св.Саве код Студенице,* ЗЗЛУ, 9, (Нови Сад 1973).

Станић, Р., *Црква Св. Николе у Шуменику код Рашке*, Саопштења IX, (Београд 1970)

Станић, Р., *Средњовековне цркве у Сталаћу и околини*, Старинар, XXX/1979, (Београд 1980).

Стојаковић, А., *Архитектонски простор у сликарству средњовековне Србије*, Нови Сад 1970, 176-179.

Стојаковић, А., *Ктиторски модели Мораче, Старинар XV-XVI*, (Београд 1964).

Стојковски, Б., *Ниш у византијско - угарским односима у XI и XII веку*, Ниш и Византија VII, (Ниш 2009).

Stričević, Đ., *La renovation du type basilical dans l`architecture ecclésiastique des pays centrals des Balkans au IX^e^ - XI^e^ siecles,* Actes du XII Congres international d`etudes Byzantines I, Beograd 1963.

Stričević, Đ., *Eglises triconques médiévales en Serbie et en Macédoine et la tradition de l`architecture paléobyzantine,* Acres du XII$^{e}$ Condrés international d`etudes Byzantines I, Beograd 1963.

Стричевић,Ђ., *Рановизантијска црква код Куршумлије*, Зборник радова византолошког института 2, (Београд 1953),

Стричевић, Ђ., *Средњевековна рестурација рановизантијске цркве код Куршумлије*, Зборник радова византолошког института 4, (Београд 1956).

Стричевић, Ђ., *Ђаконикон и протезис у ранохришћанским црквама*, Старинар, нова серија IX-X/1958 – 1959, (Београд 1959).

Stričević, Đ., *I monumenti dell`arte paleobizantine in rapporto con la tradizione antica ed all`arte medioevale nelle regioni centrali dei Balcani,* Зборник радова Византолошког института $VIII_2$, Beograd 1994,

Стричевић, Ђ., Суботић, Г., *Ископавање Зањевачке цркве*, Старинар н.с. IX-X за 1958-1959, (Београд 1959).

Суботић, Г., *Керамопластични украс*, у: Историја примењене уметности код Срба, Београд 1977.

Стефан Првовенчани, *Сабрани списи-живот светог Симеона*, Београд 1988,

Стевовић, И., *О првобитном изгледу и времену изградње цркве Св. Михајла у Стону,* Зборник радова Византолошког института XXXV, (Београд 1996).

Стевовић, И., *Црква Св. Романа код Ђуниса*, Лесковачки зборник XXXIII, (Лесковац 1993).

Суботић, Г., *Архитектура и скулптура средњег века у Приморју*, Београд 1963

Суботић, Г., *Охридска сликарска школа XV века*, Београд 1980.

Суботић, Г., *Почетци монашког живота и црква манастира Сретења у Метеорима,* ЗЗЛУ 2, (Нови Сад 1966).

Суботић, Г., *Из епиграфске грађе поствизантијског доба,* Саопштења XX-XXI, (Београд 1989).

Суботић, Г., *Иконографија светог Саве у време турске власти*, Зборник Сава Немањић-Свети Сава. Историја и предање, Београд 1979.

Суботић, Г., *Зидно сликарство Св. Јована Претече у Јашуњи* (2), Лесковачки зборник XXXI, (Лесковац 1991).

Серафимова, А., *Посвизантискиот контекст на Богородичиниот Акатист во припрата на кучевишките Свети Архангели*, Зборник - средновековна уметност, (Скопје 2001).

Σοτϖριου, Γ., 'Ηπρο/υεσι' και διακονικο/νε)ν τη 'αρηαια εκκλϖσια, Θεολογια, Περιδον Β', τομ. Α' (1941).

Спремић, М., *Почетак владавине Ђурђа Бранковића,* у: Историја српског народа II, Београд 1981.

Спремић, М., *Први пад Деспотовине*, у: Историја српског народа II, Београд 1981.

Спремо-Петровић, Н., *Пропорционални односи у базиликама Илирске префектуре, Монографије* 7, (Београд 1971).

Срећковић, П., *Ферман Мехмеда III,* Споменик СКА XVII, Београд 1892.

Сљепчевић, П., *Пајсије, архиепископ пећки и патријарх српски као јерарх и књижевни радниук,* Богословље VIII, (Београд 1933).

Т

Татић-Ђурић, М., *Икона Богородице знамења*, Зборник за ликовне уметности 13, (Нови Сад 1977).

Татић-Ђурић, М., *Марија-Ева, Прилог иконографије једног ретког типа Оранте*, Зборник за ликовне уметности 7, (Нови Сад 1971).

Татић-Ђурић, М., *Врата слова*, Зборник за ликовне уметности, 8, (Нови Сад 1972).

Tatić-Đurić, M., *Image et message de la Théotokos "Source de Vie".* – Buletin de l` Assotiation Internationale d`Etudes du Sud-Est Européen, XIX-XXIII/1-2, (Bukarest, 1993).

Татић-Ђурић, М., *Икона св. Тројице са потписом сликара Јована*, Зборник Народног музеја VIII, Београд MCMLXXV, 489.

Татић-Ђурић, М., *Марија-Ева, Прилог иконографије једног ретког типа Оранте*, Зборник за ликовне уметности 7, (Нови Сад 1971).

Ђурић, М.Т., *Икона Христовоī кршūења,* Зборник народног музеја IV, Београд 1964.

Тановић, С., *Српски етнографски зборник,* СКА, (Београд-Земун 1927).

Talbot, A-M., *Epigrams of Manuel Philes on the Theotokos tes Peges and its Art.* – DOP, 48, (1994).

Тимотијевић, М., *Идејни програм зидног сликарства у олтарском простору манастира Крушедола,* Саопчтења XXVI, (Београд 1994).

Τουρτα, Α. Γ., *οι ναοι του Αγιου Νικολαου στην Βιτσα και του Αγιου Μηνα στ ο Μονοδενδρι*, Αθηνα 1991.

Тодић, Б., *Грачаница-сликарство*, Београд 1988.

Тодић, Б., *Манастир Ресава,* Београд 1995.

Тодић, Б., *Старо Нагоричино*, Београд 1993.

Томашевић, Г., *Морфологија ћирилских натписа на Балкану,* Београд 1974.

Тричковић, Р., *Српска црква средином XVII века*, Глас CCCXX, Београд 1980.

Тричковић, Р., *Ниш у XVIII веку*, Историја Ниша I, Ниш 1983.

Трифуновски, Ј., *Кумановска и Прешевска Црна Гора*, Београд 1951.

Ћ

Ћирић, Ј., *Природа, простор становништво,* Енциклопедија Ниша, Ниш 1995.

Ћирковић, С., *Осамостаљење и успон дукљанске државе*, Историја српског народа I, Београд 1981.

Ћирковић, С., *Унутрашња и спољна криза у време Немањиних наследника*, во: Историја српског народа I, Београд 1981.

Ћирковић, С., *Осамостаљење и успон дукљанске државе*, Историја српског народа I, Београд

Ćurčić, S., *Articulation of Church fasades During the First Half of the Fourteenth Century. A study in the relationshipof Byzantine and Serbian architecture*, Византијска уметност почетком XIV века, Београд 1978.

Ћоровић-Љубинковић, М., *Уз проблем иконографије српских светитеља Симеона и Саве,* Старинар VII-VIII/1956-1957, (Београд 1958).

Ф

Farlati, D., *Iliricum sacrum*, sv. VIII, Venetis MDCCCXIX

Филиповић, Д., *Саркофаг архиепископа Никодима у цркви Св. Димитрија у Патријаршији*, ЗЛУ 19, (Нови Сад 1983).

Филиповић, М., *Андреја Дамјановић зограф и неимар око 1813-1878*, Музеји, Београд 1949.

Флорева, Е., *Алинските стенописи,* София 1983.

Fenster, E., *Laudes Constantinopolitanae*, München 1968.

Ферлуга, Ј., *Лав Ђакон*, Византијски извори за историју народа Југославије III, Београд 1966.

Ферлуга, Ј., *Јован Скилиц*, у: Византијски извори за историју народа Југославије III, Београд 1966.

Ферјанчић, Б., *Стефан Немања у византијској политици друге половине XII века,* Стефан Немања – Свети Симеон Мироточиви, Историја и предање, Научни скупови САНУ, књ. XCIV, Одељење историјских наука, књ. 26, Беогреад 2000.

Ферјанчић, Б., *Писмо цара Исака II Анђела папи Целестину III*, Византијски извори за историју народа Југославије, т. IV, Београд 1971,

Х

Харисијадис, М., *Раскошни византијски стил у орнаментици јужнословенских рукописа XIV и XV века,* Моравска школа и њено доба, Београд 1972.

Χηατζιδακισ, Μ., *Μψστρασ*, Ατηενσ 1983.

Ц

Цухлев, Д., *Історuя на българската църква. Пъви период*, том 1, София 1910.

Ч

Чајкановић, В., *О врховном богу у старој српској религији*, Посебно издање СКА CXXXII, (Београд 1941).

Чанак Медић, М., *Првобитна замисао куполног дела Богородичине цркве у Студеници*, Рашка баштина 2, (Краљево 1980).

Чанак - Медић, М., *Архитектура Жичке Спасове цркве и Радослављеве припрате*, Саопштења, XXIV, (Београд 1992).

Чанак-Медић М., *Архитектура цркве Светог Луке и њени извори*, у: Црква Светог Луке кроз вјекове, Научни скуп поводом 800-годишњице цркве Светог Луке у Котору, Зборник радова, Котор 1997,

Чанева-Дечевска, Н., *Един паралелмежду българската и грузинската средновековна църковна архитектура,* Проблеми на искуство 12, (София 1979).

Чанева-Дечевска, Н., Ц*ърковна ахитектура на първата българска държава*, София 1984.

Чанева-Дечевска, Н., *Триконхалните цъкви од IX - XIV в. по българските земи*, Археология 4. (София 1970).

Чајкановић, В., *О врховном богу у старој српској религији*, Посебно издање СКА CXXXII, Београд 1941.

Челеби, Е., *Путопис*, Сарајево 1967.

Чубриловић, В., *Српска православна црква под Турцима од XV до XIX века*, Зборник филозофског факултета Б -1, (Београд 1960).

Ш

Šabanović, H., *Putopis Evlije Čelebije*, Sarajevo 1967.

Шкриванић, Г., *Путеви у средњовековној Србоји,* Београд 1974.

Шево, Љ., *Манастир Ломница*, Београд 1999, 112.

Шупут, М., *Српска архитектура у доба турске власти 1459 - 1690*, Београд 1984.

Шупут, М., *Споменици српског црквеног градитеqства XVI-XVII века*, Београд 1991.

Шупут, М., *Континуитет култног места у архитектури у српским земљама и у византијском свету*, Зборник радова Византолошког института 36, (Београд 1997).

# X - ПРИЛОЗИ




1. ЛАТИНСКА ЦРКВА У ГОРЊЕМ МАТЕЈЕВЦУ
2. МАНАСТИР СВ. ЈОВАНА ИЗНАД ГОРЊЕГ МАТЕЈЕВЦА
3. ЦРКВА СВ ПАНТЕЛЕЈМОНА
4. ЦРКВА СВ. НИКОЛЕ У НИШУ
5. МАНАСТИР СВ. ЂОЂА ИЗНАД КАМЕНИЦЕ
6. МАНАСТИР СВ. БОГОРОДИЦЕ У СИЋЕВАЧКОЈ КЛИСУРИ
7. ЦРКВА СВ. ЈОВАНА У ОРЉАНУ

Сл. 1 Ниш со околината

Т - 1



Сл. 2 Орфелин, карта на Панонија, Мезија, Дакија и Илирик, 1794. год., детаљ





Сл. 1 Црква Св. Никола, северозападен агол на претпоставената епископска базилика Св. Прокопиј
Сл. 2 Базис на столб од централниот кораб со малтерна подна површина на црквата Св. Прокопиј







Сл. 1,2 Карта на Сиќевачката клисура со положба на црквите




Сл. 1 Нишка котлина









Сл. 1 Ѓ. Роси, Рим, Карта на Србија 1689. (*Србија и суседне земље на старим географским картама*, САНУ, Београд 1991, 72)
Сл. 2 С. Минстер, XVI век, детаљ
Сл. 3 Ѓ. Кантели, Карта на Србија1689. (*Србија и суседне земље на старим географским картама*, САНУ, Београд 1991, 72)




Сл. 1 План на градот Ниш





Сл.1,2 Наисус, Тврдина, Византиска улица кај Бели беговата џамија




Сл. 1 Урбанистичка шема на средновизантискиот Нисос во однос на античката урбанистичка матрица: 1, 2 – Византиски бедеми на градот; 3 – Византиска улица; 4 – Античка улица; 5 – Антички форумски објект со сводови; 6 – Антички објект со октогон




Сл. 1 Положба на средновизантискиот утврден град Нисос и простирање на градските некрополи во однос на епископската резиденција







Сл. 1 Италијанска карта на Ниш од XVI век
Сл. 2 Ниш со тврдината, 1689 (И. Здравковић, *Стари планови у збиркама установа у Бечу*, Зборник заштите споменика културе XVI, Београд 1965, 226 сл.12.)





Сл.1 Византиски бедем во текот на ископувањата
(археолошки Институт Белград)
Сл. 2 Византиски бедем, денес (снимил М. Ракоција)






Сл. 1, 2 Ниш со тврдината, 1689 (И. Здравковић, *Стари планови у збиркама установа у Бечу*, Зборник заштите споменика културе XVI, Београд 1965, 226 сл.12.)






Сл. 1,2 Рановизантиска тврдина над Медијана, ситуација, изглед (документација на Заводот за заштита на спомениците на културата Ниш)








Сл. 1 Карта на подрачјето со убикација на манастирот Железник, и на византиската и српската тврдина
Сл. 2 Остатоци на кула на средновековниот српски град Железник
Сл. 3 Црква внатре византиската тврдина, апсидален простор









Сл. 1 Карта на подрачјето на византискиот град Комплос, српскиот Копријан (Курвинград)
Сл. 2 Бедеми на градот Копријан, изглед
Сл. 3 План на градот Копријан (А. Дероко)




Сл. 1 Урбана матрица на Нисос




Сл. 1 Карта на подрачјето на селата Хум, Каменица, Матеевац и Кнез село, со распоредот на цркви





Сл. 1 Археолошки ископувања, распоред на гробови (документација на Заводот за заштита на спомениците на културата Ниш)
Сл. 2 Латинска црква во Горни Матеевац, изглед пред конзерваторските работи





Сл. 1,2 Изглед пред консерваторските работи






Сл. 1 Латинска црква во Горни Матеевац, изглед по конзерватоските работи
Сл. 2 Основа на црквата (документација на Заводот за заштита на спомениците на културата Ниш)



Сл. 1,2,3,4 Изглед на фасадните платна пред конзерваторските работи, документација на Заводот за заштита на спомениците на културата Ниш (А. Блатник)






Сл. 1 Латинска црква, поглед од север (снимил М. Марковиќ)

Сл.2 Изглед од север (арх. А. Радовиќ)







Сл. 1 Распоред на аркади на северната фасада
Сл. 2 Распоред на аркади на северната и западната фасада (снимил М. Марковиќ)

# Т - 25








Сл. 1 Латинска црква, основа 2-2, во висина на аркадите (документација на Заводот за заштита на спомениците на културата Ниш)
Сл. 2 Латинска црква, североисточен изглед на црквата
Сл. 3 Латинска црква, северозападен изглед на црквата





Сл. 1 Сполија вѕидана во западниот агол на северната фасада
Сл. 2 Основа на црквата






Сл. 1,2 Латинска црва, внатрашност на црквата, пиластри




Сл. 1 Латинска црква, попречен пресек (арх. А. Радовиќ)



Сл. 1 Латинска црква, подолжен   пресек (арх. А. Радовиќ)







Сл. 1 Латинска црква, поглед од северозапад (снимил М. Марковиќ)
Сл. 2 Латинска црква, пандантифи во зоната на поврзување





Сл. 1 Куполен простор по обновата (снимил М. Марковиќ)

Сл. 2 Куполен простор пред обновата






Сл. 1 Латинска црква, распоред на кровните површини

Сл. 2 Прозорски отвор на северниот ѕид (снимил М. Марковиќ)





Сл. 1 Латинска црква, дрвен серклаж
Сл. 2 Латинска црква, начин на градење (докумнтација на Заводот за заштита на спомениците на културата Ниш)




Сл. 1 Латинска црква, поглед на апсидалниот простор (снимил М. Марковиќ)







Сл. 1 Цариград, црква на Христос Хора (Карије Џамија)
Сл. 2 Кипар, Св. Јован Хризостом



1




2




3



4



5

Сл. 1 Кипар, Панагија Аракос во Лагудера, основа
Сл. 2 Кипар, Карпасија, Св. Ѓорѓи Афентрико, основа
Сл. 3 Крит, Хромонастири во областа Ретимнон, основа
Сл. 4 Крит, Св. Никола кај Кириакосели, основа
Сл. 5 Атика, Св. Петар во Каливиа Кувари, основа




Сл. 1 Св. Маргерита во Бисељ, подолжен пресек и основа









Сл. 1 Солун, Св. Софија
Сл. 2 Стара Павлица
Сл. 3 Св. Ѓорѓи во Звечан



1



2





3



4

Сл. 1 Св. Ѓорѓи во Горни Козјак
Сл. 2 Св. Лука во Котор
Сл. 3 Црква „Ц“ во Ратац
Сл. 4 Св. Михаило Пеќински (Пештерен) на Шипан






Сл. 1 Црква Св. Јован и нејзиното опкружување
Сл. 2 М. Валтровиќ и Д. Милутиновиќ, изглед на црквата од 1878, акварел




Сл. 1 М. Валтровиќ и Д. Милутиновиќ, основа, подолжен и попречен пресек со претпоставениот изглед на црквата, 1878 година





Сл. 1 Црква Св. Јован во Орљане, оригинални фасадни површини
Сл. 2 Денешен изглед по обновата од IX век






Сл. 1 Црква Св. Јован во Орљане, основа
Сл. 2 Подолжен пресек (арх. И. Андрејевиќ)




Сл. 1 Црква Св. Јован во Орљане, попречен пресек (арх. И. Андрејевиќ)







Сл. 1 Црква Св. Јован во Орљане, изглед од север (арх. И. Андрејевиќ)

Сл. 2 Црква Св. Јован во Орљане, изглед од запад (арх. И. Андрејевиќ)




Сл. 1 Црква Св. Јован во Орљане, изглед од исток (арх. И. Андрејевиќ)





Сл. 1 Св. Јован во Орљане, поглед од североисток

Сл. 2 Поглед од југоисток







Сл. 1 Црква Св. Јован во Орљане, поглед од југозапад
Сл 2 Јужна фасада, по обновата
Сл. 3 Јужна фасада, оригинална состојба










Сл. 1 Св. Јован, Орљане, основа
Сл. 2 Латинска црква во Горни Матеевац, основа
Сл. 3 Св. Јован, Орљане, изглед од исток
Сл. 4 Св. Јован, Орљане, внатрешен пиластер





Сл. 1 Св. Петар во Прик кај Омиш, реконструкција на Е. Дигве
Сл. 2 Св. Петар во Прик кај Омиш, основа



Т - 51



Св. 1 Св. Јован, Орљане, северна фасада
Сл. 2 1 Св. Иван на Лопуд, јужна страна







Сл. 1 Св. Тома во Кути, основа и внатрешен изглед

Сл. 2 Св. Иван Подаца, основа

Сл. 3 Св. Димитриј во Габрила, основа









Сл. 1 Ниш, мартириум на ранохристијанската базилика
Сл. 2 Црква во Рујковац, основа
Сл. 3 Косово и Метохија, Бела црква, основа на базиликата
Сл. 4 Базилика во Улпијана, основа







Сл. 1 Маркова црква, основа
Сл. 2 Црква Кичавска, основа
Сл. 3 Св. Никола во Шуменик, основа








Сл. 1 Св. Јован, Орљане, ниша во наосот меѓу северниот ѕид и пиластер
Сл. 2 Св. Михаило во Стон, основа
Сл. 3 Црква во Виница кај Преслав





Сл. 1 Св. Јован во Орљане, југозападен пиластер со дел од сводната поткуполна површина

Сл. 2 Св. Јован во Орљане, доѕидан полуобличест свод





Сл.1 Оригинални ѕидни платна на старата црква
Сл. 2 Основа, реконструкција со затемнет доѕидан дел (арх. Ј. Ракоција)



Сл. 1 Подолжен пресек, реконструкција со означени зачувани делови (арх. Ј. Ракоција)




Сл. 1 Северен изглед на црквата, реконструкција со означени оригинални делови (арх. Ј. Ракоција)






Сл. 1 Црква Св. Пантелејмон, археолошки ископувања од 1969 година, фото Народен музеј Ниш
Сл. 2 Црква Св. Пантелејмон, простирање на ѕидовите и распоред на гробовите, според В. Кораќ







Сл. 1 Претпоставен изглед на основата на ранохристијанската црква, според М. Ракоција

Сл. 2 Претпоставен изглед на основата на средновековната црква, според В. Кораќ




Сл. 1 Претпоставен изглед на основата на средновизантиската црква, според М. Ракоција


PANTELEJ
СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН
НЕМАЊИНА ЦРКВА
or. duvana
šk.
ГРАД
šk.
СВ. ПРОКОПИЈЕ
ЕПИСКОПСКО СЕДИШТЕ




Сл. 1 Положба на црквата Св. Пантелејмон во однос на Св. Прокопиј (епископско седиште) и на градот

Сл. 2 Положба на Ѓурѓеви Ступови во однос на Петровата црква (епископско седиште) и на градот

**Т – 63**





Сл. 1 Манастирска црква Св. Јован над Горни Матеевац, изглед од запад

Сл. 2 Свод на западниот травеј со пиластер обработен при врвот







Сл. 1 Манастирска црква Св. Јован над Горни Матеевац, основа (арх. И. Андрејевиќ)
Сл. 2 Подолжен пресек (арх. И. Андрејевиќ)







Сл. 1 Попречен пресек низ наосот (арх. И. Андрејевиќ)

Сл. 2 Попречен пресек низ припратата (арх И. Андрејевиќ)




1




2



3



4




5

СЛ. 32 — ОСНОВА ЦРКВЕ У ЗАТОНУ НА ЛИМУ

Сл. 1 Црква во Плиска
Сл. 2 Црква во Горица покрај Охрид
Сл. 3 Црква кај градот Дриваст покрај Скадар
Сл. 4 Црква Св. Никола покрај Нин
Сл. 5 Црква Св. Јован кај Затон на Лим







Сл. 1 Црква Св. Илија во Тетевен
Сл. 2 Црква Успение на Богородица во Мртвица
Сл. 3 Црква на Старчева Горица








Сл. 1 Црква на манастирот Брадача
Сл. 2 Св.Роман, Ѓунис
Сл. 3 Св. Јован, Горни Матеевац







Сл. 1 Црква Св. Роман, Ѓунис, основа, подолжен и попречен пресек (М. Рувидиќ)
Сл. 2 Црква Св. Роман, Ѓунис, изглед од североисток
Сл. 3 Црква Св. Јован, Горни Матеевац, изглед од североисток




Сл. 1 Варијанта I



Сл. 2 Варијанта II

Архаичен триконхос





Сл. 1 Положба на црквата Св. Ѓорѓи, 1879, фотографот на крал Милан
Сл. 2 Источна половина на црквата, 1879, фотографот на крал Милан





Сл. 1 Св. Ѓорѓи во Каменица, основа на откриениот објект
Сл. 2 Св. Ѓорѓи во Каменица, археолошки ископувања во 1988 година






Сл. 1 Карта на Сиќевачката клисура

Сл. 2 Манастир Св. Богородица, Ф. Каниц, цртеж







Сл. 1 Блокови од сига во секундарна употреба со фрагменти на живопис
Сл. 2 Ктиторски натпис
Сл. 3 Калк на ктиторскиот натпис





Сл. 1 Св. Богородица, М. Валтровиќ и Д. Милутиновиќ, акварел од 1878 година
Сл. 2 Св. Богородица, поглед од југозапад




Сл. 1 Св. Богородица, основа, попречен и подолжен пресек





Сл. 1 Св. Богородица, Сиќево, североисточен изглед на црквата

Сл. 2 Запчест венец во потстрешницата



Сл. 1 Споредбена анализа на основите на црквите: Св. Јован во Орљане, Латинска црква во Горни Матеевац и Св. Богородица Сиќево



Попречни пресек.





Сл . 1 Св. Јован во Орљане, остатоци од живописот што го затекнале М. Валтровиќ и Д. Милутиновиќ во 1878 година, цртеж
Сл. 2 Св. Јован во Орљане, допојасја на архиереи, цртеж
Сл. 3 Св. Јован во Орљане, декоративна лента со мали крстови









Сл. 1,2,3 Св. Јован во Орљане,
откриени фрагменти на живопис






Сл. 1, 2 Византиска епископска базилика Св. Прокопиј и стара црква Св. Никола, темели и основа







Sl. 1 Фрагмент на живопис со нанос од вар
Sl. 2,3 Дел од ктиторскиот натпис





Сл. 1 Глава на светитителка
Сл. 2 Фрагменти од живопис извадени од укоп (фото др В. Стојановиќ)





Сл. 1 Поворка на светители по конзервацијата
Сл. 2 Поворка на воини, по конзервацијата (фото Ј. Шурдиловиќ, документација на Заводот за заштита на спомениците на културата Ниш)







Сл. 1 Глава на Сарацен од претставата Св. Никола го спасува Василиј од Сарацените, (фото др В. Стојановиќ)
Сл. 2 Сарацен од претставата Св. Никола го спасува Василиј од Сарацените, црква Св. Никола на манастирот Морача
Сл. 3 Ангел со раширени крилја







Сл. 1 Стоечки фигури на светители, фрагменти од глава (фото др В. Стојановиќ)
Сл. 2 Брановидни линии во висина на парапетот (фото др В. Стојановиќ)
Сл. 3 Фрагменти од кружни медаљони






Сл. 1 Претпоставен изглед и можен распоред на композициите во старата црква Св. Никола

Сл. 2 Допојасје на пророк, свиток со дел од рамото (фото др В. Стојановиќ)









Сл. 1 Пророк Мојсеј, Сињачки манастир, XVII век
Сл. 2 Пророк Мојсеј, црква Св. Сава во Градиште, XVII век
Сл. 3 Глава на светител, стара црква Св. Никола во Ниш (фото др В. Стојановиќ)
Сл. 4 Глава на светителка, стара црква Св. Никола во Ниш (фото др В. Стојановиќ)







Сл. 1 Св. Јован, Горни Матеевац, Imago pietatis
Сл. 2 Декорација на ниша во просторот на проскомидијата
Сл. 3 Декорација на лакот на апсидата



Сл. 1 Манастир Св. Богородица во Сиќевачката клисура, распоред на фреските на источниот ѕид и во конхата на апсидата





Сл. 1 Св. Василиј Велики и св. Григориј Богослов

Сл. 2 Св. Јован Златоуст и св. Кирил Александриски









Сл. 1 Св. Јован Милостив, св. Герман и св. Спиридон
Сл. 2 Св. Прокопиј
Сл. 3 Св. Теодор Тирон и Теодор Стратилат
Сл. 4 Св. Димитриј и св. Ѓорѓи







Сл. 1 Св. Мина и св. Јосиф
Сл. 2 Св. Виктор
Сл. 3 Св. Пантелејмон





Сл. 1 Визијата на Петар Александриски

Сл. 2 Св. Симеон и св. Сава







Сл. 1 Св. Симеон, Сава и непознат светитељ
Сл. 2 Св. Константин, св. Елена и св. Андроник
Сл. 3 Причестувањето на апостолите







Сл. 1 Св. Јулита и св. Кирик
Сл. 2 Св. Андроник
Сл. 3 Св. Василиј





Сл. 1 Св. Катарина, св. Атанасија и св. Магдалена
Сл. 2 Св. Теодора, св. Теофана и св. Недела






Сл. 1 Богородица Оранта

Сл. 2 Благовештение, св. Богородица



Сл. 1 Распоред на фрески на јужниот ѕид од наосот





Сл. 1 Рождество Христово
Сл. 2 Сретение, Три младичи во печка огнена





Сл. 1 Крштевање Христово
Сл. 2 Воскресение Лазарево



Сл. 1 Распоред на фрески на западниот ѕид од наосот



Сл. 1 Западни зид, Тајна вечера,2 Рождество на Богородица, Успение на Богородица, Богородица Живоносен истчник





Сл. 1 Распоред на фрески на северниот ѕид од наосот

Сл. 2 Влегување во Ерусалим, Приведување пред Пилат





Сл. 1 Распетие, Мироносици на Христовиот гроб

Сл. 2 Слегување во адот





Сл. 1 Распетие, Мироносици на Христовиот гроб

Сл. 2 Слегување во адот



Сл. 1 Тајна вечера



Сл. 1 Распоред на фрески на сводот од наосот



Сл. 1 Исус Христос Пантократор





Сл. 1 Исус Христос Старец на деновите
Сл. 2 Христос Емануел и пророци





Сл. 1 Пророците Давид, Јеремија и Арон
Сл. 2 Пророците Соломон, Захариј и Авакум






Сл. 1 Распоред на фрески на источниот ѕид од припратата

Сл. 2 Страшниот суд, детаљ



Сл. 1 Распоред на фрески на северната половина од западниот ѕида на наосот





Сл. 1 Богородица Живоносен источник, св. Константин, св. Елена и св. Андроник

Сл. 2 Богородица Живоносен источник





Сл. 1 Св. Богорица во Сиќевачката клисура, западен ѕид
Сл. 2 Црква Св. Никола во село Железна, Бугарија, западен ѕид, св. Сава и св. Симеон, Смрт на св. Никола, Успение на Богородица и Богородица Живоносен источник